


# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2024

ЗА ИЗВРШЕНИТЕ РЕВИЗИИ И ЗА РАБОТАТА НА
**ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

ЗА ИЗВРШЕНИТЕ РЕВИЗИИ И ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

за **2024** година

**Наслов на оригиналот:**
Годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2024 година

**Издавач:**
Државен завод за ревизија - Скопје
улица Павел Шатев бр.2, Палата Емануел Чучков, Скопје

**За издавачот:**
м-р Максим Ацевски, главен државен ревизор

**Уредник:**
м-р Максим Ацевски, главен државен ревизор

**Печати:**
Друштво за графичко печатарска дејност, трговија, производство и услуги ГЕТЕО принт Перо ДООЕЛ извоз - увоз- Скопје

**Компјутерска и техничка обработка:**
Јана Сајковска Димитриевски, Надица Доневски, Весна Богдановиќ, Елена Догазанска

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

657.6(497.7)"2024"(047.31)

ГОДИШЕН извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2024 година / [уредник Максим Ацевски]. - Скопје: Државен завод за ревизија, 2025. - 284 стр. : илустр. ; 30 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-5006-09-0

а) Државен завод за ревизија (Скопје) -- 2024 -- Извештаи

COBISS.MK-ID 66135301

**Година:**
2025
**Тираж:**
200 примероци
**Место на издавање:**
Скопје

ПРОГРАМА ЗА ПАРЛАМЕНТАРНА ПОДДРШКА
PROGRAMI PËR MBËSHTETJE PARLAMENTARE
PARLIAMENT SUPPORT PROGRAMME

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

Имплементирано од:

Оваа публикација е изработена во рамките на Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), проект на Владата на Швајцарија под покровителство на Собранието на Република Северна Македонија. ПСП ја спроведуваат Националниот демократски институт (НДИ), Институтот за демократија „Социетас цивилис“- Скопје (ИДСЦС) и Центарот за управување со промени (ЦУП). Содржината на ова публикација не може, на било кој начин, да се смета дека ги одразува ставовите на СДЦ.

## СОДРЖИНА


| | | |
|---|---|---|
| **1.** | ЗА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА | 17 |
| **1.1.** | ПРАВНА РАМКА | 22 |
| **1.2.** | СТРАТЕШКИ И ГОДИШНИ ДОКУМЕНТИ И АКТИВНОСТИ | 23 |
| **1.3.** | МЕТОДОЛОШКИ ДОКУМЕНТИ И ПРИМЕНА НА ДОБРИ ПРАКТИКИ | 39 |
| **1.4.** | PEER REVIEW НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА | 40 |
| **2.** | КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА СО ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ | 41 |
| **2.1.** | КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО | 42 |
| **2.2.** | СОРАБОТКА СО СОБРАНИЕТО, ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ, ПРОФЕСИОНАЛНИ АСОЦИЈАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ, ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ОПШТАТА ЈАВНОСТ | 46 |
| **2.3**. | СОРАБОТКА СО НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА РЕВИЗИИТЕ И ЕФЕКТИТЕ ОД ИСТИТЕ | 53 |
| **2.4**. | ПРИДОНЕСОТ НА ДЗР ВО НАЦИОНАЛНАТА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА 2024-2044 | 54 |
| **3.** | АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ | 56 |
| **3.1.** | ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ | 57 |
| **3.2.** | ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА И ВЕШТИНИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ РЕВИЗОРИ | 58 |
| **3.3**. | ИТ РЕСУРСИ | 62 |
| **3.4.** | ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ДЗР | 64 |
| **3.5.** | ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА | 67 |
| **4.** | МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА | 68 |
| **4.1.** | МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА | 69 |
| **4.2.** | ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ | 86 |
| **4.3.** | ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА | 92 |
| **5.** | ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ | 93 |
| **5.1.** | ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ ОД РЕВИЗИИТЕ | 102 |
| **5.2.** | РЕВИЗИИ НА РЕГУЛАРНОСТ (РЕВИЗИИ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИИ НА УСОГЛАСЕНОСТ) | 104 |
| **5.2.1.** | БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 104 |
| **5.2.2.** | ПРАВОСУДСТВОТО И ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО | 126 |

| | | |
|---|---|---|
| **5.2.3.** | СООБРАЌАЈ, ТРАНСПОРТ И КОМУНИКАЦИИ | 129 |
| **5.2.4.** | КВАЛИТЕТ НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ И ПРИБИРАЊЕ, ТРОШЕЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ СРЕДСТВА И РЕСУРСИ | 136 |
| **5.2.5.** | ОБРАЗОВАНИЕ | 139 |
| **5.2.6.** | ЈАВНИ КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | 143 |
| **5.2.7.** | ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ | 147 |
| **5.2.8.** | ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ИЗБОРНИ ПРОЦЕСИ | 151 |
| **5.2.9.** | ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ И ОДБРАНА | 156 |
| **5.2.10.** | КОНТРОЛНИ МЕХАНИЗМИ И НИВНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ ВО ДРЖАВНИОТ СИСТЕМ | 159 |
| **5.2.11.** | ЕКОНОМИЈА | 164 |
| **5.2.12.** | ЗЕМЈОДЕЛИЕ, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО | 170 |
| **5.2.13.** | ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ | 177 |
| **5.2.14.** | КУЛТУРА И СПОРТ | 183 |
| **5.2.15.** | ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА | 195 |
| **5.3.** | РЕВИЗИИ НА УСПЕШНОСТ И РЕВИЗИИ НА УСОГЛАСЕНОСТ | 203 |
| **5.3.1.** | ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА | 203 |
| **5.3.2.** | ИТ СИСТЕМИ И БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ | 205 |
| **5.3.3.** | ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА | 213 |
| **5.3.4.** | ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ | 224 |
| **5.3.5.** | КВАЛИТЕТ НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ И ПРИБИРАЊЕ, ТРОШЕЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ СРЕДСТВА И РЕСУРСИ | 227 |
| **5.3.6.** | ПРАВОСУДСТВО И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО | 232 |
| **5.3.7.** | СООБРАЌАЈ, ТРАНСПОРТ И КОМУНИКАЦИИ | 234 |
| **5.3.8.** | ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ | 244 |
| **5.3.9.** | ОДРЖЛИВИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ООН - АГЕНДА 2030 И ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА | 248 |
| **6** | СИСТЕМСКИ СЛАБОСТИ | 257 |
| **7** | ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ НА ДЗР И ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР | 265 |
| | КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ | 282 |

## ПОЧИТУВАНИ,

Во вашите раце се наоѓа Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2024 година – документ што претставува круна на нашата посветеност, стручност и непоколеблива определба за отчетност, транспарентност и јавен интерес. Овој извештај е резултат на континуираното вложување во знаењата и вештините на нашите вработени, нивниот ентузијазам и несебичен труд. Тој претставува не само збир на факти и бројки, туку и сведоштво за нашата мисија – да бидеме чувари на јавниот интерес и пример за институционален интегритет.

Во текот на 2024 година, успешно ја реализиравме Годишната програма за работа, со која беа опфатени 88 ревизии. Како резултат на нашата работа, утврдивме 1.240 значајни состојби и прашања, и издадовме 882 препораки, содржани во 132 ревизорски извештаи. Овие документи не се само административни записи – тие претставуваат реална слика за работењето на институциите, ја рефлектираат состојбата на системите и даваат јасен патоказ за подобрување.

Особено сме горди на нашите ревизии на успешност, кои ги опфатија критичните области како: целите за одржлив развој, родовата еднаквост, здравствените услуги, безбедноста во сообраќајот, јавно-приватното партнерство, дигитализацијата, вештачката интелигенција, и уште многу други. Веруваме дека со овие ревизии понудивме објективен увид, поттикнуваме јавна дебата и дадовме јасни насоки за подобрување на квалитетот на живот на нашите граѓани.

Истовремено, со нашите препораки укажавме на начини за постапување на надлежните органи, со цел да се постигне поголема ефикасност, ефективност и праведност. Работевме и на донесувањето на Годишниот план за спречување на корупцијата и Планот за континуирано професионално усовршување – зашто веруваме дека знаењето е најсилната алатка што ја поседуваме.

Со особена гордост го истакнуваме фактот дека и оваа година, Државниот завод за ревизија го задржа првото место во Националниот систем за интегритет, според податоците на ДКСК. Ова признание уште еднаш ја потврдува професионалноста, чесноста и етичноста на нашите вработени, како и нашиот континуиран придонес во зајакнување на јавната доверба.

Во 2024 година, го проширивме опфатот на ревизии на јавните приходи и расходи, со што обезбедивме значајна додадена вредност – преку утврдување на неплатени јавни давачки и иницирање на конкретни дејства во интерес на буџетот на државата и општините. Нашата работа не е само бројка – таа е влијание, разлика, подобрување.

Иако со години укажуваме на системски слабости, остануваме глас кој инсистира на промени и решенија. Силно веруваме дека нашето влијание е клучно во унапредувањето на регулативата и создавање правна и институционална средина погодна за развој.

Одржувајќи ги принципите на INTOSAI – P12 и P20, како и нашата Комуникациска стратегија, во 2024 година воспоставивме нови стандарди за отчетност и транспарентност. Со 221.718 посети на нашата веб-страница и над 500.000 посетители на нашата Фејсбук страна, остваривме силна врска со јавноста, докажувајќи дека ревизијата е жива, отворена и значајна за секој граѓанин.

Особено значајна беше и нашата соработка со Јавното обвинителство, обезбедувајќи имплементација на Меморандумот за соработка и преземени конкретни активности во комуникацијата помеѓу јавните обвинители и овластените/државните ревизори. Веруваме дека ваквиот пристап е модел за институционална соработка која носи резултати.

На меѓународен план, нашето учество во активностите на INTOSAI и EUROSAI, како и билатералните соработки, ја позиционира нашата институција како респектиран и рамноправен партнер на европската и светската ревизорска сцена.

Зад сите овие резултати стои тим од стручни, мотивирани и посветени професионалци – нашите вработени, како и поддршката од домашни и меѓународни експерти и донатори, на кои им изразуваме голема благодарност.

Иднината на Државниот завод за ревизија ја гледаме преку призма на независност, иновативност и интегритет. Ќе продолжиме со активностите за реализација на стратешките цели, зајакнување на капацитетите, и имплементација на договорените активности со Собранието – со јасна цел: вистинска улога на ревизијата во демократскиот процес.



И НА КРАЈОТ СЕПАК ЌЕ КАЖАМ ДЕКА ВЛОЖУВАЊЕТО
ВО ЗНАЕЊЕТО И ВЕШТИНИТЕ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ
ОСТАНУВА НАШ ВОДЕЧКИ ПРИНЦИП,
ЗАТОА ШТО ТОА Е ИНВЕСТИЦИЈА КОЈА СЕКОГАШ
СЕ ИСПЛАТИ – ЗА ИНСТИТУЦИЈАТА, ЗА ДРЖАВАТА И
НАЈМНОГУ ЗА ГРАЃАНИТЕ.

Главен државен ревизор
м-р Максим Ацевски

# **КЛУЧНИ РЕЗУЛТАТИ**
# ОД РАБОТЕЊЕТО НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

во 000 денари

ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ ОД РЕВИЗИИТЕ

**161.587.443**
Ревидирана актива/пасива од Билансот на состојба

**2.000.186**
Неплатени/ помалку уплатени/ јавни давачки/ надоместоци во Буџетот на државата

**942.206**
Побарувања од државата

**275.059**
Неплатени помалку уплатени надоместоци во Буџетот на ревидираните општини

**6.203.277**
Незаконско користење на средства

**1.135**
Повеќе пресметани придонеси ДДВ

**4.081.229**
Корективни книжења во Билансот на состојба

**8.608.961**
Утврдени состојби кои влијаат на дејноста на субјектот предмет на ревизија, неплатени обврски и капиталните инвестиции

**86.093**
Обврски по земен кредит (други државни органи)

**5.680.570**
Откажани/изгубени грантови

**8.859.690**
Одложување / застој на инвестициски грантови

**1.400.077**
Платени/ пресметани провизии за неповлечени средства од кредити/заеми

**13.762.539**
Неподмирени обврски кон добавувачи

**16.202**
Извршени набавки за кои не е спроведена постапка за јавни набавки

**2.769.475**
Застарени побарувања

**801.314**
Непреземени мерки за наплата

**6.617.820**
Вредност на тужбеното барање на судски постапки во кој субјектот предмет на ревизија се јавува во улога на тужен и тужител

**196.808**
Износ на изгубени судски постапки

**12.042**
Износ на адвокатски, нотарски и трошоци за извршители

**1.240.228**
Финансиски ефекти од ревизијата/ уплатени средства во текот на ревизијата /намалени камати

**650.837**
Друга додадена вредност на ревизијата / ненавремено платени надоместоци

**14.762.907**
Вкупен износ на јавни набавки

**10.668.017**
Опфат на јавни набавки со ревизија

**2.058.771**
Вкупна вредност на јавните набавки кои се предмет на ревизија – реализација

**1.779.860**
Вкупен износ на утврдени неправилности кај јавните набавки

**1.426.548**
Вкупна вредност на склучените договори кај кои се утврдени неправилности

**470.421**
Вкупна реализација на склучените договори кај кои се утврдени неправилности

# **ГОДИШНА ПРОГРАМА** ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА 2024 ГОДИНА




ТЕМИ ОПФАТЕНИ СО РЕВИЗИИТЕ

| | |
|---|---|
| **88** | **ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ** |
| **72** | Ревизии на регуларност |
| **10** | Ревизии на успешност |
| **4** | ИТ ревизии |
| **2** | Ревизии на усогласеност |

ЦЕЛИ НА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ ОПФАТЕНИ СО РЕВИЗИИТЕ



## РЕВИЗИИ НИЗ БРОЈКИ

**132** РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ

**РЕВИЗОРСКИ МИСЛЕЊА РЕВИЗИЈА НА РЕГУЛАРНОСТ**

**116** мислења за финансиските извештаи
- **43** без резерва
- **26** со резерва
- **39** неповолно мислење
- **8** воздржување од мислење

**111** мислења за усогласеност[14] со закони и прописи
- **33** без резерва
- **42** со резерва
- **30** неповолно мислење
- **6** воздржување од мислење

**ЗАКЛУЧОЦИ**
**РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ/РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ РЕВИЗИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ**

- **2** заклучоци за ревизија на усогласеност
- **10** заклучоци за ревизија на успешност
- **4** заклучоци за ИТ ревизија

**1.240** НАОДИ И ПРАШАЊА ДЕТЕКТИРАНИ СО РЕВИЗИИТЕ

- ▲ **854** ревизија на регуларност
- ▲ **247** ревизија на успешност
- ▲ **70** ревизија на усогласеност
- ▲ **69** ИТ ревизии

**239** СУБЈЕКТИ ОПФАТЕНИ СО РЕВИЗИИТЕ

- ▲ **42** ревизија на регуларност
- ▲ **109** ревизија на успешност
- ▲ **2** ревизија на усогласеност
- ▲ **56** ИТ ревизија
- ▲ **30** политички партии и учесници во изборна кампања

**101** КОНСТАТИРАНИ СЛАБОСТИ ВО НАОДИТЕ КАЈ ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

**ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ДОДЕЛЕНИ ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ**
**14.762.907**
во 000 денари

**РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ НАБАВКИ**
**10.668.017**
во 000 денари

**1.779.860** УТВРДЕНИ НЕПРАВИЛНОСТИ КАЈ ЈАВНИТЕ ЈАБАВКИ
во 000 денари

**16.202** ИЗВРШЕНИ НАБАВКИ ЗА КОИ НЕ Е СПРОВЕДЕНА ПОСТАПКА ЗА ЈАВНА НАБАВКА
во 000 денари

- ▲ слабости во фазата на планирањето на јавните набавки
- ▲ неправилности при подготовка на тендерска документација
- ▲ слабости во фазата на реализација на договорите
- ▲ не спроведени постапки за јавни набавки
- ▲ неправилности при евалуација на понудите

РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ

ВКУПНО **451.728 МИЛИОНИ ДЕНАРИ** ревидирани јавни приходи и **227.774 МИЛИОНИ ДЕНАРИ** ревидирани јавни расходи со Годишната програма за работа на ДЗР за 2024 година

| | Ревидирани јавни приходи | | Ревидирани јавни расходи | |
|---|---|---|---|---|
| | Годишна програма 2024 | Годишна програма 2023 | Годишна програма 2024 | Годишна програма 2023 |
| Централен буџет на Република Северна Македонија | 264.348 | 203.174 | 59.574 | 15.619 |
| Буџет на фондови | 149.216 | 135.804 | 145.363 | 129.629 |
| Буџет на ЕЛС | 4.073 | 5.243 | 3.760 | 4.888 |
| Корисници на средства од буџетот на ФЗО | 3.386 | 1.730 | 3.360 | 1.720 |
| Политички партии и учесници во изборни кампањи | 1.276 | 19 | 1.067 | 19 |
| Јавни претпријатија | 1.381 | 14.681 | 1.534 | 10.947 |
| Други институции/ Правни лица во кои државата е доминантен акционер | 4.693 | 1.523 | 4.811 | 1.539 |
| Опфатени со Ревизии на успешност | 23.355 | 2.851 | 8.302 | 181.154 |
| Опфатени со Ревизии на усогласеност како посебен вид на ревизии | 0 | 0 | 3 | 50.446 |

Годишна програма 2024 Годишна програма 2023

во 000.000 денари

ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ
И ПРЕВЗЕМЕНИ МЕРКИ

# 2024

**882**
ВКУПНО ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ

▼ **397** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

▼ **485** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ НЕ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

▼ **182** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ **НО НЕ Е УТВРДЕН СТАТУСОТ**

**85%**
ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕПОРАКИ

**215**
ПРЕПОРАКИ СО УТВРДЕН СТАТУС

**182** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ СЕ ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

**31** не се спроведени

**2** неприменливи

# 2023

**697** ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ

▼ **697** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

**70%** ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕПОРАКИ

**546** ПРЕПОРАКИ СО УТВРДЕН СТАТУС

▼ **151** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ НО НЕ Е УТВРДЕН СТАТУСОТ

**382** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ СЕ ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

**153** не се спроведени

**11** неприменливи

# 2022

**775** ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ

▼ **775** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

**74%** ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕПОРАКИ

**658** ПРЕПОРАКИ СО УТВРДЕН СТАТУС

▼ **117** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ НО НЕ Е УТВРДЕН СТАТУСОТ

**489** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ СЕ ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

**150** не се спроведени

**19** неприменливи

ЗАДОЛЖУВАЊЕ СО ЗАЕМИ/ГРАНТОВИ
опфатени со ревизијата на основен Буџет за **2024** година

## ПРЕГЛЕД НА ЗАДОЛЖУВАЊЕ СО ЗАЕМИ/ГРАНТОВИ, ВКУПНО ПОВЛЕЧЕНИ И НЕПОВЛЕЧЕНИ СРЕДСТВА И ТРОШОЦИ ЗА ПРОВИЗИЈА НА НЕПОВЛЕЧЕНИ СРЕДСТВА ЗА ТЕКОВНИ ПРОЕКТИ, ПО НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ, СО СОСТОЈБА **31.12.2023**

000 денари

| | | | | | | | Динамика на реализација, согласно периодот на задолжување со заем/грант |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МФ | 3.068.601 | 277.049 | 2.791.551 | 9% | 91% | 8.266 | 2 проекти од 2021 и 2023 година со редовна динамика на реализација |
| МТВ | 8.498.609 | 4.171.167 | 4.327.442 | 49% | 51% | 36.588 | 2 проекти од 2019-2023 година со редовна динамика на реализација и 1 проект од 2019 година со бавна динамика на реализација |
| МЖСПП | 6.456.975 | 0 | 6.456.975 | 0% | 100% | 0 | 2 проекти од 2022 и 2023 година со бавна динамика на реализација |
| МЗ | 1.656.519 | 830.183 | 826.336 | 50% | 50% | 0 | 1 проект од 2015 година, кој бележи застој |
| МТСП | 2.613.538 | 1.406.994 | 1.206.544 | 54% | 46% | 21.719 | 2 проекти од 2018 и 2020 година со редовна динамика на реализација |
| МП УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ | 2.828.770 | 1.291.395 | 1.537.375 | 46% | 54% | 0 | 1 проект од 2010 година, кој бележи застој |
| МЗШВ | 7.994.350 | 302.776 | 7.691.574 | 4% | 96% | 44.849 | 1 проект од 2019 година бележи застој и 1 проект од 2021/2022 година со редовна динамика |
| МОН | 4.875.635 | 2.689.050 | 2.186.585 | 55% | 45% | 15.801 | 3 проекти од 2011/2022 и 2021 година со редовна динамика на реализација и 1 проект од 2019 година со бавна динамика на реализација |
| АД РАЗВОЈНА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 9.224.250 | 3.964.091 | 5.260.59 | 43% | 57% | 0 | 1 проект од 2023 година, со редовна динамика на реализација |
| ЈПДП | 77.579.604 | 45.542.819 | 32.036.785 | 59% | 41% | 613.680 | 6 проекти од 2014-2022 година со бавна динамика на реализација и 1 проект од 2014/2019 година е во застој |
| ЈПЖРСМ | 46.684.472 | 5.014.016 | 41.670.456 | 11% | 89% | 459.227 | 2 проекти од 2012 и 2014/2018 година со бавна динамика на реализација и 1 проект од 2023 година со редовна динамика на реализација |
| АД ЕСМ | 8.571.552 | 1.302.939 | 7.268.612 | 15% | 85% | 65.226 | 4 проекти од 2015 - 2023 година со редовна динамика на реализација и 1 проект од 2018/2019 година со бавна динамика на реализација |
| АД МЕПСО | 4.550.630 | 2.602.641 | 1.947.989 | 57% | 43% | 131.295 | 2 проекти од 2013 и 2015/2016 година со бавна динамика на реализација |
| АД НОМАГАС | 2.559.668 | 0 | 2.559.668 | 0 | 100% | 0 | 1 проект од 2021 година со бавна динамика на реализација |
| М-НАВ АД | 600.806 | 129.227 | 471.579 | 22% | 78% | 3.426 | 1 проект од 2022 година со бавна динамика на реализација |
| ГРАД СКОПЈЕ | 4.304.650 | 0 | 4.304.650 | 0 | 100% | 0 | 1 проект од 2021 година, кој бележи застој |
| ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА Скопје | 12.039.754 | 922.425 | 11.117.329 | 8% | 92% | 0 | 1 проект од 2019/2023 година со бавна динамика на реализација |
| | **204.108.382** | **70.446.770** | **133.661.612** | | | **1.400.077** | |

Надлежна институција за реализација на проектот
Вкупен износ на заеми / инвестициски грантови
Износ на повлечени средства
Износ на неповлечени средства

% на повлечени средства
% на неповлечени средства
Трошоци за провизија на неповлечени средства
















До 2024 година посетеноста на **веб** страната е зголемена за **460%** или за **4.6** пати во однос на 2020 година.

# ПРОЦЕС НА РЕВИЗИЈА



# ЗА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

01

# ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Државниот завод за ревизија (ДЗР) е независна Врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија, која веќе 25 години транспарентно, навремено и објективно ги информира надлежните институции и јавноста за утврдените состојби од спроведените ревизии.

ДЗР ревизиите ги врши во согласност со ревизорските принципи, стандарди и упатства содржани во Рамката на професионални објави на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ).

Независноста на институцијата е утврдена со Законот за државната ревизија, во кој се регулирани надлежностите на ДЗР, утврден е широк мандат во вршењето на ревизиите, со слободен пристап до сите неопходни информации, документации, евиденции потребни за спроведување на државната ревизија.

ДЗР самостојно ја утврдува Годишната програма за работа, објективно одлучува за субјектите предмет на ревизија како и за начинот на известување од извршените ревизии, без пристрасност и ослободено од влијанија од законодавната и извршната власт.





## 25 ГОДИНИ ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

За државниот завод за ревизија 2024 беше јубилејна година. Во месец ноември достојно ги прославивме 25те години од непосредно извршување на ревизорските активности во областа на државната ревизија како самостојна и независна Врховна ревизорска институција (ВРИ) во Република Северна Македонија.

Горди сме на постигнатите резултати во изминатиот период и на добрите оценки кои ги добиваме континуирано од надлежните меѓународни и домашни институции. Тимската работа, професионалните човечки ресурси, интегритетот кои се градеа овие 25 години, транспарентноста и отчетноста во нашето работење ги дадоа и ги даваат посакуваните резултати, лидер во заштита на јавните средства, лидер во заштита на финансиските интереси на граѓаните и во превенцијата и борбата против корупцијата.

Овие резултати потврдуваат дека ДЗР е посветен на имплементација на принципите на INTOSAI – P 12, со што обезбедуваме „Вредност и придобивки од ВРИ правење разлика во животот на граѓаните" при што веруваме дека обезбедивме:

- зајакнување на отчетноста, транспарентноста и интегритетот на државните органи и субјектите од јавниот сектор;
- демонстрирање трајна релевантност за граѓаните, парламентот и другите засегнати страни и
- претставуваме организација за пример.

## 25 ГОДИНИ ПРОФЕСИОНАЛНА РАБОТА НА ДЗР КАКО ВРИ

Првите институции за државна ревизија беа формирани веднаш по 1945 година и истите претрпеа повеќе реформи се до формирањето на Државниот завод за ревизија како Врховна ревизорска институција, по примерот на европските искуства и добри пракси.

Првиот Годишен извештај за работата на Државниот завод за ревизија и извршените ревизии е доставен до Собранието на Република Македонија во 2000 година, а се однесува за работењето на ДЗР за 1999 година.

Тековното работење на ДЗР е уредено со Законот за државната ревизија, донесен за прв пат во 1997 година и изменет и дополнет неколку пати до 2022 година.

Како самостоен правен субјект ДЗР започна да функционира во почетокот на 1999 година, со 9 вработени кои беа преземени од Дирекцијата за економско финансиска ревизија во поранешниот Завод за платен промет. Денес, ДЗР својот мандат и функции ги извршува со 126 вработени, од кои Главен државен ревизор, заменик главен државен ревизор, функцијата Генерален секретар именуван од Главниот државен ревизор, 114 вработени се државни ревизори, 6 вработени работат во поддршка на ревизијата и 3 вработени се помошно-технички персонал.

## МИСИЈА

### КОИ СМЕ И ШТО РАБОТИМЕ?



Наша задача е да спроведеме испитувања, да дадеме оценки и да издадеме мислење од извршените ревизии кои ќе имаат додадена вредност за граѓаните и општеството.

Државниот завод за ревизија е Врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија која има мандат да ги врши работите на државната ревизија. Државниот завод за ревизија ја врши државната ревизија на финансиски извештаи, на усогласеност со законски прописи и регулатива и ревизија на успешност во согласност со барањата на ИНТОСАИ стандардите.

Резултатите од нашата работа и нашиот мандат се во функција на исполнување на потребите и  очекувањата на нашите корисници, заради промоција и осигурување на отчетност, објективност и транспарентност во поддршка на надлежните органи, во насока на мудрото и чесно раководење со јавните средства.

# ВИЗИЈА

## КОН ШТО СЕ СТРЕМИМЕ?



Во стремежите за исполнување на нашата мисија, веруваме дека и понатаму ќе ја одржиме нашата независност, професионалност, етичност и чесност, спроведувајќи ги нашите задачи согласно законот и мандатот, ќе обезбедуваме постојана промоција на објективноста и транспарентноста, ќе бидеме инспиративни и иновативни и ќе дадеме најдобар пример за заштита на јавниот интерес во функција на постигнување на високо ниво на доверба од јавноста.

Во насока на остварување на овие наши вредности, посветено работат сите наши вработени како високо изградени професионалци, штитејќи ги и почитувајќи ги интересите на ревизорската професија.

# 1.1

## ПРАВНА РАМКА

## НЕЗАВИСНОСТ И ЗАКОНСКИ НАДЛЕЖНОСТИ

Државниот завод за ревизија е Врховна ревизорска институција на Република Северна Македонија чии надлежности се пропишани со Законот за државната ревизија („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/10, 145/10, 12/14, 43/14, 154/15, 192/15, 27/16 и 83/18 „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 122 /2021 и 3/25) и истите се извршуваат согласно меѓународните стандарди на Врховните ревизорски институции усвоени од Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции - ИНТОСАИ. Покрај основниот закон, со посебни закони од националното законодавство се уредуваат определени прашања од надлежностите на Државниот завод за ревизија.

**По своето значење посебно се издвојуваат одредбите од Закон за буџети во однос на надлежноста на ДЗР за ревизија на предлог завршната сметка на Буџетот, Законот за јавните набавки по однос на надлежноста за ревизија на користењето и трошењето на средствата за јавни набавки од страна на договорните органи,**

Законот за финансирање на политичките партии кои се однесуваат на ревизија на финансиските извештаи на политичките партии, одредбите од Изборниот законик за ревизија на финансиските извештаи на учесниците во изборните кампањи, ревизија на финансиските извештаи на општините согласно Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Законот за локалната самоуправа и др.

Државниот завод за ревизија е активен учесник во реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) 2021– 2025 за Поглавјето 3.32. Финансиска контрола, а својот придонес во работните групи за преговори и придонес во извештајот за напредокот на земјата во процесот на европска интеграција го дава континуирано во поголем број поглавја како што се јавните набавки, правосудството, борбата против корупцијата, родова еднаквост, функционалност на демократските институции и реформа на јавната администрација.

Државниот завод за ревизија е активен чинител во постигнувањето на целите, преземањето мерки и спроведувањето активности опфатени во еден од најважните програмски документи на државата, Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии „СМАРТ ЈАВНИ ФИНАНСИИ" 2022 – 2025 година [1].

Во 2024 година особено внимание беше посветено на имплементацијата на Упатството за известување за утврдени состојби во вршењето на државна ревизија за кои има сомнеж дека субјектот предмет на ревизија сторил кривично дело и согласно кое се реализираше континуирано соработката со Јавното обвинителство на Република Северна Македонија по однос на утврдените состојби во ревизиите за кои постои основано сомневање за сторено кривично дело од страна на субјектите на ревизија.

**Со цел примена на најдобрите практики во соработката на двете институции, со поддршка на Вестминстер фондацијата во 2024 година беше реализирана студиска посета на ДЗР и ЈОРСМ на ВРИ Полска и Јавното обвинителство на Полска.**

Усвојувањето на предлог амандманите за изменување и дополнување на Уставот на Република Северна Македонија со цел уставно втемелување односно највисока правна гаранција на неговата независност и самостојност, како и предлог Законот за државната ревизија подготвен и усогласен со меѓународните стандарди на Врховните ревизорски институции, во согласност со законодавството на земјите членки на Европската Унија и праксата на Врховните ревизорски институции членки на ЕУРОСАИ, остануваат клучен предизвик за органите на извршната и законодавната власт и во 2025 година.

[1] Програма за реформа на управувањето со јавните финансии „СМАРТ ЈАВНИ ФИНАНСИИ" 2022 – 2025 и нацрт Програма за реформа на управувањето со јавните финансии 2025 – 2028

# 1.2

## СТРАТЕШКИ И ГОДИШНИ ДОКУМЕНТИ И АКТИВНОСТИ

Во извештаите од извршените оценки на релевантни меѓународни организации, како и во Извештајот за Република Северна Македонија за 2023 година на Европската Комисија во однос на Подрачјето Надворешна ревизија се посочени следните аспекти за подобрување од страна на надлежните органи:

- ефективно завршување на постапката на регулирање на уставноста и донесување на нов Закон за државната ревизија со цел зајакнување на финансиската и оперативна независност на ДЗР, во согласност со принципите, стандардите и упатствата на ИНТОСАИ;
- зголемување на надзорот и следењето од страна на Собранието на Република Северна Македонија преку разгледување на извештаите на ДЗР со цел да се подобри стапката на спроведени препораки.

Овие аспекти за подобрување, како и приоритетите утврдени во Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии [2], кои се однесуваат на ДЗР, се содржани во стратешките документи на ДЗР, како што се:

### 1.2.1

### СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ДЗР ЗА **2023 – 2027**

Во извештаите од извршените оценки на Стратегијата за развој на ДЗР за период 2023-2027 година, ја отсликува петгодишната перспектива на развој на врховната ревизорска институција во Република Северна Македонија.

Оваа перспектива е дефинирана преку 4 стратешки цели за развој на ДЗР и тоа:

**01 СТРАТЕШКА ЦЕЛ**

Обезбедување и одржување целосна независност на Државниот завод за ревизија – институционална независност и законска институционална рамка од Рамката за градење на капацитети [3].

**02 СТРАТЕШКА ЦЕЛ**

Понатамошно одржување на капацитетите за внатрешно управување, институционална поддршка, стремеж кон постојани подобрувања, односи со заинтересирани страни/комуникација, човечки капацитети, ревизорска методологија и стандарди од Рамката за градење на капацитети.

**03 СТРАТЕШКА ЦЕЛ**

Реализирање/Исполнување на нашата додадена вредност - испорака на мерливи резултати од вршењето на државната ревизија, во насока на испорака на ревизии со висок квалитет, ревизии од јавен интерес и зголемување на јавната доверба, со цел подобрување на животот на граѓаните (Резултати од Рамката за градење на капацитети).

**04 СТРАТЕШКА ЦЕЛ**

Креирање на стратешки план за дефинирање на потенцијални области на ревизии преку проценка на предизвиците во областите од интерес и според проценка на ризици за периодот 2023 – 2027. Истите ќе бидат земени во предвид при годишното планирање на ниво на ДЗР.

[2] Програма за реформа на управувањето со јавните финансии „СМАРТ ЈАВНИ ФИНАНСИИ“ 2022 – 2025 и нацрт Програма за реформа на управувањето со јавните финансии 2025 – 2028

[3] Извор: INTOSAI Building capacity in Supreme Audit Institutions A Guide;

Во текот на 2024 година, Државниот завод за ревизија продолжи со реализација на активностите предвидени во Акцискиот план за спроведување на Стратегијата за развој на ДЗР 2023-2027, опфаќајќи бројни и значајни активности. Стратешките и непосредните цели дефинирани во Стратегијата за развој на ДЗР и Акцискиот план се интегрирани во Годишната програма за работа на ДЗР за 2024 година, а нивната реализација е опфатена и презентирана во овој извештај.

## 1.2.2

## ИТ СТРАТЕГИЈА НА ДЗР ЗА **2023 - 2027**

Во согласност со определбата за континуирано унапредување на работењето и зголемување на ефикасноста на информацискиот систем, како и во насока на поддршка на имплементацијата на Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија 2023–2027, ДЗР во 2024 година изврши ревидирање на ИТ Стратегијата на ДЗР 2023–2027, со цел адаптирање на новите услови, потреби и примена на нови трендови и технологии. ИТ Стратегијата има за цел да се овозможи правилен развој и одржливост на ИТ капацитетите и информацискиот систем за давање континуирана и квалитетна поддршка на работењето на ДЗР, заради постигнување на ИТ стратешки цели кои се однесуваат на:

- Развој и одржување на интегриран и безбеден ИТ систем на ДЗР;
- Подобрување на дигиталната комуникација и презентација на резултатите од работата на ДЗР;
- Развој и одржување на информатичко-комуникациската архитектура;
- Истражување, тестирање и планирање на имплементација на иновативни ИКТ решенија;
- Развој и поддршка на апликативни решенија релевантни за ревизорската дејност;
- Постојано унапредување на дигиталните вештини преку едукација, сертификација и стручни обуки на вработените.

Согласно Извештајот за степен на имплементација на ИТ Стратегијата 2023–2027, врз основа на утврдените индикатори за следење, до декември 2024 година се реализирани вкупно 84.38% од планираните активности, што укажува на значаен степен на имплементација во спроведувањето на стратешките приоритети, но и на важноста на примената информатичката технологија во работењето на ДЗР.

## 1.2.3

## СТРАТЕГИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ЗА **2024 – 2027**

Одржливоста на процесот на управување со човечки ресурси во Државниот завод за ревизија (ДЗР) е важен аспект во постигнувањето на ефективноста и ефикасноста во работењето. Со Стратегијата за управување со човечките ресурси за периодот 2024-2027 година, ДЗР го поставува акцент на неколку клучни области кои се неопходни за создавање на одржлива и успешна работна средина:

**1 ВРАБОТУВАЊЕ**
Обезбедување на адекватни услови за вработување, како и привлекување и задржување на талентирани и квалификувани лица.

**2 КАРИЕРА И УНАПРЕДУВАЊЕ**
Обезбедување еднакви услови за вработените за напредување и развој на кариерата, што ќе придонесе за нивна мотивација и задоволство на работното место.

**3 КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ**
Поттикнување на вработените да се усовршуваат и да стекнуваат нови вештини и знаења преку различни програми за образование и обука, со што ќе се зголеми нивната компетентност и ќе се подобри нивниот учинок.

**4 МЕРЕЊЕ НА УЧИНОКОТ**
Оценување на работата и постигнувањата на вработените, со цел редовно следење на нивната продуктивност и резултати, како и наградување на успешните.

**5 ОДРЖЛИВОСТ НА РАБОТНАТА СРЕДИНА**
Создавање работна средина која е позитивна и поттикнува продуктивност, иновации и личен развој на вработените.

**6 ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЦЕСИТЕ**
Интеграција на дигитални алатки во процесите на управување со човечки ресурси, што ќе ги олесни и унапредат процесите на евидентирање, обука, оценување и управување со податоци.

ДЗР оствари целосна реализацијата на предвидените активности во Стратегијата за управување со човечки ресурси, што е потврдено со индикаторите за степенот на реализација. До крајот на 2024 година, ДЗР ги реализираше 100% од планираните активности, што покажува успешност и одржливост на овој процес. Ова претставува значајна основа за понатамошно унапредување и одржување на човечките ресурси во институцијата, како и за подобрување на нејзината општа функционалност и резултати од работењето, а зголемувањето на знаењето и вештините на вработените во ДЗР останува да биде една од основните заложби на институцијата, кои се преточени во годишните планови за континуирано професионално усовршување, а нивната реализација е презентирана во точка 3.2. од овој извештај.

**РЕЗУЛТАТИ**

**100% РЕАЛИЗАЦИЈА**

- Општа мерка Функционална анализа на ДЗР
- Посебна мерка Вработување
- Посебна мерка Кариера
- Посебна мерка КПУ, едукација
- Посебна мерка Мерење на учинок на вработените
- Посебна мерка Одржлива работна средина
- Посебна мерка Дигитализација

**СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА МЕРКИ УТВРДЕНИ ВО СТРАТЕГИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ЗА 2024**

## 1.2.4

## СТРАТЕГИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА ЗА **2024 – 2027**

Во согласност со принципите утврдени во ISSAI 140 и INTOSAI-P 20, Државниот завод за ревизија и во 2024 година спроведува активности за систематско управување со ризици кои можат да влијаат на остварувањето на целите и функционирањето на институцијата. Согласно Стратегијата за управување со ризици 2024–2027, ризиците се категоризирани во стратешки, надворешни, оперативни, административни и етички, при што посебен акцент е ставен на ризиците од корупција. Во овој дел, Стратегијата е усогласена со Методологијата за проценка на ризици од корупција и Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси како и Упатството за ревизија на превенција од корупција – GUID 5270. Стратегијата предвидува структуриран пристап за идентификација, проценка, контрола и следење на ризиците, со користење на Регистар на ризици што се ажурира редовно.

Со ваквиот пристап, ДЗР го потврдува својот континуиран фокус на транспарентно, одговорно и ефикасно институционално управување.



## 1.2.5

## СТРАТЕШКИ ПЛАН ЗА РЕВИЗИЈА ЗА **2024 – 2027**

Рамката за професионални објави на ИНТОСАИ (IFPP - The INTOSAI Framework of Professional Pronouncements) преку објавите на Меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции (ISSAI) и Упатствата на ИНТОСАИ (GUID) ги одредува барањата за стратешко и оперативно планирање на врховните ревизорски институции.

Барањата за стратешко и оперативно планирање на врховните ревизорски институции се во насока на утврдување на приоритети на ВРИ, заради исполнување на нивниот законски мандат и други обврски согласно регулативата и примена на професионалните критериуми за избор на области и субјекти за ревизија.

Врховните ревизорски институции имаат обврска да ги планираат и спроведат ревизиите на начин кој ќе даде уверување дека се земени предвид очекувањата на сите засегнати страни и сите предвидливи и очекувани ризици.

Во согласност со Визијата и Мисијата на Државниот завод за ревизија, мандатот и стратешките цели, активностите на стратешкото и оперативното планирање се во функција на обезбедување и исполнување на барањата на професионалната заедница за транспарентност, отчетност, интегритет и објективност на Државниот завод за ревизија во неговото работење.

Стратешките цели за ревизиите за наредниот период од четири години, почнувајќи од 2024 година до 2027 година, се утврдени со Одлуката за определување на стратешки цели за ревизии на Државниот завод за ревизија за период 2024 - 2027 година и за приоритетни области за ревизии по сектори кои вршат ревизија, бр. 03-905/1 од 07.09.2023 година, изготвена врз основа на спроведените постапки согласно Упатството за стратешко и годишно планирање на ревизиите бр. 02 - 735/1 од 09.07.2020 година од страна на секторите кои вршат ревизии во Државниот завод за ревизија и добиените информации за опфатот, значајноста и ризиците, а кои произлегуваат од стратешките цели (СЦ) и непосредните цели (НЦ) од Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија 2023 - 2027 година.

Со Одлуката, Главниот државен ревизор ги определи стратешките цели за ревизиите за периодот од четири години, почнувајќи од 2024 - 2027 година како што следува:

- Давање мислење за вистинито и објективно презентирање на финансиските извештаи и резултатите од финансиските активности на субјектите кои се предмет за ревизии согласно Рамката на професионални објави на ИНТОСАИ (The INTOSAI Framework of Professional Pronouncements (IFPP), Законот за државната ревизија и прифатените сметководствени стандарди и начела;
- Давање мислење за наменско и законско користење на средства согласно позитивната законска регулатива - испитување на финансиските трансакции кои претставуваат јавни приходи и расходи;
- Давање оценка за користењето на јавните ресурси од аспект на постигнати економичност, ефикасност и ефективност;
- Транспарентно и отчетно известување за утврдените состојби, дадените препораки и преземените/ не преземените дејствија од субјектите кои се предмет на ревизија по извршените ревизии како и покренување на предлози за подобрување на правната рамка пред Собранието на Република Северна Македонија, јавноста и сите заинтересирани страни;
- Преземање на дејствија за известување и соработка до надлежните органи во РСМ, во однос на потенцијални или откриени ризици, сомневања, незаконски дејствија и трансакции, а кои упатуваат на можни судири на интереси, корупција и измама, при вршење на ревизиите и издавање на ревизорскиот извештај, заради проследување за нивно понатамошно постапување;

- Избор на ревизии со кои ќе се придонесе кон подобрување на јавните услуги;
- Избор на ревизии со кои ќе се придонесе кон зголемување на нивото на јавната свест и значење на приоритетните области од животната средина и целите на одржлив развој;
- Избор на ревизии од јавен интерес;
- Избор на ревизии како дел од меѓународните активности на Државниот завод за ревизија заради зголемување на знаењата, капацитетите и вештините на ревизорите.
- Додадена вредност од ревизиите преку давање на јасни, конкретни и конструктивни препораки кои укажуваат кон одредени слабости или проблеми, во насока на подобрување на состојбите особено за начините на управување, користење и надзор на јавните средства и превенција од корупција и управување со ризици од корупција, како и кај управувањето со јавниот долг и капиталните инвестиции.

Потенцијалните области и приоритети на секторите кои вршат ревизија во Државниот завод за ревизија за периодот 2024 - 2027 година, согласно определената општа рамка од Стратегијата за развој на ДЗР 2023 – 2027 година, согласно Одлуката, како и согласно поднесените стратешки планови за ревизија на ниво на сектори за ревизија се следните:



Реализацијата на Стратешкиот план за ревизија за периодот 2024-2027 година ќе се одвива преку поединечните ГП за работа на Државниот завод за ревизија.

Годишната програма на ДЗР за 2024 година во делот за вршење ревизии ги вклучува предложените и избраните ревизии на регуларност (ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност), ревизии на успешност и ревизии на усогласеност врз основа на примена на критериуми утврдени согласно професионалните стандарди на ИНТОСАИ.

Со Годишната програма за работа на ДЗР за 2024 година се утврдени приоритетните активности во насока на остварување на целите и задачите за работа на ДЗР односно остварување на стратешките цели на институцијата.

Преземените активности за остварување на стратешките цели обезбедуваат соодветен опфат на ревидирани јавни средства, зголемување на знаењата и вештините на вработените, вршење на ревизија на успешност на различни програми и проекти кои се во функција на остварување на отчетноста и доброто управување, испитување на резултатите во однос на економичноста, ефикасноста и ефективноста на активностите на јавниот сектор, информирање на засегнатите страни и јавноста за утврдените состојби во конечните ревизорски извештаи и подобрување на квалитетот на услугите кои јавниот сектор има обврска да ги обезбеди за правните и физички лица.

Годишното планирање на ревизиите се извршува во согласност со одредбите од Законот за државната ревизија, согласно кој задолжително еднаш годишно се врши ревизија на Буџетот на Република Северна Македонија и на Буџетите на фондовите, вклучувајќи ја Агенцијата за вработување, а кај другите субјекти се врши во рокови утврдени со Годишната програма за работа на ДЗР.

Изборот на субјектите за ревизија е извршен согласно член 22 и 23 став 1 од Законот за државната ревизија, Правилникот за начинот на вршење на државната ревизија, Упатството за стратешко и годишно планирање на ревизиите, Одлуката за определување на стратешки цели за ревизии на Државниот завод за ревизија за период 2024 – 2027 година и за приоритетни области за ревизии по сектори кои вршат ревизија, Стратешкиот план за ревизија на Државниот завод за ревизија за 2024 – 2027 година како и предлозите од засегнатите страни.

Со Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година, планирано е да се спроведат 88 ревизии од кои 72 ревизии на регуларност, 13 ревизии на успешност и 3 ревизии на усогласеност.



## 1.2.6

### КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА НА ДЗР ЗА **2024 – 2027**

Државниот завод за ревизија продолжува со зајакнување на комуникациските процеси преку Комуникациската стратегија 2024–2027, чија цел е поефикасно вклучување на јавноста, медиумите и граѓанскиот сектор во заедничката заложба за отчетност и транспарентност.

Во рамките на стратегијата, ДЗР воспостави регистар на засегнати страни, кој по последното ажурирање брои 2.417 контакти, што значително ја проширува мрежата на информирани и вклучени чинители. Дополнително, за да се олесни пристапот до ревизорските наоди, ДЗР воведе ревизорски апстракти и соопштенија за јавноста, преку кои клучните информации од конечните ревизорски извештаи стануваат подостапни и разбирливи. За одредени клучни ревизорски извештаи за кои ДЗР смета дека има потреба од дополнително информирање на пошироката јавност подготвува видеа со користење на Вештачка интелегенција каде видеото покрај пишан текст има и говор.

Покрај директната комуникација со медиумите и граѓанскиот сектор, ДЗР ја засили онлајн транспарентноста – сите значајни информации, извештаи и анализи редовно се објавуваат на веб-страницата (www.dzr.mk) и на официјалниот Facebook профил.

До крајот на 2024 година, ДЗР реализираше 15 од 24 планирани активности Сепак, 9 активности останаа не реализирани поради надворешни фактори и потребата од координација со други институции.

Со овие активности, ДЗР не само што го подобрува двонасочниот модел на комуникација, туку и ја зацврстува својата улога како клучен фактор во промовирањето на отчетноста во институционалниот систем.




ОПФАТ НА СТРАТЕГИЈАТА

## ВО СТРАТЕГИЈАТА СЕ ДЕФИНИРАНИ ДВЕ СТРАТЕГИСКИ ЦЕЛИ НА КОМУНИКАЦИЈА:

### ПРВА СТРАТЕШКА ЦЕЛ НА НАШАТА КОМУНИКАЦИЈА

Да овозможиме подлабоко и сеопфатно, стратегиски втемелено вклучување на целните групи од граѓанскиот домен, во заедничката борба за поголема ефикасност, транспарентност и отчетност на актерите во институционалниот систем на Република Северна Македонија

**1 СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ**

Да им ги доближиме на граѓаните, нашите наоди за работата на институциите и да им ја доближиме нашата севкупна мисија, зајакнувајќи го нивното ниво на знаење и доверба во нашата институција.

**2 СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ**

Да го зајакнеме комуникацискиот еко-систем во кој се одвива постојан разговор меѓу ДЗР и актерите во граѓанскиот домен: новинарите и активистите во граѓанските организации, за заедно да мотивираме добро владеење со институциите.

**3 СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ**

Да го прошириме опсегот на комуникација со актери во граѓанскиот домен кои работат надвор од главниот град и кои им даваат услуги на ранливите и маргинализирани граѓани.

### ВТОРА СТРАТЕШКА ЦЕЛ НА НАШАТА КОМУНИКАЦИЈА

Да овозможиме актерите во институционалниот систем, појасно да ја препознаат нашата работа како основа за зајакнување на доброто владеење, а нашата институција како катализатор на демократизацијата.

**4 СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ**

Да го структурираме и да го интензивираме дијалогот со Јавното обвинителство на РСМ за да воспоставиме практика на редовна дискусија на ревизорите со јавните обвинители за наодите од нашите ревизии.

**5 СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ**

Зголемувајќи го знаењето на Пратениците и Собраниските служби за ревизијата, да обезбедиме наодите од ревизорските извештаи редовно и според важност да се дискутираат на комисиските расправи и пленарните седници.

**6 СПЕЦИФИЧНА ЦЕЛ**

Да отвориме дијалог со Владата за важноста од наодите на ДЗР за градењето на севкупните политики во државата.

Имплементацијата на стратешките активности и континуираната сервисна ориентираност на ДЗР кон пошироката јавност предизвика ДЗР да биде оценет како најдобра институција во националниот систем за интегритет, односно:

- Според Извештајот на Transparency International Macedonia [4], ДЗР од вкупно 15 столба на Националниот систем на интегритет го зазема првото место со вкупно 86 индексни поени од максимум 100 односно 24 индексни поени не се поделени поради недонесувањето на Законот за државната ревизија и вградување на ДЗР како уставна категорија – активност која надвор од контрола на ДЗР, и
- Според Извештајот [5] на ДКСК, ДЗР во делот на примена на системот на интегритет во органите на државната управа, самостојните државни органи и државните органи рангиран е на прво место со 92,3% исполнетост на обврските и успешност на имплементација на системот на интегритет.

## 1.2.7.

## ПРОГРАМАТА ЗА РЕФОРМА НА УПРАВУВАЊЕТО СО ЈАВНИ ФИНАНСИИ „СМАРТ ЈАВНИ ФИНАНСИИ" **2022 – 2025**

Во Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии „СМАРТ ЈАВНИ ФИНАНСИИ" 2022 – 2025 година усвоена од Владата на Република Северна Македонија, се утврдени приоритети за надворешната ревизија и парламентарниот надзор во надлежност на Државниот завод за ревизија. Целта на овие приоритети е:

- зајакнување на управувањето со јавните финансии и обезбедување отчетност во користење јавни средства преку зајакнување на правната рамка за надворешна ревизија со постигнување на уставна независност на ДЗР и зајакнување на финансиската и оперативната независност во согласност со принципите, стандардите и упатствата на ИНТОСАИ;
- воспоставување на механизам за разгледување на ревизорските извештаи и преземените мерки по дадените препораки во ревизорските извештаи во Собранието на Република Северна Македонија и зајакнување на институционалните капацитети на Собранието за разгледување на ревизорските извештаи.

Во Акцискиот план за спроведување на Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии за 2024 година, содржани се активностите за спроведување на мерките и за остварување на показателите кои се однесуваат на приоритетите за надворешна ревизија и парламентарен надзор во надлежност на ДЗР. Државниот завод за ревизија активно учествуваше и во изготвувањето на новата Програма за управувањето со јавни финансии 2025 - 2028 година, која се очекува да биде усвоена во 2025 година.

[4] Национален систем за интегритет – Оцена за Република Северна Македонија, Скопје 2024 година;
[5] Извештај од спроведено следење на примената на системот за интегритет за 2024 година, февруари 2025 година

## 1.2.8.

### СЕКТОРСКАТА РАБОТНА ГРУПА И СОВЕТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИ ФИНАНСИИ

Државниот завод за ревизија активно учествува во Секторската работна група за управување со јавни финансии со која претседава Министерот за финансии, чија цел е воспоставување и одржување на функционален секторски пристап во областа на управување со јавните финансии. Исто така, Главниот државен ревизор како член учествуваше во работата на Советот за управување со јавни финансии, кој преставува координативно тело на Владата на Република Северна Македонија за следење на спроведувањето на реформите за управувањето со јавните финансии предвидени со Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии. Остварувањето на стратешките цели утврдени во стратешките документи на ДЗР бара донесување акти на годишно ниво за нивна реализација. Донесени се повеќе акти и воспоставен е систем на континуирано следење на реализацијата на стратешките и годишните акти на ДЗР, за што на полугодишно и годишно ниво се подготвуваат соодветни извештаи.

## 1.2.9.

### ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА **2024** ГОДИНА

Годишна програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година е донесена врз основа на Законот за државната ревизија, Правилникот за начинот на вршење на државната ревизија и Упатството за стратешко и годишно планирање на ревизиите, во согласност со Одлуката за определување на стратешки цели за ревизии на Државниот завод за ревизија за период 2024 – 2027 година и за приоритетни области за ревизии по сектори кои вршат ревизија, Стратешкиот план за ревизија на Државниот завод за ревизија за 2024 – 2027, Стратегијата за развој на Државниот завод за ревизија 2023 – 2027, целите на одржлив развој на ОН и критериумите утврдени со методологијата за оценка од страна на ОЕЦД-СИГМА, имајќи ги предвид расположливите ресурси на ДЗР.

Државниот завод за ревизија чувствувајќи ја потребата од зголемување на својата транспарентност, отчетност и одговорност во извршувањето на со закон делегираните надлежности, во рамки на подготвувањето на Годишната програма за работа на ДЗР за 2024 година достави известување за доставување на барања/предлози за вршење на ревизии до 1.200 засегнати страни. По пат на користење на социјалните мрежи (FB) беше објавен повик до сите заинтересирани правни и физички лица да доставаат барање за вршење на ревизија, а исто така на својата веб страна континуирано е поставен образец „Барање за ревизија“.

Од пристигнатите 78 барања, во рамки на подготвувањето на Годишната програма за работа на ДЗР за 2024 година прифатени се 23 барања (29%) од вкупно добиените барања, а во согласност со стратешките документи, критериумите за избор уредени согласно професионалните стандарди на ИНТОСАИ, критериумите за избор во согласност со целите на одржлив развој на ОН, критериумите за избор на ОЕЦД-СИГМА и расположливите ресурси за ревизија.

**ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА И ПРИФАТЕНИ БАРАЊА ПО ВИДОВИ НА СУБЈЕКТИ КОИ ГИ ДОСТАВИЛЕ БАРАЊА**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЕЛС | Пристигнати барања | **3** | Прифатени барања | **2** |
| Институции, граѓански организации, здруженија и правни лица | Пристигнати барања | **46** | Прифатени барања | **15** |
| Граѓани и Анонимно | Пристигнати барања | **29** | Прифатени барања | **6** |
| | Вкупно пристигнати барања | **78** | Вкупно прифатени барања | **23** |

Државниот завод за ревизија во целост ја имплементираше Годишната програма за работа на ДЗР за 2024 година. Со Годишната програма за 2024 година се извршени 88 ревизии од кои:

**88**

- **72** ревизии на регуларност
- **13** ревизии на успешност
- **3** ревизии на усогласеност

Во рамки на Годишната програма за работа на ДЗР за 2024 година, се спроведени 13 ревизии на успешност, од кои:

**13**

Ревизии на успешност

- 2 ревизии на успешност се спроведени во соработка со Националната канцеларија за ревизија на Норвешка;
- 2 ревизии на успешност се спроведени со поддршка на проект на Светската банка;
- 1 ревизија на успешност е спроведена како кооперативна ревизија за имплементација на Целите на одржлив развој (ЦОР) до 2030 година, во соработка со врховната ревизорска институција на Србија, со поддршка на УНДП;
- 1 ревизија на успешност е спроведена во соработка со Вестминстер Фондацијата за демократија (ВФД) и Врховната ревизорска институција на Обединетото Кралство;
- 1 ревизија на успешност е спроведена како ревизија за родова еднаквост – ревизија на ЦОР 5- Родова еднаквост, со поддршка на УН Вомен
- 1 ревизија на успешност е спроведена како паралелна ИТ ревизија во рамки на ЕУРОСАИ ИТ Работната група.
- 1 ревизија на успешност е спроведена како ИТ ревизија со поддршка на иницијативата за искористување на технолошкиот напредок (LOTA – Пионери) која ја спроведува Иницијативата за развој на ИНТОСАИ – ИДИ, како и со користење на алатки подготвени од Националната канцеларија за ревизија на Норвешка;
- 1 ревизија на успешност е спроведена со примена на Climate Scanner (Климатски скенер), како алатка за брза проценка на активностите на националните влади за климатските промени развиена од ИНТОСАИ и Работната група за ревизија на животната средина ИНТОСАИ (ВЕГЕА);

Со ревизиите на успешност во 2024 година се опфатени следните теми:

- Безбедноста во сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија
- Имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулската Конвенција) со осврт кон специјализираните услуги за жени жртви на родово-базирано насилство и семејно насилство
- Урбанистичко планирање на зелената инфраструктура во градовите
- Подобрување и унапредување на јавните услуги и инфраструктурните објекти со јавно приватно партнерство
- Јавни инвестиции за обезбедување капацитети и услови за детската заштита во детските градинки
- Искористеност на современа медицинска опрема;
- Реформа на пенитенцијарниот систем
- Ефекти од  јавни инвестиции за рамномерен регионален развој
- Зелена транзиција преку промовирање на обновливи извори на енергија
- Подготвеност на Република Северна Македонија за справување со климатските промени
- Дигитализација на матичните книги
- Систем за интегрирано планирање на ресурсите (ИПР систем)
- Можност на употреба на вештачка интелигенција во јавниот сектор

Ревизиите на успешност во целост се поврзани со Националната развојна стратегија 2024-2044 година. Секоја од овие ревизии е поврзана и со соодветни цели на одржлив развој на Обединетите нации.

Согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2024 година спроведени се и 3 ревизии на усогласеност, и тоа на:

**3**

Ревизии на усогласеност

- Основен Буџет на Република Северна Македонија за 2023 година;
- Усогласеност на процедури за безбедност на податоците од Централен регистар на население;
- Ревизија на јавна набавка за хоризонтална сигнализација.

Областите опфатени со наведените ревизии даваат основ за утврдување на начинот на постапување од страна на надлежните органи, но во исто време и обезбедување на активен придонес на Државниот завод за ревизија преку давање препораки за начинот на постапување на истите, давање на оценка за спроведување на реформските процеси, давање совет за начинот на остварување на јавните приходи и користењето на јавните средства, начинот на користење на природните ресурси и енергенси, заштита на културното наследство и животната средина и подобрување на контролното опкружување.

## 1.2.10.

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА ЗА **2024**

Активностите на Државниот завод за ревизија поврзани со спречување на корупцијата се одвиваат во согласност со овластувањата и обврските утврдени со Законот за државната ревизија, Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Упатството за ревизија на превенција од корупција - GUID 5270 и друга релевантна законска регулатива. Во насока на превенција / спречување на корупцијата, ДЗР донесе „Годишен план за спречување на корупција на Државниот завод за ревизија за 2024 година", во кој покрај останатите утврдени се мерки и активности за:

- демонстрирање на волја на раководниот кадар на ДЗР за спречување корупција и судир на интереси;
- демонстрирање етика и интегритет во спречување на корупцијата и судирот на интереси и примена на Кодексот на етика на ДЗР согласно најдобрата пракса на Европските ВРИ и согласно МСВРИ;
- преиспитување на законската регулатива поврзана со државната ревизија а во врска со спречување на корупцијата и судирот на интереси;
- континуирана дигитализација во вршењето на државната ревизија;
- континуирана отчетност и транспарентност во вршењето државна ревизија и

комуникација со медиумите и пошироката јавност;

- управување со човечки ресурси во насока на едукација и дејствување во спречување корупција и судир на интереси;

- почитување на начелата и принципите утврдени во одредбите на Законот за јавните набавки при доделување на договорите за јавни набавки и Законот за буџетите при извршување на финансискиот план (буџет) за ДЗР и известување за неговото извршување;

- континуирана соработка со други надлежни органи задолжени за превенција и борба против корупцијата и соработка со други ВРИ за користење добри практики;

- сертифицирање на ДЗР за имплементиран систем за справување со корупција согласно меѓународниот стандард ISO 37001:2017 и управување со безбедност на информации согласно меѓународниот стандард ISO 27001:2017.

Реализацијата на активностите утврдени во Годишниот план се следи на полугодишно и годишно ниво а за степенот на имплементација на истите се известува Главниот државен ревизор.

## 1.2.11.

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА КОНТИНУИРАНО ПРОФЕСИОНАЛНО УСОВРШУВАЊЕ ЗА **2024**

Годишниот план за КПУ за 2024 година на Државниот завод за ревизија, беше спроведен со користење на внатрешни ресурси на институцијата и користење на домашни и меѓународни експерти од соодветна област. Активностите посветени за организирање на обуки се извршени од ДЗР со помош на меѓународни организации, професионални асоцијации, здруженија, меѓународни иницијативи, како и приватни правни субјекти од земјата и странство кои нудат едукација од повеќе области поврзани со државната ревизија, на (47) различни теми.

Со цел да добиеме повратни информации за квалитетот на одржаните едукации, ДЗР редовно спроведува евалуации за организираните едукации, кои покажаа дека повеќе од 80% од вработените имаат позитивен импакт од организираните обуки и и истите ќе придонесат да го подобрат своето работење.

Во текот на 2024 година, беа спроведени и посебно дизајнирани обуки за ново вработените државни ревизори, со цел нивно полесно професионално прилагодување во новата работна средина, притоа овозможувајќи им да стекнат искуство за соодветното работно место преку извршување на различни ревизорски задачи, како и преку учество на различни обуки. Зајакнувањето на знаењата и вештините на вработените во ДЗР се врши и преку спроведување на паралелни, меѓународни заеднички и кооперативни ревизии во соработка со Меѓународната организација на ВРИ (ИНТОСАИ) билатерална соработка помеѓу ДЗР и други ВРИ.

Реализирани се студиски посети на вработените од ДЗР во останатите ВРИ, каде преку учество на семинари, работилници и конференции кои беа организирани во рамките на Меѓународната организација на ВРИ (ИНТОСАИ) и нејзините регионални форми, Меѓународниот суд за ревизија, СИГМА, како и во соработка со меѓународните организации: ЦЕФ, Светска Банка, UN Women, UNDP, Националниот институт за демократија, Вестминстер фондацијата WFD, Националниот демократски институт (NDI)и други се овозможи зголемување на знаењето и вештините на вработените на ДЗР.

## 1.2.12.

## ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ЗА **2024**

ДЗР има за задача да спроведе испитувања, да даде оценки и да издаде мислење по извршените ревизии кои ќе имаат додадена вредност за севкупната заедница.

Резултатите од работата и мандатот на ДЗР се во функција на исполнување на потребите и очекувањата на корисниците, заради промоција и осигурување на отчетност, објективност и транспарентност во поддршка на државата, а во насока на мудрото и чесно раководење со јавните средства.

Главниот предизвик со кој се соочуваат сите ВРИ претставува континуирано испорачување на ревизии со висок квалитет како и други задачи. Квалитетна работа извршена од ВРИ влијае врз нивната репутација и кредибилитет, како и врз нивната способност да го исполнат нивниот мандат[6].

Функцијата на осигурување на квалитет на ревизиите (мониторинг) е независна од процесот на ревизијата и претставува проверка на квалитетот на извршените ревизии од лица независни од ревизиите за да му обезбеди уверување на менаџментот на Државниот завод за ревизија (ДЗР) дека квалитетот на извршените ревизии е на прифатливо ниво.

Главните насоки за реализација на функцијата осигурување на квалитет (мониторинг) во ДЗР се дадени во Упатството за осигурување квалитет на ревизиите број 01-1365/1 од 03.10.2022 година согласно меѓународниот стандард на ИНТОСАИ, ИССАИ 140.

Функцијата на осигурување на квалитет на ревизиите (мониторинг) од страна на тим за проверка од вработени лица во ДЗР по завршување на ревизиите обезбедува: подобрување на работењето и резултатите од извршените ревизии, можност за само проценка на извршената ревизорска работа, утврдување на евентуалните потреби од обуки на ревизорите со што ќе се придонесе за одржување на висок степен на интегритет, отчет и компетентност на ревизорската работа.

Во согласност со Годишниот план за осигурување на квалитет за 2024 година и процедурите пропишани во Упатството за осигурување на квалитет на ревизиите, проверките се спроведени во периодот од 01.03.2024 година до 31.12.2024 година при што се опфатени шест (6) ревизии од Годишната програма за работа на ДЗР за 2023 година од шест (6) сектори за ревизија.

Врз основа на извршените проверки на контролите на квалитет на спроведените ревизии преку процедурите и ревизорската документација одложена во ревизорското досие во АМС од страна на членовите на ревизорскиот тим, констатирано е дека ревизијата е спроведена во согласност со пропишаната методологија на ДЗР (прирачници, програми, прашалници и друг вид на обрасци) кај сите ревизии предмет на проверка.



[6] ISSAI 140 Quality Control for SAIs

### 1.2.13.

### ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНИТЕ РЕВИЗИИ И ЗА РАБОТАТА НА ДЗР ЗА **2023**

Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2023 година е изготвен и доставен до Собранието на Република Северна Македонија во законски утврдениот рок – до крајот на јуни 2024 година. Извештајот е јавно достапен на официјалната веб-страница на ДЗР на три јазици: македонски, албански и англиски. [7] (линк)/[8]

Во насока на унапредување на транспарентноста и отчетноста во своето работење, Државниот завод за ревизија ја продолжи практиката на активно споделување и обезбедување пристап до податоците и информациите содржани во Годишниот извештај. Извештајот редовно се доставува до врховните ревизорски институции, Европскиот суд за ревизија, Меѓународната организација на врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ), Европската организација на врховни ревизорски институции (ЕУРОСАИ), Делегацијата на Европската унија во Република Северна Македонија, претставништвата на меѓународните организации, како и до дипломатските мисии акредитирани во земјата.

Собранието на Република Северна Македонија, на својата 14-та седница одржана на 17 септември 2024 година, го разгледа и усвои Годишниот извештај за извршени ревизии и работењето на ДЗР за 2023 година. Притоа беа донесени 14 заклучоци насочени кон поддршка на активностите на ДЗР, унапредување на имплементацијата на ревизорските препораки, надминување на системските слабости и недоследности во законската и подзаконската регулатива, како и зајакнување на соработката помеѓу ДЗР и Собранието.

## 1.3.

## МЕТОДОЛОШКИ ДОКУМЕНТИ И ПРИМЕНА НА ДОБРИ ПРАКТИКИ

Во 2024 година поттикнати од потребата за усогласување на внатрешните методолошки акти на Државниот завод за ревизија со професионалните барања на INTOSAI – International Organization of Supreme Audit Institutions како и IAS – International Accounting Standards, Државниот завод за ревизија изврши измени и донесе нов, подобрен Прирачник за ревизија на регуларност со два прилози (прилози за буџетски корисници и за јавни претпријатија) кон Прирачникот за ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност. Прилозите се однесуваат на формата и содржината на обрасците„Нацрт/Конечен извештај од извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност" кон Прирачникот за ревизија на регуларност. Измените кои Државниот завод за ревизија ги изврши во овој Прирачник се во насока на усогласување на методолошките акти на институцијата од овој вид на ревизија со меѓународните стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI – International Standards of the Supreme Audit Institutions), кај сите фази од ревизијата на регуларност – планирање, спроведување, известување и следење на имплементацијата на дадените препораки при тоа имајќи ги предвид барањата дадени во ISSAI како и добрата практика од други ВРИ. Исто така, обрнавме особено внимание и на можната применливост на одредени добри практики од други ВРИ во ревизорското опкружување во кое Државниот завод за ревизија работи.

Тековно, во 2024 година беа отпочнати и активности за донесување на Упатство за ревизија на успешност на управувањето со јавни инвестиции на англиски јазик со превод на македонски јазик, изработено во рамките на Проектот за зајакнување на надзорот, транспарентноста и отчетноста на трошењата за јавни инвестиции "Техничка помош на Државниот завод за ревизија на успешност на јавните инвестиции" во соработка со Ernst & Young и Светска банка.

[7] Годишен извештај 2023
[8] https://dzr.mk/sites/default/files/dzr/doc/izvestai/Godisen_izvestaj_MKD_2023.pdf

# 1.4.

## **PEER REVIEW** НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Во 2024 година, стручен тим на Врховната ревизорска институција на Полска (NIK) спроведе стручна проверка на квалитетот на работењето (peer review) на Државниот завод за ревизија, врз основа на меѓусебно потпишан меморандум Меморандумот за разбирање, како и во согласност со INTOSAI GUID 1900 Насоки за вршење peer review, принципите, стандардите и насоките од Рамката на професионални објави на INTOSAI (IFPP) и националните закони и регулативи.

Главната цел на стручна проверка на квалитетот на работењето (peer review) беше проценка на усогласеноста на ДЗР со меѓународните стандарди, особено во однос на:

- **независноста,**
- **управувањето со човечките ресурси,**
- **ревизорската методологија, и**
- **комуникацијата со засегнатите страни.**

**Генералниот заклучок содржан во Извештајот од стручната проверка на квалитетот на работењето (peer review) е дека работењето на Државниот завод за ревизија е усогласено со меѓународните стандарди и најдобрите практики на врховните ревизорски институции, а единствениот недостиг е целосната независност.**

Затоа, со Извештајот е дадена препорака за понатамошни напори за унапредување на нацрт-измените на Уставот и предложениот нов Закон за државната ревизија, со крајна цел тие да бидат усвоени од Собранието на Република Северна Македонија, како предуслов без кој Државниот завод за ревизија нема да може да го одржи постигнатиот напредок.

Според мислењето на тимот кој ја вршеше стручната проверка, најголем предизвик со кој се соочува ДЗР е недостатокот на целосна независност - недостаток на уставни одредби кои гарантираат независност, недостаток на финансиска независност, како и статусот на вработените во ДЗР како административни службеници, што исто така влијае на постапката за вработување.

Истовремено, тимот кој ја вршеше стручната проверка го потенцира големиот напредок на ДЗР во развојот и имплементацијата на стратешките документи – како општите, така и оние за специфични области, како што се управувањето со човечките ресурси и комуникацијата со засегнатите страни. Стратешките документи што ги анализираше тимот ги исполнуваат меѓународните стандарди и се во согласност со најдобрите меѓународни практики.

Тимот кој ја вршеше стручната проверка, исто така, потврди дека ревизорската методологија која се применува во ДЗР за главните видови на ревизија – финансиска, успешност и усогласеност – целосно се усогласени со Меѓународните стандарди на врховните ревизорски институции (ISSAI) во сите фази од процесот на ревизија: од планирање, преку извршување, до известување и следење на препораките.

Тимот кој ја вршеше стручната проверка, исто така, беше импресиониран од модерниот пристап на ДЗР во комуникацијата: добро подготвена стратегија за комуникација, постојано зголемување на присутноста во медиумите, вклучувајќи ги и социјалните медиуми, импресивна активност во земјата и вклученост во меѓународни ангажмани.

Во однос на управувањето со човечките ресурси, дадени се препораки за континуирано следење на Стратегијата управување со човечки ресурси и нејзино ажурирање врз основа на практично искуство, зголемување на бројот на ревизори, обезбедување на атрактивна плата и подобрување на работните услови за да се спречи прекумерна флуктуација на вработените. Исто така, дадени се препораки за подобрување на комуникациските канали и алатките за комуникација со засегнатите страни.

Со поддршка на релевантните институции кои имаат надлежности за имплементирање на дадените препораки ќе се обезбеди ДЗР да го задржи и унапреди својот статус на независна и современа врховна ревизорска институција.

# КОМУНИКАЦИЈА И СОРАБОТКА СО ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

02

# 2.1.

## КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО

Обезбедувањето на висок степен на транспарентност и отчетност во работењето на Државниот завод за ревизија и во текот на 2024 година претставуваше една од клучните стратешки определби од суштинска важност за обезбедување на довербата, одговорно управување со јавните финансии и институционална одговорност.

Државниот завод за ревизија преку објавување на конечните ревизорски извештаи, отворена и навремена комуникација со медиумите, граѓанските организации и други засегнати страни, обезбеди висок степен на информираност на граѓаните и општата јавност за резултатите од работата на ДЗР и активна присутност како на социјалните мрежи, така и во медиумите преку реализирање на бројни интервјуа и изјави за утврдените состојби во Конечните ревизорски извештаи.

Во текот на 2024 година, преку проактивното учество на интервјуа на националните медиуми и изјави од менаџментот и раководството на ДЗР во врска со утврдените состојби во конечните ревизорски извештаи, Државниот завод за ревизија го зајакна имиџот промовирајќи се во една од најкредибилните и најтранспарентните институции во државата.

Државниот завод за ревизија како партнер на медиумите и граѓанските организации користи различни средства за комуникација со јавноста, настојува на лесен и разбирлив начин да ги презентира утврдените состојби во ревизорските извештаи преку Апстракти, Соопштенија за медиуми и видео материјал за клучните утврдени состојби во ревизорските извештаи со цел запознавање на јавноста за начинот на користење на јавните средства.

Ваквиот проактивен пристап на комуникација и транспарентност има за цел навремено постапување на надлежните институции, особено по дадените препораки на Државниот завод за ревизија и нивна поефикасна имплементација.

Резултатите и успешно реализираните активности во делот на комуникацијата со засегнатите страни и високиот степен на транспарентност на Државниот завод за ревизија се претставени на следните графикони:




**МЕЈЛИНГ ЛИСТА** НА ДЗР И КОМУНИЦИРАЊЕ СО **1215** НАДВОРЕШНИ **ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ**
**Март 2024**




**МЕЈЛИНГ ЛИСТА** НА ДЗР И КОМУНИЦИРАЊЕ СО **НАДВОРЕШНИ** ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ
**2020-2024**

До 2024 година посетеноста на **веб** страната е зголемена за **460%** или за **4.6** пати во однос на 2020 година.







ИНФО ЗА ФЕЈСБУК СТРАНАТА НА ДЗР

## ЈАВНА АНКЕТА – СТЕПЕН НА ЗАДОВОЛСТВО

Во насока на унапредување на транспарентноста и квалитетот на своето работење, Државниот завод за ревизија (ДЗР) редовно спроведува јавни анкети за мерење на перцепцијата и задоволството на засегнатите страни.

Во 2024 година, за таа цел беше овозможен јавно достапен прашалник поставен на официјалната веб-страница на ДЗР, а дополнително беше доставен анкетен прашалник до претставници од јавниот и приватниот сектор, медиумите и граѓанските организации. Анкетата беше објавена и на официјалниот Facebook страна на ДЗР.

Резултатите од анкетата укажуваат на високо ниво на задоволство – 98% од испитаниците ја оценија соработката со ДЗР како позитивна, особено во делот на навременото информирање за ревизорските извештаи и отвореноста кон медиумите и граѓанскиот сектор.

Работата на ДЗР беше оценета како непристрасна, независна, законита, објективна, транспарентна и стручна, додека ревизорските извештаи беа високо оценети. Резултатите од анкетата претставуваат значаен индикатор за јакнење на отчетноста и унапредување на комуникацијата со јавноста и засегнатите страни.

Резултати укажуваат и на високо ниво на доверба и позитивна перцепција кај засегнатите страни во однос на комуникациските практики и алатки кои ги користи ДЗР, а во насока на информирање на засегнатите страни со информациите од своето работење и за утврдените состојби кои се презентирани во конечните ревизорски извештаи. Високото задоволство од различните комуникациски алатки потврдува дека пристапот кон транспарентност и достапност на информациите обезбедува ефективен и соодветен одговор на потребите на јавноста.

### ДЗР СО СВОЕТО РАБОТЕЊЕ ОБЕЗБЕДУВА:




### ОЦЕНА НА РЕВИЗОРСКИТЕ ИЗВЕШТАИ:




### СТРУКТУРА НА ИСПИТАНИЦИТЕ:




### ЗАДОВОЛСТВО ОД СОРАБОТКАТА СО ДЗР:



# 2.2.

## СОРАБОТКА СО СОБРАНИЕТО, ДРЖАВНИТЕ ОРГАНИ, ПРОФЕСИОНАЛНИ АСОЦИЈАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ, ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ОПШТАТА ЈАВНОСТ



Соработката на ДЗР и во 2024 година продолжи со голем број на домашни професионални асоцијации и институции кои имаат голем придонес во реализацијата на стратешките цели. ДЗР е препознаена од овие организации како општествено одговорна и влијателна институција која обезбедува навремени, актуелни податоци, информации и појаснувања за состојбите и препораките што ги дава преку издавањето на Конечните ревизорски извештаи. Преку соработката со професионалните асоцијации, високообразовните институции, научно истражувачките центри и други организации од граѓанскиот сектор, работата на ДЗР стана достапна до граѓаните, им овозможи да ги анализираат податоците кои се содржани во Конечните ревизорски извештаи и во исто време им се овозможува да добијат објективни и навремени информации за начинот на користење на средствата на даночните обврзници но и податоци за квалитетот на извршените и дадените услуги на правните субјекти и граѓаните.

Веруваме дека ваквиот пристап на соработка од страна на ДЗР и засегнатите страни, ДЗР им овозможи истите да ги оценуваат перформансите на јавната администрација и да се зголеми свесноста кај граѓаните за микро и макро опкружување во областа на управувањето со јавните финансии и надзорот на трошењето на јавните средства.

За таа цел, ДЗР во 2024 година ги одржа постојните облици на соработка и продолжи со процес на проширување односно склучување на нови облици за соработка со државни институции и професионални и други организации од граѓанскиот сектор, согласно склучените меморандуми за соработка.

## 2.2.1

### СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Државниот завод за ревизија навремено и објективно го известува Собранието за својата работа, за ревизорските наоди од спроведените ревизии, му дава поддршка на Собранието во исполнување на дел од неговите надлежности преку утврдување и изнесување на неправилности, непочитување на законски прописи, незаконско постапување со јавните средства и можните случаи на корупција и злоупотреба на службената должност, поради што комуникацијата со Собранието се смета за особено важна.

Соработката помеѓу ДЗР и Собранието се одвива континуирано во повеќе насоки и во согласност со Законот за државната ревизија и Меморандумот за соработка меѓу Собранието на Република Северна Македонија и Државниот завод за ревизија потпишан на 21 октомври 2022 година. Согласно потпишаниот Меморандум за соработка, во 2024 година беа подготвени и доставени до Собранието два збирни извештаи, кои претставуваат сублимат на клучните наоди од поединечните ревизии извршени согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2023 година.

Со поддршка на Националниот демократски институт (NDI), а во насока на поголема соработка меѓу институциите и надзор на јавната потрошувачка, во текот на 2024 година се одржаа состаноци помеѓу ДЗР и Собранието, вклучително и Комисијата за финансирање и буџет, Собраниската буџетска канцеларија и Парламентарниот институт.

Во месец јуни 2024, Главниот државен ревизор до Претседателот на Собранието, го достави Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2023 година. На ден 12.09.2024 година, на четиринаесеттата седница на Собранието на РСМ, беше разгледан и усвоен Годишниот извештај за извршените ревизии и за работата на ДЗР за 2023 година и беа усвоени 14 заклучоци по истиот. Во своето експозе пред пратениците во Собранието, Главниот државен ревизор потенцираше дека ДЗР постапувајќи согласно меѓународните стандарди на ИНТОСАИ во делот на она што значи правење разлика за животот на граѓаните, како Врховна ревизорска институција примени и утврди повеќе од 18 индикатори кои претставуваат мерлив показател за работењето на институцијата.

Во месец јули 2024 година на покана на Претседателот на комисијата за економски прашања, труд и енергетика во рамки на Собранието на РСМ, беше одржана работна средба на која присуствуваа Главниот државен ревизор, Заменикот главен државен ревизор со своите соработници и претставници на NDI и WFD. На седницата беше донесен заклучок дека во следниот период разгледувањето на конечните ревизорски извештаи ќе биде еден од приоритетите како на Собранието на РСМ, така и на Комисијата за економски прашања, труд и енергетика, а ќе бидат преземени активности и за поефикасно следење на имплементацијата на дадените препораки до субјектите предмет на ревизија во конечните ревизорски извештаи.

Во месец септември 2024 година во просториите на ДЗР беше организирана работилница за размена на искуства и практики во постапувањето помеѓу ВРИ на Република Северна Македонија и Република Швајцарија и секретаријатот на Собранието и швајцарските парламентарни служби, со поддршка на НДИ во рамки на Програмата за парламентарна поддршка, поддржана од Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ).

На настанот **„Парламент 2024-2028:** Нови заложби во борбата против корупцијата" посветен на улогата на Собранието во зајакнување на борбата против корупцијата кој се одржа на 5 јули 2024 година, во организација на Институтот за демократија во Скопје, Главниот државен ревизор во своето обраќање истакна дека очекува соработката со Собранието да продолжи, да се интензивира и да се разгледуваат одредени извештаи во матичните комисии на Собранието.

Во 2024 година беа разгледани неколку конечни ревизорски извештаи или беше организирана јавна расправа од комисии и тела во Собранието[9]. На 22 октомври 2024 година, за прв пат од формирањето на ДЗР, конечен ревизорски извештај за ревизија на успешност беше разгледан на пленарна седница на Собранието[10]. Оваа активност се реализира како резултат на потпишаниот Меморандум за соработка помеѓу ДЗР и Собранието, кој предвидува разгледување на поединечните конечни ревизорски извештаи на ДЗР.

Во рамките на посетата на Претседателот на Судот за ревизија на Република Словенија (месец март), Претседателот на Врховната канцеларија за ревизија на Република Полска (месец март), Претседателот на ВРИ на Република Чешка (месец септември), Претседателот на Меѓународниот одбор на ревизори на НАТО (месец октомври), беа остварени работни средби со Претседателот односно Потпретседателот на Собранието на РСМ на кои беа разгледани позитивните практики на земјите членки на Европската Унија и можностите за унапредување на соработката и споделувањето на професионални искуства и размена на експертиза. На 27 ноември 2024 година, на свеченоста по повод 25-годишниот јубилеј на ДЗР, обраќање имаше Претседателот на Собранието на РСМ.

Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2025 година е подготвена и доставена до Собранието во месец декември 2024 година, заради информирање.

Во наредниот период, ДЗР ќе ја продолжи ефективната соработка со Собранието преку воспоставување редовен механизам за разгледување на ревизорските извештаи од страна на Собранието со цел да се зголеми степенот на имплементација на ревизорските препораки.

[9] - на четвртата седница на Комисијата за економски прашања, труд и енергетска политика се расправаше за Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на успешност на тема „Ефективност на мерките за спречување на одливот на високообразовани и стручни кадри“ (08.10.2024 година);

- на втората седница на Комисијата за еднакви можности на жените и мажите, беше организирана јавна расправа на тема „Родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд“ (14.10.2024 година);

- Клубот за младински прашања и политики одржа седница на тема: Конечен извештај за извршена ревизија од Државен завод за ревизија за успешност на тема „Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови во Република Северна Македонија и развој на студентскиот стандард“ (4.11.2024 година).

[10] „Ефективност на мерките за спречување на одливот на високообразовани и стручни кадри“.

## 2.2.2

## ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Значаен чекор во зајакнувањето на соработката со Јавното обвинителство е потпишувањето на Меморандумот за соработка во 2022 година, со кој е уреден начинот на комуникација, консултација и достава на конечните ревизорски извештаи до Јавното обвинителство, за нивно понатамошно постапување, размената на податоци и информации со цел поефикасно постапување по констатираните неправилности.

Во 2024 година, двете институции извршија имплементација на донесените внатрешни задолжителни упатства за понатамошно постапување по ревизорските извештаи, со што придонесоа за поефикасна комуникација и соработка помеѓу ДЗР и ЈОРМ. Дополнително, одржани се повеќе работни состаноци помеѓу јавните обвинители и државните ревизори, во насока на обезбедување дополнителни информации за констатираните неправилности содржани во доставените ревизорски извештаи.

Во 2024 година, преку спроведените работилници на кои заеднички државните ревизори и јавните обвинители активно дискутираа за постапките во поединечните предмети во јавните обвинителства, формирани врз основа на конечните ревизорски извештаи на Државниот завод за ревизија, се овозможи дополнителна комуникација меѓу државните ревизори и надлежните јавни обвинители, во насока на предлагање на активности за поблиска координација во постапувањето и обезбедувањето на доказите за евентуална кривична постапка. Овие работилници се организирани со поддршка на WFD. Дополнително, одржани се повеќе работни состаноци помеѓу јавните обвинители и државните ревизори, во насока на обезбедување повеќе информации за констатираните неправилности содржани во доставените ревизорски извештаи.

Во исто време Во периодот од 29 до 30 октомври 2024 година, делегација на Државниот завод за ревизија, предводена од Главниот државен ревизор, заедно со делегации на Јавното обвинителство и Фондацијата за демократија на Вестминстер, оствари студиска посета во Националната канцеларија за ревизија и Националното обвинителство на Република Полска. Посетата беше насочена кон размена на искуства и добри практики поврзани со постапувањето по ревизорските извештаи, подобрување на координацијата помеѓу ревизорските институции и јавните обвинителства, како и зајакнување на владеењето на правото. Средби беа остварени со раководството на двете институции во Полска, при што беа презентирани механизми за комуникација и размена на податоци и информации, како и за улогата на ревизорската институција во кривичните постапки. Посетата беше организирана со поддршка на Фондацијата за демократија на Вестминстер, во рамки на проектот „Практикувај демократија", финансиран од Британската Амбасада во Скопје.

## 2.2.3

## ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Црвен крст на Република Северна Македонија**
**Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut**
ЦРВЕН КРСТ НА ГРАД СКОПЈЕ / KRYQI I KUQ I QYTETIT TË SHKUPIT

Како резултат на успешната соработка во претходниот период, на 30 септември 2024 година, во просториите на Државниот завод за ревизија (ДЗР), беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Државниот завод за ревизија и Црвениот крст на Република Северна Македонија. Меморандум претставува основа за понатамошно зајакнување на соработката меѓу двете институции, во насока на поддршка на ранливите категории на население и промоција на хуманитарните вредности. Соработката опфаќа активности поврзани со крводарителство, пружање прва помош, психосоцијална поддршка и организирање јавни настани со општествено значење.

Како општествено одговорна институција која постојано ги унапредува активностите во интерес на граѓаните, ДЗР и во изминатиот период има организирано крводарителски акции со активно учество на вработените . Дополнително, во 2024 година, ДЗР обезбеди финансиска помош во износ од 100.000 денари за справување со последиците од пожарите што ја зафатија државата.

Во рамките на оваа соработка и како дел од прославата на 25-годишнината на Државниот завод за ревизија, беше организирана и традиционална крводарителска акција, која ги обединува вработените во ДЗР во напорите да покажат хуманост и солидарност, поддржувајќи ги најпогодените категории во нашето општество.



Потпишан **Меморандум** за соработка со **Црвениот крст**

Како дел од прославата на **25-годишнината на Државниот завод за ревизија,** беше организирана и **традиционална крводарителска акција.**



### 2.2.4

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

Во текот на 2024 година, со цел унапредување на соработката во областите од заеднички интерес во сферата на здравството, Државниот завод за ревизија (ДЗР), претставуван од Главниот државен ревизор, и Министерството за здравство, предводено од Министерот за здравство, потпишаа Меморандум за соработка.

Имплементацијата на овој Меморандум претставуваше основа за развој на посебен модул наменет за потребите на ревизијата. Овој модул овозможува добивање на релевантни информации и извештаи за работата на здравствените установи, како и пристап до анонимизирани податоци за извршените здравствени услуги преку апликацијата „Мој термин“. Модулот се користи од страна на ДЗР за потребите на ревизија при следење и анализа на работата на здравствените институции и извршените услуги. Неговата примена овозможува побрзо и поефикасно идентификување на неправилности и слабости во здравствениот систем.

### 2.2.5

МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА И УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ - СКОПЈЕ

Препознавајќи ја важноста на континуираното унапредување на знаењата и вештините на вработените, Државниот завод за ревизија е препознаен како институција што учи, градејќи организациска култура заснована на едукација, иновации и размена на искуства. Овие напори се насочени кон зајакнување на институционалните капацитети, но и обезбедување на придонес кон образованието, науката и развојот на јавниот сектор. Во таа насока, на 1 ноември 2024 година беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу ДЗР, Министерството за образование и наука и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Меморандумот поставува основа за долгорочно партнерство преку развој на заедничка платформа за размена на знаења и искуства. Соработката предвидува имплементација на практична настава за студенти, организирање едукативни настани, обуки и размена на добри практики. Ваквиот пристап придонесува за унапредување на јавните услуги и подготовка на нови професионални кадри во областа на ревизијата и јавната администрација.

## 2.2.6

ФИСКАЛЕН СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

На 08.02.2024 година беше потпишан Меморандум за соработка помеѓу Државниот завод за ревизија и Стручната служба на Фискалниот совет, со цел унапредување на меѓусебните односи и соработка во области од заеднички интерес.

**Меморандумот опфаќа:**

- редовна комуникација и координација во доменот на макроекономијата, фискалната политика и управувањето со јавните финансии;
- размена на податоци, анализи, извештаи и мислења од взаемен интерес;
- воспоставување услови за континуирана соработка, вклучително и просторна и техничка поддршка.

Претходно беше одржан првичен состанок помеѓу претставници на двете институции, на кој беше изразена подготвеност за заедничка работа и споделување искуства и информации. Согласно Законот за буџети, еден од членовите на Фискалниот совет е избран на предлог на Државниот завод за ревизија.

Фискалниот совет, како новоформирано независно тело, има мандат да ги надгледува макроекономските и фискалните политики во земјата, а неговото воспоставување претставува важен чекор кон зајакнување на фискалната дисциплина и транспарентноста.

## 2.2.7

ОПШТА ЈАВНОСТ

ДЗР претставува независна институција која на граѓаните им овозможува да следат како се трошат јавните пари, преку информирање за работата на јавните институции и за мерките кои треба да се преземат за да се обезбеди одговорно и транспарентно управување со јавните средства. Во таа насока согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во текот на 2024 година добиени се 10 барања за информации од јавен карактер, од кои 9 се позитивно одговорени во законски утврдениот рок, а едно барање е од информативен карактер. Во исто време ДЗР согласно Националниот акциски план за Отворено Владино Партнерство и заложбата за „Проактивно објавување на информациите од јавен карактер на веб страниците на институциите", навремено ги објавува на својата веб страна сите документи кои се предмет од интерес на општата јавност.

# 2.3

## СОРАБОТКА СО НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ ЗА РЕВИЗИИТЕ И ЕФЕКТИТЕ ОД ИСТИТЕ

Заради остварување на основната цел на државната ревизија, односно водење грижа за јавните средства и унапредување на управувањето со истите, навременото откривање на отстапувањата од прифатените стандарди и повредите на принципите на законитост, ефикасност, ефективност и економичност во раководењето со јавните средства, ДЗР упатува јасни и ефективни препораки, со цел да се преземат чекори со кои отстапувањата и повредите во иднина ќе се спречат или отежнат. Корективните мерки за имплементација на препораките му овозможуваат на раководството на субјектот предмет на ревизија, да ја подобри ефективноста, ефикасноста и економичноста во работењето.

Државниот завод за ревизија и во 2024 година преку јасни, реални, објективни и навремени информации за констатирани неправилности, неусогласености со законските прописи, незаконско постапување со јавните средства и можните случаи на корупција и злоупотреба на службената должност, даде свој придонес во исполнувањето на дел од надлежностите на Собранието на Република Северна Македонија.

ДЗР посветува должно внимание на обработката и анализата на информациите произлезени од Конечните ревизорски извештаи на овластените државни ревизори. Овие податоци на редовна основа ги обработува со софтверска апликација која е интегрирана, автономна и функционална за обработка и анализа на податоците од Конечните ревизорски извештаи. На овој начин се обезбедуваат сигурни, ажурни, навремени и релевантни информации за потребите на ДЗР, надлежните органи и други засегнати страни. Со редовното доставување на конечните ревизорски извештаи до Собранието и надлежните органи, ДЗР го насочува вниманието кон констатираните слабости во работењето на ревидираните субјекти.

Континуирано ги евидентираме, следиме и анализираме добиените повратни информации од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата, МФ - Управата за финансиска полиција, Министерството за внатрешни работи и Заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за добро владеење, за постапувањето по Конечните ревизорски извештаи доставени до нив.

Ефектот од констатираните состојби кои укажуваат на неправилности и незаконитости во работењето на субјектите врз подоброто управување со јавните средства може да се очекува само доколку надлежните институции ги преземат потребните мерки за нивно надминување. Следењето и информирањето за преземените активности на надлежните институции за надминување на констатираните неправилности и незаконитости во работењето на субјектите е една од стратешките цели на ДЗР. Активностите на ДЗР поврзани со спречување на корупцијата се одвиваат во согласност со овластувањата и обврските утврдени со Законот за државната ревизија, Законот за јавното обвинителство, Законот за спречување на корупција и судирот на интереси, склучените меморандуми за соработка како и друга релевантна законска регулатива.

Во рамки на реализацијата на Годишната програма за работа на ДЗР за 2024 година доставени се ревизорски извештаи до следниве надлежни институции:

- Јавното обвинителство на Република Северна Македонија доставени се 38 ревизорски извештаи за 32 ревидирани субјекти (ревизии);
- Државната комисија за спречување на корупцијата доставени се 24 ревизорски извештаи за учесници во изборна кампања по службена должност согласно измените на член 85-б од Изборниот законик; [11];

[11] „Службен весник на РМ" бр. 40/06, 136/08, Испр. 155/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, Испр. 30/14, 31/15, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 57/17, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, "Службен весник на РСМ" бр. 98/19, 146/19, 42/20, Одредбите на Уредбата со законска сила за прашања поврзани со изборите за пратеници во Собранието на Република Северна Македонија на 15 јули 2020 година „Службен весник на РСМ" бр. 160/20, 74/21, 215/21, 58/24

- Заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за добро владеење доставени се 1 ревизорски извештај за 1 ревидиран субјект (ревизија).

ДЗР во декември 2024 година и во **мај 2025** година достави барање и до надлежните органи за обезбедување на повратни информации за преземените активности по доставените конечни ревизорски извештаи издадени во последните 5 години. Согласно склучениот Меморандум за соработка, **обезбедени се повратни информации од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.**

Државниот завод за ревизија активно соработува со сите државни органи во насока на спречување и намалување на корупцијата, во рамки на Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси. Државниот завод за ревизија учествува во реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) преку активностите предвидени во Поглавје 3.23. Правосудство и фундаментални права, Подрачје – Антикорупциска политика и Поглавје 3.32 Финансиска контрола, Подрачје – Надворешна ревизија, како и во работата на други органи и тела за спречување на корупцијата.

ДОСТАВЕНИ РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ ДО НАДЛЕЖНИ ОРГАНИ

38 **РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ** доставени до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија за 32 ревидирани субјекти (ревизии);

24 **РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ** доставени до Државната комисија за спречување на корупцијата за учесници во изборна кампања по службена должност согласно измените на член 85-б од Изборниот законик

1 **РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ** доставен до Заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за добро владеење за 1 ревидиран субјект (ревизија).

## 2.4

## ПРИДОНЕСОТ НА ДЗР ВО НАЦИОНАЛНАТА РАЗВОЈНА СТРАТЕГИЈА **2024-2044**

Националната развојна стратегија (НРС) за периодот 2024–2044 претставува највисок стратешки документ на Република Северна Македонија, со визија за севкупен развој на државата во наредните две децении. Собранието на Република Северна Македонија на ден 29 октомври 2024 година ја усвои Националната развојна стратегија по сеопфатен консултативен процес кој ги вклучи сите релевантни општествени чинители, со цел постигнување на меѓугенерациски, меѓуетнички, меѓупартиски и родов консензус.

Клучните столбови на НРС се:

1. Одржлива, иновативна и конкурентна економија;
2. Одржлив локален и регионален развој;
3. Социјален и културен развој;
4. Сигурно, безбедно и отпорно општество;
5. Зелена трансформација;
6. Владеење на правото и добро управување.

Државниот завод за ревизија (ДЗР) активно учествуваше во изработката на Националната развојна стратегија 2024-2044 преку учества во работните тела и советодавното тело формирано за таа цел. Главниот државен ревизор е член на Советодавното тело, со што ДЗР даде значаен придонес во насока на обезбедување транспарентност, отчетност и квалитет на процесот на стратешко планирање.

Имајќи ја предвид важноста на Националната развојна стратегија 2024-2044, ДЗР во процесот на подготовка на Годишната програма за работа за 2025 година, како дополнителен критериум при изборот на ревизии кои би биле составен дел на Годишната програма за работа на ДЗР, ги утврди и целите од Националната развојна стратегија и Целите за одржлив развој, и во исто време изврши поврзување на ревизиите со целите и активностите од НРС и Целите за одржлив развој. Со ова се зајакнува насоченоста на ревизорските активности кон оценување на ефективноста и степенот на имплементација на стратегијата, со што обезбедува поддршка во постигнување на поставените цели и подобрување на управувањето со јавните ресурси.

Во насока на поддршка на имплементација на мерките утврдени со Националната развојна стратегија, како и усогласување со Целите за одржлив развој (ЦОР), во текот на 2024 година ДЗР учествуваше и при изработката на **Инвестициска мапа,** која има за цел да ги идентификува приоритетните области за инвестиции со висок потенцијал и влијание.





# АДМИНИСТРАТИВНИ КАПАЦИТЕТИ

03

# 3.1.

## ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА И ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Државниот завод за ревизија во функција на остварување на своите надлежности и задачи постојано посветува внимание во градењето на модерен, ефикасен и функционален систем за управување со човечките ресурси кој е директно поврзан со организациската ефикасност и ефективност и обезбедува нивен континуиран развој преку:

- Перманентно подобрување на условите за работа;
- Специјализација на внатрешните организациони единици;
- Континуиран напредок во кариерата на вработените преку унапредување;
- Соодветно наградување соодветно на остварените резултати;
- Распоредување на вработените на работни места соодветно на нивните стручни квалификации, работно искуство и стекнати вештини, и
- Обезбедување нови квалификувани кадри во државната ревизија.

Родовиот аспект на вработените во Државниот завод за ревизија ќе го прикажеме графички и тоа како што следува:

### РОДОВА СТРУКТУРА НА РАКОВОДИТЕЛИ НА РЕВИЗОРСКИ ТИМОВИ




Вкупно 22

### ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ **126** ВРАБОТЕНИ ВО ДЗР




| | |
|---|---|
| државни ревизори **74** | **43** државни ревизори |
| административни службеници **5** | **1** административни службеници |
| помошни технички лица **1** | **2** помошни технички лица |

### РОДОВА СТРУКТУРА НА ДРЖАВНИ РЕВИЗОРИ/ АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ/ПОМОШНО - ТЕХНИЧКИ ЛИЦА

80 вкупно 46

### РАКОВОДНА СТРУКТУРА ВО ДЗР

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2** | Именувани | **3** | 1 | 2 | Советник на ГДР |
| **1** | Генерален Секретар | **8** | 1 | 7 | Помошник на ГДР |

# 3.2.

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА И ВЕШТИНИТЕ НА ДРЖАВНИТЕ РЕВИЗОРИ

Работењето на државниот ревизор во согласност со и примената на професионалните стандарди и насоки се суштински за кредибилитетот, квалитетот и професионализмот на ревизијата во јавниот сектор. Меѓународните стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI), развиени од Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (INTOSAI), имаат за цел да промовираат независна и ефективна ревизија од страна на врховните ревизорски институции.

Имајќи предвид дека една од значајните задачи на ревизијата на јавниот сектор - државната ревизија е и поттикнување и спроведување на позитивни промени кои ќе придонесат кон подобрен животен стандард на граѓаните кои се корисници на јавните средства и јавните услуги, неспорна е потребата за континуирано професионално усовршување на државните ревизори. Оваа активност е во согласност и со барањата на ISSAI. Државниот завод за ревизија се грижи и ја спроведува грижата за релевантни и квалитетни обуки од различни области од интерес на државните ревизори, а секако во функција на потребите на субјектите кои се предмет на ревизија. Во Државниот завод за ревизија во 2024 година се спроведуваа обуки, работилници и размена на знаења и искуства со цел зголемување на знаењата, проширување на знаењата и вештините на државните ревизори како и размена на добрите практики помеѓу колеги од други ВРИ. Преку различните начини на стекнување на знаења и вештини во 2024 година врз основа на донесен Годишен план за континуирано професионално усовршување за 2024 година, планирани се и спроведени повеќе активности кои се од интерес за задржување и надополнување на знаењата и вештините на државните ревизори. Годишната програма за КПУ на ДЗР за 2024 година е спроведена од страна на презентери и обучувачи, вработени во ДЗР, како и предавачи кои припаѓаат на академската заедница, колеги од други ВРИ, со размена на знаења, добри искуства и добра практика од спроведените ревизии, законските прописи и нивни измени, сметководствени стандарди и развој на потребните вештини.

Во насока на зголемување на знаењата и вештините на државните ревизори, Државниот завод за ревизија во 2024 година креираше и објави Платформа за е – учење на која посетителите и државните ревизори имаат можност да учат и да се стекнат со сертификат од областа на ревизијата на успешност. Платформата стана активна алатка за стекнување на знаења на сите заинтересирани страни за ревизија на успешност.

За новите вработени, обезбедена е обука во делот на запознавање со информацискиот систем, соодветно користење на ИТ ресурсите, користење на софтверските алатки, апликации и Системот за управување со ревизорскиот процес (АМС) кои активно се користат во процесот на ревизијата, како и запознавање со ИТ политиките и процедурите – основа за успешно, правилно и безбедно користење на средствата и податоците.

## ЕДУКАЦИИ НА ДРЖАВНИТЕ РЕВИЗОРИ ВО РАМКИ НА ИНИЦИЈАТИВИТЕ НА IDI – INTOSAI ВО 2024

### ПРОГРАМАТА LOTA PIONEERS (2023-2024)

Државниот завод за ревизија (ДЗР) и во 2024 година активно учествува во иницијативите на Иницијативата за развој на Врховните ревизорски институции (IDI – INTOSAI Development Initiative), преку три главни програми: LOTA Pioneers, SAI Young Leaders (SYL) и PESA (Professional Education for SAI Auditors).

LOTA Pioneers (2023-2024) е едно од главните средства за остварување на LOTA визијата. Тоа е иницијатива која има за цел да ја олесни трансформацијата на ревизорите од ВРИ во носители на промени кои воведуваат технологија во светот на ревизијата во ВРИ, скенирајќи ги нивните внатрешни и надворешни ревизорски средини за да мапираат и изградат стратегии за искористување на технологијата во ревизиите и ревидирањето на употребата на технологијата од страна на владите. На почеток, оваа иницијатива е понудена на англиски јазик до 25 ВРИ. Секоја ВРИ се бара да номинира две лица од различни нивоа на лидерство во ВРИ. Програмата го заснова својот концепт на следната поделба - додека едниот ќе делува како LOTA Pioneer („Стратегија“), другиот ќе делува како LOTA Pioneer („Ревизија“).

Оваа иницијатива е значајна и важна за работата на Врховните ревизорски институции бидејќи се однесува на промените во постојаното технолошко менување и напредување кое секојдневно се случува и ВРИ мора да останат релевантни со употребата на новите и напредни технологии како во своите сопствени ИТ системи така и кај вршењето на ревизија на новите технологии.

Концептот е развиен на тој начин што ВРИ се стекнуваат со нови вештини и знаења за да се справат со овие нови области за ревизија и нејзино спроведување. Неопходно е ревизорите да ги разберат технолошките промени, да ги проценат импликациите од оваа промена врз ревизорската работа и секако да го искористат технолошкиот напредок во ревизиите за да може да вршат ревизија врз технологиите и ефектите од нивната примена, а кои ги користат субјектите кои се предмет на ревизија.

Во таа насока ДЗР започна со ажурирање на ИТ стратегијата на Државниот завод за ревизија (2023 - 2027) со последна верзија 2.0 каде се воведе и стратешката определба за развој на сопствени кадровски потенцијали согласно оваа иницијатива како и вршење на ревизија на новите технологии и изработка на нови ревизорски програми за истите.

ДЗР предвиде и изврши пилот ревизија со цел примена на нови ревизорски програми и алатки за ревизија на напредните технологии кај субјектите, согласно програмата на LOTA Pioneers на IDI во 2024 година. Една од целите на ревизија е оценка на безбедноста на конфигурациите на сервисите за автентикација и дата базите. Ревизијата беше спроведена во координација на IDI и менторство на ВРИ на Соединетите американски држави и Јамајка. Во рамките на оваа програма двајца ревизори од ДЗР се стекнаа со сертификати за LOTA Pioneers.

## ПРОГРАМАТА SAI YOUNG LEADERS (SYL) 2024-2025

INTOSAI креира визија со која оценува дека младите лидери на ВРИ прават разлика во статусот, вршењето на задачите и професионализмот во ВРИ. Лидерството е квалитет кој се протега низ секоја област на функционирањето и извршувањето на активностите на ВРИ. Имајќи ја предвид критичната важност на лидерството, раководството на IDI ја лансираше програмата „Млади лидери на ВРИ" – SYL (The SAI's Young Leaders Program), како свој придонес во тековните иницијативи за лидерство во заедницата на INTOSAI. Целта на програмата е да негува и развива млади лидери на ВРИ со цел да го зголеми нивниот придонес во капацитетот и успешноста во работењето на ВРИ во обезбедувањето на вредности и користи за граѓаните. Програмата се стреми да развие млади лидери на ВРИ со потенцијал да прераснат во лидери на утрешнината кои покажуваат визија, ги водат своите тимови, ја водат својата ВРИ, се ефективни во својата средина и додаваат вредност и ја враќаат во својата заедница.

Во рамки на иницијативата за јакнење на капацитетите и лидерските вештини во ВРИ, ДЗР учествува во четвртата генерација на програмата „Млади лидери на ВРИ (SAI Young Leaders – SYL)" за 2024 – 2025 година, организирана од Иницијативата за развој на ВРИ (IDI – INTOSAI Development Initiative). Програмата SYL има за цел да поттикне позитивни промени преку личен и професионален развој на младите лидери и нивниот придонес во развојот на институциите од кои доаѓаат. На повикот за учество аплицираа над 50 кандидати од различни ВРИ, а избрани беа 22 млади лидери од 20 институции, меѓу кои и претставник од ДЗР. Првата работна средба на новата генерација SYL се одржа во Кигали, Руанда, во периодот од 30 септември до 4 октомври 2024 година. За време на средбата, учесниците се запознаа со клучните компоненти на програмата и учествуваа на неколку интерактивни работилници, меѓу кои и работилница за емоционална интелигенција, како суштински елемент за ефективно лидерство.

Во рамки на барањата на оваа иницијатива, претставникот од ДЗР изработи Стратегија за млади лидери, која е одобрена од Главниот државен ревизор. Дел од активностите предвидени во Стратегијата веќе се успешно реализирани, а останатите се во тек на нивна примена. Активностите кои се планирани во оваа стратегија се активности кои се насочени кон градење мостови со засегнатите страни со цел спроведување на ревизии со значајно и долгорочно влијание, а со тоа и поттикнување на иновации и развој во институцијата.

## PESA – ПЛАТФОРМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ НА РЕВИЗОРИ ОД ВРИ



IDI-INTOSAI воспостави Learning Management System (LMS) – онлајн платформа за дигитално образование, за е- учење курсеви, како и за онлајн работа, интегрирано образование и активности за поддршка на ревизија (IEAS - Integrated Education & Audit Support Framework) меѓу другото. За потребите на врховните ревизорски институции развиена е и платформата PESA – Professional Education for SAI Auditors или Платформа за професионално образование на ревизори од ВРИ.

Оваа платформа е креирана со три модули според видовите на ревизии за кои државните ревизори се заинтересирани и тоа за ревизија на финансиски извештаи, за ревизија на успешност и за ревизија на усогласеност (согласно ISSAI 100). Државните ревизори од ДЗР имаат можност да се стекнат со професионален сертификат за една или повеќе видови на ревизии преку долгорочен процес на online обуки и завршен испит за сертификација. Од ДЗР започнувајќи во 2024 година учествуваат двајца државни ревизори за ревизија на финансиски извештаи и ревизија на успешност како и еден овластен тренер кој ги води низ целиот процес на обука и сертификација. Едукацијата се очекува да заврши кон крајот на 2025 година.

**Годишниот план за континуирано професионално усовршување за 2024 година се реализираше во целост и беа спроведени обуки во следните области:**

- Ревизија, методолошки обуки – основно ниво и напредно ниво
- ИТ ревизија
- Сметководство и финансиско известување
- Практична примена на ревизорските стандарди на ВРИ (ИНТОСАИ)
- Превенција на измами, корупција и интегритет
- Информатичка технологија
- Анализа на податоци
- Развој на меки вештини и личен развој
- Законска регулатива
- Јавни набавки
- Даноци и придонеси
- Ревизија на единици на локална самоуправа
- Стратешко и годишно планирање
- Други видови на обуки

# 3.3.

ИТ РЕСУРСИ

Државниот завод за ревизија континуирано вложува во надградбата на информатичката технологија, врз база на темелни анализи на модерните решенија во информатичката технологија и нивна примена во процес на извршување на ревизија и во информацискиот систем. Во 2024 година беа реализирани планираните набавки во делот на ИКТ и ИКТ безбедност. Успешно беше спроведена набавката на лиценци за поголема група на корисници, како втора фаза од програмата за целосно префрлање на корисниците на „Microsoft Office 365" алатките и сервисите. Извршена е и набавка на мултифункциски уреди за печатење, со што се зголеми капацитетот за печатење, кои се целосно вклопени во успешно имплементираниот систем за електронско канцелариско печатење, со дефинирани кориснички профили и улоги.

Исто така, реализирани се набавки за потребите на ревизијата, како на пример набавка на лаптопи за новите вработени, со карактеристики кои го покриваат ревизорскиот процес и ги следат модерните ИТ решенија и надградби на оперативни системи. Набавени се и нови скенери за сите ревизорски тимови, со што се покрија две полиња – унифицирање во користењето на опремата и зголемување на можностите за конверзија на скенираните документи.

Како резултат на зголемувањето на капацитетот во делот на човечки ресурси, односно во делот на работни станици и сервери, ДЗР реализираше набавка на антивирусно решение соодветно димензионирано за целосна заштита на работните станици и серверите. При набавката, особено се внимаваше на квалитетот на решението, согласно светски признаените стандарди и оцени („Gartner квадрантот на решенија од областа на антивирусна заштита").

Финансиските средства се обезбеди преку Буџетот на Државниот завод за ревизија и со донација на NDI и донација на UN Women.

Имплементацијата на новото решение за централизирана администрација на ИТ ресурсите е успешно завршена. Тестирањето даде одлични резултати, а со годишната проверка на работните станици, целосно се заокружи автоматизираниот процес на дистрибуција на софтверски апликации, пакети за надградби и закрпи.

Во делот на ИТ инфраструктура, беа реализирани набавките за услуги во делот на интернет во просториите на ДЗР, како и мобилен интернет кој ги опфаќа уредите за интернет услуги на терен. Со обезбедување на интернет со поголема брзина и поголем капацитет, постигната е целта – стабилна конекција кон серверите и апликациите, независно од тоа каде се наоѓа корисникот. Извршена е и набавка на секундарна интернет конекција, како и набавка на услуги за фиксна телефонија, кои активно помагаат во редовно и непречено извршување на ревизорските активности.

За вработените кои ги покриваат задачите на администрирање на ИТ системот, ДЗР обезбеди финансиски средства со кои се реализираше јавна набавка на услуга – специјализирана обука за администрирање, во две ИТ области (вкупно три курсеви). Курсевите се дел од Microsoft програмата за ИТ едукација.

Праксата за користење на соодветна професионална платформа за одржување на видео конференции и состаноци со внатрешни и надворешни страни, продолжи и оваа година. Активно се користи опремата за видео конференции, составена од опрема за користење во сала за конференции, како и дополнителни мобилни пакети за видео состаноци - за користење во помали сали.

Во делот на специфични софтверски алатки (CAATs) со чија помош ревизорот извршува низа автоматизирани тестови за евалуација на информацискиот систем на субјектот или на електронските податоци, ДЗР во 2024 година изврши набавка за обнова на лиценците за користењето на IDEA софтверот. На овој начин ДЗР повторно ги обезбеди најновите верзии на оваа алатка и сите нејзини подобности – клучна активност која овозможува институцијата да е во чекор со најсовремените ИТ решенија.

Континуирано се обезбедуваат доволен број ресурси и капацитети за непречено функционирање на инфраструктурата на информацискиот систем и апликациите, водејќи грижа за начелата и правилата за: достапност на податоците на авторизиран корисник, доверливост, интегритет, безбедно чување на податоците на централна локација, усогласеност со законите, редовно правење на резервна копија (backup), заштита од физички и логички

пристап на податоците. Исто така, доследно се применува Политиката за безбедност на информацискиот систем на Државниот завод за ревизија, со особено внимание кон примена на ИТ безбедносните процедури и ИТ процедурите за имплементација на Системот за управување со процесот на ревизија.

Во 2024 година Државниот завод за ревизија се вклучи на иницијативата „pICTure“ на IDI за зајакнување на аспектот на ИКТ управувањето во Врховните ревизорски институции, и заедно со 5 други ВРИ зеде учество во програма за информациска безбедност. Со оваа активност успешно е реализирана проценката на ИТ капацитетите, во делот на задоволување на барањата на стандардот ISO 27001:2022.

Просечната оценка од опфатените области кој беа предмет на само евалуација е висока, што ја покажува сериозната посветеност на институцијата за безбедност на информациите и ресурсите. Увидените полиња за подобрување веќе се покриени со формирање работни групи за ревидирање на постоечките ИТ процедури, како и со изработка на нова ИТ политика.

Во рамките на оваа Програма, во периодот од 27 до 30 август 2024, ДЗР беше и домаќин на работилница за информациска безбедност, на која земаа учество 6 ВРИ од Европа и Африка. Претставник на ДЗР учествуваше и на работилница на тема „pICTure workshop on Leading digital change“ организирана од IDI, која се одржа во Толедо, Шпанија, во периодот од 16 до 20 септември 2024 година.



# 3.4.

## ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РАБОТА НА ДЗР

Државниот завод за ревизија (ДЗР) е независна Врховна ревизорска институција во Република Северна Македонија која повеќе од 25 години транспарентно, навремено и објективно ги информира надлежните институции и јавноста за утврдените состојби од спроведените ревизии.

Државниот завод за ревизија своето редовно работење во 2024 година го врши преку следните сметки:

- **Средства од буџетот** на Република Северна Македонија -020021504063710
- **Сметка на приходи** -020021504063119
- **Донаторска сметка** –EUROSAI нов проект - 020021504078579

Буџетот на Државниот завод за ревизија е интегрален дел на Буџетот на Република Северна Македонија.

Првично одобрениот буџет за 2024 година на Државен завод за ревизија е во вкупен износ од 188.087 илјади денари од кои за сметката на основен буџет (637) одобрени се средства во износ 184.137 илјади денари, а на сметката на основен буџет (631) одобрени се средства во износ од 3.000 илјади денари.

Врз основа на извршените анализи на Годишниот план за јавни набавки и спроведените постапки за јавни набавки во текот на 2024 година и потребите од дополнителни финансиски средства за Државниот завод за ревизија, Министерство за финансии во текот на 2024 година одобри дополнителни финансиски средства за ДЗР.

По одобрувањето на дополнителните средства, вкупниот буџет на ДЗР за 2024 година изнесува 192.549 илјади денари, од кои за сметката на основен буџет (637) утврдениот буџет изнесува 188.599 илјади денари, додека за сметка на основен буџет (631) утврдениот буџет изнесува 3.000 илјади денари и за ново отворената сметка на буџет на донации (785) планиран е буџет во износ од 950 илјади денари.




Со обезбедувањето на доволно финансиски средства за непречено извршување на надлежностите на Државниот завод за ревизија, се овозможува Државниот завод за ревизија да обезбеди директен поврат на средства во Буџетот на Република Северна Македонија преку утврдена даночна евазија.

Имено со извршените ревизии од Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година додадената вредност од извршените ревизии на Државниот завод за ревизија обезбедува поврат во Буџетот на Република Северна Македонија и општините во однос 1:18 односно 1 буџет на ДЗР обезбедува поврат во Буџетот на Република Северна Македонија и општините во износ од најмалку 18 буџети на ДЗР, односно ненаплатените/ помалку пресметани и уплатени средства во Буџетот на Република Северна Македонија, општините како и уплатени средства во текот на ревизијата изнесуваат 3,515 милиони денари односно 57 милиони евра.

**СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ НА ДЗР ЗА 2024 ГОДИНА-(020021504063710)**

Планирани средства на Сметка на основен буџет на Државен завод за ревизија за 2024 година изнесуваат 188.599 илјади денари, додека реализирани се средства во износ од 178.024 илјади денари или 94,4 %.

**Плати, наемнини и надоместоци**

Позицијата на плати, наемнини и надоместоци согласно одобрениот буџет за 2024 година од Министерство за финансии е планирана во вкупен износ од 151.197 илјади денари а реализирана во износ од 141.467 илјади денари односно степен на реализација изразена во проценти е 94%.

**Стоки и услуги**

Позицијата стоки и услуги за 2024 година беше проектирана во вкупен износ од 28.950 илјади денари со реализација од 28.380 илјади денари односно степен на реализација изразена во проценти е 98.

**Капитални расходи**

На оваа позиција на капитални расходи планирани и одобрени се средства од буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година за набавка на опрема, машини, канцелариски мебел, софтвери, лиценци и возила во износ од 7.815 илјади денари додека реализирани се средства во вкупен износ од 7.729 илјади денари или 99%.




**СМЕТКА НА ОСНОВЕН БУЏЕТ НА ДЗР ЗА 2024 ГОДИНА-(020021504063119)**

Државниот завод за ревизија во своето работење има сопствена сметка 631 преку која се остваруваа приходи остварени од наплата на надоместоците од институциите предмет на ревизија од страна на Државниот завод за ревизија согласно тарифата која беше објавена во „Службен весник на Република Македонија" број 30 од 19.04.2000 година.

Со тарифата за наплата беше утврдена постапката за пресметка и фактурирање на надоместоците за вршење на државна ревизија кај субјектите предмет на ревизија согласно Законот за државна ревизија.

Со укинување на наплатата за извршена ревизија во „Службен весник на Република Македонија" број 66 од 2010 година прекинато е фактурирањето за извршена ревизија на субјектите, а со тоа и сметководствено евидентирање на приходите на оваа сметка.

На сметката на основен буџет (631) за 2024 година планирани се средства во вкупен износ од 3.000 илјади денари. Во известувачки период нема реализација на средства преку оваа сметка.




**СМЕТКА НА БУЏЕТ НА ДОНАЦИИ НА ДЗР ЗА 2024 ГОДИНА-ЕУРОСАИ – (020021504078579)**

Планирани средства на сметката на Буџет на донации на Државниот завод за ревизија за 2024 година (020021504078579) се во вкупен износ од 950 илјади денари, а реализирани се расходи во износ од 757 илјади денари.

Наведените средства претставуваат донација од „EUROSAI" и се наменети за организирање на настан и одржување на конференција на тема "Размена на искуства во комуникацискиот процес на ВРИ со засегнатите страни-можности и предизвици".

Проектот е целосно имплементиран заклучно со месец декември 2024 година и согласно начинот на водење на сметководство за буџетите и буџетските корисници и правилникот за трезорско работење, сметката е затворена.




Извештајот од извршената ревизија на материјално и финансиското работење на ДЗР од независниот ревизор е составен дел на Годишниот извештај за извршени ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија за 2024 година.

# 3.5.

## ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА



Современиот свет се соочува со низа предизвици кои го загрозуваат опстанокот на природната средина и квалитетот на животот на луѓето. Климатските промени, загадувањето, уништувањето на екосистемите и не одржливото управување со ресурсите бараат системски и координирани одговори, а Врховните ревизорски институции (ВРИ) преку ревизиите на јавните политики и финансиите, придонесуваат за „градење ефективни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа“ за ефикасно управување со програмите и активностите за постигнување на Агендата 2030 и за одговорно управување со ресурсите и заштита на животната средина.

Во таа насока, последните неколку години, ДЗР со ревизиите ги опфаќа Целите за одржлив развој и нивниот напредок. Преку конкретни и јасни препораки до надлежните институции, ДЗР се вбројува во групата на ВРИ која активно учествува во заштита на животната средина, подобрување на социјалните и економските услови за живот на луѓето, намалување на сиромаштијата и ги поддржува насоките за одржлив развој и подобра иднина на следните генерации. Согласно стратешките документи и Годишната програма за работа за 2024 година, спроведени се 11 ревизии на успешност и една ревизија на усогласеност поврзани со Националната развојна стратегија 2024 - 2044 година и Целите за одржлив развој:




Државниот завод за ревизија длабоко е посветен на заштита на животната средина и промовирање на одржливи практики во текот на своето работење. Секојдневно вработените работат на создавање решенија кои придонесуваат за позелена, поздрава иднина, со убедување дека секоја мала акција може да придонесе за поголемо позитивно влијание, преземајќи ги следни активности:

**ЗАШТИТА НА ЕКОСИСТЕМ**

Намалување на потрошувачката на хатија, преку систем на контрола на пчатениот материјал, употреба на ЦД и користење на Cloud услуги

**УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ**

Селекција на отпад од хартија, пластични шишиња и батерии

**ЗАШТИТА НА ВОДА И ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА**

Оптимизирање на користењето на водните ресурси и електричната енергија

**ЗАШТИТА НА ОБЈЕКТОТ**

Континуирано одржување и намалување на ризиците од оштетување

# МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

04

# 4.1.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во текот на 2024 година, Државниот завод за ревизија продолжи со активна меѓународна соработка, која претставува клучен сегмент во унапредувањето на институционалните капацитети, размената на добри практики и усогласување со меѓународните ревизорски стандарди. Преку учество на конференции, обуки, билатерални и мултилатерални средби, мрежи и проектни иницијативи, ДЗР ја зацврсти својата позиција како кредибилен и препознатлив партнер во меѓународната ревизорска заедница.

Меѓународните активности беа насочени кон јакнење на независноста и видливоста на институцијата, унапредување на ревизорските процеси, развој на ИТ ревизијата, интегрирање на климатската и родовата перспектива во ревизиите, како и зајакнување на јавната отчетност и парламентарниот надзор. Особено значајна е соработката со:

- Европскиот суд на ревизори (ECA),
- Европската комисија,
- Меѓународниот одбор на ревизори на **НАТО (IBAN)**,
- Иницијативата за развој на **ИНТОСАИ (IDI)**,
- работните тела на **ЕУРОСАИ** и **ИНТОСАИ**,
- Телото на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените **(UN Women)**,
- Програмата за развој на Обединетите нации **(UNDP)**,
- **Националниот демократски институт (NDI)**,
- Фондацијата за демократија на Вестминстер **(WFD)**,
- Светската банка,
- **ОЕЦД-СИГМА**,
- Центарот за извонредност во финансии **(CEF)**,
- Овластениот институт за јавни финансии и сметководители **(CIPFA)**,
- Канцеларијата за демократски институции и човекови права **(ОБСЕ – ОДИХР)**,

како и со бројни врховни ревизорски институции од Европската унија и регионот.

Преку овие активности, ДЗР директно придонесува кон постигнување на националните приоритети содржани во стратешките документи и глобалните цели за одржлив развој.

ДЗР учествуваше на бројни меѓународни настани во 2024 година и тоа во рамките на:

### ЕУ КОНТАКТ КОМИТЕТОТ

Претставници на ДЗР учествуваа на редовните состаноци во рамки на ЕУ Контакт Комитетот, кои се однесуваа на:

- Пролетниот состанок на офицери за врски - 14-15 февруари 2024 година, Брисел, Белгија;
- Состанокот на Контакт Комитетот на ВРИ од земјите членки на ЕУ - 15 - 17 октомври 2024 година, Пафос, Кипар.

Овие состаноци се од клучно значење за координација меѓу врховните ревизорски институции на земјите-членки и кандидатите за членство во ЕУ, размена на добри пракси и информации, остварување за заеднички проекти и продлабочување на соработката.

Мрежа на ВРИ на земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ

Мрежата на ВРИ на земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ претставува платформа за соработка, размена

на искуства и зајакнување на капацитетите на врховните ревизорски институции во процесот на европска интеграција. Во 2024 година, ДЗР активно учествуваше во активностите на Мрежата во рамки на следните настани:

- Конференција на тема „Завршна сметка на државниот буџет" – 27 февруари – 1 март 2024 година, Будва, Црна Гора, организирана со поддршка на ОЕЦД – СИГМА;

- Обуки за ревизија на успешност за BLOK 5B – фаза на известување - 19 - 23 февруари 2024 година, онлајн и за BLOK 6 – завршна работилница - 13-17 мај 2024 година, Стокхолм, Шведска, во организација на Шведската национална канцеларија за ревизија;

- Работилница за напредна ревизија на успешност - 16-20 септември 2024 година, Анкара, Турција, во организација на Шведската национална канцеларија за ревизија;

- Полу-регионална работилница за ревизија на одбраната - 4-5 ноември 2024 година, Подгорица, Црна Гора, во организација на Шведската национална канцеларија за ревизија;

- Работилница за практики за известување за зголемување на импактот – 7-8 ноември 2024 година, Љубљана, Словенија, со поддршка на ОЕЦД – СИГМА во соработка со ЦЕФ, Љубљана.

Преку активностите на Мрежата, ДЗР придонесува кон хармонизација на ревизорските процеси со најдобрите пракси на ЕУ, градење на капацитетите и поддршка на институционалните реформи за владеење на правото и доброто управување.

Обуките за ревизија на успешност, спроведени како серија со поддршка на Шведската националната канцеларија за ревизија (SNAO), имаа значителен придонес за зајакнување на институционалните капацитети преку размена на практични искуства и воспоставување на одржлива регионална мрежа за професионална соработка. Во рамките на активностите спроведени во соработка со SNAO во 2024 година седум вработени од ДЗР се стекнаа со сертификат за завршена професионална обука за ревизија на успешност.

Работилницата посветена на ревизијата на одбранбениот сектор овозможи унапредување на знаењата и практиките во областа на финансиската ревизија преку размена на искуства со други врховни ревизорски институции и дискусија за справување со клучните предизвици во оваа област.

Работилницата за практики за известување за зголемување на импактот придонесе за подобрување на ревизорските извештаи, со фокус на зајакнување на нивното значење и разбирливост од перспектива на читателот.

## ЕВРОПСКИ СУД ЗА РЕВИЗИЈА

Во насока на зајакнување на соработката со Европскиот суд за ревизија беше остварена:

- Билатералната средба со Претседателот на Европскиот суд за ревизија, г. Тони Марфи - 3 октомври 2024 година, Луксембург.

Средбата со Претседателот, г. Тони Марфи и претставници на Европскиот суд за ревизија беше фокусирана на размена на искуства за ревизиите на ЕУ средства, особено во контекст на Планот за раст за Западен Балкан и Реформската агенда. Беа дискутирани можности за институционална соработка преку стажирања, обуки и експертска поддршка.

## ЕВРОПСКА КОМИСИЈА И OLAF

Со цел зајакнување на соработката со телата на ЕУ, во 2024 година беше реализирана:

- Службена посета на Генералните директорати на Европската Комисија за регионална и урбана политика (DG REGIO), за земјоделство и рурален развој на (DG AGRI) и за соседство и преговори за проширување (DG NEAR) и Европската канцеларија за борба против измами (OLAF) - 28 јануари – 1 февруари 2024 година, Брисел, Белгија.


70

Посетата беше од исклучителна важност за јакнење на институционалната соработка на ДЗР со европските тела за надзор и борба против измами. Дискусиите со претставници од OLAF и Европската комисија придонесоа за унапредување на механизмите за транспарентност и интегритет.

## ИНИЦИЈАТИВА ЗА РАЗВОЈ НА ИНТОСАИ **(IDI)**

Преку учество во активностите на IDI кои се однесуваат на:

- Работилница за ИТ безбедност – 27-30 август 2024 година, Скопје, на која ДЗР беше домаќин;
- Меѓународна конференција на ревизори за 2024 година – 10 – 13 април 2024, Берн, Швајцарија;
- Вебинар за Пазарот за иновации на ВРИ на тема: "Лабораториска ревизија на ЦОР од ВРИ на Тајланд: Размислувања за дизајнирање на пристап за зајакнување на иновативното ревидирање за Цели на одржлив развој" – 8 мај 2024 година, онлајн;
- Учество на работилница „ pICTure workshop on Leading digital change" – 16-20 септември 2024 година, Толедо, Шпанија;
- Состанок на младите лидери на ВРИ – 30 септември – 4 октомври 2024 година, Кигали, Руанда;
- Глобален самит за придонес на ревизиите на ВРИ за дигитализација и одржливост - 18 и 19 ноември 2024 година, онлајн;
- Вебинар на тема: Ревизија на успешност: Ревизиите како инпут за развој на секторските политики и дијалогот – 17 декември 2024 година, онлајн,

ДЗР обезбедува континуирана надградба на знаењата на ревизорите, особено во областите на независност на ВРИ, соработка помеѓу внатрешната и надворешната ревизија, ИТ безбедност, лидерство и дигитална трансформација. Овие активности придонесуваат за зголемена подготвеност и ефикасност на ДЗР за соочување со современите предизвици во областа на ревизијата и технологијата.

## МЕЃУНАРОДЕН ОДБОР НА РЕВИЗОРИ НА НАТО **(IBAN)**

Соработката со Меѓународниот одбор на ревизори на НАТО (IBAN) значително се зајакна преку учество на:

- Годишен состанок на IBAN – 14-15 мај 2024 година, Брисел, Белгија;
- Билатерална средба за потпишување на Меморандум за соработка– 10 октомври 2024 година, Скопје.

Учеството на ДЗР во настаните на IBAN претставува значаен придонес кон зајакнување на финансискиот надзор во областа на одбраната. Преку учество на состаноците и формализација на билатералната соработка, ДЗР добива пристап до највисоките стандарди и практики за ревизија на одбранбените и безбедносните буџети. Потпишувањето на Меморандумот дополнително ја зајакнува соработката со IBAN.

## РАБОТНА ГРУПА НА **ИНТОСАИ** ЗА ЈАВЕН ДОЛГ

ДЗР како активен член на Работната група на ИНТОСАИ за јавен долг, учествуваше на:

- Годишниот состанок на Работната група на ИНТОСАИ за јавен долг (WGPD) – 5-7 јуни 2024 година, Баку, Азербејџан.

На состанокот се разгледуваа современите предизвици во управувањето со јавниот долг и улогата на ВРИ во обезбедување транспарентност

и отчетност, што овозможуваат разгледување на пристапи и надградба на алатките за ревизија на јавниот долг и фискалната дисциплина.

## XII ЕУРОСАИ КОНГРЕС

Учеството на ДЗР на:

- XII Конгрес на ЕУРОСАИ - 27 и 28 мај 2024 година, онлајн,

претставуваше значајна можност за вклучување во стратешките насоки на европската организација на ВРИ за наредниот период. Конгресот го означи почетокот на новото претседателство на ЕУРОСАИ под водство на ВРИ Израел и официјално беше усвоен новиот Стратешки план на ЕУРОСАИ за 2024–2030 година. На Конгресот беа опфатени остварените резултати во претходниот период, изборот на нови членови на Управниот одбор и ревизор на организацијата, како и донесување на Декларацијата од Ерусалим. Истакнуваме дека ДЗР за прв пат се кандидираше за ревизор на ЕУРОСАИ за периодот 2024 - 2026 година и доби поддршка од значителен број на ВРИ, а за оваа позиција беше избран Холандскиот суд за ревизија.

## ЕУРОСАИ КОНГРЕС ЗА МЛАДИ

ДЗР дава поддршка на новите генерации ревизори преку учество на:

- 6-тиот ЕУРОСАИ Конгрес за млади - 24 и 28 јуни 2024 година, Goławice, Полска.

Учеството на ДЗР на 6-тиот EUROSAI Конгрес за млади, посветен на тема за вештачката интелигенција, претставува значаен чекор кон градење на новата генерација ревизори подготвени за предизвиците на дигиталната ера. Конгресот ја поттикна дискусијата за интегрирање на нови дигитални алатки во ревизорските процеси и го потврди интересот и капацитетот на младите ревизори да придонесат кон дигиталната трансформација.

## ПРОЕКТНА ГРУПА НА **ЕУРОСАИ** ЗА СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1 „ПАТУВАЧКИ КЛУБ НА ЕКСПЕРТИ“

ДЗР учествуваше во активностите на Проектната група на ЕУРОСАИ за Стратешка цел 1 „Патувачки клуб на експерти“, кои се однесуваа на:

- Вебинар на тема „Усовршување на техники за избор на примерок“ – 30 април 2024, онлајн;
- Финален состанок на Проектната група – 5 јуни 2024, хибриден формат.

Овие активности беа насочени кон зајакнување на капацитетите за примена на методологии за избор на примерок и подобрување на ревизорскиот процес. Преку размена на добри практики, ДЗР ја подобрува ревизорската пракса заснована на проценка на ризици и обезбедување на ревизорски докази.

## ПРОЕКТНА ГРУПА НА **ЕУРОСАИ** ЗА СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1 ЗА КОРИСТИ И МЕТОДОЛОГИИ ЗА РЕВИЗИЈА ВО РЕАЛНО ВРЕМЕ

Ревизијата во реално време, како пристап што овозможува навремено следење и оценување на тековните активности за зголемување на ефективноста и отчетноста, беше во фокусот на:

- Состанокот на ЕУРОСАИ Проектната група за користи и методологии за ревизија во реално време - 4-5 јуни 2024 година, Будимпешта, Унгарија.

Придобивките од учеството на состанокот на проектната група за ревизија во реално време се согледуваат во унапредување на методолошките знаења, размена на искуства со други ВРИ, јакнење на меѓународната соработка и иницирање активности за развој на заеднички пристапи и стандарди во областа на ревизијата во реално време.

## ПРОЕКТНА ГРУПА НА **ЕУРОСАИ** ЗА ОТПОРНОСТ И ПОДГОТВЕНОСТ

ДЗР учествуваше во работата на Проектната група на ЕУРОСАИ за отпорност и подготвеност, во рамки на:

- Состанок на Проектната група на ЕУРОСАИ за отпорност и подготвеност на тема „Подготвеност за идни здравствени кризи" - 22 – 23 јануари 2024 година, Прага, Чешка;
- Вебинар на тема „Дезинформации и важноста на довербата на јавноста во податоците" - 12 септември 2024 година, онлајн.

Вклученоста на ДЗР во активностите на Проектната група на ЕУРОСАИ за отпорност и подготвеност, како што се здравствените кризи и борбата против дезинформации, придонесува за градење на институционални капацитети за соочување со кризни состојби и предизвици со кои се соочува јавниот сектор.

## РАБОТНА ГРУПА НА **ЕУРОСАИ** ЗА ИТ РЕВИЗИИ

Заради зајакнување на капацитетите за ИТ ревизија, претставници од ДЗР учествува на:

- Е-семинар: „Владини трошоци за ИТ – дали се под контрола?" – 24 април 2024 година, онлајн;
- 17-ти состанок на Работната група на ЕУРОСАИ за ИТ ревизии – 24-25 септември 2024 година, Осло, Норвешка.

Овие активности овозможија дискусија за предизвиците поврзани со ИТ трошоците и алатките за надзор на јавните средства во дигиталната ера, што придонесува за зајакнување на капацитетите за ревизија на ИТ системите и јавните набавки поврзани со ИТ технологија.

## РАБОТНА ГРУПА НА **ЕУРОСАИ** ЗА РЕВИЗИЈА НА ОПШТИНИТЕ

ДЗР дава значаен придонес за зајакнување на капацитетите за ревизија на општините преку учество во активностите на Работната група на ЕУРОСАИ за ревизија на општините, спроведени преку:

- 7-миот семинар „Инфраструктурни проекти на локалната самоуправа" и 8-миот Годишен состанок на ЕУРОСАИ Работната група за ревизија на општините (WGMA) - 2-5 октомври 2024 година, Тбилиси, Грузија;
- 5-тиот мастер клас за избор на примерок и определување на опфатот на ревизијата – 18 декември 2024 година, онлајн.

На годишниот состанок на Работната група на ЕУРОСАИ за ревизија на општините и семинарот за инфраструктурни проекти на локално ниво, ДЗР ги сподели своите искуства од ревизиите на општински проекти и презентираше активности поврзани со методологијата и соработката со локалните власти. На состанокот беше презентирана и содржината на ЕУРОСАИ WGMA списанието број 7, во кое е објавена статија за Збирниот извештај за ревизиите на регуларност на единиците на локална самоуправа на ДЗР, идните планирани активности за 2025 година и нови иницијативи за спроведување на кооперативни ревизии.

Мастер класот за избор на примерок и определување на опфатот на ревизијата понуди практични примери и алатки за избор на примерок при ревизиите на општинските буџети и проекти.

## РАБОТНИ ГРУПИ ЗА РЕВИЗИЈА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА - **ИНТОСАИ** И **ЕУРОСАИ** WGEA

Унапредувањето на ревизијата на животната средина претставува висок приоритет за ДЗР, за чие што остварување претставници на ДЗР учествуваа во повеќе релевантни меѓународни настани, како што се:

- Е-Семинар по повод Светскиот ден на водата, во рамки на ЕУРОСАИ WGEA - 22 март 2024 година, онлајн;
- Заеднички состанок на ВРИ на ИНТОСАИ, во организација на Одделот за економски и социјални прашања на Обединетите нации (UNDESA) и ВРИ на Бразил на тема „Глобален повик ClimateScanner: Ангажирање на врховните ревизорски институции во проценката на националните климатски активности“ – 25 – 26 март 2024 година, Њујорк, САД;
- 26-ти Симпозиум на ОН/ ИНТОСАИ на тема „Имплементација на ЦОР 13 за климатска акција“, со учество на ИНТОСАИ WGEA - 16 – 18 април 2024 година, Виена, Австрија;
- Пролетна сесија на ЕУРОСАИ WGEA во 2024 година - 15 – 16 мај 2024 година, Флоријана, Малта;
- Работилница за користење на алатката ClimateScanner, во рамки на ИНТОСАИ WGEA - 3 – 7 јуни 2024 година, Прага, Чешка;
- Годишен состанок на ЕУРОСАИ WGEA - 3 – 4 октомври 2024 година, онлајн.

Активното учество во настаните во рамки ИНТОСАИ и ЕУРОСАИ Работните групи за ревизија на животната средина ја зацврстува улогата на ДЗР во глобалните напори за мониторинг и ревизија на прашањата поврзани со заштита на животната средина и справување со климатските промени. Преку присуството на симпозиуми, обуки и работилници, ДЗР обезбедува директен пристап до најнови алатки, како што се ClimateScanner и меѓународните методологии за оценување на еколошките политики и ја зголемува релевантноста во исполнувањето на националните и меѓународните обврски поврзани со Целите за одржлив развој, особено ЦОР 13 – Климатска акција.

ДЗР се приклучи на 141 ВРИ од цел свет и одговори на задачата за Климатскиот скенер[12], чии што резултати беа презентирани на Светската климатска конференција КОП29 која се одржа во Баку, Азербејџан и на која присуствуваа шефови на држави и влади од 200 земји меѓу кои и нашата држава. Врз основа на утврдените состојби и ризиците во однос на ублажување на глобалното затоплување и прилагодување на климатските промени, ДЗР во 2024 година спроведе ревизија на успешност на тема „Подготвеноста на Република Северна Македонија во справувањето со климатските промени“.

[12] ClimateScanner (Климатски скенер) е иницијатива предводена од ВРИ на Бразил во рамки на ИНТОСАИ WGEA, која има за цел да развие и промовира иновативна алатка за брза проценка на владините активности поврзани со климатските промени.

## БИЛАТЕРАЛНА И РЕГИОНАЛНА СОРАБОТКА СО ВРИ

### НАЦИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА РЕВИЗИЈА НА НОРВЕШКА (NAON, ПРЕТХОДНО OAGN)

Со Меморандумот за соработка потпишан во 2022 година помеѓу Државниот завод за ревизија и Националната канцеларија за ревизија на Норвешка (NAON, претходно OAGN), се создаде формална рамка за реализација на заеднички активности и размена на искуства и знаења особено во областите на ревизијата на успешност и ИТ ревизијата, заради унапредување на ревизорските капацитети, примена на иновативни методи и унапредување на ревизорските практики во согласност со меѓународните стандарди.

Во 2024 година беа спроведени повеќе активности во соработка со Националната канцеларија за ревизија на Норвешка, кои се однесуваат на:

### ИТ И ИНОВАТИВНА ЛАБОРАТОРИЈА

- Обука за општи и апликативни контроли за финансиски ревизори – 19-23 февруари 2024 година, Скопје;
- Обука за ревизија на конфигурација на Windows и Active Directory (AD) – 26-28 февруари 2024 година, Скопје;
- Работни сесии за иновативната лабораторија – 10-14 јуни 2024 година, Осло, Норвешка;
- Работилница за ИТ безбедност – 26 септември – 1 октомври 2024 година, Осло, Норвешка;
- Работилница за ревизија на Active Directory и MS SQL и обука QS08 – 11-15 ноември 2024 година, Скопје;
- Работилница за веб апликацијата во рамки на Иновативната лабораторија – 19-21 ноември 2024 година, Скопје.

Настаните од областа на ИТ и иновативната лабораторија претставуваат клучна инвестиција во зајакнување на ИТ капацитетите на ДЗР, особено во контекст на зголемена важност на ИТ ревизијата, зголемена безбедност на податоците и способност за справување со ризици поврзани со дигиталното опкружување.

Учеството на претставниците на ДЗР во работните сесии во рамки на Иновативната лабораторија донесе значајни придобивки преку развој и унапредување на веб апликацијата за ревизија на јавни набавки, со што се обезбеди реализација на идејата дадена на Хакатонот организиран во 2023 година, како настан кој овозможува развој на иновативни идеи за алатки и пристапи што можат да ги подобрат ревизорските процеси.

### РЕВИЗИИ НА УСПЕШНОСТ

Во рамките на активностите за зголемување на знаењата и вештините на вработените во ДЗР од областа на РУ и размена на меѓусебните искуства со вработените од Националната канцеларија за ревизија на Норвешка, беа организирани следните настани:

- Поддршка за пилот ревизии на успешност – фаза известување – февруари 2024 година, онлајн;
- Работилница за пилот ревизии на успешност – фаза планирање – 22-26 април 2024 година, Скопје;
- Работилница за пилот ревизии на успешност – фаза извршување – 10-14 јуни 2024 година, Осло, Норвешка;
- Работилница за пилот ревизии на успешност – фаза известување – 17-20 септември 2024 година, Скопје.

Активностите за пилот ревизии на успешност спроведени во соработка со Националната канцеларија за ревизија на Норвешка, имаат стратешко значење за унапредување на пристапот на ДЗР кон ревизијата на успешност. Преку фокусирани обуки и практичната поддршка во спроведувањето на две ревизии на успешност согласно Годишната програма за работа на ДЗР за 2024 година кои се однесуваат на теми за јавното приватно партнерство и современата медицинска опрема, ревизорските тимови ги унапредуваа методолошките пристапи и ревизорските техники, а воедно и споделуваа искуства со искусни партнери.

## ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОЕКТНИТЕ АКТИВНОСТИ И ГОДИШЕН СОСТАНОК

Во рамките на активностите за дефинирање и потврдување на активностите во рамките на проектот за соработка на годишно ниво се одржаа следните настани:

- Онлајн состанок за планирање на проектните активности за 2024 година – 28 февруари 2024 година, онлајн;
- Годишен состанок на проектот со Националната канцеларија за ревизија на Норвешка – 3 април 2024 година, Скопје;
- Мисија за планирање на проектните активности за 2025 година – 3-4 декември 2024 година, Скопје.

Состаноците за планирање на проектните активности и годишниот состанок со Националната канцеларија за ревизија на Норвешка овозможуваат координација на приоритетите, оценка на досегашните резултати и утврдување на идни насоки за соработка.

## ХОЛАНДСКИ СУД ЗА РЕВИЗИЈА

Netherlands Court of Audit

Регионална соработка со Холандскиот суд за ревизија се реализираше во рамки на Програмата на конституенцата за 2024 година преку следните настани:

- Прв онлајн состанок на тема: Етика (во односот со засегнатите страни) и Брендирање на ВРИ – 5 април 2024 година;
- Втор онлајн состанок на тема „Ревизорска програма – ангажирање на засегнатите страни во ревизорската програма и текот на ревизиите" – 26 април 2024 година;
- Работилница на тема „Зголемување на влијанието на ревизијата преку ангажман на засегнатите страни"– 3-7 јуни 2024 година, Хаг, Холандија.

Соработката со Холандскиот суд за ревизија беше насочена кон унапредување на релевантноста на ВРИ преку ангажирање на засегнатите страни и промоција на транспарентноста. Придобивките за ДЗР се видливи преку зголемена интеракција со јавноста и зајакната комуникација со засегнатите страни при подготовка и спроведување на ревизиите и известување за резултатите од спроведените ревизии, детално опишани во делот 2. Комуникација и соработка со засегнати страни на овој Годишен извештај.

## СУД ЗА РЕВИЗИЈА НА РЕПУБЛИКА СЛОВЕНИЈА

REPUBLIC OF SLOVENIA COURT OF AUDIT

Соработката со Судот за ревизија на Република Словенија во 2024 година се реализираше преку:

- Билатерална посета на делегација од Судот за ревизија на Република Словенија предводена од Претседателот, г-ѓа Јана Ахчин – 5-7 март 2024 година, Скопје;
- Учество на 30-годишниот јубилеј од основањето на Судот за ревизија на Република Словенија – 8-9 декември 2024 година, Љубљана, Словенија.

Зајакнатата билатерална соработка со Судот за ревизија на Република Словенија овозможи размена на искуства и добри практики во областа на ревизијата, особено во контекст на борбата против корупцијата, ревизија на ЕУ фондовите и зголемување на транспарентноста и отчетноста и претставува основа за идни заеднички активности.

## НАЦИОНАЛНАТА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА РЕВИЗИЈА НА МАЛТА

Соработката со Националната канцеларија за ревизија на Малта беше зајакната преку:

- Билатерална посета на делегација од ДЗР на Малта – 20-23 март 2024, Валета, Малта;
- Состанок за презентирање на ИТ решението за следење на ревизорските активности на Националната канцеларија за ревизија на Малта - 6 јуни 2024 година, онлајн;
- Билатерална посета на делегација од Националната канцеларија за ревизија на Малта, предводена од Главниот државен ревизор, г. Чарлс Дегуара – 22-25 октомври 2024 година, Скопје и Охрид.

За време на билатералната посета на Малта во март 2024 година беше потпишан Меморандум за соработка со кој се утврди рамката за професионална размена, заеднички активности и унапредување на ревизорските практики. Втората билатерална посета беше посветена на размена на искуства за методологии за проценка на ризици при планирање на ревизиите, ревизии на локалната самоуправа и следење на Целите за одржлив развој. Двете институции ја потврдија заложбата за продлабочување на соработката, со цел унапредување на ефективноста, ефикасноста и отчетноста во користењето на јавните средства.

## ВРХОВНА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА РЕВИЗИЈА НА РЕПУБЛИКА ПОЛСКА

Во соработка со Врховната канцеларија за ревизија на Република Полска (NIK) во 2024 година се спроведе постапка за стручната проверка на квалитетот на работењето на ДЗР (peer review), во рамки на која беа спроведени низа активности кои се однесуваа на:

1. Билатерална посета на делегација на Врховната канцеларија за ревизија на Република Полска, предводена од Претседателот г. Маријан Банаш – 27 март 2024, Скопје;
2. Билатерална посета на делегација од ДЗР и потпишување на Меморандум за разбирање за спроведување на peer review – 17-21 јули 2024, Goławice, Полска;
3. Peer review мисија (1) за „Спроведување на методологии за финансиска ревизија, ревизија на усогласеност и ревизија на успешност“ - 8–11 јули 2024 година – Скопје;
4. Peer review мисија (2) за „Спроведување на методологии за финансиска ревизија, ревизија на усогласеност и ревизија на успешност“ - 19–22 август 2024 година – Охрид;
5. Peer review мисија за „Комуникација и соработка со засегнатите страни“ - 22-25 јули 2024 година – Скопје;
6. Peer review мисија за „Независност и управување со човечки ресурси“ - 29 јули – 1 август 2024 година, Скопје.

Стручната проверка на квалитетот на работењето (peer review) беше спроведена во согласност со потпишаниот Меморандум за разбирање меѓу двете институции, како и INTOSAI GUID 1900 Насоки за вршење peer review. Во јули и август 2024 година беа извршени неколку мисии што резултираше со изготвување на Извештај од стручната проверка на квалитетот на работењето (peer review).

Заклучокот содржан во Извештајот е дека работењето на ДЗР е усогласено со меѓународните стандарди и најдобрите практики на врховните ревизорски институции, а во насока на остварување на целосна независност дадена е препорака за понатамошни напори за усвојување на нацрт-измените на Уставот и предложениот нов Закон за државната ревизија, како предуслови без кои Државниот завод за ревизија нема да може да го одржи постигнатиот напредок.

## СУД ЗА РЕВИЗИЈА НА РЕПУБЛИКА ИТАЛИЈА

Интересот за продлабочување на соработката со Судот за ревизија на Република Италија (Corte dei conti) резултираше со:

- Билатерална посета на делегација од ДЗР на Италија – 10-11 април 2024 година, Рим, Италија.

Во рамки на билатералната посета се разменија искуства и ставови за институционалниот развој, предизвиците и стратешките насоки на двете институции. Средбата резултираше со потпишување на Меморандум за соработка со Судот за ревизија на Република Италија (Corte dei conti), со кој се воспостави рамка за размена на информации, добри практики и професионална поддршка.

## ВРХОВНА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА РЕВИЗИЈА НА РЕПУБЛИКА СЛОВАЧКА

Значајна улога има зајакната соработка со Врховната канцеларија за ревизија на Република Словачка како иден Претседавач на ЕУРОСАИ, која во 2024 година се реализираше преку:

- Билатерална посета на Врховната ревизорска институција на Република Словачка, со поддршка на УНДП – 15-18 април 2024 година, Братислава, Словачка;
- Онлајн семинар на тема „Тековни трендови во известувањето за ESG (Environment, Social and Government) и практични примери во Република Словачка", организиран од Врховна канцеларија за ревизија на Република Словачка во соработка со други институции – 4 септември 2024 година, онлајн;
- Конференција за ревизија на политички партии и финансирање на изборни кампањи – 27 ноември 2024 година, Братислава, Словачка.

За време на билатерална посета од страна на делегацијата од ДЗР беа остварени значајни средби со Претседателот на Врховната канцеларија за ревизија на Република Словачка и иден Претседавач на ЕУРОСАИ за периодот 2027 – 2030 година, г. Љубомир Андраши и претставници на УНДП, кои беа фокусирани кон размена на искуства од ревизиите поврзани со ЕУ фондови, инфраструктурни и здравствени проекти, како и користењето на софтверски алатки во ревизорската практика и можностите за заеднички обуки.

Фокусот на Конференцијата за ревизија на политички партии и финансирање на изборни кампањи беше ставен на политичката отчетност и финансиската транспарентност, како и размена на добри практики во мониторингот на финансирањето на изборните кампањи.

## ВРХОВНА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА РЕВИЗИЈА НА РЕПУБЛИКА ЧЕШКА

Продлабочувањето на соработката со Врховната канцеларија за ревизија на Република Чешка како доскорешен Претседавач на ЕУРОСАИ за периодот 2021 – 2024 година е од клучно значење за ДЗР, заради што во 2024 година беше реализирана:

- Билатерална посета од Претседателот на Врховна канцеларија за ревизија на Република Чешка г. Мирослав Кала – 15-16 септември 2024 година, Скопје.

Средбата беше насочена кон размена на искуства, унапредување на билатералната соработка и зголемување на учеството на ДЗР во иницијативите на ЕУРОСАИ.

## РОМАНСКИ СУД ЗА РЕВИЗИЈА

На покана на Претседателот на Романскиот суд за ревизија, г. Михаи Бусуиок, делегација на ДЗР учествуваше на свечениот настан по повод:

- 160-годишниот јубилеј од основањето на Романскиот суд за ревија - 17-18 септември 2024 година, Букурешт, Романија.

Во рамки на настанот се одржаа панел дискусии на релевантни теми, како и билатерални средби со претставници на повеќе ВРИ за утврдување на можности за соработка.

### ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

REPUBLIC OF CROATIA
STATE AUDIT OFFICE

Делегација на ДЗР учествуваше на свечениот настан по повод:

- 30-годишниот јубилеј на Државниот завод за ревизија на Република Хрватска – 21 ноември 2024 година, Загреб, Хрватска.

На свечената конференција по повод 30-годишниот јубилеј беа презентирани значајните успеси на Државниот завод за ревизија на Република Хрватска во работењето и соработката со академската и меѓународната заедница.

### ДРЖАВНА РЕВИЗОРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Во 2024 година беа остварени повеќе заеднички настани со Државната ревизорска институција на Република Србија заради спроведување на паралелни ревизии кои се однесуваат на Целите за одржлив развој и тоа:

- Билатерална средба за дискусија за заедничкиот извештај од паралелната ревизијата на подготвеноста за спроведување на Целите за одржлив развој до 2023 година и за темите за спроведување на нова кооперативна ревизија - 28 – 29 март 2024 година, Белград, Србија, со поддршка на UNDP;

- Промотивен настан на заедничкиот ревизорски извештај од паралелната ревизија со Државната ревизорска институција на Република Србија за подготвеноста за спроведување на Целите за одржлив развој до 2023 година - 22 мај 2024 година, Скопје, со поддршка на UNDP;

- Конференција по повод 180-годишнината од првото основање на ВРИ во Република Србија - 24-26 јули 2024 година, Белград, Србија;

- Билатерална работна средба за кооперативната ревизија на успешност на тема „Урбанистичкото планирање на зелената инфраструктура во градовите " – 26-27 септември 2024 година, Белград.

Соработката меѓу ДЗР и Државната ревизорска институција на Република Србија преку спроведување на кооперативни/паралелни ревизии на успешност на теми поврзани со Целите за одржлив развој (ЦОР) претставува значаен чекор кон регионално унапредување на јавната отчетност и квалитетот на јавните политики. Овие активности се пример за конструктивна соработка која го поттикнува усогласувањето на ревизорската практика со глобалните стандарди и придонесува за остварување на целите за одржлив развој во регионот.

За време на одбележувањето на 180 - годишнината од првото основање на ВРИ во Република Србија, во знак на исклучително добрата соработка помеѓу Државниот завод за ревизија и Државната ревизорска институција на Република Србија и успешно реализираните заеднички активности, Претседателот на Државната ревизорска институција г. Душко Пејовиќ му врачи Благодарница на Главниот државен ревизор м-р Максим Ацевски со искрени очекувања оваа успешна соработка да продолжи и во иднина.

### КАНЦЕЛАРИЈА ЗА РЕВИЗИЈА НА ИНСТИТУЦИИТЕ НА БОСНА И ХЕРЦЕГОВИНА

Во согласност со потпишаниот Меморандум за соработка со Канцеларијата за ревизија на институциите на Босна и Херцеговина, во 2024 година беше реализирана:

- Билатерална посета од делегација на Канцеларијата за ревизија на институциите на Босна и Херцеговина, предводена од Главниот државен ревизор г. Хрвоје Тврtковиќ – 30-31 мај 2024, Скопје.

За време на билатералната посета се разменија искуства во однос на борбата против корупцијата, комуникациските практики, ревизијата на ЕУ фондовите, основниот буџет, капиталните проекти и професионалните развој на вработените, како и за разгледување на можности за идни заеднички активности.

## ДРЖАВНА РЕВИЗОРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА ЦРНА ГОРА

Продлабочување на соработката со Државната ревизорска институција на Црна Гора беше остварено преку:

- Потпишување на Меморандум за соработка со Државната ревизорска институција на Црна Гора – 27 февруари – 1 март 2024, Будва, Црна Гора;
- Учество на работилницата за изработка на интерни процедури за социјалните мрежи – 18-19 јуни 2024, Подгорица, Црна Гора, со поддршка на Фондацијата за демократија на Вестминстер (WFD).

Со потпишување на Меморандумот за соработка со Државната ревизорска институција на Црна Гора се утврди рамката за професионална размена, заеднички активности и унапредување на ревизорските практики.

Со поддршка на Фондацијата за демократија на Вестминстер (WFD), претставници на ДЗР учествуваа на работилница каде со колегите од Државната ревизорска институција на Црна Гора ги споделуваа своите искуства за соработка со засегнатите страни и имплементацијата на комуникациската стратегија во насока на зајакнување на транспарентноста и јавната отчетност.

## ВРХОВНА РЕВИЗОРСКА ИНСТИТУЦИЈА НА АЛБАНИЈА

Во рамки на билатералната соработка со Врховната ревизорска институција на Албанија, делегација од ДЗР предводена од Главниот државен ревизор м-р Максим Ацевски оствари:

- Билатерална посета на Врховната ревизорска институција на Албанија – 12-14 јуни 2024 година, Тирана, Албанија, со учество на претставник од ОЕЦД – СИГМА.

Темите на билатералната посета беа насочени кон размена на искуства од ревизиите на успешност кои се однесуваат на управувањето со природните ресурси и комуникациските практики. Двете институции ја потврдија заложбата за понатамошна соработка преку размена на добри практики и заеднички активности.



## МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ

### ОВЛАСТЕН ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНИ ФИНАНСИИ И СМЕТКОВОДИТЕЛИ **(CIPFA)**

Во 2024 година CIPFA организираше настан кој се однесува на:

- Вебинар на тема: „Култура, климатски промени и корупција" – 16 мај 2024 година, онлајн.
- Антикорупциска работилница - 29 ноември 2024, во Скопје

Настаните организирани од CIPFA понудија нови перспективи за поврзаноста меѓу организациската култура, климатската политика и ризиците од корупција во јавниот сектор, што е особено важно во контекст на управување со јавните ресурси и следење на имплементацијата на Целите на одржлив развој на Обединетите нации. Овие едукации се дел од Програмата за КПУ за вработените кои се стекнаа со меѓународен сертификат за управување со ризици од корупција.

### ТЕЛО НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ – **UN WOMEN**

ДЗР и Телото на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените - UN Women и во 2024 година продолжија со имплементацијата на Меморандумот за разбирање и соработка, преку организирање на повеќе настани кои се однесуваа на:

- Состанок со Регионалната канцеларија на UN Women за Европа и Централна Азија - 12 – 15 февруари 2024 година, Истанбул, Турција;
- Регионален работен состанок за кооперативната ревизија „Родова еднаквост и зајакнување на жените од руралните области преку нивно вклучување на пазарот на трудот" - 19 – 22 февруари 2024 година, Тирана, Албанија;
- Учество на 68-та Комисија за статусот на жените (CSW) на Обединетите Нации (ОН) – организирање на страничен настан „ВРИ како двигатели за зголемување на отчетноста кон финансирање на родова еднаквост" - 10 – 14 март 2024 година, Њујорк, САД;
- Презентација на PEFA методологијата за родова еднаквост - 25 – 29 март 2024 година, Истанбул, Турција;
- Презентирање на заедничкиот извештај од кооперативната ревизија „Родова еднаквост и зајакнување на жените од руралните области преку нивно вклучување на пазарот на трудот" - 17 јули 2024 година, Скопје.

Соработката со UN Women и учеството на ДЗР како координатор во кооперативната ревизија за родова еднаквост со учество на ВРИ на Албанија и Косово, ја потврдува посветеноста кон исполнување на Целите за одржлив развој, особено цел 5 – Родова еднаквост и го позиционира ДЗР како добар пример во регионот за применување на родова перспектива во ревизиите, но во исто време и носител или координатор на ревизорските активности.

Соработката со UN Women придонесе за добивање на стручна поддршка и алатки за анализа и известување поврзани со родовите прашања.

Учеството на ДЗР на 68-та Комисија за статусот на жените на Обединетите Нации во Њујорк, му овозможи на ДЗР за прв пат во своето 25-годишно работење да го презентира искуството во Обединетите Нации и да го зајакне угледот во меѓународни размери. Во рамки на Комисијата за статусот на жените, Државниот завод за ревизија со поддршка на UN Women, беше домаќин на страничен настан на тема: „Врховните ревизорски институции како двигатели за зголемување на отчетноста кон финансирање на родовата еднаквост", Ревизија на ЦОР 5 – искуства од Западен Балкан. На настанот, Главниот државен ревизор м-р Максим Ацевски ги презентираше досегашните искуства и постигнати резултати на Државниот завод за ревизија во спроведувањето на родовите ревизии, како и клучните утврдени состојби од

извршената ревизија на успешност на тема „Родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд", која ДЗР како координатор ја спроведе заедно со Врховните ревизорски институции на Република Косово и Република Албанија.

Преку родовите ревизии, ДЗР ја зголемува свеста кај јавните институции за значењето на еднаков пристап до ресурси и услуги, особено за маргинализираните групи, како што се жените во руралните средини.

## ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ - **UNDP**

Со поддршка на Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP), во 2024 година беа реализирани повеќе настани кои се во насока на остварување на стратешките и програмските цели и активности и тоа:

- Билатерална средба на делегации на ДЗР и Државната ревизорска институција на Република Србија, со поддршка на UNDP за дискусија за заедничкиот извештај од паралелната ревизијата на подготвеноста за спроведување на Целите за одржлив развој до 2023 година и за можностите за спроведување на нова кооперативна ревизија - 28 – 29 март 2024 година, Белград, Србија;

- Билатерална посета на Врховната ревизорска институција на Република Словачка– 15-18 април 2024 година, Братислава, Словачка, со поддршка на UNDP;

- Промотивен настан на заедничкиот ревизорски извештај од паралелната ревизија со Државната ревизорска институција на Република Србија за подготвеноста за спроведување на Целите за одржлив развој до 2023 година - 22 мај 2024 година, Скопје, со поддршка на UNDP;

- Академија за финансирање на Целите за одржлив развој, организирана заедно од UNDP IRH и UNDP-Црна Гора - 19 – 21 јуни 2024 година, Бар, Црна Гора;

- NEC 2024 – Конференција за национални капацитети за евалуација (UNDP) - 14 – 18 октомври 2024 година, Пекинг, Кина.

Соработката на ДЗР со UNDP во текот на 2024 година е од суштинско значење за продлабочување на институционалните капацитети во областа на ревизиите поврзани со Целите за одржлив развој (ЦОР). Преку остварување на билатерални средби, учество во паралелни ревизии, регионални академии и меѓународни конференции, ДЗР активно придонесува кон следење на напредокот на државата во спроведувањето на Агендата 2030 на ОН и продлабочување на меѓународната соработка со клучни партнери и институции.

Присуството на делегацијата на ДЗР предводена од Главниот државен ревизор м-р Максим Ацевски на Конференцијата за националните капацитети за евалуација (NEC 2024), што се одржа во периодот од 14-18 октомври 2024 година, во Пекинг, Република Кина со поддршка на UNDP, беше особено значајно за споделување на различни искуства и практики на државите во однос на зајакнување на националните системи за евалуација и нивната улога во постигнувањето на ЦОР, особено во доменот на одржливата животна средина и климатските промени, инклузивноста и важноста на гласот на граѓанинот. Присуството на NEC 2024 година, Главниот државен ревизор м-р Максим Ацевски го искористи и за остварување на повеќе билатерални средби со претставници на државни и меѓународни институции меѓу кои и UNDP, Националниот завод за ревизија и други реномирани институции на Република Кина.

## НАЦИОНАЛЕН ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУТ **(NDI)**

Во насока на зголемување на соработката на ДЗР со службите и телата во Собранието, со поддршка на Националниот демократски институт (NDI), беше организирана:

- Студиска посета на Парламентарната служба и Швајцарската ревизорска канцеларија - 19 – 20 февруари 2024 година, Берн, Швајцарија.

Со учеството на студиската посета во организација на Националниот демократски институт (NDI) заедно со претставници од Собранието, како и учеството во работилници организирани од NDI со претставници на Собранието подетално објаснети во дел 4.1. Проектни активности на овој Годишен извештај, ДЗР ја продлабочува соработката со законодавната власт како клучен сегмент за зголемување на ефективноста на ревизорските извештаи и јакнење на демократската отчетност.

## ФОНДАЦИЈА ЗА ДЕМОКРАТИЈА НА ВЕСТМИНСТЕР - **WFD**

Соработката со Фондацијата за демократија на Вестминстер (WFD) во 2024 година резултираше со учество на следните настани:

- Посета на делегација од ДЗР на Државната ревизорска институција на Црна Гора, во организација на WFD - 4 – 6 март 2024 година, Подгорица, Црна Гора;

- Работилница за изработка на интерни процедури за социјалните мрежи – 18-19 јуни 2024, Подгорица, Црна Гора;

- Студиска посета за размена на комуникациските практики на ВРИ и Јавните обвинителства, организирана од WFD - 29 – 30 октомври 2024 година, Варшава, Полска.

Учеството на овие настани организирани со поддршка на WFD овозможи ДЗР да ги зајакне своите институционални капацитети во областите на комуникација, транспарентност и парламентарна отчетност. Преку студиските посети во Црна Гора и Полска, учесниците од ДЗР имаа можност да разменат искуства за различни пристапи во комуникацијата на ревизорските наоди, унапредувањето на односите со јавноста, како и координацијата со други институции надлежни за постапување со ревизорските извештаи како што се јавните обвинителства.

## ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И СОРАБОТКА ВО ЕВРОПА – КАНЦЕЛАРИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУЦИИ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА - **ОБСЕ – ОДИХР**

На покана на Организацијата за безбедност и соработка во Европа – Канцеларија за демократски институции и човекови права - ОБСЕ – ОДИХР, претставници на ДЗР учествуваа на:

- Конференција на тема „Регионална размена за зајакнување на системите и практиките за финансирање на кампањите" - 21 – 22 февруари 2024 година, Варшава, Полска.

Учеството на конференцијата организирана од ОБСЕ – ОДИХР придонесе за разменување на знаења од областа на финансирањето на политичките кампањи, што е од особено значење за демократското управување и спречување на корупцијата.

## ЦЕНТАР ЗА ИЗВОНРЕДНОСТ ВО ФИНАНСИИ **(CEF)**

Воспоставената повеќегодишна соработка со Центарот за извонредност во финансии (CEF) од Словенија во согласност со потпишаниот Меморандум за соработка, овозможи учество на претставници на ДЗР на следните настани организирани од CEF:

- Вебинар на тема „Улогата на ВРИ во управување со јавните средства“ – 21 мај 2024 година, онлајн;
- Работилница на тема: „Зајакнување на капацитетите за сметководство и ревизија преку мрежа на регионални експерти“ – 29-30 мај 2024 година, Подгорица, Црна Гора;
- Работилница на тема „Унапредување на управувањето со средствата во јавниот сектор: споделување добри практики и поттикнување соработка“ – 24-25 септември 2024 година, Љубљана, Словенија.

Учеството на настани организирани од CEF, Словенија ја поттикнуваат размената на искуства меѓу ревизорските и финансиските институции во регионот, во насока на остварување на стратешките цели за давање придонес за општеството.

## СВЕТСКА БАНКА **(WB)**

Со поддршка на Светска Банка, претставници на ДЗР учествуваа на:

- Конференција на тема „Преглед на трошоците како алатка за зајакнување на фискалното управување“- 3-4 април 2024 година, Виена, Австрија;
- Настан за учење – Платформа за Јавен финансиски менаџмент за климатска акција (PFM4CA) - 11-13 декември 2024 година, Виена, Австрија, во организација на Светска банка и Австриската школа за управување.

Учеството на настаните организирани од Светската банка посветени на фискалното управување и климатската акција, придонесоа за зајакнување на капацитетите за анализа на јавната потрошувачка и за интегрирање на климатските аспекти во јавните финансии.

## ОЕЦД – СИГМА **(OECD – SIGMA)**

Претставници на ДЗР учествуваа на настани организирани во 2024 година со поддршка на ОЕЦД – СИГМА во рамки на активностите на Мрежата на ВРИ на земјите кандидати и потенцијални кандидати за членство во ЕУ, кои се однесуваат на:

- Конференција на тема „Завршна сметка на државниот буџет“ – 27 февруари – 1 март 2024 година, Будва, Црна Гора;
- Работилница за практики за известување за зголемување на импактот – 7-8 ноември 2024 година, Љубљана, Словенија, во соработка со ЦЕФ, Љубљана.

Поддршката од ОЕЦД-СИГМА има суштинско значење за унапредување на институционалните капацитети и усогласување со меѓународните стандарди за ревизија.

## ИЗВРШНА ПРОГРАМА НА УНИВЕРЗИТЕТОТ ЛУИС

Во рамки на иницијативата за соработка со Универзитетот Луис, Италија, се реализираше:

- Учество на претставник на ДЗР во Извршната програма на Универзитетот Луис: Ефективно управување и контроли против измами при користење на инструментите за финансирање од ЕУ – два онлајн модули и трет модул со физичко присуство - 8 – 14 септември 2024 година, Рим, Италија.

Програмата обезбеди практично знаење и искуства од областа на управувањето со ЕУ средствата и антикорупциските контроли, кои се од особено значење за унапредување на ревизорската практика и тековните активности на ДЗР во оваа област.

## ОЦЕНСКА МИСИЈА ЗА ТВИНИНГ ПРОЕКТ НА ДЗР




Со цел да се оценат ефектите од спроведениот Твининг проект „Подобрување на надворешната ревизија и парламентарниот надзор", се реализираше:

- TAIEX оценска мисија за проценка на одржливоста и влијанието на резултатите од Твининг проектот - 24 – 28 јуни 2024 година, Скопје.

На средбите со експертите во рамки на оценската мисија беа презентирани клучните резултати од Твининг проектот кои се однесуваат на подобрена правна рамка, зајакнати институционални капацитети и унапредена соработка со Собранието. Твининг проектот финансиран од ЕУ фондови во вредност од 1,5 милиони евра беше спроведен во соработка со ВРИ на земји членки на ЕУ како твининг партнери, во периодот февруари 2021 – октомври 2022 година. На оценската мисија се нагласи значењето за донесување на новиот Закон за државната ревизија како клучен чекор за засилување на независноста на ДЗР и подобрување на статусот на вработените, како и за ефективно разгледување на ревизорските извештаи во Собранието и постапување по истите од страна на Јавното обвинителство.



# 4.2.

ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

## 4.2.1.

ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

Државниот завод за ревизија (ДЗР) со Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP), во март 2022 година потпиша Меморандум за разбирање со кој се дефинирани повеќе активности кои ќе се спроведуваат во наредните две години.

Во текот на 2024 година реализирани се низа активности насочени кон континуирано усовршување и едукација на вработените во ДЗР. Организирани се повеќе работилници на тема анализа на финансиски извештаи и утврдување на поодделни индикатори, како и анализа на ризици, ревизија на Целите за одржлив развој, како и подготовка на Годишната програма за работа на ДЗР со фокус на Националната развојна стратегија.

Клучен сегмент од соработката беше спроведувањето на кооперативната ревизија на успешност „Подготвеноста на земјата за спроведување на Целите за одржлив развој до 2030 година", во соработка со ВРИ на Србија, за која известивме во Годишниот извештај за извршните ревизии и за работата на ДЗР за 2023 година. За спроведување на оваа ревизија, UNDP обезбеди експертска и техничка поддршка, вклучувајќи учество на ревизорите во работилници како во земјата, така и во странство, но и учество на регионални средби и студиски посети за размена на искуства и добри практики со други врховни ревизорски институции (ВРИ). Како резултат на оваа соработка, во 2024 година беше изработен првиот национален извештај за ревизија на успешноста на тема: **„Подготвеноста на Република Северна Македонија за имплементација на Целите за одржлив развој до 2030 година"**, како и заеднички ревизорски извештај на истата тема со ВРИ на Република Србија. Со тоа, Република Северна Македонија се вбројува меѓу 74 земји во светот кои имаат спроведено ревизија поврзана со Целите за одржлив развој (ЦОР).

На 22 мај 2024 година, во Скопје се одржа промотивен настан за презентација на националните извештаи на Република Северна Македонија и Република Србија, како и на заедничкиот извештај од оваа ревизија. На настанот присуствуваа и се обратија Претседателот на ВРИ на Република Словачка, г. Љубомир Андраши, кој го претстави словачкото искуство во спроведување ревизии поврзани со ЦОР, и Постојаниот претставник на UNDP во земјата, г. Арменд Григоријан, кој се осврна на важноста на ревизиите за одржлив развој како алатка за подобрување на јавните политики и отчетноста.

На настанот учествуваа над 90 претставници од различни сектори, вклучително и ревизорски институции, државни агенции, меѓународни организации, академски институции и граѓанскиот сектор.

UNDP обезбеди и поддршка во спроведувањето на новата паралелна ревизија на успешност на тема Урбанистичко планирање на зелената инфраструктура во градовите, која се спроведува во соработка со ВРИ на Србија, а која е составен дел на овој извештај.

Во насока на унапредување на знаењата и вештините на вработените во ДЗР во областа на анализа на финансиски извештаи, кост-бенефит анализа и ревизија на ЦОР, во текот на 2024 година се организираа специјализирани едукации на кој учествуваат повеќе вработени.

Во рамките на проектот „Национална Развојна Стратегија (НРС) – Систем за следење и инвестициска мапа за НРС и Целите за одржлив развој", финансиран од Министерството за финансии на Република Словачка, обезбедена е поддршка за подобрување на ревизорските практики преку усогласување на внатрешните процедури на ДЗР со стратешките цели утврдени во Националната развојна стратегија и вклучување на cost-benefit анализата во ревизорските процеси.

Во текот на 2024 година беа реализирани три студиски посети на реномирани врховни ревизорски институции и јавни тела во Словачка, Кина и Италија. Овие посети беа насочени кон унапредување на регионалната соработка, размена на искуства и поддршка на ревизорските капацитети на ДЗР. Имено, во април 2024 година, делегација предводена од Главниот државен ревизор, м-р Максим Ацевски, оствари билатерална посета на ВРИ на Словачка, каде што на работните состаноци се дискутираа практични примери од ревизии на ЕУ фондовите, капиталните инфраструктурни проекти и здравствениот сектор, со посебен фокус на примената на софтверски алатки во ревизорската работа.

Делегација на ДЗР, во јуни 2024 година, учествуваше на Академијата за финансирање на Целите за одржлив развој во Бар, Република Црна Гора, на која беа разменети искуства и стратегии за интеграција на ЦОР во јавните финансии, примена на иновативни механизми за финансирање и зелената економија.

На конференцијата за национални капацитети за евалуација NEC 2024 во Пекинг, Кина, делегацијата на ДЗР ја претстави улогата на врховните ревизорски институции во унапредувањето на националните системи за евалуација и имплементација на ЦОР, а исто така беше остварена значајна билатерална соработка со меѓународни организации и институции.

Вкупната поддршка обезбедена од страна на UNDP изнесуваше 30.000 американски долари, средства кои беа наменети и за учество на државните ревизори на национални и меѓународни работилници, регионални средби и студиски посети, со цел размена на искуства и добри практики со други врховни ревизорски институции (ВРИ).



## 4.2.2.

НАЦИОНАЛЕН ДЕМОКРАТСКИ ИНСТИТУТ

Во текот на 2024 година, Националниот демократски институт (NDI), преку Програмата за парламентарна поддршка (ПСП), спроведе низа активности со цел да ја поддржи работата и институционалниот развој на Државниот завод за ревизија (ДЗР).

Во насока на унапредување на транспарентноста и пристапноста на ревизорските извештаи, NDI обезбеди поддршка преку ангажирање на графички дизајнер за визуелизација на податоците од анализите и извештаите на ДЗР. Овој пристап, има за цел поедноставување на клучните информации за полесно разбирање и користење од страна на релевантните институции и пошироката јавност.

За зајакнување на техничките капацитети, ПСП обезбеди десет професионални лаптопи за вработените во ДЗР, како и осум стипендии за изучување англиски јазик, наменети за унапредување на комуникациските вештини и меѓународната соработка.

Во рамките на регионалната компонента на ПСП, во периодот од 19 до 20 февруари 2024 година, пет претставници од ДЗР заедно со претставници од собраниската служба за буџетски надзор, остварија студиска посета во Берн, Швајцарија. Посетата овозможи размена на искуства со Швајцарската парламентарна служба, Министерството за финансии и Швајцарската федерална ревизорска канцеларија, со фокус на унапредување на буџетскиот надзор преку ефективна соработка меѓу парламентите и ревизорските институции.

Како продолжение на оваа размена, на 26 и 27 септември 2024 година, претставници од швајцарските институции остварија возвратна посета на Република Северна Македонија, при што беше одржана дводневна работилница со учество на Парламентарната буџетска канцеларија, советниците на Комисијата за финансирање и буџет, како и претставници на ДЗР. Теми на работилницата беа практиките на соработка меѓу ревизорските канцеларии и парламентот, подготовката на ревизорските извештаи, како и системите за управување со квалитет, вклучително и усогласеност со новиот стандард ISSAI 140 – Управување со квалитет за ВРИ, кој ќе се применува од 2025 година.

Дополнително, на 25 октомври 2024 година, со поддршка на Националната фондација за демократија (НЕД), NDI организираше прва стратешка работилница за членовите на новоформираната Меѓупартиска парламентарна група против корупција (мандат 2024–2028). На работилницата учествуваа и претставници од ДЗР, Државната комисија за спречување на корупцијата, Граѓанската платформа против корупција и собраниската служба.

Целта на работилницата беше дефинирање на клучните приоритети и области од интерес на групата, како и разгледување на најзначајните предизвици поврзани со корупцијата. Притоа беа земени предвид утврдените состојби и препораките од ревизорските извештаи и извештаите на другите надзорни тела како основа за изработка на Акциски план за 2025 година. Во заклучоците од работилницата беше истакната потребата од понатамошна поддршка на ДЗР од страна на Собранието, вклучително и донесување нов Закон за државната ревизија, кој ќе овозможи посуштинска и редовна парламентарна расправа за ревизорските извештаи и ќе придонесе за јакнење на надзорот и борбата против корупцијата.

Вкупната поддршка обезбедена од страна на NDI изнесуваше 35.353 американски долари, средства кои беа наменети и за учество на државните ревизори на национални и меѓународни работилници, регионални средби и студиски посети, со цел размена на искуства и добри практики со други врховни ревизорски институции (ВРИ).

## 4.2.3.

ФОНДАЦИЈА ЗА ДЕМОКРАТИЈА НА ВЕСТ МИНСТЕР

Резултатите од повеќегодишната успешна соработка помеѓу ДЗР и Фондацијата за демократија на Вестминстер (WFD), продолжи и со спроведувањето на новиот проект "Практикувај Демократија", кој започна во март 2023 година, продолжи во 2024 година и ќе трае до 31 март 2025 година, а е финансиран од Британската Амбасада во Скопје. Целта на оваа заедничка соработка е во насока на поддршка на институцијата во спроведувањето на транспарентни и одговорни практики кои ќе придонесат кон координирано и одговорно работење, фокусирајќи се на:

- Унапредување на комуникациските практики на ДЗР;
- Развивање на комуникациска стратегија на ДЗР;
- Развивање на активности за зајакнување на Value for Money практиките во работата на ДЗР;
- Обезбедување на експертска поддршка за ревизиите на успешност за изработка на повлијателни ревизорски извештаи;

Во текот на 2024 година со поддршка на WFD се реализираа повеќе активности кои се однесуваа на имплементација на активностите од Комуникациската стратегија на ДЗР за 2024 - 2027 година, притоа фокусирајќи се на комуникација и соработка на ДЗР со надлежните институции и граѓанските организации (засегнатите страни). Водејќи се од стратешките цели утврдени во Стратегијата за развој 2023-2027, Државниот завод за ревизија како институција која континуирано вложува во индивидуалниот развој на вработените, WFD обезбеди поддршка во реализацијата на Годишниот план за континуирано професионално усовршување за 2024 година, со цел зајакнување на вештините на државните ревизори за јавен настап, развивање на е-обука на комуникациски практики, како и техничка поддршка преку опремување на прес центарот на ДЗР.

Препознавајќи ја важноста и влијанието од извршените ревизии на успешност, WFD обезбеди и експертска поддршка во извршувањето на ревизиите на успешност „Искористеност на современа медицинска опрема" и „Безбедноста во сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија", а кои се составен дел на овој извештај.

Во насока на унапредување на соработката во областа на владеењето на правото и борбата против корупцијата, Вестминстер фондацијата за демократија (WFD) обезбеди стратешка поддршка за организација на координациски состаноци и работилници помеѓу Државниот завод за ревизија и Јавното обвинителство на Република Северна Македонија. Дополнително, беа организирани и студиски посети со цел зајакнување на меѓуинституционалната соработка и размена на добри практики во насока на поефикасно постапување по наодите од ревизорските извештаи во делот на откривање на корупцијата.

Исто така во рамките на меѓусебната соработка спроведени се и други активности кои се од суштинско значење за зголемување на знаењата и вештините на вработените во ДЗР.

Во текот на 2024 година, за целосна поддршка на планираните активности, Вестминстер Фондацијата за демократија (WFD) обезбеди финансиска поддршка во износ од 56.000 фунти.

## 4.2.5.

### ТЕЛОТО НА ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ

Државниот завод за ревизија и Телото на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените (UN Women) и во 2024 година продолжија со имплементација на Меморандумот за разбирање и соработка, со цел двете страни да соработуваат во унапредување на спроведувањето на обврските за родова еднаквост во согласност со националните закони и политики како и преземените меѓународни обврски и промовирање на родово одговорното управување со јавните средства и отчетност преку систематско спроведување на родово одговорно буџетирање како алатка за креирање политики.

Во насока на исполнување на утврдените цели, UN Women обезбеди поддршка на државните ревизори за учество на работилници во земјата и странство, но и поддршка во спроведувањето на првата родова кооперативна ревизија на успешност "Родова еднаквост и зајакнување на жените во руралните подрачја преку нивна инклузија на пазарот на труд", од страна на Врховните ревизорски институции на Северна Македонија, како координатор и ВРИ на Албанија и Косово.

Резултатите од оваа кооперативна ревизија беа презентирани на страничен настан, организиран од ДЗР со поддршка од UN Women, во рамки на 68-та Комисија за статусот на жените која се одржа во март 2024 година во Обединетите Нации со седиште во Њујорк, Соединети Американски Држави. Оваа активност претставува прво претставување на резултатите од одредена ревизија во рамките на Обединетите нации од страна на ДЗР во своето дваесет и петгодишно постоење.

ДЗР, како координатор на Меѓународната кооперативна ревизија, беше и домаќин на промотивен настан за Заедничкиот ревизорски извештај од регионалната кооперативна ревизија на успешност на тема "Родова еднаквост на жените од руралните средини преку нивна инклузија на пазарот на труд", кој се одржан во Скопје, во јули 2024. На настанот учество земаа и Врховните ревизорски институции на Република Албанија и Република Косово, а истиот беше поддржан од UN Women – Телото на Обединетите нации за родова еднаквост и зајакнување на жените.

Поддршката од UN Women не е насочена само кон поддршка на конкретни ревизии туку истата е сестрана, вклучително преку обезбедување на опрема за понатамошно градење на капацитетите за вработените во ДЗР кои ќе работат на ревизии на успешност со посебен фокус на родова еднаквост.

Препознавајќи ја важноста и влијанието од извршените ревизии на успешност, UNWomen обезбеди и експертска поддршка во извршувањето на ревизија на успешност „Имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулската Конвенција) со осврт кон специјализираните услуги за жени жртви на родово-базирано насилство и семејно насилство", како и експертска поддршка за изработка на ревизорска методологија за вклучување на родова еднаквост и родово одговорно буџетирање во ревизиите.

Претставници од Државниот завод за ревизија учествуваа на иновативниот камп (Bootcamp) за родови податоци, одржан во Измир, Турција. Овој настан беше организиран во соработка со канцеларијата на UN Women во Република Северна Македонија, со цел да се подигне свеста за значењето за обработка и анализа на родовите податоци во насока на обезбедување родова еднаквост и воедно исполнување на Целите за одржлив развој. Учеството на овој камп не само што ги подобри вештините на учесниците, туку и отвори пат кон втората фаза на проектот преку која се разви партнерство со мрежата на ентузијасти за родови податоци кои успешно го завршија кампот.

Во активностите финансирани од страна на UN Women ги истакнуваме и учеството на вработени од ДЗР на:

- регионален настан организиран од UN Women, во партнерство со Секретаријатот на ПЕФА, што се одржа во Истанбул, Туркије а наменет за размена на искуства и унапредување на знаењата за примената на методологијата ПЕФА за проценка на родово одговорно управување со јавните финансии;
- годишниот состанок на Советодавната група во Трансформативно финансирање на родовата еднаквост кон транспарентно, инклузивно и отчетно управување во Западен Балкан“, кој се одржа исто така, во Туркије.

Во текот на 2024 година, за целосна поддршка на активностите за вклучување на родовата перспектива во ревизиите на успешност, UN Women обезбеди финансиска поддршка во износ од 70.000 американски долари.

Државниот завод за ревизија како ВРИ во Република Северна Македонија континуирано вложува напори да оствари соработка со поголем број на меѓународни организации со цел обезбедување на поддршка на своите активност.

## 4.2.4.

## СВЕТСКА БАНКА

Во 2024 година, Светска банка обезбеди поддршка со техничка помош во рамки на „Проектот за зајакнување на надзорот, транспарентноста и отчетноста на трошењето на јавните инвестиции“ преку грантот за инвестиции во инфраструктурата за квалитет (QII). Овој проект беше дизајниран да обезбеди техничка помош на ДЗР, со цел градење на капацитетите / знаењата и вештините на вработените во ДЗР во спроведувањето на ревизии на успешност на јавните инвестиции и давање на соодветни и квалитетни препораки за подобрување на процесите на јавни инвестиции.

Во рамките на овие проектни активности со Светска банка обезбеди поддршка во спроведувањето на двете пилот ревизии:

- "Јавни инвестиции за обезбедување капацитети и услови за детската заштита во детските градинки" и
- "Ефекти од јавни инвестиции за рамномерен регионален развој".

Спроведувањето на наведените пилот ревизии кои се составен дел од овој извештај претставуваа основа за практична имплементација на Упатството за ревизија на успешност на управувањето со јавните инвестиции како анекс на постојниот Прирачник за ревизија на успешност на ДЗР.

# 4.3.

## ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА

Во октомври 2024 година, Европската комисија ја одобри Реформската агенда на Северна Македонија, како дел од Планот за раст на ЕУ за Западен Балкан 2024–2027. Ова претставува значаен чекор во процесот на Европска интеграција и овозможува пристап до Фондот за реформи и раст на ЕУ. Во рамки на реформскиот процес, Државниот завод за ревизија е препознаен како независна, објективна и транспарентна институција и доби мандат да врши ревизија на Реформската агенда и повеќегодишната програма за работа според Инструментот за реформи и раст. Како Врховна ревизорска институција, ДЗР има клучна улога во ревизија на системот за спроведување, следење, известување и евалуација на Инструментот и на системот на внатрешна контрола при спроведувањето на Инструментот.

Државниот завод за ревизија активно соработува со сите државни органи во насока на спречување и намалување на корупцијата, во рамки на Протоколот за соработка за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси и учествува во реализацијата на Националната програма за усвојување на правото на Европската унија (НПАА) преку активностите предвидени во Поглавје 23 - Правосудство и фундаментални права, Подрачје – Антикорупциска политика и Поглавје 32- Финансиска контрола, Подрачје – Надворешна ревизија, како и во работата на други органи и тела за спречување на корупцијата. Државниот завод за ревизија е дел од семејството на другите државни органи кои го сочинуваат „Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата“. Ова тело има обврска да ги координира активностите на сите надлежни органи за борба против корупцијата, за јакнење на меѓусебната соработка и заемно известување, за размена на информации и податоци и за реализирање на препораките содржани во извештаите на ГРЕКО на Советот на Европа и други меѓународни организации.



# ИЗВРШЕНИ РЕВИЗИИ

05

Резултатите од ревизорските активности утврдени со Годишната програма за работа на ДЗР за 2024 година се содржини во подолу наведените графички прикази и тоа:

## РЕВИЗИИ НИЗ БРОЈКИ
ГОДИШНА ПРОГРАМА НА ДЗР ЗА 2024

| | | |
|---|---|---|
| **116** | **10** | **2** |
| Ревизорски извештаи за Ревизија на регуларност | Ревизорски извештаи за Ревизија на успешност | Ревизија на усогласеност како посебен вид на ревизија |
| **4** | **132** | **38** |
| ИТ ревизија | Ревизорски извештаи доставени до Собрание на Република Северна Македонија | Ревизорски извештаи доставени до Јавен обвинител на Република Северна Македонија |
| **24** | **1** | **239** |
| Ревизорски извештаи доставени до Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 85-б од Изборниот законик | Ревизорски извештаи доставени до Заменик на Претседателот на Владата задолжен за политики за добро владеење | Субјекти опфатени со ревизија |
| **1.240**[13] | **882** | **451.728** |
| Наоди и прашања во ревизорските извештаи | Препораки во ревизорските извештаи | Јавни приходи опфатени со ревизијата (во милиони) |
| **227.774** | **24** | **38** |
| Јавни расходи опфатени со ревизијата (во милиони) | Извршени проверки за утврдување на статусот на дадените препораки во конечните ревизорски извештаи (follow up) | Издадени извештаи за спроведените проверки за утврдување на статусот на дадените препораки во конечните ревизорски извештаи (follow up) |

[13] Во бројот на наоди и прашања во ревизорските извештаи се содржани и 11 останати прашања кои се повторуваат во конечните ревизорски извештаи за сите 17 учесници во изборната кампања за парламентарните избори во 2024 година, 12 останати прашања кои се повторуваат во конечните ревизорски извештаи за сите 7 учесници во изборната кампања за претседателските избори во 2024 година и 4 останати прашања кои се повторуваат во конечните ревизорски извештаи за сите 6 политички партии за сметките за редовно финансирање.

| Износ | Опис |
| --- | --- |
| 161.587 | Ревидирана актива/пасива од Билансот на состојба (во милиони) |
| 2.000 | Неплатени/ помалку уплатени/ јавни давачки/ надоместоци во Буџетот на државата (во милиони) |
| 942 | Побарувања од државата (во милиони) |
| 275 | Неплатени помалку уплатени надоместоци во Буџетот на ревидираните општини (во милиони) |
| 6.203 | Незаконско користење на средства (во милиони) |
| 1 | Повеќе пресметани придонеси ДДВ (во милиони) |
| 4.081 | Корективни книжења во Билансот на состојба (во милиони) |
| 8.609 | Утврдени состојби кои влијаат на дејноста на субјектот предмет на ревизија, неплатени обврски и капиталните инвестиции (во милиони) |
| 86 | Обврски по земен кредит (други државни органи) (во милиони) |
| 5.681 | Откажани/изгубени грантови (во милиони) |
| 8.860 | Одложување / застој на инвестициски грантови (во милиони) |
| 1.400 | Платени/ пресметани провизии за неповлечени средства од кредити/заеми (во милиони) |
| 2.769 | Застарени побарувања (во милиони) |
| 801 | Непреземени мерки за наплата (во милиони денари) |
| 13.763 | Неподмирени обврски кон добавувачи |
| 6.618 | Вредност на тужбеното барање на судски постапки во кој субјектот предмет на ревизија се јавува во улога на тужен и тужител (во милиони) |
| 197 | Износ на изгубени судски постапки (во милиони) |
| 12 | Износ на адвокатски, нотарски и трошоци за извршители (во милиони) |
| 1.240 | Финансиски ефекти од ревизијата/ уплатени средства во текот на ревизијата / намалени камати (во милиони) |
| 651 | Друга додадена вредност на ревизијата / ненавремено платени надоместоци (во милиони) |
| 14.763 | Вкупен износ на јавни набавки (во милиони) |
| 10.668 | Опфат на јавни набавки со ревизија (во милиони) |
| 2.059 | Вкупна вредност на јавните набавки кои се предмет на ревизија – реализација (во милиони денари) |
| 1.780 | Вкупен износ на утврдени неправилности кај јавните набавки (во милиони денари) |
| 1.427 | Вкупна вредност на склучените договори кај кои се утврдени неправилности (во милиони денари) |
| 470 | Вкупна реализација на склучените договори кај кои се утврдени неправилности (во милиони денари) |
| 16 | Извршени набавки за кои не е спроведена постапка за јавни набавки (во милиони) |

## РЕВИЗИИ НИЗ БРОЈКИ

**132** РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАИ

РЕВИЗОРСКИ МИСЛЕЊА РЕВИЗИЈА НА РЕГУЛАРНОСТ

**116** мислења за финансиските извештаи
- **43** без резерва
- **26** со резерва
- **39** неповолно мислење
- **8** воздржување од мислење

**111** мислења за усогласеност[14] со закони и прописи
- **33** без резерва
- **42** со резерва
- **30** неповолно мислење
- **6** воздржување од мислење

**ЗАКЛУЧОЦИ**
РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ/РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ
РЕВИЗИЈА НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРЕПОРАКИТЕ

- **2** заклучоци за ревизија на усогласеност
- **10** заклучоци за ревизија на успешност
- **4** заклучоци за ИТ ревизија

**1.240** НАОДИ И ПРАШАЊА ДЕТЕКТИРАНИ СО РЕВИЗИИТЕ

- ▲ **854** ревизија на регуларност
- ▲ **247** ревизија на успешност
- ▲ **70** ревизија на усогласеност
- ▲ **69** ИТ ревизии

**239** СУБЈЕКТИ ОПФАТЕНИ СО РЕВИЗИИТЕ

- ▲ **42** ревизија на регуларност
- ▲ **109** ревизија на успешност
- ▲ **2** ревизија на усогласеност
- ▲ **56** ИТ ревизија
- ▲ **30** политички партии и учесници во изборна кампања

**101** КОНСТАТИРАНИ СЛАБОСТИ ВО НАОДИТЕ КАЈ ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА ДОДЕЛЕНИ ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ
**14.762.907**
во 000 денари

РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ НАБАВКИ
**10.668.017**
во 000 денари

**1.779.860**
УТВРДЕНИ НЕПРАВИЛНОСТИ КАЈ ЈАВНИТЕ ЈАБАВКИ
во 000 денари

**16.202**
ИЗВРШЕНИ НАБАВКИ ЗА КОИ НЕ Е СПРОВЕДЕНА ПОСТАПКА ЗА ЈАВНА НАБАВКА
во 000 денари

- ▲ слабости во фазата на планирањето на јавните набавки
- ▲ неправилности при подготовка на тендерска документација
- ▲ слабости во фазата на реализација на договорите
- ▲ не спроведени постапки за јавни набавки
- ▲ неправилности при евалуација на понудите

[14] Бројот на мислења за усогласеност со закони и прописи е помал во однос на бројот на мислења за финансиските извештаи, со оглед на тоа што во конечните ревизорски извештаи за извршени ревизии на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за сметките на приходи на буџет на дотации (930) за 5 единици на локална самоуправа мислењето за усогласеност со закони и прописи по корисници се изразува во ревизорските извештаи при ревизија на соодветниот корисник на наменските дотации.

## ПРИХОДИ И РАСХОДИ

ВКУПНО 451.728 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ревидирани јавни приходи и 227.774 МИЛИОНИ ДЕНАРИ ревидирани јавни расходи со Годишната програма за работа на ДЗР за 2024 година.

Најголем удел во ревидираните приходи имаат Централниот буџет со 264.348 милиони денари (59%), Буџетите на фондовите со 149.216 милиони денари (33%) и Опфатените јавни приходи со Ревизиите на успешност со 23.355 милиони денари (5%).

Во структурата на ревидираните расходи, опфатени се расходи со ревизиите на регуларност, успешност и усогласеност при што најголем обем имаат расходите на Буџетите на фондовите со 145.363 милиони денари (64%), Централниот буџет со 59.574 милиони денари (26%), како и Опфатените јавни расходи со Ревизиите на успешност во износ од 8.302 милиони денари (4%).

Во споредба со Годишната програма за работа на ДЗР за 2023 година, остварено е значително зголемувањето на ревидираните јавни приходи во вкупен износ од 86.703 милиони денари (24%), а особено кај:

- централниот буџет за 61.174 милиони денари, односно 30% повеќе во однос на минатата година;
- буџетите на фондовите за 13.412 милиони денари, односно 10% повеќе во однос на минатата година;
- корисниците на средства од буџетот на ФЗО за 1.656 милиони денари, односно 96% повеќе од минатата година;
- политичките партии и учесници во изборни кампањи за претседателските и парламентарни избори во 2024 година за 1.257 милиони денари, кои се ревидирани за 68 пати повеќе од минатата година; и
- други јавни претпријатија, други институции финансирани од јавни средства и правни лица во кои државата е доминантен акционер за 3.170 милиони денари кои се ревидирани за 3 пати повеќе од минатата година.

Во споредба со Годишната програма за работа на ДЗР за 2023 година, забележителни се зголемувањата на ревидираните јавни расходи за следните видови субјекти и ревизии:

- централниот буџет за 43.955 милиони денари, кои се ревидирани за речиси 4 пати повеќе од минатата година;
- буџетите на фондовите за 15.734 милиони денари, односно 12% во однос на минатата година;
- корисниците на средства од буџетот на ФЗО за 1.640 милиони денари, односно речиси двојно повеќе од минатата година;
- политичките партии и учесниците во изборни кампањи за претседателските и парламентарни избори во 2024 година за 1.048 милиони денари, кои се ревидирани за 56 пати повеќе од минатата година; и
- други јавни претпријатија, други институции финансирани од јавни средства и правни лица во кои државата е доминантен акционер за 3.271 милиони денари, кои се ревидирани за 3 пати повеќе од минатата година.

## РЕВИДИРАНИ ЈАВНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ

ВКУПНО **451.728 МИЛИОНИ ДЕНАРИ** ревидирани јавни приходи и **227.774 МИЛИОНИ ДЕНАРИ** ревидирани јавни расходи со Годишната програма за работа на ДЗР за 2024 година



Опфатот на ревидираните расходи на Буџетот на РСМ за 2023 година изнесува 90%, што е за 6% повеќе во споредба со минатата година. Во структурата на ревидираните расходи, опфатени се расходи со ревизиите на регуларност во износ од 209.363 милиони денари односно 66%, расходи со ревизиите на успешност спроведени согласно Годишните програми за работа на ДЗР за 2023 и 2024 година во вкупен износ од 76.295 милиони денари односно 24% и расходи со ревизиите на усогласеност спроведени согласно Годишните програми за работа на ДЗР за 2023 и 2024 година во износ од 16 милиони денари.

**ОПФАТ НА БУЏЕТИТЕ ПРЕКУ РЕВИДИРАНИТЕ РАСХОДИ**

| Ревидирани расходи по видови буџети (во милиони денари) | Извршен буџет за 2023 | Ревидирано | Учество во % |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| **Расходи на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година**<br><br>(Завршна сметка на Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година „Сл.весник на Република Северна Македонија“, бр.169/2024) | **318.575** | **285.674** | **90** |
| **Буџети на Единици на локална самоуправа** | **42.000** | **3.760** | **9** |

# 2024

**882**
ВКУПНО ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ

▼ **397** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

▼ **485** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ НЕ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

▼ **182** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ **НО НЕ Е УТВРДЕН СТАТУСОТ**

**85%**
ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕПОРАКИ

**215**
ПРЕПОРАКИ СО УТВРДЕН СТАТУС

**182** ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ СЕ ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

**31** не се спроведени

**2** неприменливи

# 2023

**697** ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ

▼697 ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

▼151 ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ НО НЕ Е УТВРДЕН СТАТУСОТ

**70%** ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕПОРАКИ

**546** ПРЕПОРАКИ СО УТВРДЕН СТАТУС

382 ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ СЕ ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

153 не се спроведени

11 неприменливи

# 2022

**775** ДАДЕНИ ПРЕПОРАКИ

▼775 ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ

▼117 ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ Е ИЗМИНАТ РОКОТ ОД 90 ДЕНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПОВРАТНИ ИНФОРМАЦИИ НО НЕ Е УТВРДЕН СТАТУСОТ

**74%** ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРЕПОРАКИ

**658** ПРЕПОРАКИ СО УТВРДЕН СТАТУС

489 ПРЕПОРАКИ ЗА КОИ СЕ ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ

150 не се спроведени

19 неприменливи

# 5.1

## ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ ОД РЕВИЗИИТЕ

Со Годишната програма за работа на ДЗР за 2024 година се утврдени приоритетните активности во насока на остварување на целите и задачите за работа на ДЗР односно остварување на стратешките цели на институцијата.

Преземените активности за остварување на стратешките цели обезбедуваат соодветен опфат на ревидирани јавни средства, зголемување на знаењата и вештините на вработените, вршење на ревизија на успешност на различни програми и проекти кои се во функција на остварување на отчетноста и доброто управување, испитување на резултатите во однос на економичноста, ефикасноста и ефективноста на активностите на јавниот сектор, информирање на засегнатите страни и јавноста за утврдените состојби во конечните ревизорски извештаи и подобрување на квалитетот на услугите кои јавниот сектор има обврска да ги обезбеди за правните и физички лица. Клучните резултати од работењето на ДЗР за 2024 година се согледуваат во:

- поддршка на Собранието во исполнувањето на неговите надлежности преку идентификација и презентација на неправилностите, случаите на противзаконско работење и можни случаи на корупција и злоупотреба на функцијата;

- давање на јасни и ефективни препораки на државните и другите институции од јавниот сектор во унапредување на управувањето со јавните средства;

- давање придонес за зголемување на транспарентноста и отчетноста на користењето на јавните средства / средствата на даночните обврзници, а со тоа и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните на Република Северна Македонија преку испорака на услуги со почитување на принципите на сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспарентност, достапност и универзална услуга, заштита на корисниците и граѓаните;

- утврдување на состојби на даночна евазија, неплаќање на јавни давачки и надоместоци во Буџетот на Република Северна Македонија со што ДЗР обезбедува поврат на вложените средства од Буџетот на во ДЗР;

- ревизија на доделувањето на договорите за ЈН со посебен акцент на доделувањето на договорите за ЈН во услови на енергетска криза;

- давање насоки за начинот на планирање на капиталните инвестиции, обезбедувањето на потребните средства и следење на нивната реализација на централно и локално ниво (со посебен осврт на средства обезбедени од меѓународни кредитори), и утврдување на ефектите од наведените инвестиции;

- следење на сервисирањето на јавниот долг и давање придонес во начинот управување со јавните финансии.

во **000** ден.

| | |
|---|---|
| Ревидирана актива/пасива од Билансот на состојба | 161.587.443 |
| Неплатени/ помалку уплатени/ јавни давачки/ надоместоци во Буџетот на државата | 2.000.186 |
| Побарувања од државата | 942.206 |
| Неплатени помалку уплатени надоместоци во Буџетот на ревидираните општини | 275.059 |
| Незаконско користење на средства | 6.203.277 |
| Повеќе пресметани придонеси ДДВ | 1.135 |
| Корективни книжења во Билансот на состојба | 4.081.229 |
| Утврдени состојби кои влијаат на дејноста на субјектот предмет на ревизија, неплатени обврски и капиталните инвестиции | 8.608.961 |
| Обврски по земен кредит (други државни органи) | 86.093 |
| Откажани/изгубени грантови | 5.680.570 |
| Одложување / застој на инвестициски грантови | 8.859.690 |
| Платени/ пресметани провизии за неповлечени средства од кредити/заеми | 1.400.077 |
| Застарени побарувања | 2.769.475 |
| Непреземени мерки за наплата | 801.314 |
| Неподмирени обврски кон добавувачи | 13.762.539 |
| Вредност на тужбеното барање на судски постапки во кој субјектот предмет на ревизија се јавува во улога на тужен и тужител | 6.617.820 |
| Износ на изгубени судски постапки | 196.808 |
| Износ на адвокатски, нотарски и трошоци за извршители | 12.042 |
| Финансиски ефекти од ревизијата/ уплатени средства во текот на ревизијата / намалени камати | 1.240.228 |
| Друга додадена вредност на ревизијата / ненавремено платени надоместоци | 650.837 |
| Вкупен износ на јавни набавки | 14.762.907 |
| Опфат на јавни набавки со ревизија | 10.668.017 |
| Вкупна вредност на јавните набавки кои се предмет на ревизија – реализација | 2.058.771 |
| Вкупен износ на утврдени неправилности кај јавните набавки | 1.779.860 |
| Вкупна вредност на склучените договори кај кои се утврдени неправилности | 1.426.548 |
| Вкупна реализација на склучените договори кај кои се утврдени неправилности | 470.421 |
| Извршени набавки за кои не е спроведена постапка за јавни набавки | 16.202 |

# 5.2

## РЕВИЗИИ НА РЕГУЛАРНОСТ

(РЕВИЗИИ НА ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИИ НА УСОГЛАСЕНОСТ)

# 5.2.1

## БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### 5.2.1.1.

### ОСНОВЕН БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2023 ГОДИНА



Управувањето со јавните финансии претставува еден од врвните приоритети на државата со кое се овозможува финансиска сигурност и одржливост на јавните финансии. Имајќи го предвид економското, социјално и политичко значење на Буџетот на Република Северна Македонија, неговото планирање, подготвување, донесување и реализација претставува приоритетна обврска пред се на Министерството за финансии и има за цел одржување на макроекономската стабилност и стабилен национален економски развој, како и подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните на Република Северна Македонија.

Утврдивме дека при подготовка и донесување на Буџетот за 2023 година, пропишаните рокови за клучните активности и за донесување на основните плански документи се запазени, со незначителен период на доцнење при донесување на Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата во 2023 година.

Анализирајќи ја комплетноста на документацијата кај 26% од буџетските корисници врз основа на која ја искажуваат висината на потребните средства, утврдивме дека кај 20% од нив, и при подготовката на Основниот Буџет за 2023 година исто како и во претходни години, планирањето се врши врз основа на нецелосно доставена документација. Ова говори дека и понатаму постои потреба од континуирано зајакнување на активностите за комплетирање на буџетските барања од буџетските корисници со стратешки планови, заради усогласување со стратешките цели на Владата и унапредување на квалитетот на целокупниот процес на планирање на буџетот на државата.

Усвоениот Основен буџет за 2023 година изнесува 261.552.000 илјади денари и во однос на 2022 година е поголем за 33,4% и 52% поголем од максималните износи на одобрени средства/расходи.






Дополнително со две Одлуки за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите, Основниот Буџет за 2023 година е зголемен за 0,3% и изнесува 262.551.901 илјади денари. При тоа вкупните приходи и расходи и буџетскиот дефицит остануваат непроменети, а се менува само структурата на приходите и расходи по буџетски корисници.

Укажавме на потребата од зајакнување на постапката на усогласување на предлозите на буџетските барања помеѓу МФ и буџетските корисници, со цел минимизирање на ризикот планираните средства да не ги отсликуваат реалните потреби на буџетските корисници како и за потребата од информирање на Владата за причините за неусогласеност на бараните и одобрените средства на буџетските корисници.

Законот за судскиот буџет, Законот за јавното обвинителство како и Законот за рамномерен регионален развој се закони со кои поконкретно се уредува висината на средствата кои секоја година со Буџетот треба да бидат обезбедени за непречено работење на судската власт, јавното обвинителство и поттикнување на рамномерен регионален развој.

| | СПОРЕД ЗАКОН | ОБЕЗБЕДЕНИ СРЕДСТВА СО БУЏЕТ |
|---|---|---|
| СУДСКА ВЛАСТ | 0.8% од БДП | 0.3% од БДП |
| ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | НАЈМАЛКУ 0.4% ОД БУЏЕТОТ НА ДРЖАВАТА | 0.2% ОД СРЕДСТВАТА НА БУЏЕТОТ |
| РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ | НАЈМАЛКУ 1% ОД БДП | 0.09% ОД БДП |

Исто како и во претходни години, утврдивме дека и со Основниот буџет за 2023 година не се обезбедени законски утврдените средства за:







**Потпрограмата ОА** - Рамномерен регионален развој потребно е да се обезбедат најмалку 1% од БДП, и истите да се реализираат преку годишните програми предвидени во буџетите на Министерството за локална самоуправа и Биро за регионален развој. Констатиравме дека учеството на одобрените средства за поттикнување на рамномерен регионален развој преку оваа потпрограма во 2023 година изнесува 0,09% од БДП и исто е на ниво со 2022 година.

Со новиот Закон за буџети, од 01.01.2023 година воведени се нови фискални правила во однос на дефицитот и вкупниот долг на општата власт така што:

- **дефицитот на општата власт** за соодветната година, не смее да надмине ниво од 3% од номиналниот БДП,
- **вкупниот долг на општата власт** не смее да надмине ниво од 60% од номиналниот БДП и
- **гарантираниот јавен долг** не смее да надмине 15% од номиналниот БДП.

Буџетскиот дефицит на општата власт, според макроекономските индикатори објавени од страна на МФ за 2023 година изнесува 4,8% од БДП и е повисок во однос на 2022 година кога изнесуваше 4,4% од БДП и како резултат на економската криза е повисок од законски утврденото ниво со фискалните правила, како и од проектираниот процент во фискалните стратегии.




Извор: Министерство за финансии

**Вкупните приходи и приливи** во 2023 година се остварени во износ од 260.125.128 илјади денари, 29% повеќе во однос на 2022 година, што во најголем дел се должи на зголемувањето на домашното задолжување и задолжувањето во странство. Во графиконот подолу прикажана е структурата на Буџетот за 2023 и 2022 според видовите на приходи и приливи.

ВКУПНИ ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ ВО ОСНОВЕН БУЏЕТ ВО 2023 ГОДИНА

во **000** ден.

| ВИДОВИ ПРИХОДИ | 2023 | 2022 | 2023/2022 |
|---|---|---|---|
| Даночни приходи | 154.405.427 | 139.074.197 | 11% |
| Неданочни приходи | 6.780.481 | 7.975.217 | -15% |
| Капитални приходи | 2.060.314 | 2.219.926 | -7% |
| Трансфери и донации | 14.651.839 | 15.184.119 | -4% |
| Домашно задолжување | 36.156.026 | 14.680.857 | 146% |
| Задолжување во странство | 44.795.663 | 21.983.196 | 104% |
| Приходи од отплата на заеми | 1.275.378 | 906.379 | 41% |
| ВКУПНО: | 260.125.128 | 202.023.891 | 29% |




СТРУКТУРА НА БУЏЕТОТ СПОРЕД ПРИХОДИ И ПРИЛИВИ

Даночните приходи во 2023 година исто како и во 2022 година имаат најголемо учество во структурата на приходите на Основен буџет

Даночните приходи имаат учество од 59,36% во вкупните приходи на Основен буџет во 2023 година а поединечното учество на даноците по видови е прикажано во следната табела:




РЕАЛИЗАЦИЈА НА ДАНОЧНИ ПРИХОДИ

**Данокот за солидарност** како нов еднократен данок е воведен во септември 2023 година согласно Законот за данок за солидарност, како приходи во Буџетот реализиран е износ од 2.942.980 илјади денари. Целта на овој данок е, во услови на непредвидливи и неповолни економски околности, секој да учествува во намирувањето на јавните расходи во согласност со своите економски можности. Средствата од наплатените приходи се користат преку раздел Влада, потпрограма П1 – Мерки за справување со Ковид-19 кризата и други антикризни мерки за поддршка на граѓаните, институциите и стопанството, со цел надминување определени непредвидени состојби.

Дел од овие средства во износ од 962.913 илјади денари во ноември 2023 година со одлука на Влада, одобрени се на Железници на РСМ - Транспорт во државна сопственост за зголемување на основната главнина, а кои средства ЖРСМ -Транспорт ги има искористено за подмирување на обврски кон АД Електрани на Северна Македонија. Во Извештајот истакнавме дека согласно донесените Одлуки на Владата за постоење на кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија, рокот за постоење кризна состојба завршува на 30 април 2023 година.

Во февруари 2025 година Уставниот суд на РСМ донесе одлука со која го поништи Законот за солидарност, така што постои обврска уплатените средства по овој основ да им се вратат на фирмите кои беа обврзници по овој данок.

Вкупните приливи од **Задолжување во земјата и странство** во 2023 година учествуваат со 31% во вкупните приходи на Основниот буџет за 2023 година. Видно е зголемување на приливите како од домашното така и од надворешното задолжување во 2023 година. Зголемувањето на надворешното задолжување од 104% во однос на 2022 година се должи на прилив на средства од издадена еврообврзница на државата на меѓународниот пазар на капитал во 2023 година.




**Вкупните расходи и одливи на Основен буџет за 2023** во износ од 249.364.054 илјади денари се за 29,76% поголеми во однос на 2022 година.



Во рамки на одделните расходи и одливи, најзначајно зголемување во однос на 2022 година имаат расходите за отплата на главнина за 284,58%, капиталните расходи за 68,38%, тековни трансфери до Единиците на локална самоуправа за 17,52%, за социјалните бенефиции за 15,41% и за плати, наемнини и надоместоци за 14,38%, додека најголемо намалување од 78,72% е забележано кај расходите за резерви и недефинирани расходи и субвенции и трансфери за 16,53% во однос на 2022 година.

Учеството на одделните видови на расходи и други одливи во однос на вкупно извршените расходи и одливи во Основен буџет за 2023 година е прикажано во следниот графикон:




УЧЕСТВО НА ОДДЕЛНИТЕ ВИДОВИ НА РАСХОДИ И ОДЛИВИ ВО ВКУПНО ИЗВРШЕНИТЕ РАСХОДИ И ОДЛИВИ ВО ОСНОВЕН БУЏЕТ ЗА 2023 ГОДИНА

За покривање на дефицитот на пензискиот фонд од Основниот буџет исплатени се 16.515.500 илјади денари, односно 21% од вкупните средства на Фондот за исплата на пензии. Структурата на изворите на средства од каде **Фондот за ПИОСМ** ги обезбедува потребните износи за исплата на пензии и во 2023 година не бележи разлика во однос на 2022 година така што и понатаму постои потреба од финансиска поддршка на Фондот за ПИОСМ за исплата на пензиите во државата со средства од Буџетот.

## СТРУКТУРАТА НА ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВА ЗА ИСПЛАТА НА ПЕНЗИИ

| | Трансфери од Основен Буџет-законска обврска | Трансфери од Основен Буџет-дефицит | Средства на Фондот за ПИОСМ |
|---|---|---|---|
| 2021 | 21% | 29% | 51% |
| 2022 | 20% | 22% | 58% |
| 2023 | 19% | 21% | 60% |

Кон **ЕЛС како Тековни трансфери** во текот на 2023 година исплатени се дотации во износ од 27.458.466 илјади денари или 11% од вкупните расходи на Основниот буџет кои во однос на 2022 година бележат зголемување од 17,5%. Најголемо учество во трансферите имаат блок дотациите - 85%, дотациите од ДДВ - 13%, и наменските дотации- 2%. Утврдивме дека 11 општини заклучно до 04.04.2024 година постапиле согласно Законот за извршување на буџетот и извршиле поврат во Буџетот на 29.124 илјади денари неискористени средства, додека 28 општини не извршиле поврат на средства во износ од 28.059 илјади денари.

**Капиталните расходи** во Основниот буџет за 2023 година се реализирани во износ од 37.649.990 илјади денари, што претставува 15% од вкупните расходи на Основен буџет и во однос на 2022 година истите се зголемени за 68% и во континуитет се зголемуваат почнувајќи од 2019 година.






СТРУКТУРА НА КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ВО 2023 ГОДИНА

Најголемиот дел од овие расходи отпаѓа на **Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации,** а 94% од нив се реализирани преку разделот 13001 – Министерство за транспорт и врски.



## Капитални субвенции

Капитални субвенции за претпријатија и невладини организации
**15.146.647**
илјади денари

програма **2М** – Инвестиции преку патна инфраструктура

коридор **10Д** – делница на автопатот Прилеп – Битола

коридор **8** – Тетово – Гостивар – Букојчани и Проект за автопатот Требеништа – Струга – Кафасан

**94%**
реализирани од Министерство Транспорт и врски

РЕАЛИЗАЦИЈА НА КАПИТАЛНИ СУБВЕНЦИИ ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈА И НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО 2023 ГОДИНА

**Вложувања и нефинансиски средства:** во 2023 година за оваа намена реализирани се 9.143.879 илјади денари, 14% помалку во однос на 2022 година, од кои 55% од нив, односно 5.041.869 илјади денари се реализирани преку Владата.

**962.913 илјади денари**

за зголемување на основната главнина на ЖРСМ Транспорт во државна сопственост за подмирување на обврски по основ на судски порамнувања, правосилни и извршни пресуди и склучени спогодби кон АД Електрани на Северна Македонија




**3.874.700 илјади денари**

за АД Електрани на Северна Македонија за справување со кризната состојба во снабдувањето со електрична енергија

**РЕАЛИЗАЦИЈА НА ВЛОЖУВАЊА И НЕФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ВО 2023 ГОДИНА**

Укажавме дека е потребно основот за доделување на средствата од програмите и потпрограми на Владата да кореспондира со намените.

**Јавниот долг на 31.12.2023** година како збир на државниот долг и долгот на јавните претпријатија основани од државата или од општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, како и трговските друштва кои се во целосна или во доминантна сопственост на државата или на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје според податоците на МФ изнесува 8.476.800.000 евра додека на 31.12.2022 година е во износ од 7.702.900.000 евра, што укажува на зголемување во апсолутен износ од 773.900.000 евра односно од 10%. Состојбата на јавниот долг во однос на БДП на 31.12.2023 година изнесува 62,1% и е зголемен во однос на 2022 година за 5,07% кога истиот изнесуваше 59,1%. да кореспондира со намените.

**Државниот долг на 31.12.2023** година изнесува 7.256.2000.000 евра и наспроти состојбата на државниот долг минатата година кој беше во износ од 6.581.000.000 евра зголемен е во износ од 675.200.000 евра. Состојбата на државниот долг на 31.12.2023 година изнесува 53,1% од БДП и е зголемен во однос на 2022 година за 5,14% кога истиот изнесуваше 50,5% од БДП.




**СОСТОЈБА НА ДРЖАВНИОТ И ЈАВНИОТ ДОЛГ КАКО ПРОЦЕНТ ОД БДП ВО ПЕРИОД 2014-2023**

Јавен долг како % од БДП — Државен долг како % од БДП

Извор: Министерство за финансии

Утврдивме неповолни состојби во однос на Задолжувањето на субјектите од јавен сектор, динамика на реализација на проектите, искористеност на кредитите и заемите, платени и создадени трошоци од страна на државните органи, институции, АД и ЈП. Податоците доставени од страна на МФ за реализација на проектите кои се финансираат со средства од заеми, расходите кои се создаваат за реализацијата на истите, како и нивното влијание врз остварување на инвестиционите цели во идни периоди, упатуваат на неефикасно користење на средствата и генерирање на непредвидени трошоци:

## ПРЕГЛЕД НА ЗАДОЛЖУВАЊЕ СО ЗАЕМИ/ГРАНТОВИ, ВКУПНО ПОВЛЕЧЕНИ И НЕПОВЛЕЧЕНИ СРЕДСТВА И ТРОШОЦИ ЗА ПРОВИЗИЈА НА НЕПОВЛЕЧЕНИ СРЕДСТВА ЗА ТЕКОВНИ ПРОЕКТИ, ПО НАДЛЕЖНИ ИНСТИТУЦИИ, СО СОСТОЈБА **31.12.2023**

000 денари

| Надлежна институција за реализација на проектот | Вкупен износ на заеми / инвестициски грантови | Износ на повлечени средства | Износ на неповлечени средства | % на повлечени средства | % на неповлечени средства | Трошоци за провизија на неповлечени средства | Динамика на реализација, согласно периодот на задолжување со заем/грант |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| МФ | 3.068.601 | 277.049 | 2.791.551 | 9% | 91% | 8.266 | 2 проекти од 2021 и 2023 година со редовна динамика на реализација |
| МТВ | 8.498.609 | 4.171.167 | 4.327.442 | 49% | 51% | 36.588 | 2 проекти од 2019-2023 година со редовна динамика на реализација и 1 проект од 2019 година со бавна динамика на реализација |
| МЖСПП | 6.456.975 | 0 | 6.456.975 | 0% | 100% | 0 | 2 проекти од 2022 и 2023 година со бавна динамика на реализација |
| МЗ | 1.656.519 | 830.183 | 826.336 | 50% | 50% | 0 | 1 проект од 2015 година, кој бележи застој |
| МТСП | 2.613.538 | 1.406.994 | 1.206.544 | 54% | 46% | 21.719 | 2 проекти од 2018 и 2020 година со редовна динамика на реализација |
| МП УПРАВА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА САНКЦИИ | 2.828.770 | 1.291.395 | 1.537.375 | 46% | 54% | 0 | 1 проект од 2010 година, кој бележи застој |
| МЗШВ | 7.994.350 | 302.776 | 7.691.574 | 4% | 96% | 44.849 | 1 проект од 2019 година бележи застој и 1 проект од 2021/2022 година со редовна динамика |
| МОН | 4.875.635 | 2.689.050 | 2.186.585 | 55% | 45% | 15.801 | 3 проекти од 2011/2022 и 2021 година со редовна динамика на реализација и 1 проект од 2019 година со бавна динамика на реализација |
| АД РАЗВОЈНА БАНКА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | 9.224.250 | 3.964.091 | 5.260.59 | 43% | 57% | 0 | 1 проект од 2023 година, со редовна динамика на реализација |
| ЈПДП | 77.579.604 | 45.542.819 | 32.036.785 | 59% | 41% | 613.680 | 6 проекти од 2014-2022 година со бавна динамика на реализација и 1 проект од 2014/2019 година е во застој |
| ЈПЖРСМ | 46.684.472 | 5.014.016 | 41.670.456 | 11% | 89% | 459.227 | 2 проекти од 2012 и 2014/2018 година со бавна динамика на реализација и 1 проект од 2023 година со редовна динамика на реализација |
| АД ЕСМ | 8.571.552 | 1.302.939 | 7.268.612 | 15% | 85% | 65.226 | 4 проекти од 2015 - 2023 година со редовна динамика на реализација и 1 проект од 2018/2019 година со бавна динамика на реализација |
| АД МЕПСО | 4.550.630 | 2.602.641 | 1.947.989 | 57% | 43% | 131.295 | 2 проекти од 2013 и 2015/2016 година со бавна динамика на реализација |
| АД НОМАГАС | 2.559.668 | 0 | 2.559.668 | 0 | 100% | 0 | 1 проект од 2021 година со бавна динамика на реализација |
| М-НАВ АД | 600.806 | 129.227 | 471.579 | 22% | 78% | 3.426 | 1 проект од 2022 година со бавна динамика на реализација |
| ГРАД СКОПЈЕ | 4.304.650 | 0 | 4.304.650 | 0 | 100% | 0 | 1 проект од 2021 година, кој бележи застој |
| ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА Скопје | 12.039.754 | 922.425 | 11.117.329 | 8% | 92% | 0 | 1 проект од 2019/2023 година со бавна динамика на реализација |
| | **204.108.382** | **70.446.770** | **133.661.612** | | | **1.400.077** | |

Надлежна институција за реализација на проектот; Вкупен износ на заеми / инвестициски грантови; Износ на повлечени средства; Износ на неповлечени средства; % на повлечени средства; % на неповлечени средства; Трошоци за провизија на неповлечени средства

Најголем дел, односно 38% од износот на заемите и грантовите се реализираат преку ЈПДП за финансирање на седум проекти чија реализација е со забавена динамика, како и преку ЈПЖРСМ Инфраструктура надлежно за реализација на три проекти кои опфаќаат 23% од вкупниот износ на одобрени заеми и грантови, од кои два се со бавна динамика на реализација.

Законот за евиденција и пријавување на обврски предвидува, субјектите од јавниот сектор на месечна основа преку Електронски систем за пријавување и евиденција на обврските (ЕСПЕО) до МФ да ги пријавуваат обврските согласно нивната сметководствена евиденција, најдоцна до десетти во месецот, за претходниот месец. Заклучно со декември 2023 година, ревизијата констатира дека од вкупно 1.382 субјекти, во ЕСПЕО податоци имаат доставено 1.157 субјекти и тоа доспеани, а неплатени обврски во вкупен износ од 25.142.221 илјади денари, што е за 686.780 илјади денари или 2,66% помалку во однос на 2022 година. Најголемо учество во вкупните обврски имаат јавните претпријатија и трговските друштва во државна сопственост со 40,97%, општинските јавни претпријатија со 18,61%, како и јавните здравствени установи е со 14,99%.




СОСТОЈБА СО ПРИЈАВЕНИТЕ ДОСПЕАНИ, А НЕПЛАТЕНИ ОБВРСКИ ЗА ПЕРИОД ОД 2019 ДО 2023

## ФИНАНСИСКА НЕСТАБИЛНОСТ НА ЕЛС

Финансиска нестабилност на општината настанува доколку сметката на општината е блокирана подолго од шест месеци или доколку во период од шест месеци, континуирано секој месец, со состојба на крајот на месецот, вкупниот износ на неизмирени обврски над 60 дена, во 2023 година надминува 70% (60% од 01.01.2024 година) од реализираните приходи на Основниот буџет на општината во претходната година.

ЕЛЕКТРОНСКИ СИСТЕМ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА ОБВРСКИ ВО МФ
**31.12.2023**





**3.612.801**
илјади денари

Вкупен износ на пријавени обврски на ЕЛС

**5%**
82.562 илјади ден. камати

**21%**
341.309 илјади ден. камати



**74%**
1.205.004 илјади ден. основен долг

**1.628.875**
илјади денари

ненаплатени налози за извршување
**31.12.2023**

**13**
Општини со блокирани сметки

**68**
Општини со не блокирани сметки

СОСТОЈБА НА ПРИЈАВЕНИ ОБВРСКИ И НЕНАПЛАТЕНИ НАЛОЗИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ КАЈ ЕЛС

Иако податоците укажуваат на висок процент на задолженост на општините во услови кога реализацијата на приходите бележи тренд на намалување, до периодот на ревизијата не е прогласена финансиска нестабилност на ниту една општина, така што општините можат да генерираат нови обврски по разни основи и да започнуваат нови капитални проекти, што влијае на натамошно влошување на нивната ликвидност и на целокупната финансиска состојба, а со тоа и можност за дополнителна потреба од издвојување на средства од Буџетот како финансиска поддршка на истите и одлив на буџетски средства.

**Програмата за реформа на управувањето со јавни финансии 2022-2025 [1] година** е стратешки документ на Владата за развој на системот за управување со јавните финансии согласно реформите во јавните финансии започнати од 2018 чија цел е подобрување на фискалната рамка, зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии, зголемување на наплатата на приходите, подобрување на системот на јавни набавки и зајакнување на внатрешната и надворешната контрола преку зголемување на транспарентноста и отчетноста во работењето.

Имајќи во предвид дека новиот Закон за буџети кој стапи на сила од 27.02.2022 година со одложена примена од 01.01.2025 година, голем дел од активностите за обезбедување потребни предуслови за функционирање на одредени системи и тела започнуваат со стапување на сила на законот - 27.09.2022, а сите подзаконски акти треба да се донесат до 27.09.2024 година, во Извештајот обелоденивме за забавено темпо на одделни активности кои може да имаат влијание врз навремената имплементација на законот.



[1] во ноември 2024 година извршено е усогласување на Програмата за реформа на УЈФ со приоритетите на новата Програма на Владата 2024-2028 година така што Ревидираната Програма за реформа на УЈФ опфаќа период 2025-2028 година.

**5.2.1.2.**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ –

## ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА

Функции на државата е посебен раздел во Буџетот на Република Северна Македонија во рамки на Министерство за финансии, а исплатата на средства од овој раздел се уредува со Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за секоја календарска година. Овие средства се користат без одобрување на финансиски план, а во случај кога Владата одобрува средства од овој раздел во разделот на друг буџетски корисник, истите се одобруваат како финансиски план, односно право на трошење.

Средствата кои се обезбедуваат во рамките на овој раздел се користат за:

- навремено сервисирање на обврските, отплата на главнина и камата по основ на домашно и странско задолжување на државата;
- редовна исплата на оперативните трошоци на државата по претходно доставена документација за исплата;
- учество во капиталот на меѓународни финансиски институции;
- плаќање на ДДВ по основ на капитални инвестиции финансирани од донации, финансирање на проектите од поодделните компоненти од ИПА и
- покривање на штети од елементарни непогоди и финансирање на непредвидените расходи во текот на фискалната година.

Во делот на ревизорскиот извештај кој е посветен на нагласувања на прашања извршивме презентирање на повеќе состојби кои се однесуваат на начинот на користење на средствата и тоа:



Поради претрпени штети од елементарни непогоди – град, од постојаната резерва од Буџетот на 18 општини исплатени се средства во износ од 50.718 илјади денари по основ на повеќе одлуки на Владата. Иако општините биле должни во рок од 30 дена од денот на добивање на средствата до Владата и Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди да достават Извештај за реализација на одобрените средства, а не распределените средства да ги вратат во Буџетот, само три општини ги исполниле своите обврски. Поради не постапување на преостанатите 15 општини, Владата не располага со целосни информации за наменското користење на доделените средства и за висината на неискористени средства поради што укажавме на потребата одговорните лица од МФ и Владата за преземање мерки и активности за да општините ги доставуваат потребните известувања.

Во текот на 2023 година од средствата од раздел МФ – Функции на државата исплатени се 827.865 илјади денари врз основа на 28 одлуки на Влада кои одлуки не се објавени во Службен весник на Република Северна Македонија. Утврдивме дека ова не е во согласност со член 3 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во Службен весник на Република Северна Македонија поради што не е обезбедена транспарентност на институциите како еден од принципите на добро владеење и не овозможува достапност на информацијата за сите заинтересирани страни и пошироката јавност.

Заради остварување на целите за енергетска ефикасност и поддршка на политиките во областа на енергетиката, во октомври 2023 година основан е Фонд за енергетска ефикасност. Почетниот капитал на Фондот треба да биде обезбеден од државата - 10 милиони евра и 5 милиони евра - со средства од дел од заемот кај Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка од 2021 година. Иако во декември 2023 година за оваа намена од Функции на државата, во Фондот се уплатени средства во износ од 600.000 илјади денари истиот сеуште не е функционален од причина што Светска банка сеуште не ги има одобрено

условите на договорот што треба да се склучи помеѓу Министерството за финансии и Фондот бидејќи договорот е предмет на усогласување помеѓу договорните страни.

Во јануари 2023 година, од средствата на Функции на државата исплатени се 378.446 илјади денари врз основа на судски пресуди од 2022 година со кои тужените страни Република Северна Македонија и Општина Карпош се задолжуваат солидарно на тужителот да му ја исплатат платената купопродажна цена, надомест на штета настаната при купување градежно земјиште на територија на Општина Карпош. Иако пресудите упатуваат на солидарна исплата на утврдена штета, до денот на вршење на ревизијата, ниту една институција нема преземено активности за поврат на средствата во Буџетот, поради што укажавме на потребата од интензивирање на комуникацијата и координацијата меѓу Министерството за финансии, Државното правобранителство и Општина Карпош за преземање активности за поврат на средствата во Буџетот како и преземање правни мерки за поврат на средства во Буџетот и од Град Скопје.

Повторно ги истакнуваме состојбите кои иако се констатирани и со претходни ревизии и е укажано на потребата од нивно надминување, истите и понатаму се повторуваат а се однесуваат на:

- нецелосно прикажување на расходите во завршната сметка на разделот МФ - Функции на државата за 2023 година поради не прикажување на средствата за отплата на странскиот долг на Република Северна Македонија во износ од 38.890.521 илјади денари, а кои се искажани во Завршната сметка на Буџетот и

- неможноста на институциите да извршат поврат на средства од правни лица кои добиле средства од ИПА фондовите на Европската комисија, а за кои поради нерегуларности при нивно доделување утврдени од страна на ОЛАФ, РСМ е задолжена незаконски искористените средства да ги врати во фондовите на Европската Комисија. Во 2023 година на Европската комисија по овој основ се вратени 36.937 илјади денари односно 600.000 евра.

## 5.2.1.3.

### АГЕНЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОДЗЕМЕН ИМОТ

Агенцијата за управување со одземен имот управува со конфискуваниот имот и имотната корист и со трајно одземени предмети; со согласност на судот управува и со привремено одземен имот и имотна корист и привремено одземени предмети; ја спроведува постапката за извршување на конфискација на имот и имотна корист како принос од казниво дело; води регистар за привремено одземен имот, привремено одземени предмети, трајно одземените предмети и конфискуван имот; го чува и го складира одземениот имот; врши процена на одземениот имот; го дава во закуп конфискуваниот имот; води евиденција на целокупниот одземен имот; го продава одземениот имот и врши други надлежности согласно закон. За својата работа Агенцијата одговара пред Владата.

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Агенцијата за управување со одземен имот на Република Северна Македонија при што констатиравме повеќе неправилности кои имаат влијание на финансиските извештаи за извештајниот период како и усогласеноста на работењето со постојните законски, подзаконски и интерни акти, прикажани во инфографикот:



Дел од магацинските простории и плацовите, кои Агенцијата од 2009 година ги користи за сместување и чување на одземениот имот и после 14 години се користат без донесена одлука од Владата за пренесување на правото на користење

Утврдени слабости во спроведувањето на годишниот попис како и не усогласувања на сметководствената евиденција со состојбите утврдени со пописот.





Слабости во однос на пресметувањето и исплата на плати кон вработените, од причина што Агенцијата не располага со целосни и комплетни досиеја за вработените, Правилник за плати и други надоместоци за пресметката и исплатата на плати за помошно-технички лица и не приложена веродостојна и потврдена документација за исплата на прекувремена работа

Евидентирани се расходи во износ од 1.168 илјади денари без истите да бидат потврдени дека се во рамки на лимитите утврдени согласно интерните акти на Агенцијата и одлуките на Владата и без обезбедена комплетна документација.





Набавени се стоки во износ од 695 илјади денари за кои не се спроведени соодветни постапки согласно Законот за јавните набавки

Во однос на управувањето со одземениот имот, Агенцијата не постапува согласно начелата на законитост, економичност, ефикасност, транспарентност, постапување со внимание на добар домаќин, одговорност, стручност, професионалност и ажурност:

- подзаконските акти кои го уредуваат начинот на постапување и евидентирање со одземениот имот, не се објавени во Службен весник. Иако се објавени на веб страната, истите не содржат архивски број, датум на нивно донесување и потпис од претседателот на УО како потврда за нивната валидност;

- подзаконските акти со кои е пропишан начинот на вршење на прием на одземените предмети и начинот на водење евиденција на податоци за одземениот имот и предмети не се применуваат во целост;

- за одземените предмети за кои Агенцијата нема услови веднаш да ги преземе во своите магацини, не се води евиденција со податоци за видот на движниот имот и субјектот каде тие локациски се наоѓаат, ниту пак се врши попис на истите. Утврдивме дека заклучно со 31.12.2023 година во царинските испостави се наоѓаат 46, а во МВР 689 моторни возила без проценета вредност;

- воспоставената пракса на отстапување на конфискуваните предмети и моторни возила не овозможува рамноправност на институциите за користење на истите бидејќи Агенцијата не ги информира институциите од централната и локалната власт, како и формираните ЈП и АД од нивна страната за одземените предмети со кои располага;

магацинските простории не се заштитени со соодветни електро - технички средства и опрема (безбедносна ограда околу објектите, електронски системи, аларми, сензори за детектирање движење, камери за видеонадзор), со цел откривање и спречување противправни дејствија и активности;





складовите и магацинските простории не ги исполнуваат основните услови неопходни за заштита на посебните видови на стоки (лекови, запаливи предмети, текстил, мебел, обувки, храна, моторни возила) од пожар, влага, екстремни температурни промени, штетници и слично;

дел од магацините и плацовите имаат застарена и неупотреблива опрема (виљушкари) за управување со одземената стока и не располагаат со опрема неопходна за транспортирање на одземени моторни возила;

запленетите предмети не се распоредени според видот, по година на прием и датум на траење, разграничување на конечно од привремено одземени предмети;






Најголем дел од одземените моторните возила се чуваат на плацот во Миладиновци, но и во дворните места на останатите магацински складови подолго од 7-8 години.

Не се создадени соодветни услови за нивно чување поради што најголем дел од истите се обраснати со вегетација, не се во возна состојба и се оштетени како од надворешните временски услови, така и од кражби;

Голем дел од предметите и возилата се неупотребливи бидејќи се чуваат долг период поради долготрајност на судските постапки и не донесени конечни судски пресуди. Поради нивната неупотребливост и предметите кои имаат конечна судска пресуда не можат ниту да се продадат, ниту да се преотстапат на други органи.

Не постои транспарентност на постапката за продажба на недвижен имот, одземени предмети и конфискуван имот.

Приходите од продажба на одземени предмети и недвижен имот по правосилни судски одлуки или управни акти потребно е да се уплатуваат директно во Буџетот на Република Северна Македонија. Анализата на остварените приходи од продажба на одземен имот и уплатените средства во Буџетот на државата реализирани од Агенцијата во период од 2011 до 30 септември 2024 година упатуваат дека од остварените вкупни приходи во износ од 1.649.956 илјади денари, во Буџетот на државата уплатени се 1.204.816 илјади денари односно уплатени се помалку средства од 445.140 илјади денари. Состојбата на неискористени парични средства на депозитната сметка на Агенцијата на ден 31.12.2023 година изнесува 40.721 илјади денари, и истите не се уплатени во Буџетот на државата.




ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ И УПЛАТЕНИ СРЕДСТВА ВО БУЏЕТОТ НА РСМ

Во периодот од 2013 заклучно со 30.09.2024 година, од остварените приходи потрошени се вкупно 10.519 илјади денари по разни основи.

Намената на потрошените средства во износ од 4.771 илјади денари за 2023 година е прикажана во подолу наведениот графикон:




НАМЕНА НА ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА

Ваквиот начин на користењето на средствата од продажба на одземени предмети и недвижен имот по правосилни судски одлуки или управни акти не е во согласност со членовите 29 и 34 од Законот за буџети, бидејќи предизвикува поголеми расходи во однос на максималните износи на одобрени средства по буџетски корисници на централната власт што секоја година ги утврдува.

Во делот од извештајот за нагласување на прашања обелоденивме состојби поврзани со ресурсите со кои располага Агенцијата во однос на исполнувањето на надлежностите.

# 5.2.2.

## ПРАВОСУДСТВОТО И ВЛАДЕЕЊЕТО НА ПРАВОТО

### 5.2.2.1

### ДРЖАВНОТО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО

Државното правобранителство е државен орган кој презема мерки и правни средства заради правна заштита на имотните права и интереси на Република Северна Македонија и врши други работи утврдени со овој и друг Закон, а своите надлежности ги остварува врз основа на Уставот, Законот и ратификуваните меѓународни договори.

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Државниот правобранител за 2023 година, заедно со ревизија на усогласеност во кој утврдивме дека:

- постои неусогласеност на материјалната и финансиската евиденција во делот на набавната вредност и исправката на вредност на опремата,
- начинот на вршење на пописот не е во согласност со законската регулатива,
- несоодветно евидентирање на долгорочни средства чија набавна вредност е поголема од 300 евра во денарска противвредност,
- недефиниран начин на користење и располагање со недвижен имот и нерегулиран начин на подмирување на заеднички трошоци за греење.
- недвижниот имот во кој е сместено државното правобранителство за подрачје Тетово не е осигурен од пожари и други непогоди.

Утврдени се недоследности во процесот на спроведување на постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Со ревизијата утврдена е состојба која се однесува на остварување на приходи кои согласно Законот за Државното правобранителство се приход на Буџетот на Република Северна Македонија. Во сметководствената евиденција на ДПРСМ во 2023 година евидентирани се приходи во износ од 200 илјади денари по разни основи по кои ДПРСМ не располага со точни податоци за износот за трошоци за застапување кои треба да бидат приход на Буџетот на Република Северна Македонија.

Во Државното правобранителство не е назначен одговорен сметководител.

Утврдени се слабости во делот на внатрешните контроли, односно укажуваме дека не се назначени лица за вршење на ex- ante и ex-post финансиска контрола, не е обезбедено функционално одделение за внатрешна ревизија, како и дека не е обезбедена кадровска екипираност.



### 5.2.2.2

### СУДСТВО

Во текот на 2024 година извршена е ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2023 година, кај пет судови и тоа:

- **Основен Граѓански суд Скопје,**
- **Основен Кривичен суд Скопје,**
- **Основен суд Гостивар,**
- **Основен суд Прилеп и**
- **Апелационен суд Гостивар, при што се констатирани следните состојби:**

Во делот на евидентирање на имотот кај Основен Граѓански суд Скопје, има отсуство на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи за потврда на набавната вредност на зградата во која работи судот, како и недвижни ствари кои не се евидентирани во сметководствената евиденција на судот поради неизвршено примопредавање на истите.

Кај Основен кривичен суд постои отсуство на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи за потврда на правото на користење на старата зграда како и недвижни ствари кои не се евидентирани во сметководствената евиденција на Основен кривичен суд Скопје поради неизвршено примопредавање на истите.

Во Основен суд Гостивар на ревизијата не и беше презентирана документација со која ќе се потврди правото на сопственост или користење на недвижниот имот – објектот во кој работи судот, а во Апелационен суд Гостивар нема веродостојна сметководствена документација за потврда на правото на користење на деловните простории во кои работи судот.

Во ревидираните судови присутни се недоследности при спроведување на пописот на имотот и обврските, состојба која е актуелна со години и не овозможува усогласување на состојбата на средствата и обврските помеѓу сметководствената евиденција и фактичката состојба утврдена со пописот.

Во сите ревидирани судови со Правилникот за систематизација на работните места не е предвидено Одделение за внатрешна ревизија согласно критериумите за просечен годишен буџет/финансиски план во последните три години што не е во согласност со одредбите од член 30 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола [15]. Со член 17 од Законот за судски буџет [16] предвидено е дека внатрешна ревизија на извршувањето на финансиските планови во единките корисници врши внатрешен ревизор назначен од Судски буџетски совет. Со увид во работењето и документацијата утврдивме дека последните 5 години од нивна страна не е извршена внатрешна ревизија по ревидираните судови.

Истакнуваме дека овие состојби ќе се надминат со донесување на новиот Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор [17] каде е пропишано начинот на организација на внатрешната ревизија по кој треба да се воспостави истата и во судството. Имено, функционална единица за внатрешна ревизија задолжително се воспоставува кај матичните буџетски корисници, и истата врши ревизија и кај буџетски корисници доколку кај нив не е основана. Со член 32 од Законот е предвидено минималниот број вработени во единиците за внатрешна ревизија кај матичниот буџетски корисник и зависи од просечното извршување на буџетот/финансискиот план во последните три години, односно до 500 милиони денари: најмалку еден ревизор и раководител, од 500 милиони до 2 милијарди денари или најмалку 80 вработени со најмалку

[15] Закон за јавна внатрешна финансиска контрола Службен весник на Република Македонија бр.90/09, Законот за изменување и дополнување на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола, Службен весник на Република Македонија бр.188/13, 192/15 и Одлука на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.64/2016, Службен весник на Република Македонија бр.147/17

[16] Службен весник на република Македонија" бр. 60/03, 37/06, 103/08 и 145/10

[17] Службен весник бр. 255 од 17.12.2024 година

два ревизори и раководител и над 2 милијарди денари или најмалку 150 вработени со најмалку три ревизори и раководител.

Во делот на депозитната сметка освен во Основен граѓански суд Скопје и Апелационен Суд Гостивар утврдено дека не се преземени активности за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба на паричните средства и обврските по основ на судските депозити.

Во Основен граѓански суд Скопје, Основен суд Гостивар и Основе суд Прилеп депозитите се со утврдена старосна структура од минати години но не е утврден статусот на предметите по судските депозити завршени /незавршени, што влијае на преземање мерки за евентуално враќање на судскиот депозит или уплата на средствата во Буџетот на Република Северна Македонија.

**Во делот на за одземените парични средства и скапоцености и други одземени предмети утврдивме невоспоставена евиденција за одземените парични средства и не е спроведен попис на истите.**

Комисијата за преглед на севкупното работење не извршила целосен преглед на средствата за депозитите за 2023 година и не е спроведен надзор на севкупното финансиско и материјално работење.

Во делот на Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет нагласени се состојби кои се однесуваат на судските постапки во кои Судовите се јавуваат како тужена страна од вработени и тоа: по основ на погрешно пресметан минат труд и основица на плата, додатоци на плата и барање за бонус плата.

**Што се однесува на движењето на предметите во судовите[18] со увид во бројот на нерешени предмети од претходниот период, примени предмети, вкупно предмети во работа, решени предмети, нерешени предмети на крајот на периодот и разлика од нерешени предмети на почетокот и на крајот на 2023 година утврдивме дека судовите во 2023 година не успеале да го совладаат приливот на предмети и го зголемиле заостатокот на нерешени предмети.**

Министерството за правда во месец ноември 2020 година донело обрасци за оценување на судските службеници, но истите не се однесуваат и на судската полиција. Исто така поради неусогласеност на актите со Законот за судска служба, оценувањето на судскиот администратор од страна на Претседателот на Судот не се спроведува.

Во Основен кривичен суд Скопје, Основен суд Гостивар и Основен суд Прилеп обелоденета е состојбата дека Основните судови во Република Северна Македонија и Агенцијата за управување со одземен имот треба да спроведат конкретни активности за преземање на предметите одземени со правосилна одлука во прекршочна и кривична постапка.

Во извештаите истакната е состојбата со средствата кои се издвојуваат од Буџетот за 2023 година за финансирање на Судската власт не го достигнуваат законски утврдениот процент од 0.8% од бруто домашниот производ на Буџетот на Република Северна Македонија, односно одобрените средства во износ од 2.690.800 илјади денари претставуваат 0,3% од БДП.



[18] Службен весник на Република Северна Македонија бр.42/2020 година

# 5.2.3.

СООБРАЌАЈ, ТРАНСПОРТ И КОМУНИКАЦИИ

## 5.2.3.1

А.Д. ПОШТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Акционерското друштво за поштенски сообраќај „Пошта на Северна Македонија“ во државна сопственост – Скопје, за 2023 година.

**Со извршената ревизија утврдено е дека друштвото се наоѓа во неповолна финансиска положба почнувајќи од 2017 година, при што во континуитет остварува загуби од работењето, а најголема загуба во износ од 229.883 илјади денари или 3.726.000 евра е искажана во 2022 година.**




ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТ ОД РАБОТЕЊЕТО ВО ПЕРИОДОТ ОД 2013-2023

Друштвото се соочува со голема задолженост по основ на заеми, кредити и пресметани камати, кои не се сервисираат навремено, што дополнително ја влошува финансиска состојба и ја нарушуваа ликвидноста. Вкупните обврски за краткорочни кредити и заеми **на крајот на 2023 година изнесуваат 219.650 илјади денари,** а се однесуваат на земен краткорочен заем од МЕПСО – АД за пренос на електрична енергија во износ од 100.000 илјади денари и два краткорочни кредити од деловни банки во вкупен износ од 119.650 илјади денари. **За доспеаните, а неисплатени кредити во 2024 година, пресметана е договорна казнена камата од 24,45% или 6.670 илјади денари.** Врз основа на извршената анализа на квалитетот на услугите опфатени со универзалната услуга и периодот на достава на пратките меѓу другото констатирано е ненавремена достава на пратки. **Во 2023 година, 59,7% од пратките биле доставени во првиот ден, додека 30,5% биле доставени во период подолг од три дена.** Овие резултати укажуваат на отстапување од целите поставени од Светскиот поштенски сојуз, кој пропишува **минимален стандард од 75% и максималниот стандард од 88% за успешно и навремено доставени пратки.**

Во 2023 година, Агенцијата за пошти спровела истражување за задоволството на корисниците на поштенските услуги, со цел да се процени брзината и квалитетот на доставата, а резултатите се прикажани на следната слика:




Со Годишниот план за јавните набавки во 2023 година, друштвото планирало да набави машина за сортирање на поштенски пратки со проценета вредност од 30.000 илјади денари со која би се овозможило побрзо и флексибилно сортирање на поштата, подобрувајќи го целокупниот процес на услугата од почеток до крај, но истата не е спроведена.

Исто така, со извршената ревизија утврдено е дека недостасуваат точни и усогласени евиденции за земјиштето и градежните објекти на АД Пошта на Северна Македонија, што влијае на квалитетот на податоците искажани во трговските книги. Дел од објектите, како и две одморалишта во Охрид со вкупна набавна вредност од 6.375 илјади денари (сегашна вредност 2.782 илјади денари), се во лоша состојба и потребна им е санација, а за едно од одморалиштата утврдено е бесправно користење.

Процесот за поделба на имотот меѓу АД Пошта на Северна Македонија и Македонски Телеком, започнат во 1996 година се уште не е завршен, а од 2017 година истиот е запрен и до денот на ревизијата не се дадени насоки за понатамошно постапување со заедничкиот имот на двете друштва.




Законот за поштенските услуги пропишува давателите на поштенските услуги да плаќаат **годишен надоместок на Агенцијата за пошти.** Поради финансиски тешкотии, друштвото ненавремено го подмирил надоместокот за 2023 година во износ од **23.461 илјади денари**, поради што платило камата во износ од 1.990 илјади денари. Сите обврски кон Агенцијата за пошти биле подмирени во април 2024 година. Давателите на поштенски услуги, надоместокот го уплаќаат на посебна сметка - **Компензациски фонд за финансирање на универзална услуга** со која управува Агенцијата за пошти. Во случај кога трошоците се повисоки од приходот остварен од обезбедувањето на универзалната услуга во претходната година, АД Пошта на Северна Македонија има право на надоместок од Компензацискиот фонд, но за да го оствари ова право мора да води **посебно сметководство за универзалната услуга**, за резервираните услуги, како и за другите поштенски услуги што ги обезбедува. Утврдено е дека посебно сметководство не е воспоставено поради што до сега не е поднесено барање до Агенцијата за остварување на правото за надоместок на нето трошоците.

Во делот на јавните набавки утврдено е дека АД Пошта на Северна Македонија **без спроведена постапка за јавна набавка** има преземено обврски за набавка на стоки и услуги, во вкупен износ од 3.702 илјади денари или приближно 60.000 евра, што претставува надминување за 36.000 евра над законски дозволениот вредносен праг од 24.000 илјади евра во денарска противвредност.

Во постапките за доделување на рамковна спогодба со еден економски оператор за набавка на услуги за осигурување на имот со отворена постапка во 2022 и 2023 година, склучени се две рамковни спогодби, со вкупна реализација во износ од 28.169 илјади денари (од кои 16.207 илјади денари во 2023 година). Со извршениот увид во начинот на спроведување на постапките утврдено е дека не е искористена можноста дадена со Законот за јавните набавки за оформување на јавната набавка во делови, што влијае на конкуренција и рационалното користење на јавните средства. Покрај тоа, утврдено е ненавремено плаќање на премиите (еден месец пред истекот на важноста на полисата премијата не е подмирена), што ја загрозува сигурноста на материјалните и паричните средства, а дополнително може да доведе до зголемување на премиите во идниот период поради влошениот рејтинг на друштвото.

Со извршената ревизија утврдени се чести измени на актот на систематизација, особено во однос на бројот на извршители, работното искуство, степенот на образование и видот на стручна подготовка. Постојат неправилности во пополнувањето на работните места и евиденцијата на работното време, како и во пресметката на додатоци, надоместоци и награди за дел од вработените. Исто така друштвото има склучено договори со 276 пошторазнесувачи, но дел од нив, наместо за договорените услуги, ангажирани се за извршување на други административни задачи.

Во септември 2023 година и покрај континуираниот негативен финансиски резултат, друштвото извршило зголемување на месечната нето плата на директорите на сектори, заменик генералниот и генералниот директор за 42% до 58% соодветно, што не е во согласност со Законот за трговски друштва. Според Законот "во случај на намалена добивка или значително влошена финансиска состојба на друштвото, надоместокот на плата и другите бенефиции, предвидени во менаџерскиот договор може да се намалат".

Ревизорите укажуваат на потребата од поголема меѓуинституционална соработка за обнова на руинираните делови од зградата во која се наоѓа Дирекцијата на АД Пошта на Северна Македонија. Во 2013 година, зградата беше опожарена, при што „Шалтер салата“ и други делови беа сериозно оштетени. Дел од просториите се обновени и прилагодени за работа, но околу 40% од објектот се уште не е реставрирано и останува со различен степен на оштетеност. „Шалтер салата“ и дел од зградата, која има големо културно и национално значење, се напуштени и неупотребливи. Во 2021 година, зградата беше ставена на листата на седум најзагрозени споменици во Европа. Иако имало неколку иницијативи за реставрација, тие не биле реализирани.



Објектот во периодот кога се случил пожарот не бил осигурен. Уништувањето на куполата над Шалтерската сала, овозможило централниот дел на зградата во последните 10 години континуирано да е изложен на неповолни надворешни временски влијанија, со што состојбата во овој дел од објектот постојано се влошува.

Со пожарот претрпена е голема штета на објектот и опремата, при што најмногу биле уништени покривот на зградата и ѕидните фрески/мурали.



Министерството за транспорт не подготвило Стратегија за развој на поштенските услуги, која треба да биде усвоена од Собранието на Република Северна Македонија, поради што не е овозможено да се утврдат приоритетите, целите и политиките за развој на поштенските услуги и соодветно да се насочат активностите на годишно и повеќегодишно ниво.

Во 2021 година, од страна на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, склучен е договор за спроведување на длабинско снимање на работењето на АД Пошта на Северна Македонија и изготвување на физибилити студија, за што биле исплатени 795.000 евра во денарска противвредност. Целта на студијата била да се определат можностите за реструктурирање и рехабилитација на друштвото. Иако АД Пошта на Северна Македонија располага со направената студија, истата не се применува. Со извршената ревизија на финансиските извештаи за 2021 година, заедно со ревизија на усогласеност кај Влада на Република Северна Македонија за 2021 година Овластениот државен ревизор обелодени дека наведениот договор бил склучен без спроведена постапка за набавка согласно Законот за јавните набавки. За наведениот договор во текот на 2022 година поведена е истражна постапка пред Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

**Со извршената ревизија констатирани се и други состојби, неправилности и неусогласености од различна природа, кои влијаат на работењето на друштвото.**

## 5.2.3.2.

ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2023 година кај Јавното сообраќајно претпријатие Скопје, при што утврдивме повеќе состојби и тоа како што следува:

ЈСП „СКОПЈЕ“ почитувајќи ја законска обврска за бесплатен градски јавен превоз за редовните студенти на државните универзитети и покрај тоа што Владата нема донесено одлуки за одобрување на средства од буџетот на МОН, наменети за покривање на дел од трошоците за бесплатниот градски превоз на редовните студенти на државните универзитети, за учебната 2022/2023 и 2023/2024 година и во буџетот на МОН за 2022 и 2023 година, истото ја извршува услугата без надомест. По тој основ, евидентирани се приходи кои поради неизвесност на нивната наплата создаваат нереален финансиски резултат/ добивка во износ од 31.805 илјади денари, кој е предмет на оданочување.

ЈСП „СКОПЈЕ“ не врши навремена исплата на надоместокот за извршениот превоз на линиските превозници и заклучно со 31.12.2023 година има неподмирени обврски во вкупен износ од 93.254 илјади денари, поради што приватните правни субјекти (превозниците) работат со намален обем, односно не обезбедуваат превоз на линија во договорениот обем и не го задоволуваат капацитетот на доверената линија најмалку 80% во текот на календарскиот месец.

Поради ненавремено плаќање на фактурите по секоја сукцесивна испорака на нафтени деривати/ гориво, склучена е спогодба за плаќање на долгот на рати, која е штетна, поради предвидено пресметување на договорена казнена камата 50 % повисока од стапката на законската казнена камата, без да биде предвидена таква одредба во договорот за јавна набавка. Во текот на ревизијата, по барање на ЈСП „СКОПЈЕ“, од страна на доверителот доставено е одобрение за намалување на пресметаната камата во висина од 50% или 12.583 илјади денари.

Иако, економскиот оператор по договорот вреден 142.466 илјади денари, односно 2,3 милиони евра, кој заклучно со 31.01.2024 година е целосно реализиран, а се однесува за обезбедување на комуникациска инфраструктура и E-Cloud платформа на системот за контрола и управување на јавниот градски транспорт, не ги исполнил во целост обврските кои се однесуваат на постојано 24/7 следење на автоматската локација на возилата и непречено функционирање на апликацијата за паметни телефони компатибилна со Apple

iOS, ЈСП „СКОПЈЕ", нема преземено активности за пресметување на оштета и наплата на договорена казна.

Поради утврдени слабости во изградбата на објектот „Милениумски крст" на Водно, и по десет години, не се преземени активности за технички прием и негово пуштање во употреба, иако истиот подолго време се користи.

Исто така, евидентирана е вредност на земјиште (165.767 илјади денари), која е помала од проценетата пазарна вредност од овластен проценител (773.800 илјади денари) за 608.033 илјади денари и евидентирани се градежни објекти за кои не е обезбедено правото на сопственост. Пописот на средствата и обврските не е во целост спроведен и извршен е отпис на обврски од 2.788 илјади денари без Одлука на УО.

Начинот на пресметка и исплата на плата не се усогласени со важечките законски прописи и тоа во однос на: вработените кои имаат статус на административни службеници и на вршителот на должност директор и додатокот на плата за работен стаж, а дел од вработените не ги исполнуваат условите за вид на образование за работното место на кое се распоредени.

**Поради необезбедена согласност на Годишните планови за вработување од страна на Советот на Град Скопје, јавното претпријатие во 2023 година има ангажирано 221 лице, даватели на услуги/возачи и евидентирано расходи во износ од 81.805 илјади денари, што укажува на непостојаност на човечките ресурси кој треба да ги извршува редовните работни задачи во претпријатието.**




Ревизијата утврди отсуство на транспарентност во постапките при давање во закуп на недвижните ствари, односно договорите за изнајмување се склучени без: обезбедена согласност од страна на Советот на Град Скопје, спроведена постапка за електронско јавно наддавање, објавен јавен повик, формирана комисија и извршена проценка за утврдување на почетната цена за јавно наддавање.

Иако финансиските показателите на ЈСП Турс „СКОПЈЕ", укажуваат на постоење на материјална неизвесност за способноста на друштвото да продолжи со рентабилно работење, ЈСП „СКОПЈЕ" како негов основач, во континуитет преку позајмици ги покрива редовните трошоци од неговото работење, но истите не се вратени, при што на крајот на 2023 година, ЈСП „СКОПЈЕ" по овој основ има искажано побарувања од 21.731 илјади денари.

ТРОШОЦИ ПО КМ во однос на ПРИХОДИ ПО КМ




Иако просечната старост на возниот парк на 31.12.2023 година изнесува 12,05 години, во 2022 и 2023 година, не е инвестирано во подобрување на возниот парк што претставува основа за дејноста на претпријатието и давање квалитетни услуги за граѓаните.

Субвенционирањето од страна на основачот - Град Скопје во вкупен износ од 673.870 илјади денари, односно 11 милиони евра, не е доволно ЈСП„СКОПЈЕ“ да ги постигне стратешките цели за одржлив урбан транспортен систем и развој на јавниот градски превоз во Скопје.

Ревизијата истакнува дека се потребни активности насочени кон отстранување на тешкотиите и проблемите кои подолг период се присутни во работењето на претпријатието, кон обезбедување на континуитет во функционирање на дејноста, подобрување на квалитетот и ефикасноста во извршувањето на јавниот превоз, подигање на еколошките стандарди, односно кон остварување на мисијата на претпријатието, обезбедување на квалитетни, навремени, сигурни и во континуитет услуги на граѓаните.

# 5.2.4

## КВАЛИТЕТ НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ И ПРИБИРАЊЕ, ТРОШЕЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ СРЕДСТВА И РЕСУРСИ

### 5.2.4.1.

### ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Согласно Годишната програма за работа за 2024 година Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Централен регистар на Република Северна Македонија, за 2023 година.

Со извршената ревизија утврдена е несоодветно воспоставена сметководствена евиденција на дел од градежните објекти со набавна вредност од 186.635 илјади денари, кои на Централен регистар, му се доделени со извршената трансформација на поранешниот Завод за платен промет. Причина за оваа состојба е несоодветниот третман на градежните објекти како државна поддршка, што влијае на искажаните податоци во финансиските извештаи.

Несоодветно евидентирање е утврдено и кај завршените вложувања во изградба и реконструкција на градежни објекти во износ од 15.185 илјади денари, за кои не се преземени активности за ставање во употреба иако Централен регистар објектите ги има во владение и располага со имотен лист.



Мебел кој не е ставен во употреба

Иако се изминати пет години откако е набавен мебел со вредност од 1.360 илјади денари, истиот не е ставен во употреба, поради што постои ризик да се оштети и да изгуби од својот квалитет.

Во 2023 година, во деловните книги на Централен регистар не е евидентирано земјиштето на кое е изграден административниот објект Палата „Лазар Поп Трајков“ и кое со Одлука на Владата во 2013 година е доделено на трајно користење на шесте државни институции. За ова земјиште, по завршување на ревизијата, законскиот застапник презел активности за негово воведување во евиденцијата на Централен регистар.

Извршена е продажба на патнички моторни возила без да се обезбеди согласност од Владата, со примена на интерен Правилник, кој не е усогласен со постапка за отуѓување предвидена во Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост.

Централниот регистар во 2023 година има остварено приходи во вкупен износ од 367.738 илјади денари по основ на извршени услуги за упис, внесување, обработување, складирање, чување, користење и дистрибуирање на податоци. За извршените услуги од делокругот на својата работа Централниот регистар наплаќа соодветен надоместок кој е утврден со Тарифа донесена од Управниот одбор, по добиена согласност од Владата. Со извршената ревизија е утврдено дека податоците за бројот и видот на извршени услуги добиени од надлежниот сектор во Централен регистар не соодветствуваат со искажаните приходи во сметководствената евиденција, поради што не е можно да се потврди веродостојноста, точноста и целосноста на искажаните приходи. За наведената состојба, констатирани се повеќе причини и тоа: недостаток на софтверско решение кое ги поврзува извршените услуги со

висината на наплатениот надоместок, отсуство на контроли при остварувањето и евидентирањето на приходите, како и воспоставениот начин на вршење на услугата со примена на попусти и давање бесплатни услуги во одредени случаи.

Со извршената ревизија утврдено е дека постои несервисирана обврска за долгорочен стоков кредит во износ од 86.093 илјади денари, која произлегува од договор склучен со Министерството за економија во 2007 година, а се однесува на користење на дел од средства одобрени од Меѓународната банка за обнова и развој, во рамки на Проектот за реформа на деловното опкружување и институционално зајакнување. Овој кредит требало да биде отплатен заклучно со октомври 2021 година. По насоки од Владата, во 2020 година формирана била работна група за утврдување на статусот и третманот на обврската, но сѐ уште не е донесен конкретен заклучок за постапување.

Утврдени се неусогласености за одредбите од Законот за Централен регистар и Законот за административни службеници во делот на пресметка на платите на вработените административни службеници, како и неправилности во спроведувањето на постапките за вработување на административни службеници. Иако е остварен негативен финансиски резултат од работењето, во текот на 2023 година два пати е извршено зголемување на платите на вработените за вкупно 22%.

Постојат законски недоречености во однос на дефинирање на статусот на Централен регистар на Република Северна Македонија, определување на вредност на основна главнина, прецизно назначување на носител на право на сопственост (основач) и начинот на финансиското известување, кои влијаат врз начинот на вршење на дејноста.

Во извештајот е истакнато дека три од воспоставените регистри и тоа: регистар на задолжници, фидуцијарен регистар и регистар за продажба на подвижни ствари со задржување на право на сопственост не функционираат во пракса и од истите не се остваруваат приходи и покрај тоа што има создадени технички можности и услови за нивно користење.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Трговски регистар и регистар на други правни лица | Регистар на годишни сметки | Заложен регистар | Регистар за лизинг | Регистар на казни за сторени кривични дела на правни лица | Регистар на физички и правни лица на кои им е изречена санкција забрана за вршење професионална дејност или должност и прив. забрана за вршење одделна дејност | Регистар на права врз недвижности |
| Регистар на вистински сопственици | Регистар за директни инвестиции | Регистар на вложување во недвижности | Регистар на задолжници | Регистар на продажба со задржување на право на сопственост | Фидуцијарен регистар | Адресен регистар |

ПРЕГЛЕД НА ВОСПОСТАВЕНИ РЕГИСТРИ

Како причина за нефункционирањето на овие регистри се наведува непримерувањето на задолжница/договори за обезбедување на побарувања во должничко доверителските односи во пракса.

Со извршената ревизија констатирани се и низа други состојби, неправилности и неусогласености од различна природа кои се однесуваат на: нецелосно извршен попис на средствата и обврските, несоодветно пресметување на амортизација на средствата, не преземени активности за законско отуѓување на расходуваните средства, иако истите се отстранети од сметководствената евиденција, не е воспоставено следење на имплементацијата на проектите согласно донесената Стратегија за развој 2023 – 2027 година.

## 5.2.4.2.

## БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Министерство за финансии
Биро за јавни набавки

Извршивме ревизија на финансиските извештаи на Министерство за финансии – Биро за јавни набавки на сметките на основен буџет 603 и 631 за 2023 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија ги утврдивме следниве состојби:

- нематеријалните и материјалните средства во финансискиот извештај Биланс на состојба на ден 31.12.2023 година не се реално и објективно прикажани;
- пописот на средствата, побарувањата и обврските не е спроведен во законски утврдените рокови, не е целосен и не е изготвен извештај поради што не е извршено усогласување на сметководствена вредност со фактичката состојба утврдена со пописот;
- побарувањата и краткорочните обврски кон добавувачи не се целосно прикажани во финансиските извештаи;
- не се преземени мерки и активности за наплата на побарувањата кои според старосната структура потекнуваат од минати години;
- дизајнираниот систем на внатрешни контроли не може да спречи ризици од евидентирање на неточни и некомплетни трансакции.

Во делот на Нагласување на прашања известуваме за спроведени јавни набавки за превентивно одржување и адаптивно одржување/надградба на системите спроведени како неделиви набавки.

Утврдивме недоречености во Законот за јавни набавки и истите ги истакнавме во делот на Останати прашања. Со измените во Законот за јавни набавки од јануари 2025 година четири од утврдените слабости се надминати, додека две остануваат да се надминат во идниот период.



# 5.2.5.

## ОБРАЗОВАНИЕ

### 5.2.5.1.

### МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за образование и наука на сметката на основен буџет, сметките за средства од буџет на заеми од Светска банка[19] и Банката за Развој при Советот на Европа[20], како и на сметката за буџет на донации[21], за 2023 година.

Утврдени се состојби, неправилности и неусогласености кои влијаат на издаденото мислење на овластениот државен ревизор за реалноста и објективноста на финансиските извештаи на сметката на основен буџет, како и усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставените политики и тоа:

- по основ на доделени студентски кредити за студенти запишани на додипломски студии во јавните и приватните универзитети и високообразовни установи во периодот 1998 - 2010 година евидентирани како Долгорочните кредити и позајмици дадени во земјата, во износ од 1.106.023 илјади денари не биле преземени мерки за нивна наплата како и за отпис по основ на нивна застареност;
- почетните состојби на позициите од Билансот на состојба не се усогласени со заклучните состојби на крајот на претходната фискална година;
- обврските спрема добавувачите не се презентирани хронолошки, односно не го одразуваат точно временскиот редослед на нивното настанување;
- пописот на средствата, побарувањата и обврските е нецелосно спроведен и не е извршено усогласување на сметководствената состојба со фактичката состојба.

Програмите за изградба и реконструкција на основни и средни училишта за 2023 година се реализираат без утврдени цели, приоритети и индикатори на успешност, како и без да биде уреден начинот и постапката за распределба на средствата и критериумите за избор на проекти за изградба и реконструкција на училишни објекти. Обезбедените буџетски средства за финансирање на градежни активности за изградба и реконструкција на основни и средни училишта и нивната реализација се презентирани како што следува:



[19] Проект за унапредување на основното образование.
[20] Проект за изградба и опремување на 145 училишни сали и рехабилитација на основни и средни училишта.
[21] Средства од Европската Комисија - Програма на Европска Унија Хоризонт Европа.

## ОДОБРЕН БУЏЕТ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА ЗА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ОСНОВНИ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА ВО 2023 ГОДИНА.

во **000** денари

| Назив на потпрограма | Одобрен буџет | Буџет со ребаланс/ пренамени | Реализација на буџет | % на реализација |
|---|---|---|---|---|
| Изградба на основни училишта | 91.675 | 475.675 | 466.859 | 98% |
| Реконструкција на основни училишта | 241.920 | 142.482 | 110.060 | 77% |
| Изградба на средни училишта | 432 | 432 | 0 | 0% |
| Реконструкција на средни училишта | 74.742 | 60.098 | 40.643 | 68% |
| **Вкупно** | 408.769 | 678.687 | 617.562 | |

Државниот студентски дом „Тетово" во Тетово изграден со буџетски средства во вкупен износ од 212.407 илјади денари и истиот е пуштен во употреба без извршен технички преглед на градбата и без одобрение за употреба на објектот, а набавената опрема за кујната во домот поради не изведената вентилација, не е ставена во употреба.



Студентски дом „Тетово", Тетово

По основ на стипендии за студенти кои студираат на еден од првите 100 универзитети во странство во 2023 година исплатени се средства во износ од 179.852 илјади денари. Утврдивме дека не е воспоставен систем за ангажирање на овие лица во земјата по завршувањето на студиите со што не е обезбедено ефикасно користење на исплатените средства за оваа намена. Како резултат на курсни разлики во 2023 година исплатен е поголем износ на име уписнина отколку договорениот за износ од 3.801 илјади денари за 66 студенти кои се јавуваат поради тоа што пресметката и исплатата на уписнината не се врши согласно одредбите од склучените договори помеѓу МОН и студентите - по среден курс на денот на објавување на конкурсот туку по курсот на денот на исплата. Во 2025 година започнати се активности за надминување на утврдените состојби.

Утврдивме слабости во спроведувањето на постапките и реализацијата на договорите за јавни набавки за капитални инвестиции на студентски дом, средно и основни училишта кои се реализирани преку сметката на основен буџет и сметката за средства од буџет на заеми - Проект за изградба и опремување на 145 училишни сали и рехабилитација на основни и средни училишта.

Кај набавките за превод, стручна редакција, графичко и техничко уредување на учебници за основно и средно образование за учебните 2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025 години, утврдено е дека учебниците на македонски јазик, откако еднаш биле графички и технички уредени, по преводот на четирите јазици повторно се уредуваат, при што цената по страница за оваа услуга е повисока од онаа за превод, лектура и редакција. Иако ракописите/учебниците кои МОН ги доставува на економскиот оператор на стручна редакција, графичко и техничко уредување веќе биле уредени од авторите (особено кај учебниците за основно образование), операторот наплатува по број на страници според договорената цена од јавната набавка, наместо само за реално уредените страници, што води до несоодветно користење на буџетски средства. Ваквата пракса се применува со години, бидејќи МОН делува како издавач иако нема регистрирана издавачка дејност. Со новиот Закон за учебници во основно и средно образование, донесен во јануари 2025 година, се преземени мерки за надминување на овие состојби.

За набавките во делот на консултантски услуги во рамките на сметката за средства од буџет на заеми – Проект за унапредување на основното образование кои се спроведуваат по правила на Светска банка, во услови на недостиг на мерила и конкурентни финансиски понуди ревизијата не беше во можност да се увери во висината на надоместоците на консултантите и дали извршените услуги обезбедуваат целосна вредност за парите.

Во делот на нагласување на прашања ги обелоденивме следните состојби:

- распределбата на блок дотациите за основно и средно образование се врши во услови на отсуството на реални критериуми со што се доведува во прашање обезбедувањето на средствата за ефикасно и непречено извршување на пренесените надлежности и редовно сервисирање на обврските на училиштата;

- започнатите градежни активности за изградба на објектите за Факултет за физичко образование, спорт и здравје и Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје за кои во периодот 2016-2019 година исплатени се средства во вкупен износ од 179.320 илјади денари и неизвесноста од нивно завршување. Истакнуваме дека врз основа на извршена анализа согласно проектите и извршена проценка за завршување на објектите би биле потребни финансиски средства во вкупен износ 1.349.720 илјади денари и очекуван реален рок од 3 години за изведување на сите градежни позиции за објектите;

- судските постапки во кои МОН е тужена страна може да имаат значајни финансиски импликации во идниот период;

- исплати за графичко и техничко уредување и превод на учебници кои претходно како материјали за учење (со иста содржина) веќе биле графички и технички уредени и преведени преку проектот за Подобрување на услугите во основното образование во рамките на МОН за кои преку проектот во 2021 година исплатени се средства во износ од 25.395 илјади денари (средства во кои е вклучено и печатењето на материјалите за учење), а преку сметката на МОН во 2022 година во износ од 5.535 илјади денари, иако учебниците не се разликуваат од материјалите за учење во своето графико уредување (освен корицата која ја сменил авторот).

Во делот на останати прашања известивме за:

- законските решенија кои не го уредуваат начинот на утврдување на висината на платата на посебните советници во јавниот сектор;

- учебници по странски јазици за основно образование кои не се обезбедени шест години наназад.

Во делот кој се однесува на внатрешните контроли утврдивме слабости во воспоставениот систем на интерни контроли во процесот на плаќање и недоволната кадровска екипираност на Одделението за внатрешна ревизија.







Започнати а не изградени објекти на Факултет за физичко образование, спорт и здравје и Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" Скопје

## 5.2.5.2.

### БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Биро за развој на образованието за 2023 година.

Со извршената ревизија утврдени се следните состојби:

- Директорот на Бирото на предлог од министерот за образование и наука со објавен јавен оглас ги именува и разрешува Владата, со мандат од четири години. Во текот на 2023 година со Бирото раководат двајца в.д директори при што претходниот директор ја извршувал функцијата в.д. директор, заклучно со 18.07.2023 година, во времетраење од 5 години и 3 месеци што не е во согласност со законски утврдениот начин за избор на директор.

- Врз основа на интерни правилници по основ исплата на надоместоци на ангажираните надворешни стручни соработници за изработени наставни планови, програми и наставни прирачници за учење, Бирото во 2023 година има исплатено средства во износ од 13.160 илјади денари врз основа на правилници кои се усвоени во претходен период од страна на директор на Бирото иако истото било надлежност на министерот за образование и наука. Притоа конкурсите кои се распишуваат за избор на надворешни соработници содржат критериуми кои овие лица треба да ги исполнуваат, а кои се различни од критериумите наведени во интерните акти, а се јавуваат и слабости и недостатоци поврзани со пресметката на надоместоците на ангажираните лица поврзани со постоење на два акти во кои оваа проблематика е пропишана на различен начин.

- Согласно законските прописи наставниците и стручните соработници се обврзани да посветат најмалку 60 часа во текот на три учебни години, од кои најмалку 40 часови се од учество на акредитирани програми за обука. Секој наставник и стручен соработник во рок од 3 години треба да помине и 20 часа обука за приоритетни програми определени од министерот, за што средства се обезбедуваат во буџетот на Бирото. Утврдивме дека во 2023 година спроведена е една постапка за акредитација на обука и понудувачи на услуги и истата е спроведена за потребите од обука на наставници во средните училишта, при што со оваа обука биле опфатени 2.925 наставници од средните училишта во земјата, а истата претставува единствена акредитирана обука спроведена во текот на 2023 година. На овој начин опфатени се само 41,5 % [22] од вкупниот број на наставници во средните училишта и истата била во времетраење од 8 часа од планираните 60 часа во тригодишен период. Во делот на спроведување на акредитирани обуки за наставници во основните училишта во текот на 2023 година спроведени се 18 обуки со кои се опфатени 13.744 наставници односно 73 % [23] од вкупниот број на наставници во основните училишта. Согласно направените проекции од страна на стручните служби, во буџетот на Бирото е потребно да се предвидат најмалку 62.000 илјади денари за осумчасовни обука на наставниците и стручните соработници во основните училишта во државата. За оваа намена во буџетот на Бирото за 2023 година обезбеден е износ во висина од 5.940 илјади денари односно само 9,5% од потребните средства.

Најголемо учество во реализацијата на овие активности е спроведено од страна на проектната единица на Светска банка која функционира во рамките на Министерството за образование и наука преку која во текот на 2023 година реализирани се средства во износ од 37.114 илјади денари.

[22] Број на наставници во средно образование 7.051 (Извор: Државен завод за статистика, makstat.mk)
[23] Број на наставници во основно образование 18.831 (Извор: Државен завод за статистика, makstat.mk)

# 5.2.6.

## ЈАВНИ КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

### 5.2.6.1.

### ЈАВНИ КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ЛОКАЛНО НИВО

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2023 година кај ЈПКД „Комуналец“ основано од Општина Гевгелија, ЈКП „Брегалница“ основано од Општина Делчево, ЈПКД „Охридски комуналец“ основано од Општина Охрид и ЈКП „Исар“ основано од Општина Штип.

Со извршената ревизија кај јавните претпријатија констатирани се одредени состојби меѓу кои позначајни се:

ЈКП „Брегалница“ Делчево и ЈКПД “Охридски комуналец“ Охрид немаат донесено сметководствени политики кои се применуваат при изготвувањето, презентирањето и обелоденувањето на финансиските извештаи. За 2023 година, ЈКПД “Охридски комуналец“ Охрид нема изготвено шест месечен извештај за работењето, а ЈКП „Исар“ Штип нема детален финансиски план и инвестициона програма, што ја намалува транспарентноста при информирање за видот и обемот на вршење на дејноста и финансиското работење.

Ревидираните јавни претпријатија го немаат регулирано правото на сопственост на земјиштето, градежните и инфраструктурните објекти (водоводна и канализациона мрежа). Земјиштето со кое располага ЈКП „Брегалница“ Делчево не е евидентирано во деловните книги, дел од инфраструктурните објекти изградени од општината не се дадени на стопанисување на ЈКП „Комуналец“ Гевгелија, а неправилно евидентирање на материјалните средства, неусогласеност на нивната сметководствена со материјална евиденција и неправилна пресметка на амортизацијата се утврдени кај ЈКПД „Охридски комуналец“ Охрид.

Поради необезбедена целосна документација (одобрение за градба/ реконструкција, завршен извештај за технички, квалитативен и квантитативен надзор при изградба на објекти и воведување на градбите во употреба), завршените градби во ЈКП „Исар“ Штип и ЈКП „Брегалница“ Делчево, иако се ставени во употреба сеуште не се соодветно евидентирани, не се пресметува амортизација и има влијание на нивната објективна вредност односно на квалитетот на податоците и информациите кои ги даваат финансиските извештаи.

Во единствениот трговски регистар и регистар на други правни лица при Централниот регистар на Република Северна Македонија не е извршен упис на основната главнина на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија и ЈКП „Брегалница“ Делчево, а кај ЈПКД „Охридски комуналец“ Охрид постои неусогласеност на сметководствената вредност на основната главнина со запишаната во Централниот регистар.

Ревидираните јавни претпријатија не преземаат навремени мерки за наплата на побарувањата и не се врши проценка на степенот на наплатливост заради нивно соодветно проценување во билансните позиции согласно меѓународните сметководствени стандарди.

Нереалното проценување на билансните позиции во финансиските извештаи е утврдено кај ЈПКД „Охридски комуналец“ Охрид поради неусогласеност на евидентираните побарувања со „билинг системот“, евидентираните обврски по извршни решенија и не евидентираните обврски кон општината по основ на надоместокот за одржување на јавна чистота во износ од 253.776 илјади денари. Нереално искажани обврски имаат и ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија (по основ на

надоместок за користење и испуштање на води) и ЈКП „Исар" Штип по основ на кредити.

Кај ревидираните јавни претпријатија присутни се недоследности во делот на пописот на средствата и обврските и не овозможува усогласување помеѓу сметководствената евиденција и фактичката состојба.

Слабости во управувањето со залихите на материјали, резервни делови и ситниот инвентар (застареност, прекумерни количини и несоодветно чување) се присутни во ЈКП „Брегалница" Делчево и ЈПКД „Охридски комуналец" Охрид.

Начинот на пресметка и исплата на плата не се усогласени со важечките законски прописи и тоа во однос на: административните службеници и утврдената вредност на бодот (ЈПКД „Комуналец" Гевгелија и ЈКП „Брегалница" Делчево), а ЈКП „Исар" Штип пресметката на плата ја врши по нето концепт и на работникот му се исплатува додаток на основната плата во висина од 1% но не повеќе од 20% за целокупниот работен стаж, наместо 0,5% за секоја навршена година работен стаж. Во ЈКП „Брегалница" Делчево и ЈПКД „Охридски комуналец" Охрид за секое воведување на прекувремена, ноќна работа и работа во недела, не е известен подрачниот Државен инспектор на трудот.

Во ЈКП „Брегалница" Делчево преку приватна агенција за вработување ангажирани се лица во континуитет и за период подолг од две години за вршење на редовни работни задачи за што во 2023 година направени се трошоци во износ од 3.184 илјади денари.

Загубата на вода во системот за водоснабдување е состојба присутна со години кај јавните претпријатија која за 2023 година се движи од:

- **54%** кај ЈПКД „Комуналец" Гевгелија;
- **61%** кај ЈКП „Брегалница" Делчево и
- **60%** кај ЈКП „Исар" Штип, а е резултат на стара и дотраена водоводна мрежа, нелегални приклучоци, неисправност и непрецизност на водомерите, нефактурирана потрошувачка, поливање на јавно прометни зелени површини за кои нема поставено протокомери, паушално задолжување на потрошената вода и друго. Наведената состојба има негативно влијание како на тековното работење на јавните претпријатија од аспект на недоволно генерирани приходи но во исто време и на помалку остварени даночни приходи (ДДВ и данок на добивка) и надоместоци во Буџетот на државата.

Кај јавните претпријатија недостасува долгорочно планирање и инвестирање за минимизирање и отстранување на причините за загуба на водата во водоснабдителниот систем и преземање соодветни контролни активности.

Поради ненавремено подмирување на обврските за надоместок за користење на вода и за испуштање во вода од страна на ЈКП „Брегалница" Делчево, остварени се помалку приходи во Буџетот на Република Северна Македонија за 3.858 илјади денари, а како резултат на ненавременото подмирување на обврските за наплатениот надоместок за одржување на јавна чистота од страна на ЈКП „Брегалница" Делчево, ЈПКД „Охридски комуналец" Охрид и ЈКП „Исар" Штип остварени се помалку приходи во буџетот на Општина Делчево (11.624 илјади денари), буџетот на Општина Охрид (233.162 илјади денари) и Општина Штип (10.420 илјади денари).

Одведување на отпадните води ЈКП „Брегалница" Делчево го врши без стекнато водно право (дозвола) за испуштање на води за системите со кои располага, а ЈКП „Исар" Штип не поседува дозвола за вршење на дејност депонирање и третман на отпадот. ЈПКД „Комуналец" Гевгелија стопанисува со објектот Градски пазар без одлука на Советот на Општина Гевгелија за давање на користење и управување.

Ревидираните јавни претпријатија не ја утврдуваат реално цената за надоместокот за управување со комунален отпад, а ЈКП „Брегалница" Делчево, ЈКП „Охридски комуналец" Охрид и ЈКП „Исар" Штип, не вршат мерење и евиденција за идентификација, транспорт и постапување со отпад.

Без соодветна поткрепувачка документација во три јавни претпријатија искажани се расходи во износ од 22.034 илјади денари и тоа: 17.466 илјади денари во ЈПКД „Охридски комуналец" Охрид за потрошено гориво и набавка на резервни делови за поправка на моторни возила, 3.968 илјади денари во ЈКП „Брегалница" Делчево за издадени резервни делови и потрошено гориво и дадени позајмици без основ од страна на ЈПКД „Комуналец" Гевгелија во износ од 600 илјади денари.

Иако јавните претпријатија своето работење го остваруваат преку програми, активностите кои ги реализираат ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија и ЈКП „Брегалница“ Делчево не се поткрепени со документација за обемот на извршените услуги, а ЈКП „Брегалница“ Делчево нема склучено договор за меѓусебно уредување на правата и обврските со општината.

Кај ревидираните јавни претпријатија отсуствува/не функционира единицата за внатрешна ревизија како механизам за подобрување на работењето на субјектот, а во однос на внатрешните контроли не се донесени пишани процедури за текот на движење на документацијата, поделба на должностите и одговорностите на лицата вклучени во процесите и систем за следење и контрола при прием и издавање на сметководствената документација, нејзино одобрување и плаќање.

Транспортирањето и депонирањето на комуналниот отпад на нестандардните диви депонии “Буково” и ”Мауцкер” (на подрачјето на Општина Охрид) и депонијата од времен карактер „Трештена скала“ (на подрачјето на Општина Штип), не се обезбедени и се подложни на чести палења и пожари, што неповолно влијае на здравјето и животот на луѓето и животната средина.



Дива депонија
**„Буково“**



Дива депонија
за градежен шут
**„Мауцкер”**



Депонија
**„Трештена скала“**

Од овие причини потребно е да се интензивираат активностите околу воспоставување на интегриран систем за управување со отпадот во Југозападниот, Источниот и Североисточниот регион, што вклучува изградба на централни и локални капацитети за управување со отпадот и регионална депонија, а во насока на организирано управување со отпадот согласно националните и ЕУ стандарди.

Ревизијата известува и за финансиската нестабилност и намалена ликвидност на ЈКПД "Охридски комуналец" Охрид кое во последните 18 години функционира со блокирана сметка, неподмирени обврски за 2023 година од 104.215 илјади денари односно 1.689.000 евра и загуби од работењето во континуитет од 2021 година и на ЈКП „Исар“ Штип кое нередовно ги подмирува обврските по спогодба со МФ за репрограмиран долг во износ од 25.227 илјади денари и обврските за средствата од месен самопридонес во износ од 16.797 илјади денари кои биле наменети за изградба на резервоари за водоснабдување.

Во ЈКП „Исар“ Штип воспоставена е пракса за именување на вршител на должност директор во континуитет повеќе од две години, без спроведен јавен оглас што не обезбедува транспарентност и конкуренција при избор на лице за вршење на оваа функција и има влијание врз управувањето и раководењето со претпријатието.

**Утврдените состојби во наведените јавни претпријатија во делот на извршување на дејностите од јавен интерес имаат влијание врз остварување на основните принципи утврдени во одредбите на Законот за јавни претпријатија во делот на: сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспарентност, достапност и универзална услуга, заштита на корисниците и потрошувачите.**

# 5.2.7.

## ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ




Во текот на 2024 година извршена е ревизија на финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2023 година, кај пет единици на локална самоуправа и тоа општините: Гевгелија, Делчево, Маврово и Ростуше, Неготино и Центар, како и ревизија на усогласеност на тема „Јавна набавка на машина за бележење хоризонтална сигнализација“ кај Општина Велес, при што се констатирани следните состојби:

Кај ревидираните општини, со извршените ревизии на регуларност, утврдени се слабости во администрирањето на даноците на имот и даноците на наследство и подарок, кои се однесуваат на: не ажуриран регистар на недвижен имот, не воспоставени контроли при приемот и обработката на пријавите, не преземени активности за пресметка и наплата на камата за данокот кој не е платен во законски пропишаниот рок, несоодветно задолжување со данок на имот на даночните обврзници кои се стекнале со дополнителен или нов имот во минати години, несоодветно утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, а кај наследните решенија и договорите за дар од прв наследен ред, не се врши задолжување на новите даночни обврзници.

Општина Маврово и Ростуше поради губење на базата на податоци за даночните обврзници и бришење на системот за евиденција, во периодот од 2013 до 2018 година, воопшто не издавала решенија за данок на имот.

При администрирање на комуналните такси и надоместоци утврдени се слабости во комуналните такси за: фирма односно назив на деловна просторија, користење на простор пред деловни простории за вршење на дејност, користење на простор за паркирање на моторни возила, користење на музика во јавните локали, привремен престој, истакнување на реклами и објави и огласи на јавни места. Во Општина Гевгелија поставувањето на рекламни паноа се врши по поднесено барање, без јавно наддавање, и не се наплатува надоместок за просторот за поставување на рекламните паноа, а во Општина Неготино пресметките за комуналната такса за користење на простор пред деловни простории се изготвуваат само врз основа на поднесено барање за користење на простор без да се изврши увид на лице место од страна на службено лице, да се измери просторот и да се состави записник со скица за потврдување на прикажаната површина за просторот во барањето.

Општина Делчево не остварува приходи по основ на комунална такса за: користење на музика во јавните локали, користење на простор пред деловен простории, истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места, поставување на ветрини за изложување на стоки надвор од деловните простории и привремен престој. Општина Маврово и Ростуше нема утврдено и наплатено комунална такса за користење на простор пред деловни простории и истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места, додека Општина Неготино не остварува приходи од комуналната такса за користење на музика во јавните локали.

Од страна на јавните претпријатија кои се надлежни за одржување и стопанисување на јавниот простор за паркирање не се уплатени средствата од наплатената комунална такса за користење на простор за паркирање на моторни возила во буџетот на Општина Центар (16.940 илјади денари) и Општина Неготино (973 илјади денари), а за 2022 и 2023 година, Општина Центар нема искажано побарувања по овој основ.

Утврдените слабости во постапките за собирање и транспорт на комунален отпад и одржување на јавна чистота се однесуваат на помалку уплатени средства во износ од 11.624 илјади денари во буџетот на Општина Делчево и 443 илјади денари во Општина Неготино, а Општина Маврово и Ростуше воопшто не остварува приходи по овој основ. Општините Делчево и Маврово и

Ростуше немаат склучено договори со јавните претпријатија за уредување на меѓусебните права и обврски за 2023 година.

Општините Делчево и Неготино наплатуваат надоместок од операторите на инсталациите при поднесување на барање за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола, но не пресметуваат и наплатуваат годишен надоместок за поседување на Б-интегрирана еколошка дозвола и за редовен надзор на инсталацијата, а Општина Гевгелија не пресметува и наплатува воопшто надоместок по основ на добивањето и поседувањето на Б-интегрирана еколошка дозвола.

Во Општина Гевгелија не се донесени програми за активности кои се во надлежност општината од областа на животната средина и јавната чистота, Општина Маврово и Ростуше нема програми за одржување на јавната чистота и поставување урбана опрема, додека општините Делчево и Неготино немаат програма за општа туристичка пропаганда и информативна дејност за подобрување на условите за престој.

Во однос на спроведување на надлежноста за управување со зеленилото, урбаните општини немаат изработено Стратегија за развој на зеленилото, годишна програма за подигање и одржување на зеленилото, и не остваруваат приходи по основ на надомест за одржување на јавното градско зеленило.

Во општините Гевгелија, Делчево и Маврово и Ростуше утврдени се неправилности во начинот и постапката на издавање под закуп на општинскиот имот, односно склучените договори се без спроведени постапки за јавно наддавање и извршена проценка за утврдување на почетната цена за јавно наддавање.

Кај ревидираните општини утврдени се слабости во постапките за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти во однос на непочитување на законски пропишани рокови и во однос на не доставување годишни извештаи до Министерството за транспорт и врски за користење на средствата остварени од надоместокот по овој основ кои треба да бидат искористени наменски за донесување на урбанистичка планска документација со која се врши вклопување на бесправните објекти и за инфраструктурно уредување на просторот во кој се наоѓаат истите.

Општина Маврово и Ростуше во последните пет години нема иницирано постапка за донесување на урбанистички планови, а по однос на решенијата издадени од градежниот инспектор за рушење на бесправно изградените објекти не е пристапено кон административно извршување.

При ангажирање на лица преку приватни агенции за вработување, договори на дело и договори за вршење на услуги утврдени се неправилности во општините Гевгелија, Делчево и Центар, а слабости во однос на склучување на договорите за адвокатски услуги во кои паушално се утврдува месечен надоместок присутни се во општините Неготино и Центар.

Во општините Делчево и Центар исплатени се средства на спортски клубови, здруженија на граѓани, фондации, талентирани ученици и социјални бенефиции, без донесени програми и прецизно утврдени критериуми за распределба на средствата за социјална заштита, спорт, образование и поддршка на граѓански организации во вкупен износ од 18.855 илјади денари. За објектите за спорт што се во сопственост на општините, советите на општините немаат донесено акт за категоризација на објектите за спорт согласно критериумите со кои се обезбедуваат услови за остварување на локалниот интерес и Тарифник со кој се утврдува висината на надоместокот за користење на објектите за спорт.

Без одлука на советот на Општина Неготино, исплатени се 5.748 илјади денари на име субвенција на ЈП „Паркинзи Неготино", а без соодветна поткрепувачка документација во општините Делчево, Маврово и Ростуше и Центар исплатени се вкупно 6.999 илјади денари и тоа: 1.057 илјади денари во Општина Делчево за потрошено гориво, поправка и сервисирање на товарни и патнички моторни возила и извршен транспорт на средства наменети за ТППЕ, 1.723 илјади денари во Општина Маврово и Ростуше за репрезентација и патни и дневни расходи и 4.219 илјади денари во Општина Центар за исплатен паушал, без извршена ефективна работа на возилата за зимско одржување на улиците, потрошено гориво и изнајмено деловен простор наменет за читални кои не функционираат.

Состојби кои имаат влијание на реално и објективно прикажување на побарувањата во финансиските извештаи утврдивме во сите ревидирани општини и се однесуваат на неусогласености на даночната со

сметководствена евиденција на побарувањата, утврдување на старосната структура, правниот основ за нивно постоење и несоодветно евидентирање на побарувањата кои се застарени и не постои можност за нивна наплата.

Во општините Гевгелија, Делчево, Неготино и Маврово и Ростуше присутни се слабости при спроведување на пописот на имотот и обврските, состојба која е актуелна со години и не овозможува усогласување на состојбата на средствата и обврските помеѓу сметководствената евиденција и фактичката состојба утврдена со пописот.

Имотот кој е во сопственост на општините не е во целост евидентиран во деловните книги, а за поголемиот дел на недвижниот имот не е обезбеден доказ за сопственост на општините.

Поради неажурно и неуредно водење на деловните книги, утврдивме неусогласеност на билансните позиции во финансиските извештаи во Општина Маврово и Ростуше и неусогласеност на електронската база на податоци со податоците од финансиските извештаи на Општина Гевгелија. Општина Гевгелија нема евидентирано обврски по долгорочни кредити во износ од 110.774 илјади денари и непаричен влог од 265 илјади денари на Фондацијата за локален развој и информатички технологии, додека дневникот и главната книга не се потпишани од овластеното лице и одговорниот сметководител. Капиталните расходи во Општина Центар во износ од 70.894 илјади денари не се водат на материјални средства во подготовка, а по завршување на градбите да се пренесат на единките корисници, а во Општина Неготино директно се евидентирани на материјални средства, што не обезбедува следливост на инвестиционите вложувања во одреден објект и за одреден период.

Советот на Општина Центар нема донесено одлука за давање на користење на објекти/основни училишта и детски градинки иако истите се евидентирани во сметководствената и материјалната евиденција на единките корисници.

Во општините: Делчево, Маврово и Ростуше и Неготино, утврдени се слабости и во евидентирањето на залихите на материјалите и ситниот инвентар (канцелариски материјали, материјали за АОП, прехранбени продукти и пијалаци, средства за одржување хигиена и друго.)

Општините Гевгелија и Неготино во текот на 2023 година користат плаќања со пресметка (договори за цесија) кои се реализираат надвор од трезорскиот систем, а не ажурираната веб страна на општина Гевгелија упатува на недоволна транспарентност на локалната власт во јавното информирање за буџетот, реализираните активности и за обезбедените јавни услуги на правните лица и граѓаните.

Кај (3) три од ревидираните општини утврдени се слабости кај постапките за јавни набавки во однос на: неделивост на постапката иако техничката спецификација и предмер пресметката е составена од различни ставки кои сочинуваат посебни делови (Општина Делчево - 10.530 илјади денари за реконструкција на објект, Општина Неготино - 2.300 илјади денари за одржување на локални улици и патишта и Општина Центар - 11.651 илјада денари за реконструкција на фасада и кров на детска градинка) и предвиден несразмерен услов кај условите за квалитативен избор (Општина Центар - 113.295 илјади денари за набавка на систем за администрација, дигитализација и реконструкција на јавно осветлување).

Со ревизијата на усогласеност на тема „Јавна набавка на машина за бележење хоризонтална сигнализација" кај Општина Велес, утврдивме дека во 2023 година склучен е договор за јавна набавка во вкупна вредност од 2.596 илјади денари со вклучен ДДВ. Со преземените ревизорски активности во делот на начинот на спроведување на постапката за јавна набавка и нејзината реализација утврдивме недостаток на темелно истражување за движењата на пазарот, нецелосно уредени меѓусебните односи меѓу Општина Велес и ЈКП „Дервен" Велес на кого му е доделена машината на трајно користење и недостаток на планирани активности за обележување на хоризонтална сигнализација во годишниот план за работа за 2024 година на ЈКП.

При реализирање на проектите, утврдени се слабости кои се однесуваат на: измени на основниот проект во тек на градба без дополна на проект и обезбедена согласност од проектантот (Општина Центар) и не пријавени набавки под вредносниот праг во квартална евиденција (Гевгелија), а по измена на договорот/склучени анекси не е поднесено барање до понудувачот да достави дополнителна банкарска гаранција (Општина Делчево).

Без постапка за јавна набавка набавени се стоки и услуги и извршени работи за што исплатени се средства во вкупен износ од 2.761 илјади денари (Општина Гевгелија – 1.876 илјади денари и Маврово и Ростуше - 885 илјади денари).

Кај општините Гевгелија, Делчево и Маврово и Ростуше утврдени се слабости во системот за финансиско управување и контрола, во однос на пишани процедури, поделба на должности и утврдени контролни механизми во деловните процеси, а отсуство/ нефункционалност на внатрешната ревизија е присутна кај сите ревидирани општини.

Во делот на Нагласување на прашања на неизвесност и континуитет нагласени се состојби кои се однесуваат на судските постапки. Ревидираните општини се тужена странка во постапки по основ на долг во вкупен износ од 495.558 илјади денари, а вредноста на споровите во која се јавуваат како тужител се во висина од 158.667 илјади денари.

Ревизијата истакнува дека со пролонгирање на состојбите на донесување на Законот за ре-прогласување на Националниот парк Маврово и усвојување на зоните на заштита, Општина Маврово и Ростуше не може да пристапи кон изработка на нови урбанистички планови, а немањето на урбанистички планови кои се укинати со Одлука на Уставниот суд на Република Северна Македонија и неможноста да се издаваат решенија за градење придонеле на територијата на општината да се изградат голем број на бесправно изградени објекти и се остава простор нивниот број да се зголеми.

Имајќи во предвид дека Општина Делчево е во постојана блокада од 2008 година, со вкупен долг во 2024 година од 162.218 илјади денари, градоначалниците не донеле Одлука за прогласување на финансиска нестабилност, ниту План за мерки за нејзино надминување. Во 2012 и 2013 година, спроведени се извршувања врз објекти, сопственост на општината, а кои се од јавен интерес поради не доставени приговори до основниот суд на налозите за извршување.

Погоре наведените состојби имаат влијание како на приходниот и расходниот дел на општините така и на начинот на користење на јавните средства односно средства на даночните обврзници.



# 5.2.8.

## ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ И ИЗБОРНИ ПРОЦЕСИ



### 5.2.8.1.

### ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ – СМЕТКИ ЗА РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ

Државниот завод за ревизија како надлежен орган за вршење надзор над финансиско материјалното работење на политичките партии, континуирано врши ревизија на сметките за редовно работење на најголемите партии во државата. Со годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година беа планирани и извршени ревизии на финансиските извештаи на шест политички партии: ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, ДУИ, Движење Беса, Алијанса за Албанците и Алтернатива, со кои опфативме 66% од вкупните јавни извори на финансирање на политичките партии во 2023 година.

Средствата за своето дејствување, политичките партии ги обезбедуваат од јавни и приватни извори на финансирање:

- јавни извори на финансирање - финансиски средства предвидени со Буџетот на Република Северна Македонија;
- приватни извори на финансирање - членарина, кредит, донации, подароци, прилози, дотации, спонзорства, легати, продажба на промотивен и пропаганден материјал.

Вкупните приходи во 2023 година на политички партии кои беа предмет на ревизија се во износ од 434.135 илјади денари, од кои 279.114 илјади денари или 64% се обезбедени од јавни извори, односно се средства од Буџетот на државата кои секоја фискална година во утврден износ се планираат во буџетот на Министерството за правда, од каде и се исплаќаат на партиите.

Вкупните расходи во 2023 година се во износ од 222.565 илјади денари од кои 48% се материјални расходи, услуги и амортизација, 32% се други расходи, 17% се плати и надоместоци, 3% се капитални расходи и 1% се даноци и придонеси.

Во насока на остварување на целите и вршење на активностите утврдени со Статутот на партијата и со Закон, политичките партии имаат право на сопственост на недвижен имот, опрема, превозни средства и друг движен имот.

Со извршените ревизии констатирани се состојби кои упатуваат на потреба од зајакнување на активностите на одговорните лица на политичките партии за нивно надминување, особено во делот на целосно евидентирање на имотот, воспоставување на евиденција на материјалните средства и проценувањето на одделни билансните позиции содржани во главната книга да се спроведува согласно сметководственото начело на модифицирано настанување на деловните промени/трансакции.

Во делот на Нагласување на прашања обелоденети се состојби кои се однесуваат на неостварени приходи од членарини и неплатени обврски спрема добавувачи кои потекнуваат од минати години.

Со извршените ревизии во континуитет укажуваме на одредени системски слабости на Законот за финансирање на политичките партии, детално прикажани во делот на „Системски слабости" од овој извештај, за чие надминување потребно е да се преземат активности.



## 5.2.8.2.

### ИЗБОРИ 2024 ГОДИНА

Изборната кампања, како јавно претставување на потврдените кандидати од надлежните изборни органи и нивните програми, е процес кој влијае врз формирањето на ставот на електоратот за избор на определен кандидат. Државниот завод за ревизија е надлежен за вршење на ревизија на вкупните финансиски извештаи на сметките „за изборна кампања" на учесниците во изборната кампања. со цел да се потврди точноста и законитоста за финансирање на кампањата и начинот на трошење на средствата.

Во текот на 2024 година во Република Северна Македонија се организираа и спроведоа Избори за Претседател на државата и Избори за пратеници во Собранието.

Врз основа на Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година и член 85 од Изборниот законик, извршивме ревизија на вкупниот финансиски извештај за трансакциските сметки „за изборна кампања" на сите седум учесници во изборната кампања за избор на претседател и тоа за:

- г. Стево Пендаровски,
- г-ѓа Гордана Силјановска Давкова,
- г. Стевчо Јакимовски,
- г. Бујар Османи,
- г-ѓа Биљана Ванковска Цветковска,
- г. Арбен Таравари и
- г. Максим Димитриевски,

како и на сите седумнаесет учесници во изборната кампања за избор на пратеници во Собранието

- Коалиција „За Европска иднина" предводена од СДСМ;
- Коалиција „Твоја Македонија" предводена од ВМРО - ДПМНЕ;
- Коалиција „Храбро за Македонија" предводена од Граѓанска опција за Македонија - ГРОМ;
- Коалиција „Европски фронт" предводена од ДУИ;
- ПП ЛЕВИЦА;
- Коалиција ВЛЕН предводена од Алтернатива;
- Движење ЗНАМ – За Наша Македонија;
- Единствена Македонија;
- ПП Нова Алтернатива Скопје;
- ПП АВАЈА;
- Европско Граѓанско Движење;
- Македонска Ера Трета/Македонски независни листи;
- Твоја Партија;
- Родина Македонија;
- ПП ДЕСНА;
- ПП ДЕМОКРАТИ Скопје и
- Работничка партија.

Во опфатот ги вклучивме: вкупно остварените приходи по извори и вкупните расходи по намени, како и почитувањето на роковите за отворање и затворање на трансакциска сметка „за изборна кампања", регистрација и бришење на учесникот во регистарот на правни субјекти. Ја оценивме транспарентноста и отчетноста преку доставените финансиските извештаи за остварените приходи и расходи за изборната кампања до Државниот завод за ревизија.

## ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ 2024 ГОДИНА

За сите седум кандидати, остварени се вкупни приходи во износ од 461.470 илјади денари. Најмногу приходи имаат остварено кандидатите г-ѓа Гордана Силјановска Давкова и г. Стево Пендаровски, кои учествуваа и во вториот круг на гласање.




УЧЕСТВО НА СЕКОЈ ОД КАНДИДАТИТЕ ВО ВКУПНО ОСТВАРЕНИТЕ ПРИХОДИ

Износот и учеството на остварените приходи по извори во вкупните за сите седум кандидати е прикажано во следниот графикон.




ПРИХОДИ ПО ИЗВОРИ И НИВНО УЧЕСТВО ВО ВКУПНИТЕ ПРИХОДИ ОД СИТЕ КАНДИДАТИ

Од вкупно остварени приходи, 354.257 илјади денари или 77% се за објавено платено политичко рекламирање и се обезбедени од Буџетот на државата, а преку Државната изборна комисија се исплатени директно на медиумите кои емитувале платено политичко рекламирање. Најмногу од средства за платено политичко рекламирање се исплатени за г-ѓа Гордана Силјановска Давкова (36%), по што следат г. Стево Пендаровски (35%), г. Бујар Османи (12%), г. Арбен Таравари (11%) и за г. Стевчо Јакимовски, г-ѓа Билјана Ванковска Цветковска и г. Максим Димитриевски по 2%.

За финансирање на изборната кампања на сите седум учесници потрошени се средства во вкупен износ од 461.470 илјади денари, од кои:

- 105.463 илјада денари се плаќања од трансакциските сметки за набавка на материјали, комунални услуги, превозни - транспортни услуги, реклама и пропаганда, репрезентација, интелектуални услуги, сметководствени услуги, одржување на предизборни собири, изнајмување на простор за време на ИК, провизии за платен промет и други расходи,
- 1.123 илјади денари се расходи по основ на примени донации во не парични средства и
- 354.257 илјади денари се расходи за објавено ППР.

Неискористените финансиски средства, од трансакциските сметки „за изборна кампања“ кои согласно финансиските извештаи се прикажани како расходи во вкупен износ од 627 илјади денари се вратени на сметките за редовно работење на политичките партии.

**Ниту еден од учесниците нема реализирани расходи повеќе од законски утврдениот максимум.**

**Учесниците во изборна кампања Претседателски избори 2024 година, во главно обезбедија почитување на роковите за отворање и затварање на трансакциските сметки, регистрација и бришење од регистарот на правни субјекти, транспарентност за остварените приходи и расходи во изборната кампања преку доставување на предвидените извештаи за примени донации и вкупен финансиски извештај.**

## ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2024 ГОДИНА

За финансирање на ИК за учесниците во Парламентарните избори 2024 година остварени се вкупни приходи во износ од 386.710 илјади денари.




ПРИХОДИ ПО ИЗВОРИ И НИВНО УЧЕСТВО ВО ВКУПНИТЕ ПРИХОДИ

Државниот буџет е доминантен извор за финансирање на изборните кампањи за учесниците во Парламентарните избори 2024 година. Од вкупните приходи и расходи на учесниците во ИК, во износ од 368.710 илјади денари, 244.769 илјади денари 63% се обезбедени од Буџетот на државата и преку Државната изборна комисија се исплатени директно на медиумите кои емитувале платено политичко рекламирање на учесниците.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Коалиција за ЕВРОПСКА ИДНИНА СДСМ **62.121** | Коалиција ТВОЈА МАКЕДОНИЈА ВМРО ДПМНЕ **67.328** | Коалиција ХРАБРО ЗА МАКЕДОНИЈА ГРОМ **7.319** | Коалиција ЕВРОПСКИ ФРОНТ ДУИ **48.118** |
| ПП Левица **9.148** | Коалиција ВЛЕН Алтернатива **45.464** | Движење ЗНАМ **671** | ПП Единствена Македонија **711** |
| ПП Нова Алтернатива **354** | ПП АВАЈА **449** | Европско граѓанско движење **565** | Македонска ера трета **468** |
| ПП Твоја Партија **269** | ПП Родина **579** | ПП Демократи **646** | ПП Работничка партија **559** |

ИСПЛАТЕНИ СРЕДСТВА ЗА ППР ПО УЧЕСНИК ВО 000 ДЕНАРИ

Вкупните расходи направени во изборната кампања за избор на пратеници во Собранието на Република Северна Македонија се во износ од 386.710 илјади денари, од кои:

- 140.241 илјада денари се плаќања од трансакциските сметки за набавка на материјали, комунални услуги, превозни - транспортни услуги, реклама и пропаганда, репрезентација, интелектуални услуги, сметководствени услуги, одржување на предизборни собири, изнајмување на простор за време на ИК, провизии за платен промет и други расходи,
- 963 се расходи по основ на примени донации во не парични средства и
- 244.769 илјади денари се расходи за објавено ППР.

Неискористените финансиски средства, од трансакциските сметки „за изборна кампања" кои согласно финансиските извештаи се прикажани како расходи во вкупен износ од 717 илјади денари се вратени на сметките за редовно работење на политичките партии.

Ниту еден од учесниците нема реализирани расходи повеќе од законски утврдениот максимум.

Учесниците во изборна кампања во главно обезбедија почитување на роковите за отворање и затварање на трансакциските сметки, регистрација и бришење од регистарот на правни субјекти.

Сите учесници во изборната кампања, обезбедија транспарентност за остварените приходи и расходи во изборната кампања преку доставување на вкупен финансиски извештај до Државниот завод за ревизија, освен ПП Нова Алтернатива, Европско граѓанско движење и Македонска ера трета.

# 5.2.9

## ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ И ОДБРАНА

### 5.2.9.1.

### ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Со извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Дирекција за заштита и спасување, за 2023 година утврдивме повеќе состојби кои влијаат на финансиските извештаи и усогласеноста на работењето со законските акти и тоа:

Утврдивме дека ДЗС се соочува со сериозни предизвици во своето функционирање, поради **недостаток на Национална стратегија за заштита и спасување, недостаток на квалификуван персонал и неадекватно управување со имотот и опремата.** Ова создава значителни ризици за безбедноста на земјата, особено во услови на природни непогоди и други несреќи, каде брзата и ефективна реакција е од клучно значење.

Со Одлуки на Владата, во 2005 година на ДЗС и се отстапени на користење вкупно 198 објекти (100 засолништа и 98 деловни простории - канцеларии, магацини, гаражи и друго). Во деловните книги евидентирани се 24 градежни објекти (12% од вкупниот број на доделени објекти), но за истите не беа презентирани имотни листови како и документација за применетата методологија по која е извршена проценката на нивната вредност. Во 2019 година ДЗС, до Бирото за судски вештачења има доставено барање за извршување на процена на 32 градежни објекти. Бирото доставило Процена на вредноста, **но до денот на известување од извршената ревизија деловните објекти не се евидентирани во деловните книги на ДЗС. За останатите 142 градежни објекти (72% од вкупниот број дадени на користење) не е започната постапка за процена на вредноста и евидентирање во деловните книги на ДЗС, иако за оваа состојба дадена е препорака и во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија за 2010 година.**

Со посета на дел од засолништата кои и се доделени на ДЗС лоцирани во општините Ѓорче Петров, Карпош, Центар, Аеродром, Гази Баба, Велес и Штип утврдивме дека ДЗС не врши нивно тековно одржување. **Голем дел од засолништата се блокирани или затворени од препреки од дрва и кабаст отпад, дел од нив се отворени и личат на депонии, а некои се магацини за стара опрема.** Некои засолништа не се во функција поради неисправни системи за вентилација и недостаток на струја и вода. **Истовремено, едно засолниште се користи од приватно правно лице, за кое користење не ни беше доставена документација за закуп, ниту пак утврдивме соодветен приход по овој основ.**









Дел од опремата на ДЗС сместена во магацините е нефункционална, неупотреблива и технолошки застарена, некомпатибилна, непроверена, несервисирана веќе подолг период, со поминат рок на употреба. Дел од опремата која е доделена од МО согласно делбен биланс уште во 2005 година, е постара од 40 години.





Во ДЗС систематизирани се седум работни места за пилоти, но до јуни 2024 година пополнети се три. **По заминувањето на двајца пилоти во пензија, во 2024 година ДЗС остана со еден активен пилот.** Имајќи предвид дека во првата половина на месец јули 2024 година на територијата на Републиката активни се повеќе од 10 пожари на отворено, од страна на ДЗС со пензионираните пилоти, склучени се договори за дело за период од три месеци. **Поради недостиг на пилоти воздухопловите на ДЗС нема да можат да се користат, што ќе има влијание врз целокупниот процес на заштита од пожари.**

ДЗС секоја година склучува договор за ЈН за осигурување на воздухоплови. Во континуитет со договор се ангажира надворешен експерт/брокерско друштво за кое за две години се исплатени средства во износ 25% од вредноста на склучените договори или 12.787 илјади денари. Обврските на друштвото вклучуваат и посредување во договарање на осигурително и реосигурително покритие за сите класи на осигурување, како и вклучување во изработка на техничка спецификација за ЈН за осигурување. Имајќи предвид дека се работи за ист предмет на осигурување, авиони кои се набавени во 2010 година и во континуитет се врши нивно осигурување, не ни беа презентирани доволно убедителни докази за потребата и оправданоста на брокерот во постапката за ЈН и не беа доставени документи од кои ќе можеме да потврдиме дека брокерското друштво го реализирало предметот на договорот.



ДЗС нема донесено пишани критериуми за утврдување на потребите и приоритетите за набавка на противпожарна опрема и средства за гасење на пожари за противпожарните единици. **Во 2023 година набавени се 40 изолациски дишни апарати и 20 рачни термални камери за пожарникари, но истите не се распоредени на ТППЕ по општините, туку се складирани во магацините на ДЗС. Дополнително во март 2024 година набавени се уште 40 изолациски дишни апарати, кои исто така се наоѓаат во магацините на ДЗС.**

**За периодот по 2018 година не е донесена Национална стратегија за заштита и спасување, иако во 2021 година се изработени нацрт Национална стратегија за заштита и спасување** и Акциски план за период од 2022-2025, но истите сеуште не се донесени, што создава ризик од некоординирани активности на локално, национално, регионално и меѓународно ниво при справувањето со опасностите од природни непогоди и други несреќи и влијае врз целокупниот систем на заштита и спасување во државата.



# 5.2.10

## КОНТРОЛНИ МЕХАНИЗМИ И НИВНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ ВО ДРЖАВНИОТ СИСТЕМ

### 5.2.10.1.

### ДРЖАВЕН ПРОВСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Државниот просветен инспекторат за 2023 година.

Утврдени се слабости и недоследности во спроведувањето на инспекцискиот надзор, што влијае на ефективноста и законитоста на контролите во студентските домови и воспитно-образовните установи.

Согласно законските одредби Државниот просветен инспекторат има обврска да врши инспекциски надзор најмалку еднаш годишно во студентските домови и да достави извештај до МОН и Владата во рок од 60 дена по завршувањето на сместувањето на студентите.

Со ревизијата утврдено е дека последниот инспекциски надзор бил извршен во 2019 година, по што не се извршени нови контроли / надзор, ниту се изготвени записници за извршени надзори. Недостигот на редовни и вонредни контроли во процесот на прием, евидентирање и сместување на студентите, како и на точноста на податоците во документацијата на студентските домови, го оневозможува нивното правилно функционирање и исполнување на целта за обезбедување соодветни услови за студентите. Исто така, ревизијата утврди дека инспекциски надзор не бил извршен ниту во 2024 година, што укажува на непостапување според препораките на овластениот државен ревизор, истакнато во Конечниот извештај од ревизијата на успешноста на Државниот завод за ревизија, на тема „Ефикасност на мерките, политиките и проектите за исполнување на условите во кои функционираат државните студентски домови“.

Државниот просветен инспекторат има исто така и законска обврска да спроведува редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори, како и интегрална евалуација на работата на воспитно - образовните установи. Во 2023 година, планирани се вкупно 7.691 инспекциски надзор, од кои само 4.446, или 58% од планираното, се извршени. Од друга страна ДПИ располага со 138 систематизирани работни места, 100 се пополнети, што значи дека 27,5% од потребните човечки ресурси не се обезбедени. Најизразен недостаток има во Секторот за инспекциски надзор и оценување на квалитетот, каде што недостасуваат просветни инспектори, што ја отежнува реализацијата на основната дејност. Поради пензионирање и заминување на инспектори, одредени подрачни единици, како во: Охрид, Гостивар, Кавадарци и Ресен, се целосно нефункционални. Исто така, дел од нововработените инспектори не ја завршиле неопходната обука, што носи ризик за грешки и слабости во работењето. Заедно со недостигот на техничко-административен кадар, овие проблеми ја нарушуваат ефикасноста на инспекцискиот надзор и ја отежнуваат неговата целосна примена.

## СИСТЕМАТИЗИРАНИ, ПОПОЛНЕТИ РАБОТНИ МЕСТА И СТАРОСНА СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ ИНСПЕКТОРИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 2021 ДО 2024 ГОДИНА

| Реден број | Година | Број на инспектори по систематизацијата | Број на вработени инспектори | Барања за вработување инспектори | Одобренија од МФ за нови вработувања | Ново вработени инспектори во тек на годината | Одлив на вработени инспектори | | Просечна старост на инспектори | Просечна старост на вкупниот број на вработени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Пензионирање | Друг основ | | |
| 1 | 2021 | 76 | 65 | 5 | 5 | 0 | 4 | 0 | 50 - 60 | 46 - 55 |
| 2 | 2022 | 76 | 61 | 5 | 5 | 0 | 5 | 0 | 50 - 60 | 46 - 55 |
| 3 | 2023 | 75 | 56 | 2 | 1 | 1 | 2 | 1 | 50 - 60 | 46 - 55 |
| 4 | Ноември 2024 | 75 | 53 | 4 | 0 | 0 | 6 | 0 | 50 - 60 | 46 - 55 |
| | | | | 16 | 11 | 1 | 17 | 1 | 50 - 60 | 46 - 55 |

Законот за просветна инспекција ја регулира постапката за вршење на инспекциски надзор, при што еден од методите е интегралната евалуација на воспитно-образовните установи. Утврдено е дека дел од основните и средните училишта не се опфатени со интегралната евалуација секоја трета учебна година, како што предвидува член 20 од Законот. Причините за оваа состојба се пандемијата со Ковид-19 во претходниот период, како и недостатокот на човечки ресурси, предизвикан од постојаниот одлив на просветни инспектори поради пензионирање или други причини. Ваквата состојба влијае на организацијата и реализацијата на наставата, условите во воспитно-образовните установи, како и на исполнувањето и вреднувањето на работните задачи на наставниците и стручните соработници.

## БРОЈ НА ВОСПИТНИ УСТАНОВИ




РЕАЛИЗИРАНИ ИНТЕГРАЛНИ ЕВАЛУАЦИИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 2021 - 2023 ГОДИНА

Иако во периодот од 2021 до 2023 година бројот на реализирани интегрални евалуација бележи благ пораст сè уште не е доволен за целосен опфат на училиштата како што предвидува законската регулатива.

Истакнуваме дека Државниот просветен инспекторат се соочува и со несоодветни услови за работа, недостаток на современа софтверска и ИТ опрема (харверд и софтвер), како и службени возила потребни за извршување на активностите на терен.





УСЛОВИ ЗА РАБОТА НА ПРОСВЕТНАТА ИНСПЕКЦИЈА

## 5.2.10.2.

## ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОРАТ ЗА ТЕХНИЧКА ИНСПЕКЦИЈА

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Државниот инспекторат за техничка инспекција за 2023 година (ДИТИ).

Со извршената ревизија утврдени се следниве состојби:

- слабости во начинот на спроведување на пописот на средствата и неизвршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
- предметите по кои се остваруваат приходите согласно закон не се уредно одложени и не се целосно достапни;
- планирањето на надзорите се врши без соодветен начин на процена на ризикот согласно регулативите;



- слабости и не уредност во начинот на спроведување на инспекцискиот надзор, правилната примена на законите, подзаконските и други општи акти во делот на вршењето на работите при експлоатацијата на минералните суровини и деталните геолошки истражувања.

Државниот завод за ревизија има извршено ревизија на успешност на тема: „**Ефикасност на постапките за доделување на правото на вршење на експлоатација на минерални суровини и реализација на склучените договори, со посебен осврт на мермерот**“ издаден во 2024 година. Во извештајот покрај останатото истакнати се и утврдени состојби кои се однесуваат на работењето и надлежноста на ДИТИ пред се на начинот на кој се врши инспекцискиот надзор која состојба со извршената ревизија утврдивме дека не е надмината.




ВКУПЕН БРОЈ НА ИЗВРШЕНИ ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОРИ НАД ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ И ТЕХНИЧКА ОПРЕМА ВО ПЕРИОД 2020 - 2023 ГОДИНА

Податоците презентирани во погоре наведениот графикон покажува дека ДИТИ врши најголем број на редовни инспекциски надзори.

Секторот за надзор над експлоатацијата на минералните суровини и деталните геолошки истражувања од издадени 130 решенија со утврдени неправилности во периодот од 2020 до2023 година, извршил само 44 контролни надзори или само 34%.

Секторот за надзор на техничката опрема од издадени 46 решенија со утврдени неправилности во периодот од 2020 до2023 година извршил само 14 контролни надзори или 30%.

За 2020, 2021 и 2022 година на ревизијата не и се презентирани предмети со извршени контролни надзори. Овие состојби не се во согласност Законот за инспециски надзор согласно кој контролниот инспекциски надзор треба да се врши со цел да се провери дали субјектите постапиле по донесениот испекциски акт - решение, во целост, делумно или не постапиле и претставува основа за испекциска мерка согласно закон и не е во функција на подобрување на утврдените неправилности од страна на инспекторатот.

Согласно Законот за минерални суровини заради правилна експлоатацијата на минерални суровини концесионерот е должен да врши геодетско снимање или рударски мерења, еднаш годишно во периодот од 15 септември до 15 декември во тековната година и да изготви геодетски елаборат со пресметка на откопаните количини на минерални суровини, во кој прецизно ќе се дефинираат количините на откопаната количина на минерални суровини. Концесионерот најдоцна до 31 јануари во тековната година за претходната година геодетскиот елаборат треба да го достави до Министерството за економија [24] и ДИТИ. **Утврдивме дека ДИТИ не води евиденција ниту има преземено мерки за координација со Министерството за економија за преземање на конкретни активности (испраќање на опомени) кон концесионерите кои не доставиле геодетски елаборати, освен кога во случај со инспекциоскиот надзор се утврди дека трговецот/субјектот не доставил, тогаш од страна на инспекторот му се изрекува глоба.**

Согласно Законот за минерални суровини не извршеното геодетско мерење и не доставувањето на известување во горенаведениот рок и начин претставува прекршок за кој се изрекува глоба. Наведената состојба влијае на квалитетот и

[24] Министерсво за економија и труд, - Закон за изменување и дополнување на законот за организација и работа на органите на државната управа, донесен во јуни 2024 година.

начинот на вршење на инспекциски надзор и контрола над екплотацијата на минералните суровини како и на средствата наплатени по основ на глоба во Буџетот.

Со донесувањето на Законот за изменување и дополнување на законот за организација и работа на органите на државната управа донесен во јуни 2024 година, ДИТИ треба да продолжи да работи како орган во состав на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.

Во делот на нагласување на прашања известуваме за недостатокот на вработени во Одделенијата во состав на Секторите за инспекциски надзор поради пензионирање и заминување од работното место што може да влијае на квалитетно извршување на надлежноста на ДИТИ.

### 5.2.10.3.

### КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Комисијата за хартии од вредност за 2023 година, при што утврдивме одредени состојби и тоа како што следува:

Состојби кои се однесуваат на доследно почитување на работното време а при тоа не е доставена документација за оправдување на отсуствата, додека за одредбите од Колективниот договор на ниво на работодавач кои ја регулираат работата од дистанца не е презентиран усвоен акт.

Претседателот и членовите на комисијата се избрани и именувани лица од страна на Собранието на Република Северна Македонија, при што во делот на останати прашања ја истакнавме потребата од уредување на плата и надоместокот на претседателот и комисионерите (членови) на Комисијата за хартии од вредност со закон. Имено во Законот за хартии од вредност е уредено дека во однос на остварувањето на правата, обврските и одговорностите од работен однос на претседателот и комисионерите (членовите) на Комисијата се применува Законот за работните односи, без да е прецизиран начинот на пресметка на платите на комисионерите кои професионално ја вршат својата функција.

Донесена е Одлука за утврдување на вредноста и висината на бодовите по работни позиции во Комисијата, која предвидува вработените на работни места на исто ниво да можат да имаат различни бодови. Со наведената одлука ниту со друг акт не е дадено образложение за видот, сложеноста, обемот и одговорноста на работите за работните места во рамките на едно исто ниво како резултат на што се утврдени различни бодови на исти нивоа на работни места. Поради горенаведените состојби укажуваме на потребата платата на вработените во Комисијата за хартии од вредност да биде уредена со закон или со Колективен договор со прецизирање на видот, сложеноста, обемот и одговорноста на работите за работните места во рамките на едно исто ниво.



# 5.2.11

## ЕКОНОМИЈА

### 5.2.11.1.

### АГЕНЦИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија е институција основана од Владата на Република Северна Македонија за промоција на туристичките ресурси на државата на странски пазари, како и управување и поддршка на проекти чија цел е развој на туризмот во целина [25].

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за 2023 година, заедно со ревизија на усогласеност во кој утврдивме слабости во:

- начинот на спроведување на пописот на средствата и обврските и неизвршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба;
- невоспоставена материјална и сметководствена евиденција за набавените и издадени промотивни материјали;
- неисполнување на целите и надлежностите на Советот во насока на обезбедување на стручно мислење и поддршка во креирањето на Годишната програма;
- доследна примена на одредбите од Законот за јавните набавки;
- во рамки на проектот „АБОВЕ“ [26], со вкупен буџет од 167.803 евра (85% ЕУ-финансирање, 15% национално кофинансирање) ревизијата утврди дека АППТ не обезбедила навремена документација и средства за плаќање на сите фактури пред крајниот рок од завршување на проектот (31.12.2023), поради што не се повлечени сите средства од ЕУ, а преостанатите обврски во износ од 5.888  ќе треба да се подмират од сопствениот буџет, што негативно ќе влијае врз финансиската состојба на АППТ, и
- евидентирани се обврски по фактура за емитување на спотови на телевизија, без соодветна поткрепувачка документација.

Во делот на нагласување на прашања ги обелоденивме неколку состојби и тоа:

- судските постапки во кои АППТ е тужена страна, што може да има финансиски импликации;
- нецелосно исполнување на надлежностите на АППТ, утврдени со Законот за основање на АППТ. Агенцијата активно учествува во субвенционирање на странскиот туристички промет и во 2023 година реализирала 42 милиони денари за таа намена. Сепак, не презема доволно активности за промоција на туристички неразвиените региони, не анализира домашен туристички пазар, нема функционален туристички информациски систем и има слаба соработка со локалните самоуправи. Недостатокот на средства и некоординираноста меѓу институциите придонесуваат за преклопување на активности и недоволна ефикасност во туризмот.

[25] Закон за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија" („Службен весник" бр. 103/2008, 156/2010, 59/2012, 187/2013, 41/2014, 83/18 и 3/25

[26] Преку Interreg IPA CBC Програмата за прекугранична соработка помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција 2014-2020, АППТ има склучено договор за донација за имплементација на проектот АБОВЕ.

- Утврдени слабости во имплементацијата на надлежности на АППТ утврдени со Законот за планински патеки со кој се уредуваат условите за нивно користење, одржување и категоризација. АППТ има повеќе надлежности, вклучително и предлагање Национална мрежа на патеки и водење регистар. АППТ има започнати активности за воспоставување на оваа мрежа и доставен е предлог до надлежни институции, од кои дел имаат дадено позитивно мислење, а други немаат доставено одговор или доставени се забелешки. Поради недовршената постапка и недостаток на елаборати, обврските на АППТ не се реализирани. Во 2021 година, МЖСПП има започнато постапка за измена на Законот, но досега не е постигнато конкретно решение.

- Законот за туристички развојни зони (донесен во 2012 година) има цел да поттикне економски развој преку привлекување инвестиции во туризмот. АППТ е надлежна за основање, развој и следење на овие зони, но имплементацијата е несоодветна. Донесени се само три одлуки за основање зони, при што само една (во Дојран) е извршена објава на оглас за јавно наддавање за отуѓување на земјиште, но немала ниедна поднесена понуда.





ТУРИСТИЧКО РАЗВОЈНА ЗОНА САРАЈ ЕЗЕРО-ТРЕСКА (СЛИКАНО СО ДРОН)

- Зоната Сарај – езеро Треска наиде на законски и административни пречки, а Владата нема дадено понатамошни насоки. Недостатокот на финансиски средства и кадар ја попречува АППТ во исполнување на нејзините надлежности, со што се загрозува реализацијата на целите на законот – развој на туризмот, зголемување на конкурентноста и вработувањето.

- Со Законот за автокампови се уредуваат основањето, користењето и управувањето со автокампови, со цел развој на туризмот преку привлекување домашни и странски инвестиции. Надлежностите за спроведување на законот ги има АППТ. Владата донела две одлуки за основање автокампови – во Општина Велес и Општина Петровец. За Велес е подготвена урбанистичка документација, но не е започната постапка за отуѓување на земјиштето, додека за Петровец истата документација е во изработка.

- АППТ се соочува со проблеми во имплементацијата на законот, особено околу усогласувањето со Законот за градежно земјиште, дефинирањето на надлежности, постапката за јавно наддавање и категоризацијата на автокампови. Врз основа на тоа, Владата ја усвоила доставената информација од АППТ и го задолжила Министерството за транспорт и врски да формира работна група за измена на законот. Иако групата е формирана, досега нема преземени конкретни активности. Овие состојби го попречуваат исполнувањето на целта на законот – развој на туризмот преку автокампови.






**АВТОКАМПОВИ НА ОХРИДСКО ЕЗЕРО**

- поради неодобрен буџет од страна на надлежното министерство, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот не е во можност да ги користи средствата со кои располага на сметката, доделени со Законот за игрите на среќа и забавните игри;

- потреба од воведување на дигитализација на постапката на субвенционирање, заради отежнато следење и контрола од страна на одговорните за контрола и потпишување на документацијата, како и чувањето на документацијата.

Во делот кој се однесува на слабостите на внатрешните контроли известуваме за отсуство на пишани процедури со кои ќе се пропише процесот на прием, одобрување, евидентирање и плаќање на финансиските документи, не воспоставена ex-ante и ex-post контрола и систем на двоен потпис, невоспоставена внатрешна ревизија и потребата од воспоставување на соодветен систем на поделба на должностите во управната постапка од прв степен.



**5.2.11.2.**

### ДРУШТВОТО ЗА ТУРИЗАМ, УГОСТИТЕЛСТВО, РЕКРЕАЦИЈА И СПОРТ "ЕЛЕМ ТУРС" ДООЕЛ СКОПЈЕ

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, за 2023 година.

Во ревизорскиот извештај се известуваат за неповолната финансиска положба во која се наоѓа друштвото почнувајќи од основањето во 2012 година, при што во **континуитет остварува загуби од работењето и истата акумулирана до 2023 година изнесува 1.196.650 илјади денари и претставува 92% од основната главнина.**




Иако во 2023 година е искажана најмала загуба во последните шест години, што се должи на статусните промени во друштвото и неговата намалена активност, сепак друштвото во континуитет искажува негативен финансиски резултат од работењето, не е ликвидно и е во лоша финансиска состојба. За да продолжи со вршење на својата дејност и подмирување на обврските во континуитет склучува договори со основачот за преземање на долг. За таа цел, во периодот од 2018 до 2023 година (со исклучок на 2020 година) биле постојано склучувани трипартитни договори за преземање на долг помеѓу АД ЕСМ Скопје (преземач на долгот), ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје (должник) и конкретните доверители, при што истите највисок износ од 180.902 илјади денари достигнале во 2023 година. Искажани обврски за враќање на долг кон основачот постојано растат и во 2023 година изнесуваат 268.382 илјади денари.

Во август 2022 година ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје склучил договор со правен субјект - друштво за менаџмент од Скопје за набавка на аутсорсинг услуги во вкупен износ од 20.000 илјади денари со времетраење до крајот на 2022 година. Правниот субјект е основан непосредно пред склучување на договорот, а договорот имал ретроактивна важност од два месеци. Со извршената ревизија утврдено е дека реализацијата на договорот

продолжила во 2023 година и исплатени се вкупно 34.052 илјади денари, **што претставува 70% надминување од вредноста на договорот.** Истовремено, извршената анализата на бројот на ангажирани извршители по договор за аутсорсинг, нивните работни активности и бројот на редовно вработени лица во Подружница Попова Шапка, споредено со нискиот износ на приходи остварен од сместувачките капацитети во периодот мај – септември 2023 година, не овозможи уверување за потребата и оправданоста од ангажманот на надворешни извршители во тој период, што влијае на рационалното и економично трошење на јавните средства.

Со извршената ревизија е утврдено дека, ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје располага со градежни објекти и опрема во износ од 284.377 илјади денари, кои заради вршење на дејноста се изложени на ризици и за истите одговорното лице **нема спроведено постапка за осигурување на имотот и средствата на друштвото** од кражби, пожар и други елементарни непогоди, што може да предизвика штета врз имотот и средствата на друштвото во случај на настанување на ризиците.

Од 2018 година во ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје започнал со реализација на проект „Ладен оброк", со кој вработените во АД ЕСМ Подружница РЕК Битола се снабдуваат со оброк. По тој основ друштвото само во првите два месеци од 2023 година, остварило приход од АД ЕСМ Скопје во износ од 11.217 илјади денари (36% од вкупно остварените приходи на друштвото). За реализација на овој проект континуирано се набавувани стоки без претходно спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка, **што не е во согласност со одредбите од ЗЈН и може да влијае на економичното, ефикасно и ефективно користење на јавните средства.**

Извршениот теренски увид на постојните сместувачки капацитети на Хотел „Молика" - Битола, Хотел „Попова Шапка" - Тетово, Хотел „Славија" – Тетово, Одморалиште „Свети Стефан" - Охрид, Одморалиште „Маврово" - Маврови Анови и Авто камп „Ливадиште" - Струга утврдено е дека со исклучок на хотел „Молика" – Битола, **истите се застарени и во најголем дел не ги обезбедуваат минимално технички услови за сместување.** Сместувачкиот капацитет во Одморалиште „Свети Стефан" – Охрид не може да се користи поради исклучена електрична енергија, додека во тек е реновирање на сместувачките и угостителските капацитети во Авто камп „Ливадиште" - Струга. Поради тоа, за поголема искористеност на постојните капацитети потребна е сеопфатна анализа на состојбите, инвестиции кои ќе ја зголемат нивната атрактивност, ќе го подобрат квалитетот на услугите и ќе овозможат постигнување на стандардите во областа на туризмот.





ХОТЕЛ СЛАВИЈА ТЕТОВО



ОДМОРАЛИШТЕ „СВЕТИ СТЕФАН“ – ОХРИД



ОДМОРАЛИШТЕ „МАВРОВО“ - МАВРОВИ АНОВИ





АВТО КАМП „ЛИВАДИШТЕ“ – СТРУГА

Во текот на октомври и ноември 2022 година врз основа на претходно одобрение и одлука од НО на АД ЕСМ -Скопје, од страна на УО на основачот донесена е одлука за основање на две нови друштва:

- Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕСМ МОЛИКА ДООЕЛ-Битола и
- Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт СКИ ЦЕНТАР ПОПОВА ШАПКА ДООЕЛ -Тетово.

Преструктуирањето на друштвото е проследено со одредени слабости. Имено, недвижните ствари биле отстапени на новите друштва, тоа не било случај и со движните ствари, чија сметководствена вредност изнесува 190.735 евра, необезбедена проценка за нивната вредност од страна на овластен проценител. Дополнително, при префрлањето на вработените од подружниците Попова Шапка и Молика во новоформираните друштва со преструктуирањето, се постапило на различен начини, што довело до поведување на судски постапки.

Со извршената ревизија констатирани се и други состојби кои се однесуваат на извршениот попис, исплати без поткрепувачка документација, несоодветно евидентирање и други неправилности и неусогласености од различна природа што упатува на несоодветно користење и постапување со јавните средства и не извршување на дејноста за кое е формирано друштвото.

# 5.2.12

## ЗЕМЈОДЕЛИЕ, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

### 5.2.12.1.

### УПРАВА ЗА ХИДРОМЕТЕОРОЛОШКИ РАБОТИ

Со извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Управата за хидрометеоролошки работи (УХМР) за 2023 година утврдени се состојби, неправилности и неусогласености кои влијаат на издадените мислења на овластениот државен ревизор за реалноста и објективноста на финансиските извештаи и усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставените политики.

Утврдивме неправилности во делот на начинот на спроведување на пописот и тоа:

- утврдено е дека земјиштето е евидентирано само на една локација со вредност од 782 илјади денари, додека на 18 други локации не е евидентирано и проценето;
- четири градежни објекти не се евидентирани поради нерешен правен статус на бесправно изградените објекти;
- постои неусогласеност помеѓу финансиската и материјалната евиденција на постојаните средства во износ од 16.229 илјади денари, поради нередовно евидентирање и усогласување на податоците;
- дополнително, од дванаесетте моторни возила кои ги користи УХМР, девет не се евидентирани во материјалната и сметководствената евиденција, што укажува на пропусти во евиденцијата на имотот и

Со извршена ревизија утврдивме дека поради неажурно и неточно евидентирање на набавките и издавањето на материјалите, како и погрешно евидентирање на постојаните средства како залихи, постои разлика од 5.901 илјади денари помеѓу финансиската и материјалната евиденција на залихите на материјали и резервни делови кои се проценети на 1.978 илјади денари. Пописната комисија на 31 декември 2023 година не ги утврдила овие разлики.

УХМР до денот на ревизијата не постапила по одлуката на Владата со која на 25 ноември 2022 година се одобрила продажба на единаесет дотраени возила. Возилата сѐ уште не се продадени, ниту се евидентирани во сметководството на УХМР, а ваквото непостапување по одлуката на Владата резултира со пропуштен прилив во Буџетот на државата.

Со ревизијата утврден е значителен пад на бројот на вработени од 2019 до март 2024 година, со 69 испразнети работни места и само 60% засновани работни односи од одобрените вработувања од Министерството за финансии. Недостигот на квалификувани човечки ресурси и пензионирањето на вработените, кои сочинуваат 70% од одливот, влијае на оваа состојба и на извршување на дејноста на УХМР. Просечната старост на вработените се зголемила од 51 на 53 години, а недоволниот број на човечки ресурси може да влијае на квалитетот на извршувањето на основната дејност на УХМР во иднина.

Од извршениот увид на метеоролошките станици во државата и направените анализи констатиравме дека од вкупно 19 метеоролошки станици, три се нефункционални, а постои ризик од затворање на уште четири поради пензионирање на вработените. УХМР ќе функционира со две третини од капацитетите кои во најголем дел се неуредни и нефункционални, при што податоците ќе се обезбедуваат главно преку автоматски станици, кои даваат основни, но не и дополнителни метеоролошки информации.





**РАЧНА И АВТОМАТСКА МЕТЕОРОЛОШКА СТАНИЦА**

На сметката на буџет од самофинансирачки активности како клучно прашање истакнато е дека законските одредби се непрецизни, неконзистентни и создаваат неизвесност во пресметувањето и остварувањето на приходите на УХМР во иднина. Потребни се неодложни измени и доуредување на Законот за хидрометеоролошка дејност за да се обезбедат доволно финансиски средства за осовременување и модернизација на опремата. Иако УХМР ги наплатува услугите според тарифник од 2009 година, обидот за негово ажурирање во 2015 година бил неуспешен. Во последните 14 години, тарифникот не е променет, и не е усогласен со реалните цени на услугите на пазарот и инфлаторните движења.

Утврдивме дека во периодот од 2015 до 2019 година не се врши заштита од град поради што правните субјекти и физичките лица кои се занимаваат пред се со земјоделство и овоштарство изложени се на дополнителни ризици и штети по овој основ.

Во 2019 година се воведува нова метода на авионско засејување на облаците за заштита која метода се применувала во 2021 и 2022 година, но во 2023 и 2024 година не се реализирала поради тоа што во постапките за јавни набавки не се пријавил ниту еден економски оператор.

Во текот на 2023 година исплатени се 50.718 илјади денари за надомест на штети од елементарни непогоди.

За надминување на наведената состојба и сведување на ризикот на прифатливо ниво ревизијата го истакнува практикувањето од соседните земји кои користат различни методи за заштита, вклучувајќи комбинирани системи и дронови што може да биде пример за постапување од УХМР.

## 5.2.12.2.

### ЈП „НАЦИОНАЛНИ ШУМИ" П.О. – СКОПЈЕ

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" п.о. - Скопје, за 2023 година, при што утврдивме состојби меѓу кои позначајни се:

- Биолошките средства не се вреднувани по нивната објективна вредност, односно не се намалени или обезвреднети за површините кои се наоѓаат во границите на Националниот парк Шар Планина и се уредени со посебни шумско стопански планови, како и површините кои биле зафатени од шумски пожари во кои целосно е уништен шумскиот фонд;

- Јавното претпријатие врз основа на месечни извештаи за исечено дрво издвојува средства за проста и проширена репродукција. На крајот на 2023 година, има искажано обврски спрема Буџетот на државата за проширена репродукција во износ од 450.844 илјади денари и обврски спрема посебната сметка за проста репродукција (не е отворена) во износ од 250.186 илјади денари, а побарува од државата 164.275 илјади денари, по основ на учеството во акцијата „Ден на дрвото". Имајќи ја во предвид финансиската состојба и намалената ликвидност на претпријатието, а согласно рамката и барањата на МСС не е пристапено кон пребивање на овие побарувања со дел од обврските, со што долгот кон државата би се намалил на 286.569 илјади денари;

- Имајќи ја во предвид старосната структура на побарувањата од вработените по разни основи: утврдени кусоци на техничко и огревно дрво, нераздолжени аванси, неуплатен дневен промет од продажба, користење на угостителски услуги и др.), од кои 95% се однесуваат за период пред 2018 година, поради не преземените мерки за нивна наплата и општиот рок на застареност, постои голема неизвесност да се наплатат 36.460 илјади денари.




СТАРОСНА СТРУКТУРА НА ПОБАРУВАЊАТА ОД ВРАБОТЕНИ

- За инвестиционите вложувања во износ од 2.226 илјади денари, кои потекнуваат од минати години и се однесуваат на инвестициони објекти во подружниците „Бигла“ Демир Хисар и „Равна река“ Пехчево, не е обезбедена веродостојна документација, не е утврдена фактичката состојба, односно не е направена проценка за оправданост за продолжување на инвестициите;

**„РАВНА РЕКА“ ПЕХЧЕВО**



- Иако во 2024 година, изградени се 7 пластеници во вредност од 12.785 илјади денари и истите се во употреба, сметководствено не се соодветно евидентирани и за нив не се пресметува амортизација, а набавената суровина тресет во вредност од 1.452 илјади денари не соодветно класифицирана како залиха на суровина;

- Долгорочните финансиски средства од 7.374 илјади денари се однесуваат на вложени средства при основањето на две придружни друштва кои во 2005 година се издвоиле од јавното претпријатие. Друштвото за пиланско производство и преработка на дрво не постои во Трговски регистар од 2020 година, а кај друштвото за одгледување и производство на риби, по неговото издвојување од јавното претпријатие, настанати се трансформации, односно е извршен пренос на уделот од вложувањето, променет е називот на друштвото и истото е во владение на друго правно лице. ЈП „Национални шуми“ п.о. - Скопје, во својата архива не располага со списите од таа постапка, но со увид во регистарот на АКН, промената на недвижниот имот е запишана во 2016 година, со право на сопственост во ИЛ број 243 на КП 375/1 за КО Кленоец Кичево;

- Спротивно на одредбите од договорите за работа, од вкупно 355 вработени на неопределено време, 73% односно 259 вработени кои се примени на работни места сечачи, дотурачи, редачи и шумски работници, извршуваат административни работи и работни задачи во дирекција или подружница;

- Во 2023 година, во ПШС „Шумарство“ Свети Николе, по барање од страна на раководителот на подружницата и дадено овластување, склучен е договор

за купопродажба на дрвни сортименти на пенушка во износ од 2.561 илјади денари со вклучен ДДВ, за дабово огревно дрво и сеченица, на нетранспарентен начин без утврдени критериуми за избор на правното лице, ниту е побарана документација која треба да ја поседува за вршење шумско културни работи и нејзина верификација, што значи отстапување од стандардната постапка, со ризик од склучување договори со субјекти кои немаат соодветни капацитети, знаење или стручност за правилно и ефикасно стопанисување и експлоатација на шумските ресурси;

- Финансиските показатели за 2023 година, вкупните обврски од 1.074.644 илјади денари, продолжената зависност од револвинг краткорочниот кредит за исплата на плати, укажуваат на зголемен ризик од намалена ликвидност на претпријатието, поради што е неопходен план за финансиска стабилност, проценка на ликвидносните ризици, временска рамка за отплата на обврските, намалување на зависноста од краткорочни задолжувања, како и приоритетна наплата на побарувањата и оптимизација на трошоците, со цел обезбедување на долгорочна стабилност и одржливост на работењето на јавното претпријатие.

- Иако електронскиот систем за следење на дрвната маса набавен во износ од 32.518 илјади денари и тековно месечно одржување од 167 илјади денари е воведен во употреба од 2017 година и технички поставен на платформата на Македонски Телеком АД Скопје, со обезбеден VPN пристап за ЈП „Национални шуми" п.о. - Скопје, истиот во пракса не се користи од страна на субјектите (Државниот инспекторат за шумарство и ловство и шумската полиција), ниту се имплементирани сите фази на следење на дрвната маса, што ја ограничува можноста за контрола, следливост и транспарентност во управувањето со дрвната маса – од сеча до крајна продажба.

- Ревизијата извести и за недоволна заштита на шумите (преземање на активности соодветни за превенција и управување со ризиците од појава на пожари во шумите) и системски слабости во справување со ризиците од болести, пожари и бесправна сеча, делумна реализација и ограничена ефикасност во користењето на средствата од Програмата за проширена репродукција на шумите за 2023 година.

**УНИШТЕНИ ШУМИ ОД БОРОВ ЧЕТНИК**



ГАРДЕНИЧКА РЕКА

КАРАСЛАРИ



## ОПОЖАРЕНИ ШУМИ



ДЕЛЧЕВО

БЕРОВО



Значителното отстапување на реализација на планот за производство на техничко и огревно дрво, како и на финансискиот план на приходите од продажба на техничко и огревно дрво, генерално се поврзани со недоволна и застарена механизација, ограничен број стручен и технички персонал, ограничена отвореност на шумските комплекси, како и оддалеченост на терените.




РЕАЛИЗИРАН ПЛАН НА ПРОИЗВОДСТВО НА ДРВНИ СОРТИМЕНТИ ВО $M^3$ ЗА ПЕРИОД 2014-2023

Дополнително, претпријатието со сопствени ресурси извршува само 42,45% од фазата на сеча, 34,04% од дотурот и 32,13% од фазата на превоз, што значи дека над 50% од производниот процес е зависен од ангажирање на надворешни извршители.

Наведените состојби упатуваат на преземање на мерки и активности по дадените препораки за надминување на утврдените причини за наведената состојба на јавното претпријатие, подготвување на соодветен бизнис план на консолидација на јавното претпријатие и воведување на нови видови на активности / готови производи со што ќе се надмине состојбата на единствена традиционална сеча на техничко и огревно дрво.



# 5.2.13.

ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ

## 5.2.13.1.

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија за 2023 година, при што утврдивме повеќе состојби.

**Слабостите** во функционирањето на **ИТ системот** на Фондот поради отсуство на ИТ стратегија, недостиг на ИТ кадар, застарена серверска структура и недоволна безбедност на ИТ системот резултирале со сајбер напад во февруари 2023 година што довело до нарушено функционирање на целиот здравствен систем во државата.

**Контролните активности** за вршењето на здравствените услуги во здравствените установи не се соодветно воспоставени или спроведени, поради што не е обезбедено целосно потврдување на фактурите за извршени здравствени услуги. Непостоењето на единствен интегриран систем за издавање упати, лекарски извештаи и пресметки за извршени здравствени услуги, кои се основа за изготвување на месечни фактури/извештаи создава ризик од пропусти и грешки.

Новите вградени системски контроли во ИТ системот на Фондот за **фактурираните рецепти од аптеките** и постојниот мануелен начин на контрола на рецептите од аптеките не се целосни и доволно ефикасни, а системот еРецепт се уште не е воспоставен.

Во постапката за упатување за лекување во странство на осигурените лица постојат повеќе слабости и неправилности, односно **не е обезбедена соодветна правна заштита на барателите и не е воспоставена контрола и систем на следење на успешноста на лекувањето во странство**, за што од страна на Фондот по овој основ исплатени се средства во износ од **311.237 илјади денари**.

За побарувањата за дадени аванси за лекување во странство кои заклучно со 2023 година изнесуваат **300.292 илјади денари** не се воспоставени соодветни контроли за потврдување на фактурите од странските болници и навремено затворање на дадените аванси, што доведува до континуиран пораст на истите.

Утврдени се и повеќе слабости во прикажаните позиции во Билансот на состојба. Имено, имотно правниот статус на дел од градежните објекти и земјиштето се уште не е регулиран, нецелосно е утврдена вредноста на недвижниот имот и истиот не е целосно евидентиран во деловните книги. Обврските кон добавувачите ненавремено се евидентираат во деловните книги, што доведува до нивно нереално искажување во финансиските извештаи.





Во делот на **Нагласување на прашања за неизвесност** ревизијата обелоденува за следното:

- отсуствуваат целосни информации за побарувањата по основ на неплатен придонес за здравствено осигурување, а наплатата на овие побарувања кои настанале заклучно со 2008 година е неизвесна;
- постои неизвесност за крајниот исход на судските постапки во кои Фондот се јавува како тужена страна и тужител;
- референтните цени за здравствени услуги кои паѓаат на товар на Фондот не се ажурирани и не ги одразуваат реалните трошоци;
- придонесот за задолжително здравствено осигурување за граѓаните кои не се здравствено осигурени по ниеден основ не е целосно исплатен од страна на Министерството за здравство.

Во делот **Клучни ревизорски прашања** се известува за начинот на плаќање на извршените услуги на здравствените установи, укажувајќи дека не е обезбедено вистинско купување на услуги предвидено со Законот за здравственото осигурување. Имено, Фондот во рамки на утврдениот буџет, наместо да ги надоместува извршените здравствени услуги е принуден да обезбеди средства за целосно функционирање на сите јавни здравствени установи, при што 2/3, односно 77 јавни здравствени институции имаат статус на неодржливи, поради реализиран значајно помал обем на услуги во однос на договорениот надоместок.

Во делот Останати прашања известуваме за Листата на лекови на товар на Фондот која не е ажурирана од 2014 година согласно новата методологија, а во 2024 година е само дополнета со 8 лека.

## 5.2.13.2.

### МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметките 637, 787 и 786-72 на Министерството за здравство за 2023 година, при што го утврди следново:

- не е обезбедено целосно согледување на состојбата на средствата, обврските, како и очекуваните приходи што влијае на точноста на финансиските извештаи на министерството;
- со буџетот за 2023 година обезбедени се средства во износ од 5.294.146 илјади денари за реализација на 23 програми за здравствена заштита, кои не се доволни за целосно подмирување на сите обврски кон ЈЗУ кои ги спроведуваат програмските активности, што влијае на нивната ликвидност. Дополнително утврдивме повеќе недоследности во воспоставените евиденции, спроведувањето и известувањето за дел од поединечните програми;
- за набавка на градежни работи како втора фаза од проектот за изградба на Општа болница Кичево утврдени се состојби кои генерирале значителни финансиски импликации на целокупната вредност на објектот, долгорочно одложување на обезбедување на поквалитетни здравствени услуги за граѓаните на Кичево, како и ризик од дополнителни трошоци во зависност од исходот на судска постапка;



Надворешна состојба на неизграден објект на ЈЗУ Општа болница Кичево




ПРЕГЛЕД НА ОДОБРЕНИ,НАМАЛЕНИ И ПОВЛЕЧЕНИ СРЕДСТВА ОД ЗАЕМ НА СЕВ ВО МИЛИОНИ ЕВРА

- во делот на **реализација на проектот за изградба на нов клинички центар во Скопје и во Штип** утврдивме дека иако истиот отпочнал во 2015 година, **се уште не се завршени активностите поради донесена Одлука за откажување на компонентата за изградба на Клинички центар во Скопје и пролонгирање на рокови и раскинување на договор за изградба на Клинички центар Штип.** Поради наведеното, носителите на договорите покренале **арбитражни постапки** за наплата на отштетни побарувања во износ од **45 милиони евра**. Од друга страна, средствата одобрени со **договорот за заем** во износ од **83,4 милиони евра се повлечени**.





Надворешна состојба на неизграден објект на нов Клинички центар Штип

И покрај големата потреба на граѓаните, неизградените здравствени објекти имаат негативен ефект врз остварување на целите за подобри, рационални и ефикасни здравствени услуги за граѓаните.

Во делот на **Нагласување на прашања за неизвесност** и континуитет ревизијата обелоденува за:

- незавршените градежни работи на ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо – Охрид и ЈЗУ Градска општа болница Струмица, започнати во 2015 и 2016 година. Наведеното е резултат на пролонгирањето на рокот на работите, склучување на голем број на анекси поради пропусти во проектните документации, порастот на цените на градежните материјали, како и покренати тужбени барања пред надлежни судови.



Состојба на незавршени градежни работи во една операциона сала и окно за лифт во објект на ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо – Охрид поради кои не е комплетирана реализацијата на градежните работи







Завршени градежни работи и инсталирана опрема во објект на ЈЗУ Општа болница Струмица кои не се користат бидејќи објектот не е пуштен во употреба.

- Поради наведеното изградбата на објектите генерирала значителни финансиски импликации на целокупната вредност на проектите, а пролонгирањето на рокот за изградба на објектот придонело во период од речиси 10 години да се одложи обезбедувањето на поквалитетни здравствени услуги за корисниците;

- недоволниот опфат на населението со вакцини кој се движи од 56,3% до 87,7%, особено изразено по пандемијата во 2020 година, како резултат на недовербата на граѓаните во безбедноста на вакцините, како и одложување на вакцинацијата со определени вакцини;

Во делот **Клучни ревизорски прашања** известуваме за статусот, кадровската екипираност, финансирањето и начинот на вршење на дејноста на Единицата за имплементација на проектот за изградба на нов клинички центар во Скопје и Штип, како и за неискористени парични средства на сметката во износ од 571.251 илјади денари и извесноста на трошоците кои во идниот период ќе треба да се покријат со истите.

## 5.2.13.3.

ЈАВНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ (ЈЗУ)




Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на четири универзитетски клиники во комплексот клиники "Мајка Тереза" – Скопје за 2023 година, и тоа: **Клиника за дерматологија, Клиника за хематологија, Клиника за неврологија како и Клиника за радиотерапија и онкологија**. Изразивме вкупно **16 мислења од кои 4 се без резерва, 7 со резерва, 4 се неповолни мислења и едно воздржување од давање мислење.** Со извршените ревизии го утврдивме следново:

- ЈЗУ **не воспоставиле сметководствена евиденција на залихи на лекови за ретки болести** набавени од страна на Министерството за здравство во вредност од **453.171 илјади денари и на лекови добиени по пат на донација во износ од 161.169 илјади денари.** Дополнително, утврдивме и **залихи на лекови** за ретки болести **со поминат рок**. Поради наведеното не е обезбедено соодветно управување и целосно согледување на состојбата на залихите на ЈЗУ;
- утврдени се слабости во планирањето и реализацијата на условниот надоместок за набавка на специфични лекови, апарати и други услуги кој бил одобрен во износ од **178.938 илјади денари.** Имено, утврдени се слабости при изготвување на плановите за специфичен вид и обем на здравствени услуги, а потребата од медицинска опрема, лекови и бројот на пациенти кои ќе се опфатат со истите не се резултат на доставени предлози од страна на стручниот колегиум. Исто така, ЈЗУ немаат донесено официјални протоколи ниту критериуми за лекување и за рангирање на пациентите кои имаат потреба од лекови кои се набавуваат со условен надоместок;
- набавките на лабораториски материјали и градежно занаетчиски работи за кои во текот на 2023 година преземени се обврски во износ од 215.339 илјади денари спроведени се на начин кој ја намалува конкуренцијата и создава ризик од нерационално користење на средствата во постапката за јавна набавка;
- ангажирани се медицински сестри, болничари и шалтерски работници со договор на дело, без обезбедена согласност од Министерството за финансии.

Во делот на **Нагласување на прашања за неизвесност** ревизијата обелоденува за:

- начинот на кој се реализира условниот надоместок за набавка на лекови за третман на малигни заболувања на Клиниката за радиотерапија и онкологија, кој иако бележи континуиран пораст, не е доволен за вклучување на сите пациенти кои според медицинските индикации би можеле да ја примаат терапијата. **Само 24% од пациентите кои терапијата ја примаат во дневна болница се приклучени на биолошка терапија;**
- медицинската опрема во дел од ЈЗУ, која не е ставена во употреба или не се користи во целост. Имено:
  - на Клиниката за радиотерапија и онкологија, акцелератор набавен во 2016 година, во текот на 2024 година е инсталиран а по поминувањето на фазата на тестирање во 2025 година е пуштен во употреба. Акцелератор, добиен по пат на донација во 2015 година, не е ставен во

употреба, се чува во магацин и поради технолошка застареност неизвесно е неговото пуштање во употреба. Исто така оваа клиника поседува апарат за централна подготовка на цитостатска терапија со КАТО софтверска лиценца која не е ставена во употреба од причина што не се набавени сите неопходни компоненти за негова функционалност, не е адаптиран просторот каде е сместен и отсуствуваат човечки ресурси за работа со истиот;

- Клиниката за дерматологија располага со два медицински апарати – ласери кои не се користат во целост. Со апаратите можат да се вршат услуги од естетска и козметолошка природа кои не се опфатени со задолжително здравствено осигурување, за чие давање се побарани согласности од Фондот и Министерството за здравство кои се уште не се обезбедени.
- ненаплатени побарувања од Министерството за извршени здравствени услуги по програми за здравствена заштита во износ од 397.081 илјади денари чија наплата е неизвесна.

Во делот Клучни ревизорски прашања известуваме за следното:

- не е обезбедено вистинско купување на здравствени услуги поради законската обврска на Фондот да обезбеди средства за целосно функционирање на оние ЈЗУ, кои поради повеќе причини не успеваат да остварат соодветен вид и обем на здравствени услуги во висина на договорениот надоместок и
- речиси сите здравствени услуги во областа на онкологијата и радиотерапијата, се даваат на Клиниката за радиотерапија и онкологија, иако на територијата на државата има онколошки одделенија во повеќе медицински центри. Оваа Клиника не располага со доволниот број здравствени работници за реализација на овој обем на услуги, што резултира со преоптовареност на кадарот и влијае на квалитетот на здравствените услуги на граѓаните.



# 5.2.14

## КУЛТУРА И СПОРТ

### 5.2.14.1.

### МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

Република Северна Македонија

**Министерство за култура и туризам**

Со извршената ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерството за култура за 2023 година утврдени се состојби, неправилности и неусогласености кои влијаат на издадените мислења.

За евидентираниот книжен фонд на Министерството, со извршената ревизија утврдено е дека истиот потекнува од 17 капитални проекти за печатење книги реализирани помеѓу 2009 и 2019 година, проценет на 408.123 илјади денари и вклучува 686.318 примероци.

Поради непостоење на план за дистрибуција на отпечатените и не дистрибуираните книги, се создава значителен проблем со сместувањето, дополнително усложнет од недостигот на интерес од државните институции за преземање на книгите поради исполнетост на нивните капацитети. Исто така, не е извршен попис за утврдување на фактичката состојба, како во однос на бројот на книги, така и за условите во кои тие се чуваат, што може да доведе до оштетување и уништување на истите.




! Владата во повеќе наврати има донесено Одлуки за трајно отстапување на дел од овие количини кај повеќе институции, библиотеки и образовни институции и **не постои** интерес **ниту простор** за прием на дополнителни количества!

Во однос на остварувањето на приоритетите за развој и унапредување на културата, констатирано е дека последната усвоена Национална стратегија за развој на културата од Собранието го покрива периодот 2018-2022 година, оставајќи ги активностите за 2023 година, предмет на актуелната ревизија, без јасни насоки. Министерството нема донесено годишен план ниту за претходниот период, ниту за 2023 година, што е нотирано и во претходните ревизорски извештаи. Недостигот на долгорочна стратегија за развој на културата доведува до општи поставени приоритети и создава предизвици во планирањето на културните активности. Во декември 2023 година, Владата усвои нова Национална стратегија за културата за периодот 2023-2028 година, но истата не е усвоена од Собранието.

Со ревизијата констатирани се недостатоци во распределбата на средствата за културни проекти, која се врши преку Годишен конкурс согласно Законот за култура. Имено не постојат јасни квалификации за членовите на комисиите за оценување, приоритетите во конкурсите често се општи и не се темелат на долгорочни политики, а критериумите за оценка на проектите не се строго дефинирани, што создава простор за субјективизам, некомпетентно именување на членови и неправилно категоризирање. Овие недостатоци доведуваат до недоволно квалитетна распределба на средства, а комисиите бодуваат проекти без конкретни насоки и без мерила за негативно бодување на неуспешни автори.

## ВКУПНО

| Исплатен износ<br>Во 000 ден. | Број на одобрени проекти | Вкупно проекти | Просечно одобрен износ по проект |
|---|---|---|---|
| 318.152 | 1.639 | 3.467 | 194.113 |

Во 2023 година, Министерството за култура исплатило вкупно 318.152 илјади денари за одобрени проекти на други корисници, што ја нагласува итната потреба за јасни правила и критериуми во распределбата на средствата. И покрај приоритетот за реформи во оваа област, предлогот за нов закон, кој би можел да го подобри системот, сè уште не е усвоен.

Подетален преглед по секоја дејност од области на културата на други корисници вклучувајќи ги и бројот на проекти и исплатените средства поединечно е претставен на следната визуелизација:

| Дејност | Исплатен износ | Број на одобрени проекти | Вкупно проекти | Просечно одобрен износ по проект | % на одобрени проекти |
|---|---|---|---|---|---|
| **ИЗДАВАЧКА** дејност | 51.713 | 549 | 1.116 | 94.195 | 47.1 % |
| **БИБЛИОТЕЧНА** дејност | 1.737 | 34 | 45 | 51.088 | 75.6 % |
| **МУЗИЧКО СЦЕНСКА** дејност | 72.345 | 248 | 651 | 219.741 | 38.1 % |
| **ДРАМСКА** дејност | 21.338 | 59 | 172 | 361.661 | 34.3 % |
| **ФОЛКЛОРНО СЦЕНСКА** дејност | 21.853 | 163 | 265 | 134.067 | 61.5 % |
| **ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО** | 3.897 | 17 | / | 229.235 | |
| **ЛИКОВНА** дејност | 13.231 | 172 | 294 | 76.924 | 58.5 % |

во 000 ден.

| | Исплатен износ (во 000 ден.) | Број на одобрени проекти | Вкупно проекти | Просечно одобрен износ по проект | % на одобрени проекти |
|---|---|---|---|---|---|
| **МАНИФЕСТАЦИИ** | 5.161 | / | / | | |
| **ИНТЕРДИСЦИПЛИНАРНИ** дејности | 22.185 | 74 | 185 | 299.797 | |
| **МУЗЕЈСКА** дејност | 8,095 | 83 | 143 | 97,530 | |
| **МЕЃУНАРОДНА** дејност | 41,341 | 136 | 434 | 303.978 | |
| **СТИПЕНДИИ ЗА МЛАДИ ТАЛЕНТИ** | 2.607 | 26 | / | 100.269 | |
| **КУЛТУРНИ ЦЕНТРИ ВО СТРАНСТВО** | 36.657 | 62 | 94 | 86.242 | 66.0 % |
| **ЕУ ИНТЕГРАЦИИ** | 15.992 | 16 | 18 | 999.500 | 88.9 % |

Во рамките на Годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2023 година, Министерството за култура има подржано 74 од 185 апликации за интердисциплинарни проекти, што претставува 40% од предлозите, со вкупна исплата од 22.185 илјади денари. И покрај тоа што интердисциплинарната дејност не е формално дефинирана во Законот за култура, Министерството продолжува да финансира проекти надвор од утврдените категории, што создава нерамноправност. Поради финансиски договори кои дозволуваат финансирање на повеќе од два проекти од едно правно лице, како и недостигот на целосна документација и евалуација за измените на договорите, се загрозува транспарентноста и правичноста во распределбата на средствата. Овие недостатоци отвораат простор за неправилности и фаворизирање на одредени проекти во интердисциплинарните активности.

Утврдени се слабости и во распределбата на средствата за проекти од национален интерес, особено во меѓународната културна соработка, кои укажуваат на недостаток на транспарентност. Дел од исплатените средства за проекти не се доделени преку редовни конкурси, а некои правни лица добиле поддршка над лимитот од четири проекти, што го нарушува почитувањето на конкурсните услови.

Осум проекти добиле вкупно 5.407 илјади денари без објективни причини за недоставување на апликации.

Иако Министерството има усвоено Упатство за финансирање, тоа не нуди доволно прецизни насоки, што создава неповолна ситуација за другите учесници во конкурсите. Неопходни се недложни реформи и јасни критериуми за финансирање за правичен третман на сите проекти во културата.

Во 2023 година, Министерството доделило 37.392 илјади денари како капитални дотации на девет општини за изградба на културни објекти, при што исплатата на средствата се врши по добиено барање со прилог документација. Сепак, за Општина Липково, Владата донела одлука за доделување дополнителни 30.000 илјади денари за проектот „Дом на култура" во с. Матејче, но исплатата била извршена без доставување на документација, што не е во согласност со условите поставени за останатите општини.

Со ревизијата констатирани се слабости и во евидентирањето на средствата и проектната документација за капитални објекти од 2012 до 2023 година.

Недостатокот на пополнета организациона единица за внатрешна ревизија ги зголемува ризиците за отсуство на соодветно уверување и советодавни услуги Министерството и националните установи за остварување на нивните цели.

Утврдени се и исплати на надоместоци без законска основа, како и пропусти во две јавни набавки вредни 18.455 илјади денари, што може да влијае на конкуренцијата и еднаквиот третман на економските оператори.



### 5.2.14.2.

### ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ОБЈЕКТИ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија (во натамошниот текст- ЈП СОСС) има надлежност да врши инвестиционо и тековно одржување на објектите од спорт, нивно користење во функција на спортот, да склучува договори за закуп на делови од објекти што не се во функција на спортот како и планирање и изградба на нови објекти за спорт.

Согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година извршивме ревизија на финансиските извештаи за 2023 година на ЈП СОСС.

Со извршената ревизија утврдивме дека поради тоа што ЈП СОСС:

- работи со блокирана сметка долг временски период (20 години);
- со недоволни финансиски средства;
- мал број на вработени без потребни соодветни знаења и вештини;
- загуба на документација поради поплави, спроведување на истражни постапки од други надлежни органи;
- честа промена на директори и членови на Управен одбор, од 2017 година нема Надзорен одбор и нетранспарентност во работењето;
- бројни измени во законската регулатива и не недоволно почитување на законските одредби односно нивна примена во пракса, истото не располага со целосна и релевантна документација за точна, континуирана и целосна евиденција за објектите, односно имотот, обврските и побарувањата, приходите и расходите од работењето на ЈП СОСС а со самото тоа и соодветно законско постапување во работењето и почитување на основните принципи при извршување на дејноста од јавен интерес / сигурност во давањето на услугите, континуитет и квалитет на услугата, транспарентност, достапност и универзална услуга, заштита на корисниците и потрошувачите.

Од таа причина, не бевме во можност да ги потврдиме вредностите на:

Материјални средства - 1.971.377 илјади денари (земјиште, градежни објекти, опрема, транспортни средства, средства во подготовка): ЈП СОСС не располага со одлуки на Влада и имотни листи како доказ за стекнато право на користење или сопственост на доделените објекти, нема историски податоци за нивната вредност а повеќе години наназад не е извршен попис.

Ниту со одлуката за основање на ЈП СОСС, ниту со Статутот на ЈП СОСС, ниту пак со Законот за спорт од 2002 година, не е извршено точно определување и специфицирање на објектите за спорт кои ќе бидат во делокругот на стопанисување на ЈП СОСС. Дополнително, со измените на Законот за спортот од 2013 година, за објектите за спорт од локално значење, иако била обврзана, Владата нема донесено поединечни одлуки за пренесување на правото на сопственост на објектите за спорт од локално значење на ЕЛС.

Овие состојби придонеле ЈП СОСС да не располага со точни податоци и информации за спортските објекти во сопственост на државата со кои управува, неможност од нивно запишување во јавните книги, што создава ризик за незаконско постапување со државниот имот.

Не бевме во можност да потврдиме дека приходите за 2023 година во износ од 6.212 илјади денари произлегуваат од сите активни договори согласно договорената висина на надомест за закуп:

## ПРИХОДИ ОД ЗАКУП НА ОБЈЕКТИ ПО СКЛУЧЕНИ ДОГОВОРИ



1. ЈП СОСС не располага со евиденција за објектите кои се дадени под закуп (локација,површина, катастарски податоци, функционалност на објектот, податоци за склучени договори и анекси на договори, времетраење и висина на закуп, начин на плаќање
2. Не бевме во можност да потврдиме дека ЈП СОСС редовно, месечно издава фактури по 56 договори бидејќи нема ажурирани податоци за функционалноста на објектите дадени под закуп, дали закупецот работи или не
3. Овозможено е користење на објектите до 30 години, без клаузула за негово враќање по истек на рокот, може да се издава на под-закуп
4. ЈП СОСС нема документација за да ги потврди извршените инвестициони/тековни вложувања од закупците како основ за ослободување од плаќање закуп

Побарувања од купувачи по склучени договори за закуп на спортски објекти и/или делови:




Или 16.553 илјада денари по договори или анекс на договорите за закуп склучени во период од 2002-2023 година

Фактурите не содржат податоци за број и датум на склучен договор/анекс кон договорот со цел потврда на правниот основ и точноста на висината на закупнината

---




Или 87.763 илјади денари евидентирани „збирно"

Не се разграничени по одделни комитенти;
Пренесена состојба од претходни периоди;
ЈП СОСС не располага со финансиска документација.

---




Или 98.004 илјади евидентирани во „комитенти"

Состојба пренесена од претходни приходи:
ЈП СОСС не располага со документација за потврдување на вредноста, правниот основ,старосната структура и можноста на нивна наплата

Постои реална можност 92% односно 185.767 илјади денари од евидентираните побарувања да не се наплатат.

**За неисплатените плати кон вработените и неисплатени надоместоци кон членови на УО -61.448 илјади денари:** не беа презентирани акти, одлуки за утврдување и пресметување на платите за вработените, согласности од Владата (како основач), персонални досиеја за вработените. Во 2023 година вработени се четири лица, двајца в.д. директори, а платите и надоместоците се исплаќаат преку цесии и асигнации.

**За обврските спрема добавувачи** во износ од 32.465 илјади денари утврдивме дека за 30% од нив или 9.890 илјади денари не постои податок за назив на добавувачот поради што не е можно да се утврди нивната основаност и законитост, додека 9.426 илјади денари или 29% од обврските се неплатени обврски за електрична енергија, водовод и канализација, поштенски услуги и сл.

**Обврските за:** данок на додадена вредност, персонален данок на доход/данок на личен доход, данок од добивка, даноци и придонеси за плата и надоместоци проценети во износ од 111.870 илјади денари, не се усогласени со состојбите во бруто билансот и не се кореспонденти со податоците објавените од УЈП за долгови кои не се платени до 31.12.2023 година, по истите основи.

Со измените на Законот за спорт објавени во „Службен весник на Република Македонија" број 148/13, иако на 1 мај 2017 година престанува да постои законскиот основ за работа на ЈП СОСС, истото продолжува да работи во континуитет. Владите на Република Северна Македонија избрани по вонредните парламентарни избори во декември 2016 година, во континуитет до 2023 година именуваат директори и членови на УО на ЈП СОСС. При тоа, по последното разрешување на членови на Надзорен одбор од 2017 година, ЈП СОСС функционира без надзорен орган.

Извршиме анализа на договорите за дел од објектите кои се дадени на користење на други правни субјекти, а за потврдување на наведените состојби ДЗР се обрати до надлежната агенција за катастар при што утврдивме дека:

- објектите се даваат под закуп на долг период 20-30 години, договорените закупнини се мали во однос на просторот што се дава, а закупецот може истите да ги дава во подзакуп;
- не постои документација за промените запишани во имотните листи во однос на сопственост од легализација, приватизација или по друг основ;



ОТВОРЕН БАЗЕН "КАЛЕ" – СКОПЈЕ

- нема документација со која ќе се потврдат инвестициските вложувања од страна на закупецот предвидени со договорите;



ПАРТИЗАН - ГРАДСКИ ПАРК

- се отуѓува имот од јавен интерес преку извршни постапки;
- и покрај раскинатите договори, закупците не ги напуштаат објектите и понатаму бесправно ги користат;

не преземањето на објектите од страна на Единиците на локална самоуправа придонело за поголемо запуштање, руинирање на објектите, нивно користење за намени кои не се во насока на спортот како и бесправно владеење;



**САЛА ПАРТИЗАН ВО ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" – СКОПЈЕ**

- нема доказ дека имот што согласно договор со ГТД Бетон Струмица АД Струмица, му следи на ЈП СОСС како соинвеститор, околу 781 м2 простор, истиот го има примено во владение, ниту пак има доказ дека објектите се изградени.

Во делот на Континуитет во работењето обелоденивме за не преземање на мерки и активности за спроведување на законските одредби од страна на Владата и Агенцијата за млади и спорт по укинувањето на ЈП СОСС, поради што истото и во 2024 година се уште опстојува и работи, има активен статус во Централниот регистер, не е решен статусот на вработените, се генерираат нови обврски и загуби од работењето како и загуби на имотот на државата.

Го нагласивме прашањето за исплата 78.363 илјади денари по судски спор што ЈП СОСС треба да исплати кон закупецот на објектот „Олимписки базен" во Скопје. Обврската произлегува од договор од 2004 година и анекс од 2006 година со кој е продолжен периодот на закуп на објектот до 2035 година и со компензација однапред е признаена и наплатена закупнина за 373 месеци (31 година) во износ од 20.682 илјади денари (336.288 евра) по основ на фактури за вложувања во објектот. Фактурите не и беа приложени на ревизијата, а неизвесно е дали ЈП СОСС располага со истите.

Укажавме на надлежните органи (надлежното министерство и основачот на ЈП) од потребата за утврдување на сите објекти кои биле во надлежност на ЈП СОСС и нивниот статус, како и преиспитување на правната и финансиската штетност на сите договори за закуп склучени помеѓу ЈП СОСС и трети лица со цел преземање на мерки за минимизирање на правните и финансиските ризици и заштита на државниот имот.

**5.2.14.3.**

## ДРУШТВО ЗА ИЗГРАДБА, УПРАВУВАЊЕ И ИЗДАВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ НАМЕНСКА САЛА **БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ СКОПЈЕ**

СПОРТСКИ ЦЕНТАР
БОРИС ТРАЈКОВСКИ

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Друштво за изградба, управување и издавање на повеќе наменска сала БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје, за 2023 година.

Приоритетна дејност на друштвото е да склучува договори за издавање под закуп на деловниот простор со кој располага и да остварува приход од закупнина. Давањето под закуп на деловниот простор се врши со електронско јавно наддавање согласно Законот за продажба и давање под закуп на деловните простории на Република Северна Македонија и врз основа на истиот се определува и цената на закупнината.

Со извршената ревизија утврдено е дека друштвото има склучено 24 договори за издавање објекти под закуп, при што 3 од нив се склучени во периодот од 2011 до 2013 година без постапка за јавно наддавање, а согласно тогашната регулатива. Останатите договори за издавање објекти под закуп се склучуваат со важност од четири години и по истекот на рокот, со анекси кон договорот се продолжуваат под непроменети услови и без да се земат актуелните пазарни услови.

Со извршените анализи на склучените договори констатирано е дека во 2 договори, цената која била постигната со јавно наддавање е повисока од почетно утврдената, во 5 склучени договори останала непроменета, додека во 14 договори за издавање под закуп, постигнатата цена е пониска од првично проценетата, а намалувањето се движи од 6% до 50%.




СКЛУЧЕНИ ДОГОВОРИ ЗА ИЗДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП СО НАМАЛУВАЊЕ ОД 6% ДО 50%

Покрај наведените приходи друштвото има остварено приходи од продажба на добра и услуги по повеќе основи и истите, во 2023 година претставуваа 74% од вкупно остварените приходи од продажба. Во однос на 2022 година овие приходи се намалени за 3%, додека во однос на 2021 година се зголемени за 33%. Остварените приходи во периодот 2021 – 2024 година по продажни места детално се прикажани на следната слика:

| | 2021 | 2022 | 2023 | 2024 |
|---|---|---|---|---|
| пливачки базен | 13.181 | 17.598 | 21.637 | 23.503 |
| голема сала - арена | 2.409 | 15.699 | 10.613 | 14.335 |
| аква парк | 6.039 | 4.664 | 4.290 | 0 |
| лизгалиште | 4.592 | 4.734 | 5.526 | 7.399 |
| мала сала | 1.418 | 1.525 | 1.571 | 2.899 |
| куглана | 532 | 549 | 552 | 1.467 |
| фитнес | 1.784 | 2.455 | 1.776 | 1.898 |
| аеробик | 889 | 1.057 | 658 | 869 |
| пинг понг | 318 | 380 | 542 | 665 |
| тениски терени | 270 | 360 | 360 | 360 |
| конгресна сала | 24 | 68 | 234 | 305 |
| подтрибински простор | 64 | 105 | 100 | 46 |
| други приходи | 5.254 | 1.302 | 953 | 1.436 |

Резултатите од спроведената анализа покажуваат дека приходите од користење на пливачки базен, лизгалиште, мала сала, куглана, конгресна сала и пинг понг центар во последните три години во континуитет бележат пораст кој продолжува и во 2024 година, додека Аква паркот има тренд на пад на остварените приходи, а во 2024 година не работи и не остварува приходи.

Очекуваниот приход од работата на Аква паркот во 2023 година, не е постигнат, односно вкупниот остварен приход изнесува 4.290 илјади денари и истиот е за 41% помалку од планираниот. Во 2024 година Аква паркот е затворен, а како причини се наведуваат економската неисплатливост од неговата работа, како и истечениот гарантен рок од 10 години на вградените реквизити/опрема и инсталации во кој период изведувачите гарантираат за квалитетот на изведените работи.



Извршената ревизија укажува на постоење неизвесност во однос на натамошното функционирање на вградениот „соларен систем“ кој се состои од соларни панели и топлински пумпи за загревање на пливачкиот базен. Друштвото за набавка на овој систем во минатото исплатило средства во износ од околу 26.000 илјади денари, а неговата сегашна вредност согласно трговските книги на друштвото е 2.856 илјади денари. Овој систем е ставен во употреба во 2014 година и функционирал со прекини заклучно до 2023 година. Поради утврдени технички недостатоци на соларните панели системот не функционира и за нив не е најдено ново соодветно решение.



Дополнително, со ревизијата истакната е пропуштената можност на БОРИС ТРАЈКОВСКИ ДООЕЛ Скопје за стопанисување со паркингот, за кој друштвото има стекнато правно на користење, поради што со години наназад не остварува приходи од издавање на паркингот на посетители.

Во рамки на претседавањето на Република Северна Македонија со ОБСЕ во периодот од 30 ноември до 1 декември 2023 година, друштвото по препорака на Владата му овозможило на МНР логистичка поддршка и асистенција за адаптација и надворешно уредување на друштвото за потребите на настанот, кое било извршено од страна на МНР. По претходно спроведени постапки за доделување на договори за јавни набавки МНР склучило неколку договори со вкупна вредност од 124.234 илјади денари. Со ревизијата утврдено е дека не се доставени записници од МНР за потврдување на изведените работи и инсталирани добра и ствари кои останале во владение на друштвото. Исто така, не е постапено по одредбите од склучениот договор за соработка помеѓу двете институции, односно изведените работи и инсталирани (вградени) добра и ствари во друштвото, сè уште не се ставени во негово владение.

Со извршената ревизија констатирани се и други состојби, како слабости во работењето со готовината, начинот на евидентирање на залихите на суровини и материјали, нецелосно извршен попис, непропишани прецизни надлежностите за Надзорниот одбор, слабости во актот за систематизација и актите со кој се уредува начинот на пресметка на платите и други неправилности и неусогласености.



# 5.2.15

ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

## 5.2.15.1

ФОНД НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА Ц.О. СКОПЈЕ



Државниот завод за ревизија како задолжителна изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија за 2023 година.

И покрај тоа што ФПИОСМ континуирано секоја година е предмет на ревизија и со оваа ревизија констатиравме состојби кои се однесуваат на:

- не е извршено евидентирање на имотот во деловните книги на постојаните средства добиени по основ на стечајни постапки во износ од 123.601 илјади денари за кое Фондот има сопственост или пренесено право на користење;
- пописот на средствата и обврските не е целосно спроведен;
- за отпишаните движни ствари во износ од 6.679 илјади денари извршено е бришење од сметководствената евиденцијата, без одлука на Влада и без спроведување на постапка за нивно уништување или отуѓување;
- отсуство на податоци за вкупно наплатените средства од акцизи и целосноста на наплатените приходите по овој основ;
- сметката за уплата и распределба на придонеси, на крајот на секоја година остануваат парични средства за кои дел се неидентификувани уплати на придонес и за истите не се создадени можности да се користат за исплата на пензии;
- склучен е договор за закуп на деловен простор на 20 години без спроведена соодветна постапка;
- слабости во спроведувањето на постапките и реализацијата на договорите за јавни набавки;
- слабости во начинот на доделување и исполнетоста на условите за сместување во становите при домовите за живеење на корисниците на пензија со кои стопанисува Фондот;
- слабости во безбедноста и сигурноста на ИТ системот.

Во јуни 2022 година по спроведен јавен конкурс и постапка, со Одлука на Управниот одбор именуван е директор на Фондот на која Владата нема дадено согласност, што не е во согласност со Законот за ПИО. Во март 2023 година, по девет месеци, од страна на Владата донесено е Решение со кое не се дава согласност на одлуката на УО од јуни 2022 година за именуваниот директор на Фондот од страна на УО што влијае на квалитетот на раководењето и работењето како и на начинот на реализација на правата и должностите на директорот утврдени со закон.

Во текот на 2023 година, спроведена е набавка за тековно одржување и изведување на градежно занаетчиски работи на деловни објекти на Фондот во централата, филијалите, деловниците и пензионерските домови за кои склучени се договори и анекси кон договорите во вкупен износ од 35.883 илјади денари за која утврдени се слабости во нејзиното спроведување и

реализација. Имено за позициите за кои била понудена минимална цена, во текот на реализација на договорот не се извршени нарачки. Договорот се реализирал за само неколку работни позиции кои во спордба на понудите на останатите економски оператори кои биле оценети како неприфатливи и за истите позиции имале од 2 (два) до 22 (дваесет и два) пати пониски цени.

Фондот во континуитет се соочува со недостиг на кадровски капацитети на стручен и обучен кадар во секторите клучни за дејноста, подрачните единици, во Секторот за ИТ и во одделението за внатрешна ревизија, што значително влијае на квалитетот на извршувањето на дејноста и работењето на Фондот.

Во текот на 2023 година ангажирани се 206 физички лица со договор на дело за период од 2 до 12 месеца, за кои Фондот има обезбедено согласности од министерството за финансии, за извршување на работни задачи согласно систематизацијата на работни места, за кои се исплатени средства во износ од 50.377 илјади денари. Не постои евиденција за присуство на ангажираните лица поради што постои можност од исплата на парични средства на лица кои не биле присутни на работните места и не ги извршувале работните обврски. Во договорите не е предвидена обврска ангажираните лица да доставуваат извештаи за извршената работа, што не обезбедува уверување во однос на исполнувањето на нивните работни задачи и обврски за кои се ангажирани при што поголем дел од договорите не се потпишани од страна на извршителите.

Утврдени се состојби кои се однесуваат на начинот на извршување на работните обврски на подрачните единици како и состојбата во истите и тоа како што следува:

- во работењето не е обезбедено ажурност и постојат стари и не решени предмети од пред повеќе години;
- системот за евиденција на работното време не е функционален;
- постои не соодветна распределба на работните обврски помеѓу вработените и лицата по договор за дело, поголем обем на работа кај одредени ПЕ и потреба од нови вработувања;
- состојбата на не соодветни хигиенски услови за работа во деловните простории и уништени натписни табли на Фондот, потреба од реконструкции на објектите кои во најголем дел се користат заедно со ФЗО;
- предметите се чуваат во несоодветни услови и постојат можности за нивно оштетување од кражба, влага и поплави и уништени предмети;
- слаба комуникација и координација на ПЕ со Централата во Скопје.

УСЛОВИ ВО КОИ СЕ ЧУВААТ ПРЕДМЕТИТЕ ВО ПОДРАЧНИТЕ ЕДИНИЦИ НА ФОНДОТ



Исто така утврдени се слабости во делот на функционирањето на воспоставените внатрешни контроли во процесот на обработка на пензиските досиеја и исплата на пензиските примања, кој се одвива преку воспоставениот електронски систем што влијае на навременоста и точноста на постапката на пресметка и исплата на пензиските примања.

Во делот на идентификување на клучното ревизорско прашање кое се однесува на дефицитот на средства со кој се соочува Фондот во континуитет истакнато е дека приходите од наплатен придонес од плата за пензиско и инвалидско осигурување во 2023 година се зголемени за 13% во однос на претходната 2022 година и изнесуваат 63.340.987 илјади денари со учество од 65,74% во вкупно остварените приходи. Оствареното зголемување на приходите во 2023 година и понатаму не е доволно за покривање на расходите за социјални бенефиции кои исто така секоја година бележат раст.




СТРУКТУРА НА ПРИХОДИТЕ ВО ФОНДОТ ОСТВАРЕНИ ВО 2023 ГОДИНА

Трендот на движење на учеството на трансферираните средства од Буџетот на Република Северна Македонија во вкупните приходи во периодот од 2013 до 2023 година е прикажан на следниот графиконот:



Погоре наведените податоци укажуваат дека процентот на средствата кои се одвојуваат од Буџетот на државата до 2018 година континуирано се зголемува, за да започнувајќи од 2019 година бележи тренд на намалување. Во 2023 година учеството на трансферираните средства од Буџетот на државата учествува со 32,57%.

Во декември 2023 година бројот на осигурениците изнесува 573.372 лица додека бројот на пензионери изнесува 337.814 лица односно соодносот пензионери/осигуреници изнесува 1:1,70 и истиот бележи мало намалување во однос на 2022 година кога истиот изнесувал 1:1,71.

Во делот на останати прашања истакната е состојбата со донесениот Закон за финансиска поддршка на социјално ранливите категории на граѓани во декември 2023 година со кој е извршена исплата на: корисници на посебен додаток, корисници на правото на надоместок заради попреченост, самохрани родители кои се евидентирани на гарантирана минимална помош, корисници на право на пензија во висина до 19.000 денари.

Согласно одредбите на наведениот закон исплатени се средства на корисниците на пензија во предизборниот период од месец февруари до април 2024 година во вкупен износ од 1.243.322 илјади денари што е во колизија со барањата на член 8-а од Изборниот законик согласно кој не може да се вршат плаќања на плати, пензии, социјална помош или други исплати и материјални надоместоци од буџетски средства или од средства на јавните фондови кои не се редовни месечни исплати.

ИСПЛАТА НА СРЕДСТВА ПО
ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СОЦИЈАЛНО РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ГРАЃАНИ ВО 2023 И 2024 ГОДИНА

во **000** ден.

| | Раздел | | | |
|---|---|---|---|---|
| Опис | МТСП | "Фонд на ПИОСМ" | МОН | Вкупно |
| **исплатено** по **14.02.2024** - по распишување на изборите заклучно со април 2024 и во МОН заклучно со јуни 2024 до избор на новата Влада | **102.902** | **1.243.322** | **404.325** | **1.750.549** |
| **Вкупно:** (МОН исплатата е заклучно со **септември 2024)** | **171.142** | **2.137.087** | **781.139** | **3.089.368** |

## 5.2.15.2

### АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА




**Фотографија извор:** Агенција за вработување на Република Северна Македонија

Финансиските извештаи и усогласеноста на работењето со законската регулатива, упатства и воспоставените политики на АВРСМ претставуваат предмет на ревизија секој известувачки период.

И покрај константното вршење на ревизија на АВРСМ, за известувачкиот период во 2023 година утврдивме состојби од повеќе области и тоа:

За исплата на средства за паричен надоместок во случај на невработеност во 2023 година исплатени се средства во вкупен износ од 1.305.639 илјади денари односно 21.229.902 евра, истите бележат тренд на намалување во однос на 2022 година, односно исплатени се помалку средства во износ од 102.071 илјада денари.




ИСПЛАТА НА СРЕДСТВА ЗА ПАРИЧЕН НАДОМЕСТОК ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2019-2023

исплатени средства за материјално обезбедување

исплатени средства за паричен надоместок

Кај исплатата на расходите по тој основ утврдено е дека кај дел од предметите кои биле опфатени со ревизијата, документацијата била некомплетна, односно се забележува отсуство на дел од бараната документација што се должи на неажурност во работењето кај дел од центрите за вработување, а дел од документацијата се обезбедува или се изготвува по истекот на законски утврдениот рок што се должи на не воспоставена електронска размена на податоци и поврзаност на евиденциите помеѓу Агенцијата и Фондот за ПИО.

За реализација на вкупно 14 програми и мерки за вработување предвидени со оперативниот план во 2023 година исплатени се средства во износ од 1.239.596 илјади денари или 20.156.033 евра што во однос на 2022 година е намалување од 13% (2022 година - 1.420.003 илјади денари или 23.089.480 евра.




РАСПРЕДЕЛБАТА НА СРЕДСТВАТА ПО ПРОГРАМИ И МЕРКИ ЗА 2022 И 2023

Најголем дел од средствата за активни програми и мерки за вработување се исплаќаат за мерката поддршка за самовработување (претприемништво).

Еден од критериумите за доделување на средства за активни мерки за вработување е рамномерниот регионален развој. При распределбата на средствата не е почитуван принципот на рамномерен регионален развој на осумте плански региони на начин на кој е дефиниран во оперативното упатство и оперативниот план.

За дел од планските региони се исплаќа повисок износ на средства во однос на утврдените проценти за учество согласно Одлуката за класификација на планските региони според степенот на развиеноста. Вообичаено, пониски се средствата кои се исплатени за планските региони од централниот и источниот дел на земјата, додека повисоки од утврдениот износ се средствата исплатени кај скопскиот плански регион и планските региони во западниот дел од земјата, при што во поедини случаи надминувањето е и четири пати поголемо од утврдениот вкупен износ со одлуката.




ИСПЛАТИ НА СРЕДСТВА ПО ПЛАНСКИ РЕГИОНИ

Во однос на внатрешните контроли во врска со наменското и законско користење на средствата кои се доделени за активните мерки за вработување со ревизијата е утврдено дека не се соодветни и доволни, при што најголем дел од записниците се однесуваат на формално извршени контроли со општи формулации без да се даде подетален опис на намената за која се искористени средствата, односно на опремата која е набавена со субвенционираните средства.

Во текот на 2023 година за мерката Обука за стекнување на вештини од областа на напредни ИТ вештини исплатен е износ во висина од 87.080 илјади денари односно 1.415.935 евра што во однос на 2022 година претставува зголемување за 47.361 илјада денари или 54%. Со ревизијата утврдено е дека бројот на кандидати кои успешно го положиле предвидениот испит по завршувањето на обуката е мал и заклучно со септември 2024 година изнесува 22%. Имајќи предвид дека за оваа активност се користат значителен износ на средства, утврдената состојба упатува дека мерката не го постигнала својот целосен ефект, бидејќи поголемиот дел од кандидатите не ја реализирале обуката успешно и не го завршиле испитот.

Утврдени се слабости и пропусти и во начинот на реализација на постапката за јавна набавка за: огрев (пелети) во вкупен износ од 2.100 илјади денари, односно 34.146 евра кај која пазарните цени на пелетите во моментот на испораката биле повеќе од двапати пониски од цената по која била спроведена оваа постапка.

Утврдени се слабости во постапката на набавка на информатичка опрема – персонални, преносни компјутери и печатачи во делот кој се однесува на ИТ опрема за кои е склучен договор во висина од 20.587 илјади денари односно 334.800 евра, реализиран целосно во 2024 година, што има влијание на економично, ефективно и ефикасно користење на средствата и почитување на основните начела на Законот за јавните набавки.

Ревизијата утврди несоодветно уредување на правото на плата кај директорот и заменик директор при што наместо ова право да се уреди со склучување на менаџерски договор меѓу именуваниот директор, заменик директор и Владата истото е уредено со колективен договор на ниво на работодавач што не е во согласност со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност.

# 5.3

## РЕВИЗИИ НА УСПЕШНОСТ И РЕВИЗИИ НА УСОГЛАСЕНОСТ

## 5.3.1.

### ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА

### 5.3.1.1.

### МОЖНОСТИ ЗА УПОТРЕБА НА ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР

Извршивме ревизија на информациски системи како ревизија на успешност на тема **„Можности за употреба на Вештачка интелигенција во јавниот сектор"** со цел да дадеме одговор на прашањето **Дали јавниот сектор е подготвен за користење на вештачка интелигенција во своите активности?**

Ревизијата на информациски системи како ревизија на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2024 година. Оваа ИТ ревизија како ревизија на успешност е спроведена како паралелна ревизија во рамките на ИТ работната група на ЕУРОСАИ, а нејзин координатор беше ВРИ на Израел и учествуваа ВРИ на 11 (единаесет) земји членки на ЕУРОСАИ.

Национална стратегија и законска регулатива за утврдување на правилата за имплементација на проекти со вештачка интелигенција во јавниот сектор не е донесена и оваа состојба се надминува со дефинирање на предизвиците со ВИ во други национални стратегии. Поради отсуство на подготвена стратегија за ВИ, не се подготвени акциски планови за примена на ВИ во Република Северна Македонија со утврдени рокови, надлежности и одговорности, како и дефинирање на буџетски средства за реализација на проекти за ВИ. Вложувањата во ИКТ инфраструктура за напредни истражувачки ресурси, како што се суперкомпјутери, специјализирани сервери за обработка на големи податоци и машинско учење, развој на технолошки центри се незначителни и придонесуваат за намален интерес за проекти со користење на ВИ.



Во декември 2018 година воспоставен е порталот за отворени податоци, динамичен екосистем на отворени податоци, во којшто внесените податоците се достапни и се користат од различни чинители од јавниот, приватниот, академскиот и граѓанскиот сектор. Според повеќето индекси во светски и регионални рамки за дигиталната зрелост, отворени податоци и подготвеност на националниот систем за употреба на ВИ, **нашата земја ја позиционираат под просекот во недостаток на напредни дигитални вештини, инвестиции во дигиталната инфраструктура и подобрување на јавната администрација.**

Во периодот од 2018 до 2023 година преку Фондот за иновации и технолошки развој финансирани се вкупно **48 проекти кои во решавањето на одредени проблеми користат ВИ**. Вкупната вредноста на финансираните проекти изнесува **375.768 илјади денари или 6.110.044,42 евра** или износот на кофинансирање за овие проекти е 267.104 илјади денари односно 4.343.161,75 евра. Во отсуство на регистар на ВИ проекти кои би можеле да се надградат и употребуваат во јавниот сектор, недостаток на соодветни национални стратегии и акциски планови, едукација и развој на инфраструктурата, вештачката интелигенција во догледно време нема да биде имплементирана во јавниот сектор како секојдневна алатка.

NLP проектите кои се развиваат во Македонија се од големо значење за перцепцијата за ВИ во земјата, особено во контекст на зачувување на македонскиот јазик и неговите дијалекти. Овие проекти имаат потенцијал да ја подобрат автоматската обработка на текстови на македонскиот јазик, а исто така да помогнат во развојот на напредни алатки во здравството, правните услуги, образованието и бизнисот.

Република Северна Македонија има основа за следење на етичката компонента на ВИ проектите, но не постои формализиран механизам кој целосно ги регулира сите аспекти на етика при имплементацијата на ВИ.

Дадените препораки се однесуваат на активностите кои Министерството за дигитална трансформација, во соработка со Владата на Република Северна Македонија и други системски чинители, треба да ги преземе во насока на **воспоставување на стратешка и законска рамка за имплементација на вештачката интелигенција, подобрување на постојната ИКТ инфраструктура, воспоставување на централизирана база на ВИ проекти за нивен понатамошен развој и имплементација во јавниот сектор, дигиталната зрелост и подготвеност за употреба на ВИ во јавен сектор, подобрување на комуникацијата помеѓу јавната администрација, академската заедница и бизнис секторот за развој на ВИ проекти, како воспоставување на механизам за заштитата на личните податоци при имплементација на ВИ проекти.**



# 5.3.2.

ИТ СИСТЕМИ И БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИ

## 5.3.2.1.

УСОГЛАСЕНОСТ НА ПРОЦЕДУРИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА НАСЕЛЕНИЕ

Државниот завод за ревизија изврши ревизијата на информациски системи како ревизија на усогласеност на тема **„Усогласеност на процедури за безбедност на податоците од Централен регистар на население“** кај Министерството за дигитална трансформација, правен наследник на МИОА за период од 2019 година до 2024 година.

Со опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување ревизорски техники и методологија, добивме разумно уверување да го изразиме следниот заклучок:

**Врз основа на извршената ревизија, заклучивме дека освен за состојбите кои се однесуваат на капацитетот на човечки ресурси, недефинирани чувствителни работни позиции, отсуство на процедури за активностите поврзани со функционирање на ЦРН, отсуство на процедури за утврдување на исполнување на стандардите за квалитет на податоците, отсуство на дефинирани стандарди за примена на ИТ безбедност, отсуство на системски контроли за размена на податоци меѓу институциите кои би спречиле заобиколување на Централниот регистар на население, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска и подзаконска регулатива, стратешки документи, договори и воспоставени политики.**

Централниот регистар на население е интегрирана база на лични податоци на населението во Република Северна Македонија и се води електронска форма во Министерството за дигитална трансформација[27]**.** Интегрирана база е генерирана врз основа на автоматско интегрирање на податоците содржани во поединечните бази на податоци што ги водат надлежните органи, Министерството за внатрешни работи, Министерството за дигитална трансформација - Управа за водење на матични книги и надлежниот орган за водење на адресниот регистар на Република Северна Македонија.

[27] 17 декември 2024 година, донесени се измените на Законот за матична евиденција , со кои наместо како орган во Министерството за правда, Управата станува орган во Министерството за дигитална трансформација. Службен весник на Република Северна Македонија број 255/24




Согласно со одредбите на Законот за централен регистар на население уредно е водење на поединечните бази на податоци, како и пристапот и обработката на податоците содржани во регистарот од страна на другите субјекти кои се однесуваат на личните податоци на граѓаните на Република Северна Македонија, како и на податоците за странски државјани со регулиран престој во Република Северна Македонија подолго од една година.

Со ревизијата ги опфативме следните области:

- Законска рамка и
- Безбедност на личните податоци во ЦРН и изворниците на податоци.

Од направените анализи на имплементацијата на законската и подзаконската регулатива која се однесува Централниот регистар на население утврдивме дека отсуствуваат механизми за потврдување на стандардизиран квалитет на податоците во изворниците на податоци, отсуствува Правилник за стандардите и правилата за безбедност на информациските системи што се користат во органите за електронска комуникација, неусогласеност во поглед на барањето за интеграцијата и синхронизацијата на податоците од изворниците на податоци во реално време. **Исто така во Регистарот за правните лица кои имаат пристап до ЦРН не се целосни податоци за правните лица.**

**Број на правни лица приклучени на ИОП**

| Државни институции | Приватни правни лица |
|---|---|
| 52 | 11 |

**Процент на правни лица кои користат податоци од ЦРН**

| Државни институции | Приватни правни лица |
|---|---|
| 13,46% | 36,36% |

Со ревизијата утврдивме дека постои недоволен број на вработени кои се ангажирани за извршување на активности за реализација на должностите во повеќе сектори и одделенија, отсуство на раководители на повеќе сектори и одделенија, не се дефинирани чувствителни работни позиции во актот за систематизација на работните места во министерството за дигитална трансформација и отсуство на процедури за активностите поврзани со функционирање на ЦРН од страна на МИОА и МДТ.

Врз анализа на доставените податоци и извештаи за преземени податоци од ЦРН утврдивме дека од воспоставувањето на регистарот се **реализирани 19.769.806 повици**, од кои се **44.261 неуспешни**. **Процентот на успешност на повиците е 99,78%**. Согласно податоците утврдивме дека во 2024 година се реализирани **1.634.415 повици, од кои 23.658 се неуспешни. Процентот на успешност на повиците е 98,55%.**

Во делот на безбедност на личните податоци во ЦРН и изворниците на податоци утврдивме дека **отсуствуваат системски контроли за размена на податоци меѓу институциите кои би спречиле заобиколување на ЦРН.** Воедно **отсуствуваат пишани процедури за доделување на пристап на правните субјекти кои ги користат податоците**, како и контролни механизми за потврдување на минималните стандарди за административна безбедност на системите кај изворниците на податоците.

Во делот на нагласување на прашања од неизвесност ги истакнуваме состојбите кои се однесуваат на имплементација на донесените измени на Законот за централен регистар на население, со кои се дефинира „инспекциски надзор над примената на одредбите од овој закон, другите прописи и општи акти донесени врз основа на овој закон врши секторот надлежен за инспекциски надзор во рамките на Министерството". Министерството нема измени на актите за внатрешна организација и актот за систематизација на работните места со кои би се овозможиле законските надлежности на министерството за инспекциски надзор.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности за подобрување на состојбите со човечките капацитети, подготовка и одобрување на пишани процедури за ЦРН и другите системи кои се во надлежност на МДТ, подготовка на прирачници и воведување на механизми за проверка на стандардите за квалитет на податоците, детални контроли за проверка на минималните физички и административни услови за безбедност, воведување на системски контроли за размена на податоци меѓу институциите и воведување на автоматизиран и координиран механизам за следење на нотификациите за несовпаѓање на личните податоци содржани во поединечните бази на податоци.

## 5.3.2.1.

## ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА МАТИЧНИТЕ КНИГИ

Државниот завод за ревизија изврши ревизијата Извршивме ревизија на информациски системи како ревизија на успешност на тема „Дигитализација на матичните книги", со цел да одговориме на прашањето **Дали со дигитализацијата на матичните книги и процесите во Управата за водење на матичните книги ќе се поедностават и забрзаат услугите за граѓаните, а нивниот квалитет ќе се подобри?**

Во 2014 година е започната имплементацијата на електронскиот матичен регистар, а во 2019 година е започнат процесот на дигитализација на матичните книги во Управата. Степенот на дигитализација на матичните книги изнесува 52% скенирани записи и 49% внесени записи од предвидениот обем на активности, односно дигитализација на матични книги не е целосно завршена.



СТЕПЕНОТ НА ДИГИТАЛИЗАЦИЈА НА МАТИЧНИТЕ КНИГИ

постојат 8.000.000 записи во матичните книги

Со овој степен не се поедноставени и забрзани услугите за граѓаните, а квалитетот на податоците кои ги користат институциите согласно своите законски надлежности не е подобрен. Планирање на проекти без соодветни анализи и детален акциски план за процесот на дигитализација на матичните книги, довело до зголемување на планираните средства од 13.116 илјади денари на 157.400 илјади денари, што е за дванаесет пати повеќе средства, а процесот на дигитализација сеуште не е завршен.

Во отсуство на дефинирани протоколи, детален план за дигитализација и централизирана евиденција на матичните книги, Управата не може да го утврди и следи степенот на дигитализација на матичните книги.

Управата нема обезбедено соодветни услови за сместување на матичните книги и чување на архивскиот материјал од трајна вредност и на документарниот материјал за истиот да не се оштети, исчезне или уништи. Состојбата со неусогласеност на законската и подзаконската регулатива донесена во 2016 година во делот на обрасците, доведува до издавање на изводи на родени на граѓаните со нецелосни податоци и неунифицирани обрасци за сите граѓани. Потврдувањето на внесените податоци во електронскиот матичен регистар се одвива бавно, а податоците кои се разменуваат со институциите не секогаш се точни.

Месна канцеларија на УВМК Маврови Анови



Утврдивме недостатокот на искусни и квалификувани ИТ човечки ресурси што доведува до зголемување на ризикот за безбедноста на информацискиот систем на Управата, а ненавремeното и не документирано управување со корисниците и корисничките привилегии го зголемува ризикот од неовластен пристап до лични податоци на граѓаните и коруптивни активности.

Исто така вработените / матичарите пристапуваат во просториите на Управата и електронскиот матичен регистар вон утврденото работно време, за време на викенди и празници. Утврдивме дека вработените пред 6:30 часот и по 22 часот **креираат уписи и измени во електронскиот матичен регистар без соодветен надзор, а отпечатени се изводи од матични книги за време на викенди и празници во повеќе месни канцеларии.**




**Ангажирани се лица со договор за дело за „внесување и потврдување на податоци во електронскиот матичен регистар** во поголем обем за реализација на проектот е-матичен регистар“. **Наместо внесување на податоци, на овие лица им биле доделени други работни задачи**. За ова се исплатени **30.578 илјади денари**, иако во истиот период склучени се и договори по јавни набавки за скенирање на матични книги и внесување на податоци во електронскиот матичен регистар.

За вработените во Управата **се обезбедени 61 сертификат за електронски потпис за потпишување на електронските изводи.** Утврдивме дека **13 матичари воопшто не потпишале електронски извод,** а 92% од вкупно издадените електронски изводи се на подрачјето на град Скопје.

Дадени се препораки во насока на забрзување на процесот на дигитализацијата на матичните книги, подобрување на безбедноста на личните податоци и матичните книги, информациските системи и базите на податоци, подобрување на квалитетот на испорачаните услуги, намалување на ризиците од корупција, како важен аспект на воспоставувањето на стручна, ефикасна и отчетна администрација, преземање на активности за зголемување на довербата на граѓаните во институциите и минимизирање на административните постапки.

### 5.3.2.3.

СИСТЕМ ЗА ИНТЕГРИРАНО ПЛАНИРАЊЕ НА РЕСУРСИТЕ - ИПР СИСТЕМ

Извршивме ревизија на информациски системи како ревизија на успешност на тема **„Систем за интегрирано планирање на ресурсите - ИПР систем"** со цел да дадеме одговор на прашањето **„Дали се утврдени и имплементирани мерки за ефикасна и целосна заштита на податоците во системот за интегрирано планирање со ресурсите?"**

Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија дава сметководствени и книговодствени услуги за повеќе државни институции во Република Северна Македонија. Со цел поефикасно и посовремено извршување на активностите од своето работење, Министерството за информатичко општество и администрација и Министерството за транспорт и врски во 2014 година склучуваат договор за групна набавка, односно јавна набавка за ИПР систем на државни институции за кои услугата ја обезбедува Службата за општи и заеднички работи на Република Македонија. Министерството за информатичко општество и администрација како реализатор на набавката склучува договор во вредност од 1.743 илјади денари. По набавката на ИПР системот, истиот е инсталиран и се користи во Службата за потребите на корисниците на услугите.

Министерството спроведува постапка за јавна набавка со цел да обезбеди превентивно и адаптивно одржување на системот за интегрирано планирање на ресурсите. За оваа намена во текот на 2019 година по спроведена постапка за јавна набавка, склучен е договор во вредност од 7.080 илјади денари со времетраење од 12 месеци и во текот на 2022 година склучен е договор во вредност од 14.160 илјади денари со времетраење од 24 месеци. По истекот на договорот од 2022 година склучени се два Анекс договори за одржување на системот со кој се продолжува рокот на времетраењето на договорот за вкупно 9 месеци, односно заклучно до 13.09.2024 година. Во исто време, се зголемува и вредноста на договорот за вкупно 2.832 илјади денари.

Иако, ИПР системот е имплементиран во 2016 година, се уште отсуствува правен акт кој ги регулира правата и обврските на Министерството како сопственик и на Службата како корисник на системот, што создава ризик од несоодветно управување со податоците.

Со овој систем се обработуваат податоци за 40 правни субјекти прикажано на следниот инфографик.




Ревизијата за употреба на модулите го утврди следното:

- Модулот за материјално и магацинско работење со ситен инвентар е имплементиран и се користи само од страна на две институции исклучиво за потребите на СОЗР и Управа за хидрометеоролошки работи.

- Модулот за основни средства се користи од страна на 22 институции. Дел од останатите институции користат дополнителни системи за кои се одвојуваат дополнителни финансиски средства. Пристапот на вработени од институциите како и членови на пописните комисии не е воспоставен со што би се овозможило поефикасно извршување на работите.

- Модулот за благајничко работење се користи во 15 институции. Кај една институција утврдивме дека услугите за благајничко работење се прават рачно иако модулот е имплементиран и истиот не се користи.

- Модулот за буџетско работење не е имплементиран и не се користи во целост. Во минималните барања за модулот буџетско работење од техничката спецификација за набавка на системот меѓу другото барано е и реализација на плаќања и размена на податоци со МФ, која не е имплементиран и не се користи. Од овој модул имплементиран е само делот за модул Трезор и БИ извештајот кој дава три годишни прегледи наназад но само за 8 институции и за фиксен период. Меѓутоа овие делови не се интегрирани со останатите модули на ИПР системот.

- Модулот за следење на реализација на договорите не е имплементиран и не се користи. За истиот нема доставено упатства за користење кои се обврска на носителот на набавката согласно тендерската документација.

- Модулот за финансиско и сметководствено работење се користи во 40 институции.




**Кај ИПР системот отсуствува интегрираност на модулите во системот. Одржувањето не е континуирано и навремено обезбедено со потпишани договори. Отсуствуваат дефинирани процедури за управување со пристапи и заштита на податоците, и ажурирана документација која ја покрива конфигурацијата на системот.**

**Не се преземени активности за редовна проверка на резервната копија** (бекап) **на податоците**, и не постојат адекватни контроли за мониторирање на безбедноста на системот. Исто така, **отсуствуваат политики и процедури** за редовно тестирање на резервни копии. **Работните станици користат застарен оперативен систем без безбедносни ажурирања и поддршка од производителот**, што го зголемува ризикот од безбедносни напади и неовластен пристап. **Конфигурацијата на ВПН пристапот, без повеќе факторска автентикација** односно потврда на идентитет преку два или повеќе независни фактори и со заедничка лозинка, ја зголемува веројатноста за компромитирање на системот. **Недостигот на човечки ресурси влијае на навремено и ефикасно извршување на задачите, со постојан одлив на вработени поради пензионирање и недостаток на вработени со соодветни вештини и знаења.**

Ваквите состојби како и не интегрираноста на сите модули во системот укажуваат дека утврдените и имплементираните мерки не се доволни за ефикасна и целосна заштита на податоците во ИПР системот, што го изложува системот на потенцијални безбедносни ризици и компромитирање на доверливоста на податоците.

# 5.3.3.

## ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

### 5.3.3.1.

### ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОНВЕНЦИЈАТА НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И БОРБА ПРОТИВ НАСИЛСТВОТО ВРЗ ЖЕНИТЕ И ДОМАШНОТО НАСИЛСТВО (ИСТАНБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА) СО ПОСЕБЕН ОСВРТ КОН СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИТЕ УСЛУГИ ЗА ЖЕНИ ЖРТВИ НА РОДОВО БАЗИРАНО НАСИЛСТВО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО




Земјите членки на Советот на Европа во мај 2011 година потпишаа Конвенција за спречување и борба против насилството врз жените и домашното/семејното насилство. Република Северна Македонија во јули истата година ја потпиша оваа Конвенција и истата е ратификувана од Собранието во декември 2017 година. Ратификацијата на Истанбулската конвенција обврзува сеопфатно справување со насилството врз жените во сите форми, преку воспоставување на правна и институционална рамка за заштита на жените жртви на родово базирано насилство и семејно насилство.

Со цел да дадеме одговор на прашањето **„Дали преземените мерки и активности од надлежните институции обезбедуваат ефективни специјализирани услуги за поддршка и заштита на жените жртви на родово базирано насилство и семејно насилство?“, извршивме ревизија на успешност на тема „Имплементација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулската Конвенција) со посебен осврт кон специјализираните услуги за жени жртви на родово базирано насилство и семејно насилство“.**

Стекнавме разумно уверување дека мерките и активностите за обезбедување на специјализирани услуги за поддршка и заштита на жените жртви на РБН и СН, кои се преземаат од страна на надлежните институции не се доволно ефективни со цел превенција, поддршка и заштита на жените жртви на РБН и СН и нивна целосна реинтеграција.

Акцискиот план за спроведување на Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и домашно насилство за периодот 2018 – 2023 година, претставува добра основа за ефикасна превенција и заштита на жртвите, но од планираните 52 активности, 38% не се имплементирани, а 19% се делумно имплементирани, што упатува на констатација дека само 22 активности се целосно реализирани. Континуитет на национално ниво за системско дејствување во областа не е обезбеден од причина што за периодот по 2023 година не е изработена и донесена Национална стратегија за превенција и заштита од родово базирано и семејно насилство и не се донесени дел од подзаконските акти предвидени со Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство. Програмата за реинтеграција на жртвите на насилство е општа, нема утврдено период за кој се однесува ниту има утврдени јасни цели со мерливи индикатори кои треба да се остварат. Усогласувањето на Кривичниот законик со дел од барањата на Истанбулската конвенција претставува добра основа за превенција и заштита на жените жртви на РБН и СН, но сепак дадената можност за повлекување на кривичните пријави од страна на жртвите на РБН и СН, влијае за запирање на постапката за објективно гонење на сторителите и ефикасна заштитата на жртвите.

Во ЦСР се вршат бројни активности од областа на социјалната заштита и не е направена планираната реорганизација, бидејќи не е изработена функционална анализа и стандарди за работа и при тоа истите се соочуваат со несоодветна кадровска екипираност.

Дел од здруженијата на граѓани кои се даватели на специјализирани услуги за жртви на РБН и СН не се лиценцирани и не е уреден начинот за лиценцирање на С.О.С линиите.

Бројот на засолништа и советувалишта за жртвите во државата и нивната територијална распространетост не е согласно барањата од Истанбулската конвенција и при тоа, дел од нив не ги исполнуваат условите за формирање предвидени со Правилникот за стандардите и процедури за нивно функционирање од аспект на локација, опрема, простор и кадар.




ПРЕГЛЕД НА ЗАСОЛНИШТА ПРЕДВИДЕНИ СОГЛАСНО ИК ПО ПЛАНСКИ РЕГИОНИ И ВОСПОСТАВЕНИ ОД ДРЖАВАТА И НВО;

ПРЕГЛЕД НА СОВЕТУВАЛИШТА ПРЕДВИДЕНИ СОГЛАСНО ИСТАНБУЛСКАТА КОНВЕНЦИЈА ПО ПЛАНСКИ РЕГИОНИ И ВОПОСТАВЕНИ ОД ДРЖАВАТА И НВО

Анализа на трошоци за специјализирани сервиси за семејно насилство и сексуално насилство, која треба да биде основа за реално планирање на потребните средства, не е направена поради што не може да се утврди дали средствата кои се обезбедуваат како месечен надомест по корисник се доволни за обезбедување на квалитетна специјализирана услуга за жртвата.

Соодносот помеѓу жените и мажите како сторители и како жртви на кривични и прекршочни дела во врска со СН бележи константен тренд и има незначителни промени.

Во континуитет мажите се побројни извршители на кривични и прекршочни дела во врска со СН. Бројот на мажи сторители на кривични дела е 9 до 11 пати поголем од бројот на жени сторители, додека бројот на мажи сторители на прекршочни дела е 3 до 6 пати повисок од бројот на жени сторители.

## РЕГИСТРИРАН БРОЈ НА СТОРИТЕЛИ И ЖРТВИ НА КРИВИЧНИ И ПРЕКРШОЧНИ ДЕЛА ВО ВРСКА СО СН ПО ГОДИНИ И ПОЛ

| | Регистрирани сторители на кривични дела | | | Регистрирани сторители на прекршочни дела | | | Пријавени жртви на кривични дела | | | Пријавени жртви на прекршочни дела | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | жени | однос мажи/жени | мажи | жени | однос мажи/жени | мажи | жени | однос мажи/жени | мажи | жени | однос мажи/жени | мажи |
| **2018** | 84 | 11.3 | 953 | 59 | 5.8 | 340 | 864 | 4 | 217 | 202 | 0.9 | 212 |
| **2019** | 82 | 11.4 | 931 | 76 | 5.8 | 440 | 847 | 3.9 | 214 | 305 | 1.3 | 229 |
| **2020** | 95 | 9.8 | 930 | 87 | 5.4 | 471 | 840 | 3.9 | 212 | 274 | 0.9 | 284 |
| **2021** | 109 | 9.1 | 988 | 74 | 4.7 | 348 | 890 | 3.4 | 265 | 215 | 1 | 210 |
| **2022** | 93 | 11.4 | 1061 | 59 | 5.8 | 341 | 942 | 3.8 | 249 | 231 | 1.3 | 179 |
| **2023** | 96 | 10.4 | 1001 | 90 | 3.2 | 285 | 883 | 3.7 | 240 | 228 | 1.4 | 166 |

● однос мажи/жени

Во однос на бројот на пријавени жртви на кривични дела од СН, бројот на жените жртви е 4 пати повисок од жртвите мажи, додека кај жртвите од прекршочни дела соодносот помеѓу жените и мажите е скоро изедначен.

Непроменетиот соднос помеѓу сторителите и жртвите на СН, укажува дека преземените активности во делот на превенција и заштита на жртвите не ја подобруваат состојбата.

Функционалноста на Националното координативно тело треба да се подобри како би се обезбедила соодветна координација во спроведувањето на политиките и мерките за спречување и борба против сите форми на насилство врз жените. Исто така отсуствува интегриран систем на евиденција на жртвите, поради што не е можно да се обезбедат точни, навремени и унифицирани податоци од страна на сите надлежни институции вклучени во процесот на превенција и заштита на жените жртви на РБН и СН и други информации релевантни за следење на состојбата за насилство врз жените, кои треба да бидат основа за креирање на соодветни мерки за поефикасна превенција и заштита на жените жртви на РБН и СН.

Без процес на реинтеграција, жртвите ќе останат во ризик од повторна виктимизација, а државата мора да преземе одговорност и да воспостави одржлив систем кој ќе им овозможи на жртвите вистинска шанса за нов живот без насилство.



## 5.3.3.2.

## ЈАВНИ ИНВЕСТИЦИИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАПАЦИТЕТИ И УСЛОВИ ЗА ДЕТСКАТА ЗАШТИТА ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ

**Државниот завод за ревизија изврши ревизија на успешност на тема „Јавни инвестиции за обезбедување капацитети и услови за детската заштита во детските градинки“**

Со ревизијата е опфатен периодот од 2020 до јуни 2024 година, со цел да се оцени ефективноста на мерките и активностите преземени од надлежните институции за обезбедување на соодветно вложување, оптимален и зголемен опфат на деца од предучилишна возраст и нивно згрижување и воспитување.

Утврдени се значајни слабости во планирањето, управувањето и реализацијата на инвестициите, што резултира со недоволна искористеност на вложените средства, недостиг на соодветни услови за зголемен опфат на децата поради што јавните инвестиции во детските градинки не се доволно ефективни во исполнувањето на целите.

Програмските документи за развој на дејноста за заштита на децата, како и за изградба, опремување и одржување на објектите за детска заштита, не содржат мерливи индикатори за следење на успешноста, ниту пак се изготвуваат извештаи за степенот на реализација на целта за обезбедување оптимални услови за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст.

На национално ниво не е воспоставена системска правна рамка за управување со јавните инвестиции, а регистрите за капацитетите на детските градинки, како основа за креирање политики за вложувања, не се целосни и ажурни.

Со извршената ревизија е констатирано дека податоците за вклученоста на децата во предучилишното образование значително се разликуваат во зависност од институцијата која ги генерира обработува и публикува податоците.

Имено според Министерството за социјална политика, демографија и млади, во 2023 година од 115.003 деца до шестгодишна возраст, 39.129 биле вклучени во градинки и центри за ран детски развој, што претставува опфат од 34,5%. Од друга страна, според податоците на Државниот завод за статистика, вкупниот број на деца во оваа возрасна група изнесува 129.879 деца, од кои 37.804 посетуваат предучилишни установи, со што опфатот изнесува 29%. Оваа неусогласеност на податоците помеѓу институциите создава можност од погрешни проценки при планирањето на политиките и распределба на потребните ресурси.

Според податоците кои ги обезбедивме, 4.851 деца се на листа на чекање, а 75.874 деца не се сместени во градинки. Со ова се отвора прашањето дали оваа разлика за згрижување на децата се должи на недоволните капацитети или на други фактори, (демографија, иселување) што бара дополнителни анализи и преземање на соодветни мерки од надлежните институции.

Во услови на ограничени капацитети во детските градинки, бројот на запишаните деца продолжува да го надминува проектираниот капацитет, што доведува до сериозни последици за квалитетот на воспитно-образовниот процес.

Пополнетиот капацитет за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст во септември 2023 година во 31% од градинките го надминува расположливиот капацитет, а во мај 2024 година во 67% од градинките. Ова доведува до прекумерно оптоварување на групите (поголем број на деца во групите од потребно пропишаниот број), особено во возрасните групи од 3-4 и 4-5 години, што влијае на условите за работа на воспитувачите и квалитетот кој се пружа за грижата за децата.

## ПОПОЛНЕТОСТ НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ СПОРЕДБЕНО СО ПРОПИШАНИТЕ НОРМАТИВИ

| Опис на норматив - Број на деца во група | Пропишан број по стандарди и нормативи | Просечно пополнет број во ДГ |
|---|---|---|
| до **2** години | најмалку **10**, а најмногу **12** деца | **17** |
| од **2-3** години | најмалку **12**, а најмногу **15** деца | **27** |
| од **3-4** години | најмалку **15**, а најмногу **18** деца | **30** |
| од **4-5** години | најмалку **18**, а најмногу **20** деца | **33** |
| од **5-6** години | најмалку **20**, а најмногу **25** деца | **25** |

Иако Министерството за социјална политика, демографија и млади и одредени општини вложуваат напори преку капитални инвестиции за проширување на капацитетите, фактичката состојба е дека значителен број на градинки работат со двојно поголем број деца од нивниот предвиден капацитет.

Финансирањето на јавните детски градинки се врши со средства од државниот и општинските буџети, ИПА фондови, заем од Светска банка и различни донации. Значаен финансиски извор е заемот од Светска банка во износ од 28,7 милиони евра, од кои 15,1 милиони евра се наменети за изградба и рехабилитација на градинки.

## ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАНИ ПРОЕКТИ ЗА ЈАВНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 2020 ДО 2024

| Извор на финансирање | Број на детски градинки опфатени со изградба, доградба и адаптација | Проектиран капацитет за згрижување и воспитание на деца | Број на опремени детски градинки |
|---|---|---|---|
| **Буџетски средства преку Министерството** | **11** | **1057** | **19** |
| **Средства од заем од Светска банка** | **16** | **1961** | **15** |
| **ИПА фондови** | **2** | **320** | **2** |
| **Вкупно:** | **29** | **3.338** | **36** |

ОДОБРЕН БУЏЕТ И РЕАЛИЗИРАНИ БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА ЗА КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ПЕРИОДОТ 2020 – 2023

во **000** ден.

| Година | Одобрен буџет | Буџет со ребаланс/ пренамени | Реализација на буџет | % на реализација |
|---|---|---|---|---|
| 2020 | 82.569 | / | 82.309 | 100% |
| 2021 | 67.650 | 111.786 | 80.035 | 72% |
| 2022 | 152.035 | 49.625 | 32.342 | 65% |
| 2023 | 132.005 | 358.650 | 341.375 | 95% |
| **Вкупно:** | **434.259** | **520.061** | **536.061** | |

Со ревизијата извршена е анализа на планираните и реализираните проекти за капитални инвестиции во детските градинки за периодот 2020-2023 година, при што утврдено е континуиран пад на бројот на нови проекти за изградба и доградба на градинки. Во 2023 година, во годишната програма на Министерството за труд и социјална политика не е предвиден ниту еден нов проект, а реализацијата на веќе одобрените активности се одвива со значителни одложувања. Вкупната реализација на буџетските средства за капитални инвестиции во детските градинки во анализираниот период (2020 – 2023) изнесува 536.061 илјади денари или 8.716.439 евра, а најмала реализацијата се забележува во 2022 година која изнесува 65% од одобрениот буџет.

Изградбата на детски градинки е клучна за унапредување на детската заштита и обезбедување соодветни услови за најмладите. Сепак, анализата на реализацијата на овие проекти покажува сериозни предизвици, доцнења и административни пречки кои го забавуваат процесот на изградба и пуштање во употреба.

Изградбата на детската градинка во Општина Чаир, со капацитет од 350 деца, е започната во 2020 година и истата сè уште не е завршена.

Склучени се осум анекси на договорот, со што рокот е продолжен до 1 декември 2024 година. Главни причини за доцнењето се промени во улогите на правните субјекти изведувачи, дополнителни и непредвидени градежни работи, административни пречки поврзани со пристапот до градежната парцела и намален интензитет на работа во периодот на пандемијата.



Иако досега се исплатени 82% од договорените средства, 99.024 илјади денари од вкупно 120.084 илјади денари, градинката сѐ уште не е функционална.

Не довршени остануваат позициите во партерот кои ќе можат да се изведат по завршување на приклучокот на вода и решавање на проблемот со поставување на оградата од западната страна на парцелата.





Поради низа доцнења и нерешени инфраструктурни проблеми изградбата на детската градинка со капацитет од 72 деца во с. Ерџелија, Општина Свети Николе, која требало да заврши во март 2022 година, сѐ уште не е ставена во функција. И покрај тоа што градежните работи се завршени и исплатени се средства во износ од 23.200 илјади денари, односно 94% од договорената вредност. Објектот не може да биде пуштен во употреба поради довршување на започнатите активности од страна на општината во делот на партерното уредување и отстранување на пројавените недостатоци на објектот од страна на изведувачот.

Заклучно со јуни 2024 година со првиот јавен повик од заемот од Светска банка, исплатени се средства во износ од 799.852 илјади денари или во висина од 13.005.723 евра за изградба и проширување на капацитетите на **16 градинки** од кои еден објект не е завршен – во Општина Битола, а три од изградените не се ставени во употреба и тоа во општините Арачиново, Липково и Кочани, поради не обезбедени согласности за вработување како и завршување на постапката за издавање на решение за исполнување на условите во општина Кочани.

Согласно извршениот увид во постапките за изградба и опремување на детските градинки во **општините Липково и Арачиново,** утврдени се значителни разлики во цените, и покрај тоа што објектите се со идентична намена и концепт. Изградбата на градинките произлегуваат од две јавни набавки спроведени во мај 2021, со склучени договори во август 2021 година. Вредноста на градинките изнесува 46.913 илјади денари (Липково) и 45.255 илјади денари (Арачиново). Утврдивме дека во Арачиново цените за идентични градежни позиции се повисоки за 1.277 илјади денари, за кои Комисијата за евалуација не побарала појаснување за разликите. Отстапувања во цените се утврдени и во набавките на мебел и опрема (2022-2023), каде за Арачиново се потрошени 12.050 илјади денари, а за Липково 8.759 илјади денари иако станува збор за ист вид опрема со разлика од 3.291 илјади денари. Разликата укажува на значително повисоки цени во општина Арачиново, каде одредени позиции се дури двојно поскапи. Неспроведувањето на заедничка набавка, иако градинките се граделе истовремено, резултирало со несоодветно трошење на средства од земениот заем.

За изградба на детска градинка во **Општина Битола со средства од заем од Светска банка,** во јуни 2021 година е склучен договор во вредност од 55.224 илјади денари со рок од 16 месеци, но работите не се одвивале според планираната динамика. Изведувачот поднел шест барања за продолжување на рокот, од кои пет биле одобрени, со вкупно 340 дополнителни денови, додека по шестото барање не е одобрено ново продолжување. До мај 2023 година биле реализирани 36% од работите со исплатени 20.106 илјади денари. Со шестата ситуација, со исплатени се 3.705 илјади денари (по вкалкулирано книжно одобрение на износ

од 2.866 илјади денари за остаток на невратен аванс од изведувачот) за завршени 48% од градежните работи. Договорот е раскинат на 03.05.2024 поради недоставување банкарска гаранција, а до октомври 2024 не е направен пресек на извршените работи, што го одложува завршувањето на проектот и создава потреба за избор нов изведувач во рамките на временскиот период за завршување на проектот до 30.06.2025 година.



ИЗГРАДБА НА ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО ОПШТИНА БИТОЛА

Ревизијата утврди дека, иако општините имаат законска надлежност за финансирање и одржување на детските градинки, нивниот ангажман во капитални инвестиции останува ограничен. Големите општини, според можностите, вложувале во изградба и проширување на градинките, но кај помалите општини овие вложувања биле минимални, што доведува до недоволни капацитети и забавен процес на децентрализација во заштитата на децата.

Со **средства на Општина Битола** во 2021 година започната е изградба на нова детска градинка во општината на подрачјето на ДУП - АРМ четврт 2 (поранешна касарна), со проектиран капацитет за згрижување на 246 деца. Вкупната вредност на градинката предвидено е да изнесува 114.481 илјади денари од кои 104.544 илјади денари се однесуваат на градежниот дел а средства за опремување се во вредност од 9.937 илјади денари. Поради непредвидени работи при изградбата поврзани со појава на висока подземна вода и краткиот рок предвиден за изведување на работите по основниот договор придонеле кон склучување на анекси кон основниот договор, кои истовремено со порастот на општото ниво на цените довеле до слаба реализација и негово раскинување со наплата на банкарска гаранција.

До периодот на известување од ревизијата, градинката е изградена до фаза карабина со застаклување. Повеќекратното продолжување на роковите за извршување на договорите, спроведувањето на посебни постапки за јавна набавка за изградба на детска градинка и изведба на дренажен систем, појавата на непредвидени работи и склучување на анекс договори во услови кога проблемот со појава на подземни води бил познат упатува на слабости и недостатоци во проектите и предмер пресметките согласно кои општината ги реализира своите капитални инвестиции. Долгиот период на изградба на детската градинка во Битола не овозможил навремено и квалитетно згрижување и воспитание на деца.



Со извршената ревизија констатиравме дека во периодот од 2021 до октомври 2024 година, изградени се седум нови детски градинки, за кои се исплатени средства во вкупна вредност од 263.890 илјади денари или 4.290.894 евра со 785 број на места за сместување на деца, но до моментот на извршената ревизија, ниту една од овие градинки не започнала со работа.

Три од нив се изградени со буџетски средства преку Министерството за социјална политика, демографија и млади во општините Сопиште, Василево и Свети Николе. Други две се финансирани преку заем од Светска банка во рамките на Проектот за подобрување на социјалните услуги (ППСУ) и се лоцирани во општините Арачиново и Липково. Една градинка е изградена со средства од ИПА фондови во општина Тетово, а една со средства од Општина Прилеп.

ПОДАТОЦИ ЗА НОВО ИЗГРАДЕНИ ГРАДИНКИ ВО ПЕРИОДОТ ОД 2020 – ОКТОМВРИ 2024 ГОДИНА, КОИ НЕ СЕ ЗАПОЧНАТИ СО РАБОТА

| НАСЕЛЕНО МЕСТО/ОПШТИНА | ВРЕДНОСТ НА ИНВЕСТИЦИЈА ГРАДЕЖНИ РАБОТИ И ОПРЕМА | БРОЈ НА НОВИ МЕСТА ЗА СТМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЦА | ДАТУМ НА ВОВЕДУВАЊЕ ВО ГРАДБА | ДАТУМ НА ПРИМОПРЕДАВАЊЕ НА ОПШТИНАТА | РЕШЕНИЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТ ОД МИНИСТЕРСТВО |
|---|---|---|---|---|---|
| СОПИШТЕ | 18.736 | 57 | 26.06.2020 | 29.12.2021 | 11-4501/8 ОД 23.11.2022 |
| С. АНГЕЛЦИ, ВАСИЛЕВО | 15.378 | 55 | 24.06.2020 | 05.08.2022 | НЕМА |
| С. ЕРЏЕЛИЈА, СВЕТИ НИКОЛЕ | 24.632 | 72 | 27.12.2021 | 22.05.2024 | НЕМА |
| АРАЧИНОВО | 57.969 | 115 | 13.10.2021 | 27.09.2023 | 11-6445/7 ОД 15.11.2022 |
| С. МАТЕЈЧЕ, ЛИПКОВО | 58.101 | 114 | 05.11.2021 | 10.11.2023 | 11-1712/7 ОД 17.07.2024 |
| ТЕТОВО | 39.200 | 154 | 02.12.2021 | 22.11.2023 | 11-976/6 ОД 09.05.2024 |
| ПРИЛЕП | 49.874 | 218 | 12.05.2021 | 09.10.2023 | 11-2659/11 ОД 24.10.2024 |
| ВКУПНО | 263.890 | 785 | - | - | - |

Детските градинки во наведените општини се соочуваат со сериозни проблеми при пуштањето во употреба. Иако објектите се веќе предадени, не се исполнети сите услови за пуштање во употреба, што се должи на отсуство на кадровски ресурси за отпочнување со работа и недовршени обврски на општината кои доведуваат до одложувања во почетокот на работата и го зголемуваат ризикот од негативни последици, штети врз градинките и отсуство на квалитетно и целосно згрижување на сите деца кои бараат згрижување во градинка. Истовремено истакнуваме дека за повеќето објекти не се преземени активности за обезбедување и нивно осигурување што создава ризик од кражби и други штети врз објектите што во иднина би предизвикале дополнителни трошоци за работи за кои веќе еднаш биле потрошени финансиски средства.

Таков е случајот со новоизградената градинка во **с. Ангелци во Општина Василево,** каде поради непреземени мерки за обезбедување на објектот и грижа од страна на основачот и матичната детска градинка, придонело да се случат кражби и други штети врз објектот. Градинката изградена со буџетски средства и примо предадена на општината во август 2022 година, до денот на известувањето од ревизијата не е пуштена во употреба, поради непреземени мерки за санирање на настанатите штети.







ДЕТСКА ГРАДИНКА ВО С. АНГЕЛЦИ,
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО



Преземените активности на Министерството за изградба на нови и проширување на капацитетите во постоечките објекти со буџетски средства не ги дале очекуваните резултати за обезбедување на услови за оптимален опфат на децата во системот на правата за заштита на децата. Од вкупно проектираниот капацитет од 1.057 деца во 11-те детски градинки кои се опфатени со градежни работи, во анализираниот период капацитетите се пополнети во 3 детски градинки со 158 места, што претставува 15% пополнет капацитет во однос на проектираниот.

За изведените градежни работи и опремување на градинките Министерството за повеќе од 4 години исплатило буџетски средства во вкупен износ од 252.887 илјади денари или 4.111.984 евра, од кои 40.200 илјади денари во градинки кои работат и ја остваруваат дејноста за детска заштита, а 212.687 илјадии денари или 3.458.325 евра, во градинки чија градба не е завршена подолг временски период, завршени но не се пуштени во употреба, како и градежни работи започнати во 2023 година.



**ЕФЕКТИ ОД ИЗВРШЕНИТЕ КАПИТАЛНИТЕ ИНВЕСТИЦИИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ВО ПЕРИОДОТ ОД 2020 ДО ЈУНИ 2024 ГОДИНА**

ВО **000** ДЕН.

| ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ОПФАТЕНИ СО КАПИТАЛНИ ИНВЕСТИЦИИ | БРОЈ | ИНВЕСТИЦИИ СО БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА | БРОЈ | ИНВЕСТИЦИИ СО СРЕДСТВА ОД ЗАЕМ ОД СВЕТСКА БАНКА |
|---|---|---|---|---|
| Број на градинки опфатени со капитални инвестиции | 11 | 252.887 | 16 | 790.804 |
| Вкупно проектиран капацитет на нови места | 1.057 | - | 1.961 | - |
| Градинки во кои градежните активности се завршени и примопредадени на општините: | 6 | 77.176 | 15 | 770.699 |
| Примопредадени градинки (објекти) кои работат во 2024 година | 3 | 40.200 | 12 | 597.294 |
| Новосоздадени места во градинките | 158 | - | 1.471 | - |
| Примопредадени градинки (објекти) кои започнале со работа, но потоа се затворени | 1 | 3.313 | - | - |
| Ново создадени места во градинките (објектите) | 20 | - | - | - |
| Примопредадени градинки (објекти) во 2021 - 2022 г. кои не започнале со работа | 2 | 33.663 | 3 | 173.405 |
| Ново создадени места во градинки кои не започнале со работа | 112 | - | 341 | - |
| Градинки каде градежните активности се во тек | 5 | 175.711 | 1 | 20.106 |
| Проектиран капацитет во градинките кои се во тек со градежни активности | 767 | - | 149 | - |

Во насока на надминување на утврдените состојби ревизијата даде препораки за подобрување на состојбите во делот на: правната и програмска рамка на системот за инвестирање во детските градинки, регистарот на податоци за детски градинки, планирањето, финансирањето и реализацијата на проектите за изградба, доградба, адаптација и опремување на детски градинки, како и капацитетите за згрижување и воспитание на деца, а со цел постигнување на оптимален опфат и зголемување на бројот на деца во предучилишна возраст.

# 5.3.4.

ЛОКАЛНА САМОУПРАВА И РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

## 5.3.4.1.

ЕФЕКТИ ОД ЈАВНИ ИНВЕСТИЦИИ ВО РАМНОМЕРЕН РЕГИОНАЛЕН РАЗВОЈ

11 ОДРЖЛИВИ ГРАДОВИ И ЗАЕДНИЦИ

17 ПАРТНЕРСТВА ЗА ПОСТИГНУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ

Извршивме ревизија на успешност на тема **"Ефекти од јавни инвестиции во рамномерен регионален развој"** со цел да дадеме одговор на прашањето **„Дали јавните инвестиции за рамномерен регионален развој, ефикасно и ефективно се планираат и спроведуваат и се долгорочно одржливи?"**

**Опфатени беа седумдесет и шест (76) јавни инвестиции за кои се алоцирани средства од Буџетот во износ од 2.041.277 илјади денари, односно 33,2 милиони евра и проекти за регионално управување со отпад за седум (7) региони финансирани со заеми, грантови и буџетски средства во износ од 144 милиони евра.**



**Преземените мерки и активности за распределба на средства за рамномерен регионален развој во износ од најмалку од 1% од БДП од Буџетот на годишно ниво не се постигнати, изборот на проекти не е ефективен со цел финансирање на проекти за јавни инвестиции за потребите на граѓаните со ефект врз регионалниот развој, а не е воспоставен ефикасен мониторинг и отсуствува систем за оценка на одржливост на проектите пред да се одобрат и после завршување.**

Проектите за јавните инвестиции финансирани преку Програмата за рамномерен регионален развој и Програмата за намалување на диспаритетите помеѓу регионите се избрани во транспарентна постапка, согласно регулативата за рамномерен регионален развој, но распределба на средства на планските региони/општините само по степенот на развиеност на планските региони не ги дава очекуваните резултати. Во постапката на оценка и изборот на проекти преку овие програми нема јасни приоритетни области, по повикот одобрени се средства за финансирање на проекти од различни области: животна средина, транспорт, образование, социјала.

Утврдивме добра пракса на распределба на средства за општините/регионите кај проектите финансирани со заеми и грант средства поради дефинирани повеќе критериуми за распределба и тоа: степен на развиеност, број на жители, населени места, линеарен износ.

Преку Буџетот на министерствата во период 2021-2023 година извршен е трансфер на средства до општините за финансирање на проекти без да се спроведе транспарентна и партиципативна постапка за избор на општини и избор на проекти.

Во 2023 година, 72% од капиталните дотации се доделени на 41 општина за 67 проекти директно, без јавен повик, со Одлуки на Владата по усвоен амандман во Собранието во постапка уредена со Законот за буџети.

За изборот нема постапка на селекција на општини и проектите, а во реализацијата не е воспоставен ефикасен мониторинг над спроведувањето на овие проекти.

**Доделени се средства за реализација на проекти на општините, средствата се префрлени, но проектите се во почетна фаза или не се започнати и тоа:**

- Во период 2021-2023 година на Град Скопје доделени се средства преку Министерство за транспорт и врски во износ од 720.000 илјади денари за изградба на инфраструктурни проекти кои се на наменски сметки во Град Скопје[28], а проектите не се започнати.
- Во 2023 година на Општина Битола преку Министерство за транспорт за изградба на булевар доделени се средства на износ од 110.000 илјади денари, а проектот е започнат да се реализира;
- Во период 2020-2023 на Општина Струмица преку Министерство за транспорт доделени се средства за изградба на социјална населба (прва и втора фаза) во износ од 191.000 денари, реализирана е прва фаза, а втора фаза не е започната. Доделените средства за втора фаза во износ од 65.000 илјади денари се префрлени од наменска сметка, на сметка основен буџет на општината.
- Во 2023 на Општина Чучер Сандево преку МЖСПП доделени се средства за изградба на пречистителна станица во износ од 60.000 илјади денари, а реализацијата на проектот не е започната поради проценета вредност на проектот во износ од 223.472 илјади денари.
- Во 2023 година на Општина Прилеп преку МЖСПП за проектот за доизградба на фабрика за рециклирање на отпад доделени се средства во износ од 90.000 илјади денари. Проектот е започнат да се гради во 2013 година, а по спроведена постапка за јавна набавка во 2024 година склучени се договори за доизградба.

[28] За проектот "Изградба на клучка на вкрстување помеѓу Булевар Никола Карев и Булевар Словенија – втора фаза", добиени се средства во износ од 120.000 илјади денари во 2021 година, договорот за јавна набавка е склучен после две години и четири месеци.

За проектот „Целосна изградба на Јужен коридор како булеварско решение" и Проектот „Целосна изградба на Булевар АСНОМ и Изградба на Булевар Хасан Приштина (Визбегово)" доделени се средства во износ од 600.000 илјади денари, но немаше склучено договори за реализација.

Секторските проекти за управување со отпад финансирани со заеми, грантови и средства од Буџетот за потребите на општините во износ од 144 милиони евра се големи проекти од аспект на вредноста и ефектите кои треба да се постигнат со нивна реализација, но за истите утврдивме значајни ризици во начинот на планирање и имплементација поради слаба комуникација, координација на централно и локално ниво, отсуство на донесени одлуки од советите на општините за прифаќање на проектите ризик од остварување на целите во животната средина и високи фискални ризици поради изгубени средства од грантови на ЕУ и нереална оценка на проектите поради несоодветни анализи за оценка на истите.

Со извршената ревизија утврдивме дека нема воспоставено систем на проверка дали јавните инвестиции се ставени во употреба и дали се евидентирани во деловните книги.

Поради непостоење на клучна контрола од страна на државата за проценка на проектите во фаза на планирање со цел оценка на нивната зрелост и одрживост, како и ex post проверка на проектите после завршување на проектот, иако се потрошени јавни средства постои висок ризик да не се остварат ефектите од јавните инвестиции врз регионалниот развој и целите на проектот, како и ризик од ненаменско користење на средства.

За надминување на наведените состојби дадовме препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните институции во насока на поефикасен систем на доделување на средства за јавните инвестиции за рамномерен регионален развој, систем на оценка на проектите, ефикасен мониторинг за спроведување и зголемена транспарентност во користењето на буџетските средства.



# 5.3.5.

КВАЛИТЕТ НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ И ПРИБИРАЊЕ, ТРОШЕЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНИТЕ СРЕДСТВА И РЕСУРСИ

## 5.3.5.1.

ПОДОБРУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ УСЛУГИ И ИНФРАСТРУКТУРНИТЕ ОБЈЕКТИ СО ЈАВНО ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО

9 ИНДУСТРИЈА, ИНОВАЦИЈА И ИНФРАСТРУКТУРА

Ревизијата на тема **„Подобрување и унапредување на јавните услуги и инфраструктурните објекти со јавно приватно партнерство“** е извршена согласно Годишната програма на Државниот завод за ревизија за 2024 година. Целта на ревизијата беше да се даде одговор на прашањето **„Дали преземените мерки и активности за воспоставување и реализација на договори за јавно приватно партнерство, обезбедуваат ефикасни јавни услуги и подобрени инфраструктурни објекти?“**. Со ревизијата опфатен е периодот од 2017 до 2024 година.

Со извршената ревизија утврдивме дека во воспоставените јавно-приватни партнерства (ЈПП) вложени се значителни средства од јавниот и приватниот партнер. Постојат недостатоци во законската и институционалната рамки, во процесите за доделување и спроведување на договорите, кои заедно со ограничената конкуренција и несоодветно реализираните договори не ги исполниле очекувањата за обезбедување ефикасни јавни услуги и значајно подобрување на инфраструктурните објекти.

Во текот на вршењето на ревизијата констатирано е дека склучени се вкупно 68 договори за доделување на ЈПП, но поради несоодветно воспоставена евиденција, бројот на склучени договори за ЈПП може да е поголем. Структурата на склучените договори за ЈПП според јавниот партнер и видот на договорот е прикажана на следниот графикон:




концесија за јавна работа или јавна услуга
**38**

договор за јавна набавка за работа или услуга
**26**

нема податоци за видот
**4**

Со извршената ревизија опфатени се 25 постапки за ЈПП, при што од расположливите податоци утврдено е дека јавниот партнер наплатил надоместоци од приватниот партнер во износ од 89.780 илјади денари, додека на приватниот партнер му платил надоместоци во износ од 188.488 илјади денари. При тоа, учеството на приватните партнери во опфатените договори за воспоставување на ЈПП изнесува 2.292.518 илјади денари (набавна вредност на изградените објекти). Учеството на јавниот партнер е значително, но истото не може вредносно да се искаже со оглед на тоа дека се работи за отстапени права (обезбедени согласности и дозволи за градба, решенија), отстапување на земјиште, градежни објекти и опрема.
Дополнително, не се врши редовно мерење и следење на ефектите од склучените договори за ЈПП, поради што не може да се утврди и потврди нивното влијание врз квалитетот на јавните услуги и инфраструктурниот развој на државата.

Постапката за доделување на договори за воспоставување на ЈПП се спроведува без детални подготвителни активности, односно кај 80% од спроведените постапки за воспоставување на договори за ЈПП кои биле предмет на ревизија не се изготвени Извештаи за претходна анализа каде треба да се наведат основните елементи за проектот.




Анализата на спроведените електронски аукции, опфатени со ревизијата, покажува дека приближно 80% од договорите, се склучени со единствениот најповолен понудувач што упатува на отсуство на конкуренција.
Во текот на ревизијата се утврдени слабости во содржината на склучените договори за ЈПП, што претставува можност од неисполнување на обврските на приватниот партнер, несоодветна правна заштита која не создава услови за наплата на казнени пенали во случај на неквалитетно извршување/не извршување на договорите.
Исто така, кај поединечни случаи, утврдени се неправилности во делот на воспоставувањето и реализацијата на договорите за ЈПП, што не овозможува постигнување најдобра вредност за вложените парични средства. Постои пример на склучен договор за ЈПП со времетраење од 96 години, што е спротивно на законскиот лимит од најмногу 35 години.
Во тек се судски постапки во кои јавен партнер се јавува како тужена страна за долг од приближно 239.755 илјади денари.
Со извршената ревизија во одделни детални постапки ревизорите утврдија слабости во начинот на воспоставување и реализација на договорите за ЈПП.

1. Во 2011 година, Владата започнала со изградба на Комплексот „Македонско село", кој локациски се наоѓа во с. Горно Нерези, со цел развој и унапредување на туризмот, етнологијата, зачувување на традиционалната македонска архитектура и храна. Вкупната вредност на инвестицијата е 293.961 илјади денари. Наведената инвестиција не ги дала очекуваните резултати, поради што за изнаоѓање решение и негова употребна

вредност, во 2016 година склучен е договор за воспоставување на ЈПП. Очекуваниот приход за целото времетраење на договорот изнесува 53.800 илјади денари, што претставува 18% од висината на вкупната инвестиција. Договорот бил склучен без доволни подготвителни активности и анализи и не обезбедил долгорочна соработка и економски придобивки, поради што истиот бил раскинат од страна на концесионерот во октомври 2018 година, поради економска неисплатливост.









Имајќи го во предвид значителното вложување во изградбата на објектот, со ревизијата се укажува дека доколку Комплексот „Македонско село" во иднина не биде ставен во функција и редовно одржуван, постои ризик истиот да биде целосно оштетен од надворешни влијанија, човечки фактор и други штетни влијанија.

2. Владата во 2019 година донела Одлука за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на ЈПП за интегрирано менаџирање со иновативни решенија за хируршки зафати и здравствена заштита од болнички инфекции, заради остварување интегрирани услуги за управување со централни стерилизациски станици, обезбедување на стерилни хируршки инструменти и медицински материјал (облека) за една употреба во хируршките сали, третман на ризици од биолошки отпад и дезинфекција на хируршки сали.

   Во декември 2019 година, склучен е договор за ЈПП меѓу Владата преку Министерство за здравство како јавен партнер и група на економски оператори како приватен партнер, за период од 15 години, со кој приватниот партнер се обврзал да реновира и адаптира четири објекти во Центри за стерилизација, во рок од две години, односно до декември 2021 година. Поради нецелосно исполнети услови од страна на јавниот партнер, рокот за реализација повеќепати е пролонгиран на неопределено време.

   Комисијата за следење на реализацијата на договорот за ЈПП, констатирала дека приватниот партнер во целост извршил реновирање, адаптирање и опремување само на еден Центар за стерилизација на хируршка опрема (објектот во „Мајчин дом" – Скопје), додека кај другите три објекти не се отпочнати активности бидејќи истите не им биле предадени во владение на приватниот партнер.

Опрема за стерилизација на хируршки инструменти за интервенција кај Клиника за ортопедија „Мајчин дом"



Во мај 2024 година, Комисијата повторно извршила обиколка во просториите на ЈЗУ УК за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза" Скопје и констатирала дека се запазени протоколите и стандардите за отпочнување со работа, но до завршување на ревизијата соработката сѐ уште не е воспоставена.

Во август 2024 година со цел информирање за прогресот за имплементација на договорот за ЈПП, од страна на Министерството за здравство подготвена и испратена е информација до Владата, која е разгледана како документ од информативен карактер, при што не се дадени предлог – заклучоци за натамошно постапување.

Ревизорите истакнуваат дека доколку не се воспостави соработка помеѓу двата партнери и не се изнајде заедничко решение постои ризик од потенцијални штети за двете страни. Овие штети не се ограничени само на економски аспекти, туку може да имаат и негативно влијание врз јавната перцепција за институциите и квалитетот на здравствените услуги кои им се обезбедуваат на граѓаните.

3. Во ноември 2021 година, склучен е договор за доделување на ЈПП за управување со паметни туристички инфо и промо центри во Полошкиот регион. Предмет на договорот е обезбедување услуги за функционирање на вакви центри на две локации во Тетово и Попова Шапка. Од страна на јавниот партнер обезбедени се монтажни објекти од привремен карактер, додека во договорот не се прецизирани конкретно обврски на приватниот партнер. Договорот е склучен со вкупна вредност од 60.000 илјади денари, со цел да се обезбедат навремени и квалитетни информации за туристите поврзани со сместување, угостителство, настани и други релевантни содржини, како и да се поддржат маркетинг иницијативи, промоција на локални производи и креирање атрактивни туристички понуди кои ќе го поттикнат развојот на туризмот во регионот.



4. Во 2012 година АД Водостопанство подружница „Тиквеш" Кавадарци врз основа на пре – физибилити студија за реконструкција на постоечки објекти и имплементација на 4 нови МХЦ на река Бошава спровела постапка за воспоставување на договор за ЈПП. Во истата година, склучен е договор за ЈПП за реализација на проектот Бошава за повеќенаменско искористување на водите, со кој е уредено приватниот партнер да изгради 5 МХЦ. Бројот на МХЦ не е согласно физибилити студијата, јавниот повик и тендерската документација за воспоставување ЈПП. Наведената состојба покажува дека склучениот договор за ЈПП не е усогласен со подготвителните активности и спроведената постапка за доделување на договор, што може да влијае на оправданоста и квалитетот на вршењето на дејноста на јавниот партнер.



Во делот на правната рамка утврдено е отсуство на национални политики и сеопфатна стратегија за развој на ЈПП, што негативно се одразува врз планирањето на проектите, распределбата на ресурсите и дефинирањето приоритети. Ова, пак, го отежнува привлекувањето на економски оператори и забавува развојот на квалитетни јавни услуги и инфраструктура.

Иако Советот за ЈПП, бил именуван од Владата два пати, како значајно советодавно тело за унапредување и ефективно остварување на ЈПП во земјата, сепак не ја извршувал законската функцијата. Поради тоа недостасуваат промотивни активности за ЈПП, предлози за проекти склучени со помош на ЈПП, иницијативи и предлози за изменување на прописите во областа.

Постојат слабости во националната законска регулатива за ЈПП, што неповолно влијае врз начинот на планирање, воспоставување, управување, следење и отчетност на проектите за ЈПП и нецелосно почитување на начелата на еднаквост, недискриминација, пропорционалност и транспарентност во постапките. Дополнително, не е предвидено постоење на Единствен електронски систем за ЈПП, преку кој транспарентно би се спроведувале сите постапки и би се овозможило автоматско водење регистар на доделени договори.

Недостатокот на Единствен електронски систем за ЈПП и нецелосно ажурираниот Регистар на доделени договори за ЈПП (се води како табеларен преглед во excel), кој треба да биде единствена база на податоци за следење на целокупниот процес, влијае врз успешното спроведување на законот и не обезбедува транспарентен и унифициран пристап до информации за склучените договори.

Начинот на кој е уреден надзорот не е доволно прецизен и не овозможува навремено следење и информирање за степенот на реализацијата на договорите. Законската регулатива не содржи прекршочни одредби за недоставено известување за склучен договор, ниту одредби за известување за раскинат договор за ЈПП од страна на јавниот партнер до МЕ, што влијае на ажурното водење на Регистарот на доделени договори за воспоставување на ЈПП и неговата комплетност. Недоволна кадровска екипираност кај јавните партнери, неповолно влијае во начинот на спроведување на надзорните активности кај ЈПП.

# 5.3.6.

ПРАВОСУДСТВО И ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО

## 5.3.6.1.

РЕФОРМА НА ПЕНИТЕНЦИЈАРНИОТ СИСТЕМ




Целта на ревизијата беше да се даде одговор на прашањето **„Дали преземените активности од надлежните институции придонесуваат за унапредување и хуманизирање на системот за извршување на санкции и реформи во пенитенцијарниот систем"** и да се дадат препораки за преземање на мерки за подобрување на состојбите.

Со спроведената ревизија и применетата ревизорска методологија, прибраните ревизорски докази, стекнавме разумно уверување дека **преземените активности од страна на надлежните институции не придонесуваат во целост за унапредување и хуманизирање на системот за извршување на санкции и реформи во пенитенцијарниот систем.**

Материјалните услови во одделни установи или одделенија при установите и пренатрупаноста не придонесуваат за обезбедување на хумани услови за сместување, предвидени во меѓународните стандарди од областа, почитување на личноста и достоинството на лицата лишени од слобода. Пролонгирањето на инвестицискиот период за изградба на објектите од Сегмент 2 во КПД Идризово во рамки на Проектот „Реконструкција на КПУ во Република Северна Македонија" започнат во 2010 година, пред се како резултат на необезбедените буџетски средства за реализација на проектот, но и ненавременото и нецелосно спроведување на забелешките и препораките на БРСЕ, не придонесува за зголемување на сместувачките капацитети и подобрување на условите.



СЛИКА: ОБЈЕКТ АМБУЛАНТА КПД ИДРИЗОВО



СЛИКА: ПРИТВОР ЗАТВОР СКОПЈЕ

Поради недостиг на финансиски средства установите не можат да планираат активности, а планираните активности да ги реализираат и да ги подмират обврските од минати години.
Во установите недостасува безбедносна опрема, ниту е воспоставен унифициран концепт за визуелно-електронско набљудување и одржување на видео надзорот, ниту имаат предвидена обврска за изготвување на проекти/планови за утврдување на сите клучни ризични точки, потребниот број и вид на камери, местото на поставување на камерите за видео надзорот, а врз основ на претходна анализа изработена од стручни лица во областа.

Поради недоволен број на припадници на затворската полиција зголемени се трошоците за прекувремена работа, а тужбите од страна на затворската полиција за работа подолго од полното работно време и останати додатоци на плата придонесуваат за зголемени судски трошоци и исплати по извршни решенија.

Не е обезбедена целосна здравствена заштита на лицата лишени од слобода заради недоволен медицински персонал, а отсуството на ажурирани податоци за задолжително здравствено осигурување доведува до неостварување на правото за здравствено осигурување на лицата кои се на издржување казна затвор и издржување на воспитна мерка во воспитно - поправен дом.
Техничката спецификација за набавка на храна не е унифицирана поради што одделни установи имаат поразновидна храна од други установи, како и значителни разлики во цените на прехранбените артикли помеѓу установите.

Воспоставениот начин на третман и постпенална помош на осудените лица **не обезбедува нивна ресоцијализација и социјална адаптација во општеството.** Во КПУ погодности користат сите осудени лица на кои тоа им го дозволува третманската група, доколку против нив не е поведена дисциплинска постапка, без разлика какви резултати постигнуваат при работниот ангажман.

Установите не се доволно кадровски екипирани со инструктори, кои би можеле да вршат стручно оспособување на осудените лица, а не располагаат ниту со доволен број на воспитувачи за спроведување на третмански мерки. Не е спроведуван образовен процес за осудените лица и децата во ВПД.
Вон установите се ангажирани околу 8% од осудените лица, за кои не е обезбедена целосна контрола над работењето. Постои низок процент на искористеност на постпеналната помош, што е една од можните причини за рецидивизам во КПУ.
Недоволниот развој на пробацијата во правосудниот систем на Република Северна Македонија, во насока на имплементирање на соодветни и одржливи мерки за реинтеграција на сторителите во заедницата на кои се извршуваат алтернативни мерки и недоволно изрекување на пробациски мерки од страна на надлежните органи неповолно влијае на остварување на основната цел на пробацијата и намалувањето на затворската популација.

Вршењето на пробациските работи од страна на пробациските службеници, опфаќа и електронско следење и користење на алки при следење на извршување на одлука со која е изречен куќен затвор со електронски надзор. Во октомври 2015 година преку Проектот ИПА 10 - Понатамошна поддршка за независно, одговорно, професионално и ефикасно судство и промоција на пробациската служба и алтернативно санкционирање, финансиран преку Министерство за финансии-ЦФЦД, набавена е опрема за електронски надзор во вредност од 52.043 илјади денари, која вклучува 400 алки за електронско следење и пропратна опрема кои до денот на известување со ревизијата не е обезбеден оперативност на системот со што постои ризик од потенцијално финансиско влијание во износ од 634 илјади евра врз буџетот на Република Северна Македонија.

На 12.12.2024 година склучен е Договор помеѓу УИС и економски оператор за набавка на услуги за одржување и надградба на информатичка опрема за електронски надзор при извршување на куќен затвор или условен отпуст за потребите на УИС, со кој е утврдена динамиката за извршување на предметот на набавката и да се обезбеди целосна оперативност на системот.

Во периодот 2021-2024 година не е извршен редовен надзор над работењето на сите установи од страна на Управата за извршување на санкции, ниту се врши контролен надзор, што може да доведе до непостапување од страна на установите по дадените забелешки и рокови наведени во наредбата од редовниот надзор и нивно навремено отстранување.

За утврдените состојби ревизијата даде препораки, чија имплементација би обезбедила надминување на истите.

# 5.3.7.

СООБРАЌАЈ, ТРАНСПОРТ И КОМУНИКАЦИИ

## 5.3.7.1

БЕЗБЕДНОСТА ВО СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Управувањето со безбедноста на сообраќајот на патиштата се однесува на нормите, методите и мерките на превенција и санкции што се користат за да се спречат или намалат несаканите последици врз учесниците во сообраќајот.

Со Целите за одржлив развој 2015-2030[29], националните развојни приоритети, меѓународните човекови права, обврските за родова еднаквост и Агендата 2030 потребно е:




до 2020 година да се преполови бројот на смртни случаи и повреди од сообраќајни незгоди на глобално ниво, и




до 2030 година покрај другото, да се подобри безбедноста на патиштата особено преку проширување на јавниот превоз, со посебно внимание на потребите на ранливите лица, жените, децата, лицата со попреченост и постарите лица.

Јавно достапните податоци од веб страната на МВР упатуваат на загрижувачки состојби во однос на бројот на сообраќајни незгоди случени на патиштата во државата. Имено, **во периодот 2020-2023 година се случиле вкупно 31.176 сообраќајни незгоди, од кои 15.724 се со потешки последици за учесниците во сообраќајните незгоди, а загинале 492 лица.**

Извршивме ревизија на успешност на темата **„Безбедност во сообраќајот на патиштата во Република Северна Македонија“** со цел да дадеме одговор на прашањето **„Дали надлежните институции управуваат со безбедноста во сообраќајот на патиштата во државата на ефикасен начин?“**

Оценивме дека **мерките и активностите** кои се преземаат од страна **на надлежните институции** иако придонесуваат за подобрување на условите за управување со безбедноста во сообраќајот на патиштата, **не се ефикасни за намалување на жртвите во сообраќајните незгоди до посакуваната состојба на национално и Европско ниво.**

Ревизорските активности беа насочени за да дадеме одговор на следниве под прашања:




Дали се создадени нормативни услови за ефикасно спроведување на активностите на надлежните институции за управување со безбедноста во сообраќајот на патиштата во државата?




Дали активностите на надлежните институции придонесуваат за ефикасно управување со безбедноста во сообраќајот на патиштата во државата?




Дали постои ефикасен систем за известување, мониторинг и евалуација на управувањето со безбедноста во сообраќајот на патиштата во државата?

[29] Глобални цели за одржлив развој на Обединетите нации

**Во делот на нормативните услови утврдивме повеќе состојби и тоа како што следува:**

Национална стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата за период 2015-2020 година е втора и последна национална стратегија за подобрување и зајакнување на системот за управување со безбедност на сообраќајот на патиштата. За периодот од нејзино донесување до денот на ревизијата, не е изработен ниту еден документ за евалуација на ефектите од планираните мерки и активности, ниту извештај за степенот на нејзината реализација, од причина што Владата нема формирано Координативно тело надлежно за наведените активности.

Националната стратегија за безбедност во сообраќајот на патишта 2015-2020, имала за цел:

- бројот на жртви на сообраќајни незгоди до 2020 година да се намали до просечниот број на жртви во земјите-членки на Европската Унија;
- бројот на жртви – млади возачи да се намали за 30%,
- бројот на сериозно повредени да се намали за 40% и
- бројот на деца- жртви на сообраќајни незгоди да се сведе на нула.

Утврдивме дека целите со националната стратегија 2015-2020 **не се постигнати**, односно:

- бројот на жртви во сообраќајните незгоди за 2020 година не е намален до просекот во државите членки на ЕУ. Имено бројот на загинати лица во сообраќајни незгоди бележи намалување, притоа бројот на загинати на 1 милион жители во државата изнесува 62 лица и е за 20 лица поголем во однос на бројот на загинати на 1 милион жители во ЕУ во 2020 година кој изнесува 42 лица;
- целта за намалување на бројот на жртви – млади возачи за 30% не е мерлива, бидејќи **нема дефинирано категорија** „млад возач“;
- бројот на сериозно повредени лица кој во 2020 година изнесува 801 лице **не е намален** за 40 % во однос на 2009 година кога истиот изнесувал 985 лица;
- бројот на деца - жртви во сообраќајот да биде нула **не е постигнат** и истиот во 2020 година изнесува 8 лица [30].

[30] Во пресметката вклучени се возрасните категории од 0 до 17 години.

ГРАФИКОН 1: Број на загинати лица во сообраќајни незгоди на патиштата на милион жители во земјите на ЕУ и во Република Северна Македонија 2017-2023 година



За периодот по 2020 година **не е изготвена нова**, трета национална стратегија.

Во отсуство на Национална стратегија, политиките за управување со безбедноста во сообраќајот Владата ги воспоставува и имплементира низ други стратешки и плански документи од областа, во координација со други надлежни институции.

Имено, изработена е **Национална транспортна стратегија 2018-2030- НТС** и истата претставува оперативен стратешки документ за подобрување на квалитетот на транспортната инфраструктура и услуги, со активности поврзани со унапредувањето на безбедноста на патиштата во државата, базирана на транспортната политика на ЕУ, транспортната политика дефинирана од Транспортната опсерваторија на Југоисточна Европа (СЕЕТО), која продолжува со Договор за основање на Транспортната Заедница, ратификуван од Република Македонија во 2017 година. За следење на имплементацијата е задолжено Министерството за транспорт.

Во извештајот на Транспортната заедница за 2023 година, нотирано е ниско ниво на вкупниот напредок во спроведувањето на Акцискиот план за безбедност на патиштата во РСМ, кое пред сè се должи на недостиг од национална стратегија за безбедност на патиштата за период 2021 – 2030 година, како и незавршени активности за измена на законската регулатива и формирање на Агенција за безбедност на патиштата.

Исто така **изработена е Национална стратегија за Интелигентни транспортни системи 2023-2032 - ИТС** во рамки на Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан, за чија подготовка се реализирани 17.700 илјади денари со заем од МБОР-Светска банка, одобрен во 2019 година.

ГРАФИКОН 2: РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО БЕЗБЕДНОСТА ВО СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА ПРЕДВИДЕНИ СО ИТС




Утврдивме дека постои **бавна реализација на предвидените активности од двете национални стратегии,** што од своја страна предизвикува **продолжување на роковите, неефикасно користење на средствата, создава нови трошоци** и не овозможува постигнување на очекуваните ефекти за зголемување на безбедноста на патиштата и намалување на бројот на сообраќајни незгоди и жртви.

Во насока на развој и имплементација на соодветни политики, развој на цели и акциони планови за управување со безбедноста на патниот сообраќај, Институтот за стандардизација, во 2019 година има подготвено Македонски национален стандард „МКС ISO 39001:2019 - **Системи за управување со безбедност во сообраќај (RTS)** - Барања со упатство за употреба", компатибилен со меѓународниот „ISO 39001:2012/Amd 1:2024-Road traffic safety (RTS) management systems-Requirements with guidance for use". **Стандардот не е задолжителен за институциите во** Република Северна Македонија при креирањето на соодветни политики.

Собранието иако има обврска на предлог на Владата да донесе **Стратегија за развој и одржување на државните патишта,** чие спроведување е во надлежност на Министерството за транспорт, од пропишувањето на оваа законска

обврска во 2008 година до денот на вршење на оваа ревизија, **наведената стратегија не е донесена.**

**Во делот на законски и подзаконски акти** направени се **измени во законската регулатива** од предметната област во насока на зајакнување на мерки и активности за поголема безбедност на патиштата како што се оцена на влијанието на безбедноста на патиштата, но истите **важат само за ТЕМ патиштата[31], а нивната примена ќе започне по пристапувањето на државата во ЕУ.**

**Извршивме анализа на преземените активности од надлежните институции пред се на:** Министерство за внатрешни работи, Министерство за транспорт, Јавно претпријатие за државни патишта и Републички совет за безбедност на сообраќајот.

Во насока на обезбедување на потребните податоци во рамките на ЕУ, развиен е **CADaS протокол**, како минимален сет на стандардизирани податоци кој овозможува споредливи податоци за сообраќајни незгоди и анализи на Европско ниво.



**МВР има воспоставено база на податоци** за сообраќајни незгоди на патиштата во државата, која овозможува евидентирање на податоците за случени сообраќајни незгоди, но **не е во целост усогласена со CADaS протоколот**, бидејќи **не се внесуваат географските координати** на локацијата на сообраќајната незгода **поради недоволна техничка поддршка од опрема со која располага МВР.**

Анализите на податоците од базите на МВР упатуваат дека сообраќајните незгоди со последици:

- се случиле дење (59%), при добри атмосферски услови/сончево време (45%), на улици во населени места (63%) и на сува површина на патот (79%), што укажува на тоа дека условите на патот не се главна причина за предизвикување на сообраќајни незгоди;

најголем број се случиле на територија на СВР[32] Скопје;

ГРАФИКОН 3: СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ ПО СВР




[31] Државни патишта распоредени во мрежата на меѓународни патишта и кои се надоврзуваат на соодветни патишта на соседните држави
[32] Сектор за внатрешни работи

Најчестите сообраќајни прекршоци по видови, констатирани со спроведените контроли во период 2019-2023 година се однесуваат на: брзо возење, поминување на затворен сигнал, неправилно престигнување и недавање првенство на минување.




При спроведените контроли најголем број од возачите се **исклучени поради управување на возило без возачка дозвола**, а значаен е и бројот на исклучени возачи поради **возење под дејство на алкохол**




ГРАФИКОН 5: ПРИЧИНИ ЗА ИСКЛУЧУВАЊЕ ОД СООБРАЌАЈ

Од причина што географски координати на локацијата на сообраќајните незгоди не се внесуваат во соодветната апликација, како и поради технички ограничувања на апликацијата за спроведени контроли, МВР не е во можност истите да ги користи како основ за планирање нови активности и креирање нови мерки за зголемување на ефикасноста на интервенциите на МВР.

Законот за возила предвидува МВР да води **Регистар на возила** со цел воспоставување систем за размена на податоци меѓу субјектите од областа на возилата за одобрување, пуштање на пазар, технички преглед, регистрација и пуштање во сообраќај на патиштата. Утврдивме дека Регистарот на возила **не е воспоставен, поради не изготвен подзаконски акт.**



**Системот „Safe City“** (Безбеден град) со кој располага и управува МВР, е имплементиран и функционален повеќе години за што во континуитет се обезбедуваат средства за одржување, но истиот **сеуште не се користи за документирање на сообраќајни прекршоци и за изрекување на казни поради неприлагодена законска регулатива.**

Во рамките на своите надлежности, **Министерството за транспорт** има преземено активности за реализација на проектот за поврзување на локални патишта.



Во март 2023 година подготвен е извештај и акционен план со активности и препораки за подобрување на состојбите за управување со безбедноста на патиштата, кој е доставен до МТ во декември 2024 година, односно 20 месеци после неговото изготвување, поради што имплементацијата на дел од активностите предвидени за 2023 и 2024 година, е одложена за 2025 година, што го забавува постигнувањето на очекуваните ефекти.

**Јавно претпријатие за државни патишта – ЈПДП**

Во рамки на доделените надлежности за управување со државните патишта во делот на планирање, изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на јавни патишта, ЈПДП врши броење на учесниците во сообраќајот, води катастар на државните патишта и формира неопходни бази на податоци.

Со средства од Проектот за рехабилитација на национални и регионални патишта, како и од сопствени средства, реализирани се следните активности:

**2017-2018**

извршено снимање, рангирање и проценка на безбедноста на патиштата на главните патни правци **во должина од 3.840 километри**

**7,4 милиони денари = 120.000 евра**

Преку iRAP програма

ЈПДП не располага со неопходно специјално возило со опрема за снимање на патиштата, поради што се ангажира надворешна фирма

**2017-2018**

набавена софтверска апликација РАМС - систем за управување со патишта со консултантски услуги за имплементација

**од 83,6 милиони денари =1,4 милиони евра**

ЈПДП навремено ги ажурира податоците со сопствено специјално возило

ограничени човечки капацитети за негово управување

модул „Банка на податоци за патиштата (RDB)“, со податоци за состојбата на патиштата потребни за планирање на тековните и инвестициските активности на ЈПДП за развој и одржување на државните патишта.

Евалуација на податоците за патиштата заради изготвување на програма за рехабилитација на државните патишта

поголем дел од предложените делници, до денот на ревизијата не се планирани во годишните програми на ЈПДП

**2018-2023**

**70 фиксни и 10 мобилни бројачи** за броење на возила поставени на одредени делници од државните патишта

**109 милиони денари= 1,7 милиони евра**

Функционална веб апликација

**2018**

Набавка на софтвер за контрола на плаќање на патни такси

**1,6 милиони денари= 25.700 евра**

Сеуште не е ставен во употреба

За подобрување на поврзаноста на регионалните и националните патишта со главните Европски коридори, како и подобрување на капацитетот на ЈПДП за безбедност на патиштата и отпорност на климата, во октомври 2014 година склучен е Договор со МБОР-Светска банка за заем во износ од 52 милиони евра (3.200.000 илјади денари). Средствата од заемот се користат за финансирање на **Проектот за рехабилитација на национални и регионални патишта (NNRRP).**

ПРОЕКТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА НАЦИОНАЛНИ И РЕГИОНАЛНИ ПАТИШТА (NNRRP)
СОВЕТОДАВНИ УСЛУГИ =33,8 МИЛИОНИ ДЕНАРИ




Со ревизијата утврдивме дека средствата се потрошени, а целите не се постигнати.

За унапредување на сообраќајното образование и воспитување на учесниците во сообраќајот, РСБСП континуирано спроведува едукативни кампањи, со цел зголемување на безбедноста во сообраќајот.

За реализација на кампањите во период 2019-2023 година, од планираните средства во вкупен износ од 37.180 илјади денари, најголем дел, односно 39% се однесуваат за изработка на материјали за кампањи, а 21% за надоместоци за работни групи ангажирани за кампањите. Утврдивме дека РСБСП не врши мерење на постигнатиот ефект од спроведените кампањи како индикатор за подобрување на истите.

Приходите кои РСБСП ги остварува од наплата на такса при регистрација на моторни возила се нецелосни и во период од 2019 година до октомври 2024 година неколку технички станици уплатиле помалку средства во корист на РСБСП во износ од 2.193 илјади денари (35.653 евра), од кои дел се однесуваат за период од над 3 години, што создава ризик од застарување за наплата.

Ревизијата известува дека од страна на Генералниот секретаријат на Владата во 2020 година, набавени се софтвер и опрема во вкупен износ од 7.322 илјади денари, за намени поврзани со безбедноста во сообраќајот, кои до денес не се користат од надлежните институции.

Извршените анализи и спроведените инспекции на безбедноста на сообраќајот од страна на ангажираните експерти за потребите на ревизијата, упатуваат на висок степен на опасност на делниците предмет на анализа, не задоволителна хоризонтална и вертикална сигнализација, лошо одржување на коловозите кои може да предизвикаат сообраќајни незгоди со последици од истите.





СЛИКА БРОЈ 1 - ФИЗИЧКИ ОШТЕТУВАЊА И ЛОШО ОДРЖУВАЊЕ НА КОЛОВОЗОТ

Во делот на известување, мониторинг и евалуација:

- воспоставен е механизам за известување, со кој надлежните институции преку работни средби и состаноци, како и преку периодични и годишни извештаи редовно ги известуваат Собранието и Владата за реализација на активностите, а со нивно објавување на веб страните, се известува јавноста и другите засегнати страни за нивните тековни активности.

- не е извршено следење на реализација на активностите од Националната стратегија за безбедност на сообраќајот на патиштата 2015-2020 и оценка на ефектите од истите.

- надлежните институции не вршат евалуацијата на постигнатите ефекти од спроведените мерки и активности согласно утврдените индикатори, за навремена детекција и отстранување на слабости при управување со безбедноста во сообраќајот на патиштата.

Дадени се препораки за надминување и подобрување на состојбите во делот на правната и стратешката рамка за процесот на управување безбедноста во сообраќајот, зајакнување на човечките, финансиските и техничките капацитети на институциите, како и воспоставување на систем за мониторинг и евалуација на ефектите од спроведените активности.

# 5.3.8.

ЗДРАВСТВЕН СИСТЕМ

## 5.3.8.1.

ИСКОРИСТЕНОСТ НА СОВРЕМЕНА МЕДИЦИНСКА ОПРЕМА

3 ДОБРО ЗДРАВЈЕ И БЛАГОСОСТОЈБА

Извршивме ревизија на успешност на тема **„Искористеност на современа медицинска опрема“** со цел да се даде одговор на прашањето **„Дали е обезбедена добра искористеност и регионална достапност на услугите со современа медицинска опрема, односно задоволување на потребите за здравствена заштита на населението?“**



Со ревизијата ја опфативме современата медицинска опрема за која проценивме дека е со најголема набавна вредност и има значајна потреба и интерес за услугите со истата, како што се: КТ, ангиографи, акцелератори, мамографи со томосинтеза и стереотакса, ПЕТ/КТ и апарат за роботска рехабилитација. Исто така, ги опфативме и политиките и преземените активности за набавка, ставање во употреба и користење на истата во периодот од 2021 година до 2023 година, а одредени прашања и настани се опфатени пред и по овој период.

Снабденоста со наведената опрема во јавното здравство по градови во државата е прикажана на следниот графикон.

## СНАБДЕНОСТ СО СОВРЕМЕНА МЕДИЦИНСКА ОПРЕМА ВО ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО




| | | | |
|---|---|---|---|
| 30 | Компјутерска томограија | Апарат за роботска рехабилитација | 1 |
| 18 | Ангиограф | ПЕТ-КТ скенер/ Циклотрон | 1/1 |
| 9 | Акцелератор | Мамограф со ТС | 4 |

Утврдивме дека е остварен напредок во поглед на обезбедување на регионална распределеност на новата медицинска опрема во јавното здравство и зголемување на вкупниот бројот на здравствени услуги во последните три години, но и понатаму дел од опремата не е ставена во употреба или не е доволно искористена, најмногу поради недостиг на човечки ресурси и/или необезбедени просторни и други услови. Поради тоа за дел од услугите не е обезбедена доволна регионална достапност, односно задоволување на потребите за здравствена заштита на граѓаните.
Во досегашниот период делумно се реализирани поставените стратешки цели, а обезбедувањето на нова современа медицинска опрема за ЈЗУ, не секогаш е направено врз основа на критериуми за утврдување на приоритети за потребите и соодветна анализа и координација од аспект на обезбедување на потребните просторни услови, придружна опрема и стручен и обучен кадар за работа со истите.

Во период 2021-2023 година набавена е медицинска опрема во вкупна вредност од 998.109 илјади денари односно 16,2 милиони евра со буџетски средства, средства од заем и од донација, прикажано во следниот графикон.



Поради ограничените буџетски средства не е набавена дел од бараната опрема и опремата за искористување на дополнителните функционалности на истата.

Вредност на целокупната медицинска опрема, набавена во периодот на ревизија и во минати години, а која е опфатена со ревизијата изнесува 3.548.545 илјади денари, а статусот на истата е прикажан во следниот графикон.

**СТАТУС НА МЕДИЦИНСКА ОПРЕМА ОПФАТЕНА СО РЕВИЗИЈАТА**

во 000 ден.

**ОПРЕМА СТАВЕНА ВО УПОТРЕБА**

| | број на уред | вкупна набавна вредност | број на ЈЗУ |
|---|---|---|---|
| **КТ** | 16 | 808.274 | 12 |
| **Ангиографи** | 14 | 578.577 | 7 |
| **Акцелератори** | 4 | 595.042 | 1 |
| **ПЕТ/КТ скенер** | 1 | 153.750 | 1 |
| **Циклотрон** | 1 | 206.998 | 1 |
| **Апарат за роботска рехабилитација** | 1 | 57.983 | 1 |
| **ВКУПНО** | **37** | **2.400.624** | |

**68%**

во 000 ден.

**ОПРЕМАТА НЕ СЕ КОРИСТИ ВО ПОЛН КАПАЦИТЕТ, НЕ СЕ КОРИСТАТ ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ ФУНКЦИОНАЛНОСТИ**

| | број на уред | вкупна набавна вредност | број на ЈЗУ |
|---|---|---|---|
| **КТ** | 1 | 25.215 | 1 |
| **Ангиографи** | 4 | 215.540 | 4 |
| **Мамографи со ТС** | 4 | 96.717 | 4 |
| **ВКУПНО** | **9** | **337.472** | |

**9%**

во 000 ден.

**ОПРЕМА НЕ СТАВЕНА ВО УПОТРЕБА**

| | број на уред | вкупна набавна вредност | број на ЈЗУ |
|---|---|---|---|
| **КТ** | 2 | 63.198 | 2 |
| **Акцелератори** | 5 | 747.156 | 4 |
| **ВКУПНО** | **7** | **810.354** | |

**23%**

Бројот на извршени услуги со сите апарати во годините предмет на ревизија бележи континуиран раст.

Во периодот 2021-2023 година на ниво на држава извршени се вкупно 263.619 услуги со КТ, чиј број за сите видови на упатување, од година во година континуирано расте. Степенот на искористеност на КТ значајно се разликува меѓу ЈЗУ, затоа што некои ЈЗУ ги користат своите КТ уреди со полн или над капацитетот, особено во Скопје и регионалните центри, додека други ЈЗУ имаат очекувано помала искористеност поради помалиот број пациенти кои ги опслужуваат, како и поради недостиг на стручен кадар. Степенот на искористеност по КТ уред по ЈЗУ е детално прикажан во следниот графикон.

**ПРОСЕЧЕН БРОЈ ИЗВРШЕНИ УСЛУГИ ПО КТ УРЕД ЗА ПЕРИОД 2021-2023**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| КБ Штип<br>**11.161** | УИ за Радиологија<br>**7.853** | ОБ Прилеп<br>**5.220** | ГОБ 8-ми Септември<br>**5.138** | КБ Тетово<br>**5.081** |
| КБ Битола<br>**4.920** | ОБ Охрид<br>**4.587** | УК Св. Наум Охридски<br>**4.520** | ОБ Струмица<br>**3.687** | ЗД Скопје<br>**3.605** |
| ОБ Куманово<br>**3.586** | ОБ Гостивар<br>**3.065** | УК за пулмологија<br>**1.610** | СБ Св.Еразмо Охрид<br>**1.512** | ОБ Велес<br>**1.499** |
| ОБ Струга<br>**1.390** | ОБ Кавадарци<br>**1.101** | УК за неврологија<br>**921** | ОБ Кичево<br>**783** | ОБ Гевгелија<br>**214** |

Повеќе од половина од услугите со КТ се извршени врз основа на упати без термин и итни упати поради недоволно креирани редовни термини, при што отсуствуваат реални податоци за обемот и фреквентноста на неоправданото и неосновано користење на итни и приоритетни упати, како и ефикасна контрола на истото.

Во периодот 2021-2023 година во 9 ЈЗУ извршени се вкупно 32.238 услуги со ангиограф, при што бројот на услуги е во пораст, но начинот на упатување и евидентирање не е доволно уреден и унифициран кај сите ЈЗУ поради што не е обезбедено целосно евидентирање и следење на услугите, како и електронско закажување на интервенциите.

Зголемувањето на бројот на здравствени услуги и медицинска опрема не е проследено со сразмерно зголемување на бројот на здравствени работници во ЈЗУ кои ги опслужуваат овие апарати. Поради неможноста за изнаоѓање ефикасни механизми за задржување на стручниот и обучен кадар во јавното здравство, ЈЗУ се соочуваат со одлив и недостиг на медицински персонал, кои само делумно се надминуваат со повремено ангажирање од други ЈЗУ, што влијае на преоптовареност на здравствениот кадар и опремата во дел од ЈЗУ.

Утврдивме дека постојат значајни разлики во евиденциите за извршените услуги помеѓу ЈЗУ, Мој Термин и Фондот, што има за ефект нереални податоци за услугите во Мој Термин, помалку прикажани услуги кон Фондот и најмалку 15.177 илјади денари (247 илјади евра) помалку наплатена партиципација од ЈЗУ.

Во услови на не воспоставени листи на чекање за подолг период, отсуствуваат податоци за реалната побарувачка на услуги, а поради неусогласени евиденции за извршените услуги во ЈЗУ, Мој Термин и системот на Фондот, не може да се утврди ниту точниот број на извршени здравствени услуги.

За надминување на наведените состојби дадовме препораки со цел преземање на мерки и активности од надлежните институции, а во функција на отстранување на причините за утврдените состојби, создавање услови за подобра искористеност на современата медицинска опрема и зголемување на достапноста на здравствените услуги, а со тоа и оптимално задоволување на потребите за здравствена заштита на граѓаните.



# 5.3.9.

ОДРЖЛИВИ РАЗВОЈНИ ЦЕЛИ НА ООН - АГЕНДА 2030 И ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА

## 5.3.9.1.

УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ЗЕЛЕНАТА ИНФРАСТРУКТУРА ВО ГРАДОВИТЕ

Извршивме ревизија на успешност на тема **„Урбанистичко планирање на зелената инфраструктура во градовите“** со цел да дадеме одговор на прашањето **„Дали мерките и политиките на централната и локалната власт обезбедуваат ефикасно планирање на зелената инфраструктура во градовите?“**

Со опфатот и доказите кои ги обезбедивме, стекнеме разумно уверување дека **мерките и политиките на централната и локалната власт не обезбедуваат ефикасно планирање на зелената инфраструктура во градовите.**

Со поделба на дејноста просторно и урбанистичко планирање и некоординираност на надлежните институциите вклучени во процесот, отсуствуваат политики кои го регулираат просторното планирање, а со законските решенија за утврдување на правен статус на бесправно изградените објекти се нарушува системот на урбанистичко планирање. Во услови кога новиот Просторен план како највисок стратешки документ на државата не е донесен повеќе од четири години, постојниот со плански период до 2020 година, не претставува добра основа за останатите стратешки и плански документи, бидејќи се користат податоци и информации кои не се ажурирани и не соодветствуваат на состојбите во државата.

Имајќи во предвид дека од 34 општини со седиште во град само две општини („Град Скопје и Општина Охрид“) имаат донесено стратегии за развој на зеленилото, Зелен катастар во форма на ГИС портал имаат само три општини („Град Скопје, Кавадарци и Охрид“), а 18 општини немаат донесено годишни програми за подигање и одржување на зеленилото, укажува на констатацијата дека отсуствува визија за потребите од одржување и проширување на зелените површини за подобрување на одржливоста на градовите.

ГЕНЕРАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ



Постапката за донесување на урбанистички планови се врши преку електронски систем е-урбанизам во кој имаат пристап сите инволвирани институции, но поради комплексноста на административните процедури и не почитување на законски утврдените рокови, од вкупно 34 општини со седиште во град, 8 општини (23%) имаат важечки ГУП, 24 општини (71%) имаат ГУП со изминат плански период, а две општини (6%) воопшто немаат донесено генерален урбанистички план.

Како резултат на непочитување на законски предвидениот рок на постапките за донесување на ДУП до 18 месеци, во периодот од 2020-2024 година, 77% од постапките за ДУП сеуште не се завршени, што создава правна несигурност и неможност граѓаните да си ги остварат правата, а општините да го планираат зеленилото во просторот.

ГУП-овите на 22 општини не го исполнуваат препорачаниот стандард за озеленетост од 25 м2 по глава на жител, а зелените површини кои се одржуваат и ново подигнатите зелени површини во корелација со бројот на жители согласно пописот од 2021 година укажува дека ниту една општина не го исполнува стандардот.

**ПРОЦЕНТ НА ПЛАНИРАНО ЗЕЛЕНИЛО СОГЛАСНО АКТУЕЛНИТЕ ГЕНЕРАЛНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ПО ГРАДОВИ**

**мали градови**

Берово **6.9**
Валандово **4.82**
Виница **8.13**
Гевгелија **9.08**
Дебар **14.1**
Демир Капија **21.47**
Кратово **13**
Крива Паланка **10.93**
Крушево **23.6**
Мак. Каменица **22**
Македонски Брод **8.6**
Неготино **11**
Пехчево **10**
Пробиштип **6**
Радовиш **5.78**
Ресен **20.83**
Свети Николе **10**

**средно големи градови**

Битола **11**
Велес **16.3**
Гостивар **6.89**
Кавадарци **14.31**
Кичево **7.41**
Кочани **7.65**
Охрид **10.82**
Прилеп **7.5**
Струга **11.8**
Струмица **2.8**
Тетово **12.14**
Штип **16.9**

**големи градови**

Град Скопје **12.44**
Куманово **18.83**




Снимките од извршеното снимање со дрон на повеќе локации и во повеќе градови покажуваат дека централните градски подрачја на градовите не содржат доволно јавни зелени површини кои треба да придонесат за намалување на загадувањето и за чиста животна средина.



ОПШТИНА ЧАИР



ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА



ОПШТИНА ШТИП

Иако во ГУП на Штип се предвидени 16,9% зелени површини со намена Д, преку ЈКП „Исар" од Штип се одржуваат 8,97 ха што претставува само 0,39% од површината на генералниот урбанистички план 2.292 ха.



ОПШТИНА ТЕТОВО

Актуелниот ГУП на Тетово е со плански период од 2003-2013 година и истиот предвидува 12,4% зелени површини. Карактеристично за Тетово е што нема градски парк

Годишните програми за финансирање на урбанистички планови на централно ниво во периодот 2020-2024 година се донесени на нетранспарентен начин, без јавен повик, комисија и критериуми за избор, а средствата кои се предвидени не се доволни за финансирање на планираните проекти. Недоволната информираност и интерес на граѓаните за учество во постапките за донесување на урбанистички планови, како и финансирањето на плановите од страна на заинтересираните правни / физички лица со 48% во годишните програми на општините го става приватниот над јавниот интерес.

Општините не обезбедуваат доволно средства за одржување на јавни зелени површини поради тоа што 80% од нив немаат донесено одлуки за наплата на надоместокот за одржување на зелени површини, 20-30% наплатуваат комунални такси за користење на јавни зелени површини и поставување на рекламни паноа на зелени површини, додека 59% од општините не издвоиле средства за подигнување на нови зелени површини во периодот од 2020-2024 година.

Централната и локалната власт немаат обезбедено ефикасен мониторинг и контрола, односно не изрекувањето на глоби спрема прекршителите, намалените износи на глобите за прекршоци, како и не преземените активности од страна на МЖСПП за воспоставување надзор над општините во делот на спроведувањето на законските одредби за урбано зеленило придонесува зеленилото да се уништува, да не се одржува и да не се заменува со ново зеленило.

За надминување на утврдените состојби дадени се препораки со цел преземање на мерки и активности од страна на надлежните институции и одговорни лица за создавање услови со кои ќе се подобри урбанистичко планирање на зелената инфраструктура во градовите.

## 5.3.9.2.

## ЗЕЛЕНА ТРАНЗИЦИЈА ПРЕКУ ПРОМОВИРАЊЕ НА ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА




Извршивме ревизија на успешност на тема "**Зелена транзиција преку промовирање на обновливи извори на енергија**" со цел да дадеме одговор на прашањето **„Дали планираните реформи за енергетска транзиција со обновливи извори на енергија ќе обезбедат енергетска сигурност, економска стабилност и исполнување на меѓународните обврски за декарбонизација?"**.

Република Северна Македонија како членка на Енергетската заедница и согласно преземените обврски кон ЕУ има обврска да ги следи глобалните политики за зелена транзиција и да ги имплементира преземените обврски во областа на енергијата и климата со утврдени цели до 2030 година. За таа цел се спроведуваат реформи за декарбонизација, реформи на пазарот на електрична енергија кои се стратешки планирани, со заедничка декларација формирана е инвестициската платформа за праведна енергетска транзиција, воспоставена е институционална рамка но постојат предизвици од спроведување на овие планови од страна на државата.

Со усвојувањето на Националниот енергетски и климатски план во 2022 година, согласно обврските кон Енергетска Заедница, државата има поставено цели за намалување на емисиите на стакленички гасови за 82% во споредба со 1990 година, затворање на термоелектраните на јаглен и учеството на обновливите извори на енергија во крајната потрошувачка во износ од 38% до 2030 година.

Вкупната цел за сите договорни страни на Енергетската заедница за учеството на обновливите извори на енергија во крајната потрошувачка до 2030 година е 31%, прикажано во Табела бр.1

**ТАБЕЛА БР. 1** ЦЕЛИ ЗА УДЕЛ НА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ ВО БРУТО-ФИНАЛНАТА ПОТРОШУВАЧКА НА ЕНЕРГИЈА (2005, 2020, И 2030 ГОДИНА) ЗА ДОГОВОРНИ СТРАНИ[1]

| ДРЖАВА | удел на ОИЕ во 2025 | цел за 2020 | цел за 2030 |
|---|---|---|---|
| Албанија | 31,20 % | 38 % | 52 % |
| Босна и Херцеговина | 34,00 % | 40 % | 43,60 % |
| Грузија | - | - | 27,40% |
| Косово [33] | 18,90 % | 25 % | 32,00 % |
| Молдавија | 11,90 % | 17 % | 27,00 % |
| Црна Гора | 26,30 % | 33 % | 50,00 % |
| Северна Македонија | 17,20 % | 23 % | 38,00 % |
| Србија | 21,20 % | 27 % | 40,00 % |
| Украина | 5,50 % | 11 % | 27,00 % |
| ВКУПНО (просек): | – | – | 31,00 % |

[33] https://www.energy-community.org/implementation/package/CEP.html

За енергетската транзиција се потребни големи јавни инвестиции, но се одвива во услови на ограничен фискален простор, зголемен јавен долг и неповолна финансиска состојба на АД ЕСМ, а има и социјални и економски последици за регионите зависни од јаглен.

Во 2024 година АД ЕСМ учествува со околу 58% од вкупното производство на електрична енергија, претставува столб на домашното производство на електрична енергија и клучен субјект во процесот на енергетската транзиција на државата.

Согласно преземените обврски, државата до 2030 треба да ги затвори термоелектраните кои сеуште се најголеми производители на електрична енергија, со 38,4% од вкупното производство, а воедно и најголеми загадувачи кои испуштаат CO2 во воздухот.

**Поради одлуката за продажба на 100% од производството на електрична енергија на АД ЕСМ на универзалниот снабдувач по цена пониска од производствената, иако со законот тој процент до 2025 година требало да се намали на 30%, работењето е со загуба, а се доведува во прашање и континуитетот на работењето на компанијата под вакви услови.**

**Владината политика за продажба на производството на универзалниот снабдувач за заштита на граѓаните од ценовни шокови придонело за државна поддршка на АД ЕСМ преку Буџетот, а АД ЕСМ во 2023 се задолжило кај ЕБОР со заем во износ од 100 милиони евра за ликвидност.**

Во последните години има голем пораст на електроцентрали од ОИЕ од 303 на крајот од 2020 година, до над 1.500 до 2024 година. Според извршени студии системот моментално може да прифати само до 1,5 GW, додека барањата за приклучување на производители на ОИЕ на преносната мрежа се 8,663 GW.

Со измените на законот за енергетика од 2022 година се предвидува системско планирање на изградбата на производни капацитети од ОИЕ. Владата сѐ уште нема усвоено Индикативен план за изградба на капацитети за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија поради што недостасува јасна стратегија за избор и приоретизирање на проекти и дава можност за несоодветно одлучување за голем број на барања за приклучување на преносната мрежа.

Донесен е нов Закон за енергетика во мај 2025 година , со кој се предвидува годишно планирање и транспарентен избор на проекти кој треба да придонесе за подобра координација и фер распределба на капацитетите.

Започнати се пазарни реформи преку планирани нови мерки за поддршка во форма на аукции CfD, ќе се воведат гаранции на потекло и потребни се дополнителни напори за регионално поврзување на пазарите.

**Со заедничка декларација предложена од мултилатералните банки и партнери предводени од ЕБОР воспоставена е Инвестициската платформа за праведна енергетска транзиција (JETIP) согласно која е изработена нацрт верзија на проекти за енергетска транзиција во вредност од 1,823 милијарди евра каде се планирани проекти за АД ЕСМ во вредност 1,120 милијарди евра и проектот за Чебрен и Орлов Камен за кој не е наведена вредноста, и проекти за АД МЕПСО во износ од 128 милиони евра. Со инвестициска платформа се планира да се постигне постепено укинување на термоелектраните на јаглен, инсталирање 1,7 GW капацитет за обновлива енергија, од кои најмалку еден (1) GW преку аукции, зајакнување на мрежата и складирањето на енергија за интеграција на обновливи извори и обезбедување праведна транзиција.**

Развојот на електро преносната мрежа е клучен за обезбедување стабилна, флексибилна и одржлива енергетска иднина на земјата и регионот.

Подолу наведената фотографија ја покажува состојбата на степенот на изграденост на 400/110 kV трафостаница Охрид и проширување на трафостаница Битола



Во тек е постапка за нов План за развој на електро преносниот систем за периодот 2025–2035 година за кој е спроведена јавна расправа, доставен е до надлежното министерство, доставен до РКЕ, но во услови кога не е изработена Студија за развој на електро преносната мрежа постои ризик да не се идентификувани главните потреби за развој на мрежата.

Со растечкиот број на проекти од обновливи извори на енергија (ОИЕ), се зголемува потребата од балансирачки капацитети, а недоволниот капацитет за системски услуги претставува ризик за стабилноста на мрежата.

Со измената на Законот за енергетика од 2022 година за првпат биле предвидени одредби за складирање на електрична енергија, а со новиот Закон за енергетика донесен во мај 2025 година детално е доуредена и надградена материјата за складирање и балансирање

**Државната енергетска компанија АД ЕСМ подолг период нема изградено нови енергетски капацитети и се соочува со неповолна финансиска состојба, операторот на електро преносниот систем потребно е да ја развие мрежата за интеграција на инвестиции во обновливи извори на енергија, потребно е балансирање на променливото производство, а постојат и проблеми во имплементација на стратешките проекти за изградба на електро преносна мрежа на Коридор 8 кон Албанија..**

## 5.3.9.3.

## ПОДГОТВЕНОСТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ




Претседавањето на ВРИ на Бразил со Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (INTOSAI), во партнерство со Работната група за ревизија на животната средина INTOSAI -WGEA, креираше иновативен проект **Climate Scanner** (Климатски скенер), кој има за цел да развие алатка за брза проценка дизајнирана да ја оцени акцијата на националните влади за климатските промени.

Државниот завод за ревизија се приклучи на 141 ВРИ од цел свет и одговори на задачата за **климатскиот скенер** со што резултатите беа обработени и презентирани на Светската климатска конференција COP29 која се одржа во Баку, Азербејџан, на која присуствуваа шефови на држави и влади од 200 земји меѓу кои и на Република Северна Македонија.




Податоците за климатскиот скенер беа основа да извршиме ревизија на успешност на тема **„Подготвеноста на Република Северна Македонија за справување со климатските промени“** со цел да дадеме одговор на прашањето: **„Дали Владата воспоставила механизми, системи и политики за справување со климатските промени?“**

Со опфатот и доказите кои ги обезбедивме, стекнавме разумно уверување дека во **Република Северна Македонија исполнети се основните предуслови и постигнат е одреден напредок во креирањето на политиките, но потребни се дополните мерки и активности за воспоставување механизми и системи за справување со климатските промени.**

Ревизорските активности беа насочени кон три области (управување со климатските промени, јавни политики за климатски промени, финансирање на климатските промени) при што се утврдени следните позначајни состојби:

Во однос на **управувањето со климатските промени,** постојното законодавство од областа на животната средина иако регулира одредени прашања поврзани со климатските промени, истите не се доволни да се воспостави систем со кој државата ќе управува со климатските промени. Со оддолжување на постапката за донесување на законот за климатска акција која трае повеќе од 5 години, државата нема воспоставен институционален систем, координација и комуникација помеѓу институциите вклучени во процесот на климатски промени. И покрај вклученоста на голем број на институции, правни лица и засегнати страни во предлог верзијата на Законот за климатска акција изостанува вклученоста на локалната власт која е носител на политиките на локално ниво и истовремено ги имплементира политиките од централно ниво.

Поради слабите административни капацитети, не е обезбедена единствена база на податоци потребна за изготвување и ажурирање на Национален инвентар на стакленички гасови кој со помош на меѓународни проекти последен пат е изработен во 2019 година, односно за последните 5 години државата нема податоци за емисии на стакленички гасови, што не е добра основа за креирањето на политиките и управувањето со климатските промени

## НЕТО ЕМИСИИ ПО СЕКТОРИ ОД 1990 ДО 2019 ГОД.




Со Долгорочната стратегија за климатска акција државата се обврзала да ги намали нето емисиите на стакленички гасови („без вклучени МЕМО емисии“) до 2050 годна за 72% во однос на 1990 година, односно не утврдила „нето нула“ емисии со што не ги исполнила обврските со Европскиот зелен договор.




Со Ревидираниот (NDC Nationally Determined Contribution - Национален утврден придонес), државата се обврзала до 2030 година да ги намали нето емисиите на стакленички гасови за 82% во однос на 1990 година, а според официјалните податоци од Инвентарот на стакленички гасови, во 2019 година вкупните емисии на стакленички гасови се намалени за 9,2% во споредба со 1990 година.

Не воспоставените механизми за мониторинг од страна на МЖСПП и не известувањето од страна на надлежните министерства, не овозможуваат да се направи проценка на релевантноста на мерките и ефектите од истите за постигнување на поставената цел.

Во однос на **јавните политики за климатски промени**, Република Северна Македонија како потписничка на Договорот од Париз уште во 2015 година го утврдила својот придонес во глобалните напори за климатски промени со Првиот NDC, а во 2021 година поставила поамбициозни цели со Ревидираниот NDC со што ги исполнила обврските од договорот. Иако, не е донесена Стратегија за ублажување како посебен стратешки документ, во Ревидираниот NDC вклучени се политиките и мерките за ублажување на емисиите на стакленички гасови. Државата нема Национален план за адаптација на климатските промени, но дел

од секторските стратегии предвидуваат мерки и политики за адаптација. Поради не воспоставените механизми за следење на реализацијата на предвидените политики и мерки, не може да се потврди дали истите се соодветни за постигнување на поставените цели со Ревидираниот NDC.

Во однос на **финансирање на климатските промени**, во Долгорочната стратегија за климатска акција, предвидено е дека за реализација на политиките и мерките за периодот од 2020-2050 година ќе бидат потребни **капитални инвестиции од 35 милијарди евра и трошоци во енергетскиот сектор од 121 милијарда евра.** Имајќи во предвид дека сеуште нема законска основа, во Буџетот на државата не е воспоставен систем за к**лиматско означување на проектите релевантни или поврзани со климатски промени** поради што државата не располага со релевантни податоци за финансиските средства наменети за климатски промени. Во периодот од 2020-2024 година не се изготвени двогодишни извештаи (BUR) со кои државата има меѓународна обврска да известува за искористените средства од домашниот буџет, буџетите на единиците на локалната самоуправа, како и средства од меѓународни фондови и институции и приватниот сектор.



# СИСТЕМСКИ СЛАБОСТИ

06

Државниот завод за ревизија врши и оценка на степенот на усогласеност на законските и подзаконските акти и дава препораки за нивно менување, дополнување и усогласување. Во овој дел ги истакнуваме дел од клучните утврдени системски слабости за кои има потреба од преземање на активности од страна на надлежните органи од извршната / законодавната власт за надминување на истите.

## ЗАКОН ЗА БУЏЕТИ

Во Законот за буџети, чија примена ќе започне од 1 јануари 2026 година освен одредбите од членот 121 во кој се наведени исклучоците за примената на одредени одредби од наведениот закон, потребно е да се преземат одредени активности за усогласување на одредени одредби и тоа:

- член 35 да се дополни став 3, во насока на дефинирање на буџетска документација кон Предлог Буџетот на општините;
- член 76 да се дополни:
  - став 3 согласно кој матичните буџетски корисници освен редовно да ги доставуваат сите договори за концесии во нивна надлежност до Министерството за финансии, истите да ги доставуваат и до општината на чија територија се наоѓа концесијата, како и
  - став 5 дека Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини освен до Министерството за финансии, сите договори за јавни приватни партнерства редовно да ги доставува и до општината на чија територија се однесува договорот за јавно – приватно партнерство.
- член 94 да се измени и дополни:
  - став 6 во кој делот за можни отфрлања на поединечни ревизорски препораки да се избрише;
  - став 7 потребно е да измени и да се уреди дека Собранието при донесување на Завршната сметка го разгледува и Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на Завршната сметка на буџетот, со утврдување на рок на истото.

## ИЗБОРЕН ЗАКОНИК

- Во членот 83 од Изборниот законик дадена е можност, политичките партии, средствата добиени од Буџетот на Република Северна Македонија за финансирање на редовното работење на партијата да ги префрлат како финансиски средства на трансакциските сметки „за изборна кампања“ на учесниците во истата, што може да доведе до финансирање на изборната кампања со средства од Буџетот на државата во повисок износ од утврдениот во членот 88 од Изборниот законик, поради што сметаме дека треба да се усогласат овие два члена.
- Со одредбите на член 71 став 6 крајниот рок за уплата на донации за финансирање на изборната кампања е до денот на затворање на трансакциската сметка што се врши по објавување на конечноста на резултатите од изборната кампања и создава ризик за влијанија, поради што сметаме дека е потребно да се утврди донациите да се уплатуваат најдоцна до денот на завршување на изборната кампања.
- Пропишување на одредби со кои ќе се уреди дали може коалиција или политичка партија да поддржи независен кандидат-група избирачи и при тоа да ги користи доделените средства за платено политичко рекламирање за независниот кандидат - група избирачи, доколку може во кои услови и на кој начин и дали при таквата поддршка истиот има право да ги користи и средствата што му следуваат како независен кандидат.
- Пропишување на начинот на кој донаторите ќе докажат/потврдат дека не се „поврзани лица„ со радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) при финансирање или давање донации на политичките партии.

## ДОУРЕДУВАЊЕ НА ОДРЕДБИТЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК ВО ДЕЛОТ НА:

- Условите и критериумите кои е потребно да ги исполнат електронските медиуми за да имаат можност да аплицираат за платено политичко рекламирање во Државната изборна комисија.
- Јасни и прецизни критериуми за распределба на буџетските средства наменети за платено политичко рекламирање на електронските медиуми (интернет портали).
- Воспоставување на интероперабилен систем за размена и контрола на податоци за активност на банерите и определување надлежен орган за следење и известување за изборното медиумско претставување на електронските медиуми (интернет портали).
- Предвидување на глоби за електронските медиуми (електронските портали) во случај за недоставување на Извештајот за рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања и средствата кои се платени и се побаруваат по таа основа.
- Уредување на начинот на организирање, плаќање, следење и известување до надлежните органи за интернет претставувањето кое го вршат учесниците во изборната кампања преку социјалните мрежи.
- Номотехничко уредување на Изборниот законик поради тоа што одредени точки на одредени членови немаат следственост и во исто време во самите одредби на одредени членови има погрешно повикување.

## ФИНАНСИРАЊЕ НА ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ

### Закон за финансирање на политичките партии

- да се донесат поконкретни насоки за регулирање на начинот на уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање на политичките партии со цел еднообразност во начинот на нивното сметководствено евидентирање и потврдување на законски утврдениот лимит за секој член одделно;
- утврдување на рокови за одделни активности кои ги преземаат Државната изборна комисија и Министерството за правда, поврзани со начинот на планирање, распределба и исплата на средствата од редовно годишно финансирање на политичките партии;
- изменување и дополнување на подзаконските акти со кои се уредува начинот на водење на сметководството на непрофитните организации, со кои ќе се обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции";

### Закон за комуналните такси

- Комуналната такса за користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли, согласно одредбите на член 20 од Законот за комуналните такси (тарифен број 9) ја наплаќаат правни лица овластени за вршење на регистрација на возилата и ја уплатуваат на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка. Во постојното законско решение не е пропишан рокот во кој правните лица треба да ја уплатат наплатената такса на сметка на општината и немаат обврска да ги известуваат општините, општините во Град Скопје и градот Скопје, за бројот на регистрирани возила во зависност од кубикажата и за месечниот износ на прибраните средства поединечно и кумулативно.
- Комуналната такса за користење и одржување на јавно осветлување, согласно одредбите на член 20 став 3 од Законот за комуналните такси (тарифен

број 10) ја наплаќа трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија и има обврска да ја уплати на соодветната уплатна сметка во рамки на трезорската сметка. Во постојното законско решение не е пропишано во кој рок треба да се изврши уплатата, не е пропишана обврска на трговското друштво кое врши наплата на таксата од имателите на броила, да ги известува општините, општините во Град Скопје и градот Скопје за бројот на обврзници по категории (број на броила) согласно тарифниот број, како и за наплатените приходи и ненаплатените побарувања по овој основ.

## Закон за даноците на имот

Ревизијата ја истакнува неизвесноста во делот на примената на членот 39 од Законот за даноците на имот од неговото донесување од 2004 година, во делот на обврската за усогласување на регистарот на недвижен имот кој го водат општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје со регистарот кој го води Агенцијата за катастар на недвижности, а најдоцна до 31 декември во годината, податоците од состојбата на регистрите треба да ги доставуваат до Централниот регистар и до Управата за јавни приходи. За имплементација на ова законско решение потребни се одредени допрецизирања во Законот како и софтверско поврзување на надлежните органи.

## Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа

Со одредбите на член 12 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, за финансирање на пренесените надлежности во образованието, културата, раната детска заштита и заштитата на стари лица на општините се воведени блок дотации. Владата на Република Северна Македонија донесува Уредба за методологијата за утврдување на критериумите за распределба на блок дотациите на предлог на надлежното министерство, која се базира на формула со користење на соодветни показатели на потребите за секоја програма. Уредбите секоја година се идентични и не ги одразуваат реалните потреби и стандарди со што се доведува во прашање квалитетот на услугите на пренесените надлежности и редовно сервисирање на обврските. Од тие причини потребно е редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за блок дотации за општините со јасна, транспарентна ефикасна и функционална формула во која ќе бидат вклучени сите видови на трошоци со реални вредности и големини, со цел воспоставување на оптимален, економичен и ефикасен систем за финансирање на пренесените надлежности на општините.

## Закон за пожарникарството

- Согласно член 49 од Законот за пожарникарството кој се однесува за финансирање на активностите на Територијалните против пожарни единици, Град Скопје и општините имаат можности за остварување на дополнителни приходи од наплатени парични казни за сторени прекршоци од областа на заштитата од пожари и експлозии, доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица наменети за унапредување на заштита од пожари и приходи од сопствени извори за извршени услуги. Градот Скопје и општините не остваруваат приходи по овие основи освен приходот од осигурителните друштва во износ од 2% од наплатените премии за осигурување на моторните возила и осигурување од одговорност од употреба на моторните возила за кои немаат сознание за висината на средствата кои треба да се уплатат ниту пак има законска обврска да можат да се уверат во целосноста и точноста на уплатените средства.

- Согласно Законот за вработените во јавниот сектор, професионалните пожарникари вработени во територијалните противпожарни единици, припаѓаат на група II – работни места на овластени службени лица во областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето, односно подгрупа 11 - други овластени службени лица во областа на безбедноста, одбраната и разузнавањето.

Со член 11-б став 8 од Законот за пожарникарството се утврдени три категории на работни места и тоа: А - Високо раководни пожарникари спасители, Б – Раководни пожарникари спасители и В – Професионални пожарникари спасители. Поради видот и природата на работите што ги извршуваат, износот на платата на професионалните пожарникари во противпожарните единици, согласно членот 13 на Законот за пожарникарството е поголема за 20% од платата на другите вработени со соодветна стручна подготовка за работни места во општинската администрација. Оваа законска одредба е недоволно прецизна, а имајќи во предвид дека структурата на вработените кај општините е многу различна и зависи од повеќе фактори, начинот на пресметка и исплата на плата во голем број општини е оспоруван од страна на професионалните пожарникари. За надминување на утврдените состојби потребно е јасно и прецизно законско решение за утврдување на износот на платата на професионалните пожарникари.

## Закон за управување со отпадот

- Во член 105 од Законот за управување со отпадот предвидено е правото на давателот на услуга за наплата на цена за обезбедената услуга која опфаќа: услуга за собирање, транспортирање и селектирање на комунален отпад и услуга за третман на комунален отпад. Висината на цената на услугата зависи од висината на тарифата за отпад која се определува од страна на Регулаторната комисија за секој одделен давател на услуга, врз основа на доставен План за тарифи за услуги за управување со комунален отпад согласно со условите и постапката утврдени со член 107 од законот и Правилникот за тарифа за отпад.

Давателот на услуга кој врши собирање и транспортирање на комунален отпад е должен од крајниот корисник да ја наплати цената за услуга според тарифата за отпад пресметана согласно со Правилникот за тарифа за отпад и утврдена во решение за утврдување на тарифи за услуги за управување со комунален отпад или решение за регулаторна тарифа. Не се донесени подзаконските акти: План за тарифи за услуги за управување со комунален отпад и Правилник за тарифа за отпад, иако согласно член 145 од законот, истите требале да се донесат во рок од две години со влегувањето во сила на законот, односно најдоцна до септември 2023 година. Поради недонесените подзаконски акти не се создадени услови за целосно и доследно почитување на начелото „загадувачот плаќа" според кое, создавачот или поседувачот на отпад се должни да ги сносат сите трошоци настанати при управување со отпадот.

## Закон за здравствената заштита

Законот за здравствената заштита и Законот за евиденции во областа на здравството не се усогласени во делот на уредување на функционирањето на интегрираниот здравствен информатички систем и Мој Термин, односно, со двата закони се уредува воспоставување на еден ист информатички здравствен систем, но со различен опсег на функционалности и надлежности на институциите. Ова доведува до ризик за различно толкување на законските одредби, поради што е потребно синхронизирање со кое јасно ќе бидат дефинирани истите. Исто така, дел од потребните подзаконски акти, како стручни упатства, протоколи за медицински третмани и сертификација на софтвери, не се донесени. Имено:

- Отсуствува пропишана и воспоставена листа на чекање на подолг рок односно системско следење на реалната потреба на пациентите за услуги со современа медицинска опрема;
- Нема пропишан рок за издавање на резултатите;
- Не се пропишани стручни упатства за вршење на дел од услугите со современа медицинска опрема ;
- Не е донесен подзаконски акт за сертифицирање на софтверите кои ги користат здравствените установи за поврзување и интегрирање со Мој Термин.

### Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност

Согласно член 89 од Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност, со Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (АВРСМ) управува Управен одбор (УО) , составен од девет члена, од редот на стручни лица со познавање или искуство во областа на вработувањето, од кои пет претставници именува Владата, а по два претставника се именуваат од организацијата на работодавачите и организацијата на репрезентативниот синдикат. Ја истакнуваме обврската дека во делот на стручноста на именуваните членови на УО, Законот не предвидува профил и степен на образование кое треба да го имаат членовите на УО именувани од Владата, Сојузот на синдикати и Организацијата на работодавачи. Исто така не е направено поврзување на исплатата на надоместок на членови на УО со нивното учество во работата на седниците односно со законот не е предвидено задолжително присуство на седници. Има потреба од пропишување на законски и подзаконски одредби со кои ќе се утврди начинот на определување на висината на надоместоците и условот за исплата на надоместоците на членовите на УО.

### Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување

Врз основа на Законот за придонеси за задолжително социјално осигурување, контролата, утврдувањето, наплатата, присилната наплата, застареноста и отпишувањето на придонесите ги врши Управата за јавни приходи (УЈП). Согласно членовите 21 и 23 од овој Закон, УЈП и институциите за задолжително социјално осигурување имаат обврска за размена на податоци за обврзниците за плаќање на придонесите. За исполнување на оваа законска обврска, УЈП, Фонд на пензиското и инвалидското осигурување, Фондот за здравствено осигурување и Агенцијата за вработување имаат склучено меѓусебен Договор за евидентирање и следење на побарувањата. Со истиот Закон не е предвидена обврска за начинот на генерирање на потребните податоци и информации за побарувањата од обврзниците кои имаат обврска за пресметка и уплата на придонеси за социјално осигурување кои не доставиле месечна пресметка за интегрирана наплата на придонеси и персонален данок, односно не извршиле пријавување на висината на износот кој имаат обврска да го уплатат на соодветни уплатни сметки на носителот на платен промет за што има потреба од доуредување и прецизирање.

### Закон за пензиско и инвалидско осигурување

Со законските решенија не е уредено мирување на работен однос во услови кога е доделена времена инвалидска пензија, поради што осигурениците на кои им се укинува времената пензија, остануваат незаштитени во делот на правата и обврските од работен однос. Ваквите околности значајно ја отежнуваат наплатата на побарувањата по овој основ, особено поради недоволните механизми за присилна наплата и несоодветни законски решенија за обезбедување на исплатените времени пензии.

### Закон за пензиско и инвалидско осигурување (Закон за ПИО) и Закон за административните службеници

Иако согласно одредбите од член 3 и 4 од Законот за административните службеници а имајќи го во предвид и член 164 од Законот за ПИО согласно кој вработените во стручната служба на Фондот имаат статус на административни службеници, вработените во Фондот не се исклучени во член 4 од Законот за административни службеници за да определени прашања во врска со работниот однос ги уредуваат со посебен закон и колективен договор. Имено во член 164-а и 164-б од Законот за ПИО утврдени и пропишани се платите на вработените од стручната служба на Фондот по бодови и категории различни од утврдените во член 87 од Законот за административни службеници.

Поради ова потребно е усогласување на Законот за Административните службеници и Законот за ПИО.

### Закон за хартии од вредност

Согласно член 182 став 3, 4 и 5 од Законот за хартии од вредност избрани и именувани лица се пет комисионери од кои еден е претседател. Двајца комисионери (членови) професионално ја вршат својата функција, додека тројца се надворешни комисионери (членови). Во член 182 став 6 од Законот за хартии од вредност е уредено дека во однос на остварувањето на правата, обврските и одговорностите од работен однос на претседателот и комисионерите (членовите) на Комисијата се применува Законот за работните односи, без да е прецизиран начинот на пресметка на платите на комисионерите кои професионално ја вршат својата функција. Надоместоците на тројцата надворешни комисионери (членови) е утврдена со Одлука [34] донесена од страна на Комисијата, како што предвидува член 182 точка 5 од Законот за хартии од вредност. Платата на претседателот и на комисионерот кој е професионално ангажиран, се уредени со Одлука [35] исто така донесена од страна на Комисијата и истата се однесува освен за комисионерите и за сите вработени во Комисијата.

Во член 417 од Законот за финансиски инструменти кој треба да стапи во сила во септември 2025 година исто така не е пропишан начинот на пресметка на платата/ надоместокот на комисионерите (членови) на Комисијата. Имајќи во предвид дека претседателот и членовите на комисијата се избрани и именувани лица од страна на Собранието на Република Северна Македонија, ја истакнуваме потребата од уредување на плата и надоместокот на претседателот и комисионерите (членови) на Комисијата за хартии од вредност со закон.

### Закон за вонпарнична постапка и Судски деловник

Потребно е усогласување на одредбите на член 307 од Законот за вонпарнична постапка и одредбите од член 359 од Судскиот деловник поради не усогласување во однос на сопственоста на примените депозити по нивната застареност. Имено, во ЗВП ако во рок од десет години од предавањето на предметот во судскиот депозит не го подигне депонираниот предмет, судот со решение ќе утврди дека депонираниот предмет станал сопственост на Република Северна Македонија додека во Судскиот деловник е предвидено по застарување на применети депозити предметот на депозитот станал приход на единката корисник на судската власт.

### Законот за судска служба/ Закон за јавна внатрешна финансиска контрола

Усогласување на одредбите од член 10 од Законот за судска служба и член 20 од Закон за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор во делот на условите кои треба да ги исполни раководителот на единицата за финансиски прашања. Со Законот за судска служба, раководните службеници треба да имаат „положен правосуден испит" не исклучувајќи ги раководителот на сектор/одделение за финансиски прашања додека со Законот за системот на внатрешна финансиска контрола во јавниот сектор меѓу условите кои треба да ги исполни е и образование од областа на економијата.

### Законот за поштенските услуги

Во член 6 од Законот за поштенските услуги дефинирано е дека Министерство за транспорт (поранешно Министерство за транспорт и врски) како надлежен орган за вршење на работите од областа на поштенските услуги, треба да подготви Стратегијата за развој на поштенските услуги и истата да ја достави на усвојување до Собранието на Република Македонија. Министерството нема подготвено Стратегија за развој на поштенските услуги, поради што не е овозможено да се утврдат приоритетите, целите и политиките за развој на поштенските услуги и соодветно да се насочат активностите на годишно и повеќегодишно ниво.

[34] Одлука за утврдување на висината на надоместокот на надворешните (комисионери) членови на Комисијата од вредност на Република Северна Македонија број 05-362/1 од 13.07.2023 година.

[35] Одлука за утврдување на вредноста и висината на бодовите по работни позиции во Комисијата за хартии од вредност н Република Северна Македонија, број 03-363/1 од 13.07.2023 година и Број 03-956/1 од 22.11.2018 година.

### Закон за Централен регистар

Во Законот за Централен регистар отсуствуваат одредби за:

- утврдување на носителот на право на сопственост на ЦРРСМ,
- вредноста на основачкиот капитал на ЦРРСМ и
- начинот на водење на сметководството во ЦРРСМ.

### Закон за концесии и јавно приватно партнерство

Во Законот за концесии и јавно приватно партнерство недостасуваат прецизни одредби за:

- задолжително вклучување на засегнатата јавност при донесување на одлуките за воспоставување на ЈПП;
- определување на надлежности за Министерството за финансии во однос на давање мислење во фазата пред и за време на подготовка на проектите, за финансиската одржливост и управувањето со фискалниот ризик на проектите;
- постоење на Единствен електронски систем за ЈПП за транспарентно спроведување на постапките;
- начинот на вршење надзорни активности во делот на следење на реализацијата на склучените договори за ЈПП;
- изрекување на прекршочна казна во случај недоставување на известување за склучен договор за ЈПП од страна на јавниот партнер до надлежното министерството и
- пропишување на законски рок за известување од страна на јавниот партнер во случај на започнати, но незавршени постапки за ЈПП или раскинати договори за ЈПП.

### Закон за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Северна Македонија

Условите, начинот и постапката за продажба и давање под закуп на деловните згради и простории е уредено со Закон за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Северна Македонија. Со анализа на законските одредби во текот на ревизијата утврдивме слабости во законската регулатива и тоа:

- во член 9 од Законот пропишана е формата и содржината на договорот за закуп, но не и можноста и условите под кои може да се склучи анекс договор;
- не постојат одредби за определување на период на важност на договорот за закуп и
- во член 7 од Законот утврден е начинот на јавно наддавање со право на намалување на првично утврдената почетна цена која најмногу може да изнесува 30% од пазарната вредност на деловниот простор при надавање во прв круг без разлика колку понудувачи се јавиле на јавното наддавање. Во објави од втор пат намалувањето на почетна цена може да биде најмногу до 30% од пазарната вредност на деловниот простор доколку се пријавил еден учесник или најмногу до 50% од пазарната вредност на просторот доколку се пријавиле двајца или повеќе учесници во наддавањето. Ваквиот начин на јавно наддавање, создава законска можност за постигнување пониски цени за закуп на деловен простор од првично проценетите, со што се губи и смислата на принципот на јавно наддавање.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ НА ДЗР И ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

07

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**
[illegible]
[illegible]
[illegible]
[illegible]

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Собранието на Република Северна Македонија**

### Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија - Сметка на основен буџет на Република Северна Македонија 020021504063710, а кои што ги вклучуваат билансот на приходите и расходите за годината која што завршува на 31 декември 2024, како и билансот на состојба заклучно со таа дата, и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Прирачникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со стандардите за ревизија кои што се во примена во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD
AUDIT | TAX | CONSULTING

[illegible]

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија
T +389 (0)2 3200 101
E contact@rsm.mk
www.rsm.mk

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот завод за ревизија – Сметка на основен Буџет на Република Северна Македонија 020021504263710 заклучно со 31 декември 2024 година, како и неговите приходи и расходи за годината којашто завршува тогаш во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

**THE POWER OF BEING UNDERSTOOD**
AUDIT | TAX | CONSULTING

[illegible]

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**

Даме Груев 8, 1000 Скопје, Северна Македонија

T +389 (0)2 3233 [illegible]

E [illegible]

[illegible]

## Извештај за други правни и регулативни барања

Во согласност со Законот за државна ревизија, Државниот завод за ревизија има обврска да изготвува годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи за истата година.

*Мислење*

Според наше мислење, податоците во годишниот извештај се конзистентни со оние во годишната сметка и финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за 2024 година

*Скопје, 27.05.2025*

Овластен ревизор

Љубица Евтимовска Костовска

Друштво за ревизија

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

Јагода Јорданова Андреевска

Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

**THE POWER OF BEING UNDERSTOOD**

AUDIT | TAX | CONSULTING

[illegible]

Државен завод за ревизија
Финансиски извештаи за Буџетот на основен буџет на РСМ ... за годината завршена на 31 декември 2024

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во денари

| Опис на позицијата | Образложение | Буџет 2024 | Реализирано 2024 | Реализирано 2023 |
|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 188.599.000 | 178.024.401 | 145.204.883 |
| **Вкупно приходи** | | 188.599.000 | 178.024.401 | 145.204.883 |
| **Расходи** | | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2. | | | |
| Плати, надоместоци и надоместоци | 3.2.1 | 151.197.000 | 141.499.003 | 116.449.165 |
| Стоки и услуги | 3.2.2 | 28.950.000 | 28.379.641 | 21.259.202 |
| Разни трансфери | 3.2.3 | 637.000 | 416.799 | 522.911 |
| **Вкупно тековни расходи** | | 180.784.000 | 170.295.443 | 138.231.278 |
| **Капитални расходи** | 3.3 | | | |
| Капитални расходи | | 7.815.000 | 7.728.958 | 6.973.605 |
| **Вкупно капитални расходи** | | 7.815.000 | 7.728.958 | 6.973.605 |
| **Вкупно расходи** | | 188.599.000 | 178.024.401 | 145.204.883 |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | - | - | - |

Скопје 21.02.2025

Раководител на сектор за финансиски прашања
Данче Ангеловска

Главен државен ревизор
Максим Ацевски

- 6 -

Државен завод за ревизија
Финансиски извештаи на Сметката за основен буџет за годината завршена на 31 декември 2024

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

во денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| Тековни средства | 4.1. | | |
| Побарувања од купувачи | 4.1.1. | - | |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 425.554 | 202.904 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 13.823.961 | 16.057.413 |
| Залихи | 4.1.4. | 2.254.893 | 1.772.491 |
| Вкупно тековни средства | | 16.504.408 | 18.032.808 |
| Постојани средства | 4.2. | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 8.366.621 | 8.312.459 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 445.527.431 | 432.251.433 |
| Вкупно постојани средства | | 453.894.052 | 440.563.892 |
| Долгорочни кредити и заеми | 4.2.3. | 1.129.002 | - |
| **Вкупна актива** | | 471.527.462 | 458.596.700 |
| Вонбилансна актива | | - | - |
| **Пасива** | | | |
| Тековни обврски | 4.3. | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 1.744.009 | 2.474.037 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.2. | 11.979.951 | 11.057.846 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.3. | 485.555 | 232.854 |
| Вкупно тековни обврски | | 14.209.515 | 13.764.737 |
| Долгорочни обврски | 4.4. | 1.129.002 | 2.495.670 |
| Извори на средства | 4.5. | | |
| Извори на капитални средства | | 359.875.118 | 367.583.294 |
| Ревалоризациона резерва | | 96.313.827 | 74.752.999 |
| Вкупно извори на деловни средства | | 456.188.945 | 442.336.293 |
| Вкупна пасива | | 471.527.462 | 458.596.700 |
| Вонбилансна пасива | | - | - |

Скопје, 21.02.2025

Раководител на сектор за финансиски прашања
Дание Ангеловска

Главен државен ревизор
Максим Ацевски

- 7 -

Државен завод за ревизија
Финансиски извештаи ... за годината завршена на 31 декември 2024

## ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

во денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2024 година** | **440.563.861** | **1.772.432** | **442.336.293** |
| **Зголемување по основ на:** | **30.928.867** | **1.479.908** | **32.408.775** |
| Зголемување на вредноста (ревалоризација) | 6.345.396 | 1.479.908 | 6.825.304 |
| По попис 2024 | | | |
| Реорганизација | 22.583.471 | | 22.583.471 |
| **Намалување по основ на:** | **17.598.676** | **957.447** | **18.556.123** |
| Амортизација | 17.290.608 | | 17.290.608 |
| Издатоци | | 957.447 | 957.447 |
| По попис 2024 | 285.425 | - | 285.425 |
| Реорганизација | 22.643 | | 22.643 |
| **Состојба 31.12.2024 година** | **453.894.052** | **2.294.893** | **456.188.945** |

- 8 -

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Собранието на Република Северна Македонија**

### Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија - Сметка на основен буџет на Република Северна Македонија 020021504063119, а кои што ги вклучуваат Билансот на приходите и расходите за годината која што завршува на 31 декември 2024, како и Билансот на состојба заклучно со таа дата, и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа и интерната контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со стандардите за ревизија кои што се во примена во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD

AUDIT | TAX | CONSULTING

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**

Даме Груев 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефикасноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според нашето мислење, Финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот завод за ревизија – Сметка на основен буџет на Република Северна Македонија 020021524063119 заклучно со 31 декември 2024 година, како и неговите приходи и расходи за годината којашто завршува тогаш во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD

AUDIT | TAX | CONSULTING

RSM

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**

Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија

[illegible]

[illegible]

[illegible]

## Извештај за други правни и регулативни барања

Во согласност со Законот за државна ревизија, Државниот завод за ревизија има обврска да изготвува годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи за истата година.

*Мислење*

Според наше мислење, податоците во годишниот извештај се конзистентни со оние во годишната сметка и финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за 2024 година.

Скопје, 27.05.2025

Друштво за ревизија

Овластен ревизор

Љубица Евтимовска Костовска

РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

Јасмина Јорданова Андоновска

RSM

Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD

AUDIT | TAX | CONSULTING

Државен завод за ревизија
Финансиски извештаи за Сметка на основен буџет на [illegible] за годината завршена на 31 декември 2024

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

*во денари*

| Опис на позицијата | Образложение | Буџет 2024 | Реализирано 2024 | Реализирано 2023 |
|---|---|---|---|---|
| **Приходи** | 3.1. | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1 | 3.000.000 | 401.472 | 374.733 |
| **Вкупно приходи** | | 3.000.000 | 401.472 | 374.733 |
| **Расходи** | 3.2. | | | |
| **Тековни расходи** | | | | |
| Стоки и услуги | 3.2.1 | 2.500.000 | - | - |
| Разни трансфери | 3.2.1 | 500.000 | - | - |
| **Вкупно тековни расходи** | | 3.000.000 | - | - |
| **Капитални расходи** | | | | |
| Капитални расходи | 3.2.2 | - | - | - |
| **Вкупно капитални расходи** | | - | - | - |
| **Вкупно расходи** | | 3.000.000 | - | - |
| **Остварен вишок на приходи** | | - | 401.472 | 374.733 |
| **Даноци, придонеси и други давачки од вишокот на приходи** | | | | |
| **Нето вишок на приходи** | | - | 401.472 | 374.733 |
| **Распоредување на вишокот на приходи** | | | | |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | | - | 401.472 | 374.733 |
| Обврски за данок на добивка | | | - | |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | | - | 401.472 | 374.733 |

Скопје 21.02.2025

Раководител на сектор за финансиски прашања
Данче Ангеловска

Главен државен ревизор
Максим Ацевски

- 6 -

Државен завод за ревизија
Финансиски извештаи за сметката на основен буџет на ДЗР [illegible] за годината што заврши на 31 декември 2024

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

во денари

| Опис на позицијата | Образло жение | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | **4.1.** | | |
| Паричини средства | 4.1.1. | 401.472 | 374.733 |
| Побарувања од купувачите во земјата | 4.1.2. | 8.930.068 | 8.930.068 |
| Побарувања од вработените | 4.1.3. | - | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | - | |
| **Вкупно тековни средства** | | 9.331.540 | 9.304.801 |
| **Постојани средства** | **4.2.** | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | | - |
| Материјални средства | 4.2.2. | - | - |
| **Вкупно постојани средства** | | - | - |
| **Вкупна актива** | | 9.331.540 | 9.304.801 |
| **Вонбилансна евиденција - актива** | | - | - |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | **4.3.** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | - | - |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.2. | 9.331.540 | 9.304.801 |
| **Вкупно тековни обврски** | | 9.331.540 | 9.304.801 |
| **Извори на средства** | **4.4.** | | |
| Извори на капитални средства | | | - |
| Ревалоризациона резерва | | - | - |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | - | - |
| **Вкупна пасива** | | 9.331.540 | 9.304.801 |
| **Вонбилансна евиденција - пасива** | | - | - |

Скопје, 21.02.2025

Раководител на сектор за финансиски прашања
Даниела Ангеловска

Главен државен ревизор
Максим Ацевски

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**
Даме Груев 8, 1000 Скопје, Р. Северна Македонија

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

**До Собранието на Република Северна Македонија**

### Извештај за финансиските извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Државниот завод за ревизија – ДОНАТОРСКА СМЕТКА 020021504078549 - EUROSAI, а коишто ги вклучуваат билансот на приходите и расходите за годината којашто завршува на 31 декември 2024, како и билансот на состојба заклучно со таа дата, и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиски извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со стандардите за ревизија кои што се во примена во Република Северна Македонија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама

**THE POWER OF BEING UNDERSTOOD**
AUDIT | TAX | CONSULTING

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**
[illegible]
[illegible]
E: info@rsm.mk
www.rsm.mk

или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на ентитетот за да обликува ревизорски постапки коишто се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се доставни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според нашето мислење, финансиските извештаи ја презентираат објективно, од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Државниот завод за ревизија - ДОНАТОРСКА СМЕТКА 020021504076579 - EUROSAI заклучно со 31 декември 2024 година, како и неговите приходи и расходи за годината којашто завршува тогаш во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за примена на Меѓународните сметководствени стандарди за јавниот сектор на готовинска основа.

THE POWER OF BEING UNDERSTOOD
AUDIT | TAX | CONSULTING

[illegible]

**РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје**

[illegible]

T +389 [illegible]

E [illegible]

[illegible]

## Извештај за други правни и регулативни барања

Во согласност со Законот за државна ревизија, Државниот завод за ревизија има обврска да изготвува годишен извештај за извршените ревизии и за работата на Државниот завод за ревизија.

Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да изразиме мислење во врска со конзистентноста на годишниот извештај за работа со годишната сметка и финансиските извештаи за истата година.

*Мислење*

Според наше мислење, податоците во годишниот извештај се конзистентни со оние во годишната сметка и финансиските извештаи на Државниот завод за ревизија за 2024 година.

*Скопје, 27.05.2025*

| Овластен ревизор | Друштво за ревизија |
|---|---|
| | РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје |
| Љубица Евтимовска Костовска | Јагника Јорданова Андријеска |

Друштво за ревизија РСМ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје

**THE POWER OF BEING UNDERSTOOD**

AUDIT | TAX | CONSULTING

[illegible]

Државен завод за ревизија
Финансиски извештаи на [illegible] ДОНАТОРСКА СМЕТКА [illegible] за годината завршена на 31 декември 2024

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

во денари

| Опис на позицијата | Образложение | Буџет 2024 | Реализирано 2024 | Реализирано 2023 |
|---|---|---|---|---|
| Приходи | 2.1 | | | |
| Трансфери и донации | 2.1.1 | 960.000 | 757.177 | - |
| Вкупно приходи | | 960.000 | 757.177 | - |
| Расходи | 2.2 | | | |
| Тековни расходи | 2.2.1 | | | |
| Стоки и услуги | 2.2.1.1 | 960.000 | 757.177 | |
| Вкупно тековни расходи | | 960.000 | 757.177 | - |
| Вкупно расходи | | 960.000 | 757.177 | - |
| Нето вишок на приходи / добивка по оданочување | | - | - | - |

Скопје, 21.02.2025

Раководител на сектор за финансиски прашања
Данче Ангеловска

Главен државен ревизор
Максим Ацевски

Државен завод за ревизија
Финансиски извештаи за ДОНАТОРСКА СМЕТКА 785 20 EUROSAI за годината завршена на 31 декември 2024

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА

во денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2024 | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Вкупна актива** | | - | - |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Вкупна пасива** | | - | - |

Скопје, 21.02.2025

Раководител на сектор за финансиски прашања
Цанче Ангелевска

Главен државен ревизор
Максим Ацевски

- 7 -

## КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **АВРСМ** | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| **АППТ** | Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот |
| **АД** | Акционерско друштво |
| **АД МЕПСО** | Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем |
| **АДИССПДП** | АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката |
| **АДСДП** | АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост |
| **АД ЕСМ** | АД за производство на електрична енергија ЕСМ |
| **АМС** | Audit management system |
| **АСОСАИ** | Азиска организација на врховни ревизорски институции |
| **БДП** | Бруто домашен производ |
| **ВМРО-ДПМНЕ** | Внатрешна македонска револуционерна организација – Демократска партија за македонско национално единство |
| **ВРИ** | Врховна ревизорска институција |
| **WFD** | Фондација на демократија на Вестминстер |
| **ГДР** | главен државен ревизор |
| **ГРЕКО** | Група на држави против корупција на Совет на Европа |
| **ГУП** | Генералниот урбанистички план |
| **ДДВ** | Данок на додадена вредност |
| **ДЗР** | Државен завод за ревизија |
| **ДЗС** | Дирекција за заштита и спасување |
| **ДИК** | Државна изборна комисија |
| **ДКСК** | Државна комисија за спречување на корупција |
| **ДИТИ** | Државниот инспекторат за техничка инспекција |
| **ДГ** | Детски градинки |
| **ДПИ** | Државен просветен инспекторат |
| **ДСД** | Државни студентски домови |
| **ДУИ** | Демократска унија за интеграција |
| **ЕК** | Европска Комисија |
| **ЕЛС** | Единици на локална самоуправа |
| **ИПР** | Интегрирано планирање на ресурсите |
| **ЕСЈН** | Електронски систем за јавни набавки |
| **ЕСПЕО** | Електронски систем за пријавување и евиденција на обврските |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЕУРОСАИ** | Европска организација на врховни ревизорски институции |
| **ЗГДР** | заменик главен државен ревизор |

| | |
|---|---|
| **ЗЈН** | Закон за јавни набавки |
| **IAS** | International Auditing Standard |
| **ИДИ** | INTOSAI Development Initiative |
| **ИК** | Изборна кампања |
| **ИКТ** | Информациски и комуникациски технологии |
| **ИНТОСАИ** | Меѓународна организација на врховни ревизорски институции |
| **ИПА** | Инструментот за претпристапна помош |
| **ИССАИ** | Меѓународни стандарди на врховните ревизорски институции |
| **ИТ** | Информатичка технологија |
| **ИФМИС** | Интегриран информациски систем за управување со јавни финансии |
| **ЈЗУ** | Јавни здравствени установи |
| **КРИ** | Конечен ревизорски извештај |
| **ЈКП** | Јавно комунално претпријатие |
| **ЈПП** | Јавно приватно партнерство |
| **ЈПКД** | Јавно претпријатие за комунални дејности |
| **ЈН** | Јавни набавки |
| **ЈОРМС** | Јавно обвинителство на Република Северна Македонија |
| **ЈП** | Јавно претпријатие |
| **ЈПДП** | Јавно претпријатие за државни патишта |
| **ЈП СОСС** | Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во сопственост на Република Северна Македонија |
| **КПУ** | Континуирано професионално усовршување |
| **КПД** | Казнено поправен дом |
| **КТ** | Компјутерска томографија |
| **ВПД** | Воспитно поправен дом |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МИОА** | Министерство за информатичко општество и администрација |
| **ММФ** | Меѓународен монетарен фонд |
| **МОН** | Министерство за образование и наука |
| **МР** | Магнетна резонанца |
| **МСС** | Меѓународните сметководствени стандарди |
| **МТВ** | Министерство за транспорт и врски |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **МК** | Министерство за култура |
| **МЖСПП** | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| **МЗШВ** | Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанство |
| **МФ** | Министерство за финансии |
| **НАТО** | Организација на Северноатлантскиот договор |
| **НБРСМ** | Народна Банка на Република Северна Македонија |

| | |
|---|---|
| **NDI** | Национален демократски институт |
| **НУ** | Национални установи |
| **НРС** | Национална развојна стратегија |
| **НПАА** | Националната програма за усвојување на правото на Европската унија |
| **ОИЕ** | Обновливи извори на енергија |
| **ОЕЦД** | The Organisation for Economic Co-operation and Development |
| **ОН** | Обединети нации |
| **ЈОРСМ** | Јавно обвинителство на Република Северна Македонија |
| **ПЗУ** | Приватни здравствени установи |
| **ПИО** | Пензиско и инвалидско осигурување |
| **ПИОСМ** | Пензиско и инвалидско осигурување на Северна Македонија |
| **ПП** | Политички партии |
| **РЕК** | Рударски енергетски комбинат |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **РБН** | родово базирано насилство |
| **РСБСП** | Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата |
| **СН** | семејно насилство |
| **СДСМ** | Социјалдемократски Сојуз на Македонија |
| **СЕП** | Секретаријат за европски прашања |
| **СИГМА** | Support for Improvement in Governance and Management |
| **СОЗР** | Служба за општи и заеднички работи |
| **УЈП** | Управа за јавни приходи на Република Северна Македонија |
| **УЈФ** | Управување со јавните финансии |
| **УК** | Универзитетска клиника |
| **УО** | Управен одбор |
| **УХМР** | Управа за хидрометеоролошки работи |
| **UNWomen** | Телото на Обединетите нациите за родова еднаквост и зајакнување на жените |
| **UNDP** | Програма за развој на Обединетите нации |
| **ФБ** | Facebook |
| **ФЗО** | Фонд за здравствено осигурување |
| **ЦВ** | Центри за вработување |
| **ЦИПФА** | Овластен институт за јавни финансии и сметководство (Chartered institute of Public Finance and Accountancy) |
| **ЦРРСМ** | Централен регистар на Република Северна Македонија |
| **ЦОР** | Цели за одржлив развој |
| **CAAT's** | Компјутерски потпомогнати ревизорски техники |
| **ЖРСМ -Транспорт** | Железници на Република Северна Македонија - Транспорт |

Д3Р